german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки во Југоисточна Европа и перспективи на Хашката конвенција за пресуди од 2019 година

Прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки во Југоисточна Европа и перспективи на Хашката конвенција за пресуди од 2019 година

Издавач

Deutsche Gesellschaft für

Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Регистрирани канцеларии

Бон и Ешборн, Сојузна Република Германија

Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – Правна реформа
Ул. Пиринска 52
1000 Скопје, Северна Македонија
Телефон +389 2 3103 588
www.giz.de

Од

Ноември 2021

Дизајн

Дал Компани - Скопје

Печатење

Печатница

Текст

Аида Гугу Бушати

Мелиха Повлакиќ

Доника Ќерими

Маја Костиќ-Мандиќ

Илија Руменов

Славко Ѓорѓевиќ

Во име на

Сојузното Министерство за економска соработка и развој во Германија (BMZ)

Содржината на оваа книга го одразува личното мислење, искуство и гледишта на авторите и не ги одразува мислењата или политиките за уредување на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH.

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да се репродуцира или да се пренесува во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучително и фотокопирање, снимање или со кој било систем за чување и пронаоѓање информации, без писмена дозвола од издавачот, освен за давање куси цитати во критички осврт.

Предговор

Правото за прекугранично извршување доби зголемена важност со текот на годините. Меѓународната трговија постојано се зголемува и бројот на луѓе кои живеат надвор од нивните земји продолжува да расте. Признавањето и извршувањето на странските судски одлуки заштедуваат време и трошоци на постапката и нема потреба повторно да се одлучува за истиот спор помеѓу истите странки пред различен национален суд. Уште од почетокот на процесот на европска интеграција, меѓусебното признавање на судските одлуки беше суштинска компонента на граѓанско-правната соработка.

Економиите на Југоисточна Европа (ЈИЕ) кои се во процес на пристапување кон ЕУ, спроведуваат прогресивни реформи на нивните правосудни системи со примарна цел да се зајакне независноста, непристрасноста и професионалноста на судството во исполнувањето на европските стандарди за судии. Поблиската правосудна соработка помеѓу властите на ЈИЕ, заснована врз принципот на меѓусебно признавање и доверба, може да помогне да се надмине комплексноста и да се изградат мостови помеѓу различните системи во регионот.

Хашката конвенција за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански и трговски работи од 2019 година (Хашката конвенција за пресуди од 2019 година) ќе даде поттик за зајакнување на правосудната соработка при взаемно признавање и извршување на странски пресуди во граѓански и трговски работи, што ќе гарантира правна сигурност во прекуграничните трговски односи. Рационализирање и олеснување на прекуграничната соработка во граѓански и трговски работи меѓу правосудните органи во земјите од ЈИЕ, дефинитивно ќе доведе до поедноставни и временски пократки постапки, но и значително намалени финансиски трошоци.

Со цел да се спроведе длабинско истражување за прекугранично признавање и извршување на странски судски одлуки, се изготвија национални извештаи во кои се анализираат постојните правни системи, институционалната структура, правните практики и постојните пречки во земјите од ЈИЕ.

Оваа публикација е компилација од шесте национални извештаи и дава сеопфатен преглед на опсегот на примена за признавање и извршување на странски судски одлуки; правна и институционална рамка; тип на судски одлуки кои се подобни за признавање и извршување; компатибилност на националните одредби во врска со меѓународната јурисдикција со Хашката конвенција за пресуди од 2019 година; постапка за признавање и извршување на странска судска одлука; основните правни извори и засегнати страни во врска со признавањето и извршувањето на странските судски одлуки и усвојувањето на Хашката конвенција за пресуди од 2019 година; и главните трговски партнери во секоја земја од ЈИЕ во однос на увозот и извозот.

Се надеваме дека публикацијата ќе го зголеми значењето на прекуграничното извршување на странски судски одлуки и ќе ги охрабри одговорните органи, правната заедница и правосудството во земјите од ЈИЕ да ги земат предвид перспективите и придобивките што Хашката конвенција за пресуди од 2019 година може да ги донесе за целиот регион.

Др. Вероника Ефремова

Виш проектен менаџер, ГИЗ

Содржина

Предговор 6

Национален извештај: Албанија 16

Извршно резиме 17

1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 17

1.1 Преглед на законските одредби 17

1.2 Процена на правната рамка 19

2. Институционална рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 20

2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на актерите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 20

2.2 Актери што практично го спроведуваат прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки 21

2.2.1 Судови 21

2.2.2 Административни институции 22

2.2.3 Правници 22

2.2.4 Извршители 22

2.2.5 Други релевантни актери 23

2.3 Мапирање на соработката меѓу актерите 23

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 24

3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 24

3.2 Број и квалитет на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 24

3.3 Капацитети на јавните извршители во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 25

3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите 26

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 26

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот 26

4.1.1 Увоз 26

4.1.2 Извоз 27

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 28

4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Хашката конвенција од 2019 година 28

4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година 28

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 29

5.1 Општа меѓународна надлежност 29

5.2 Пророгирање на надлежноста 30

5.3 Во споредба со член 5 на Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори 30

5.4 Исклучива надлежност 32

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 32

6.1 Материјално поле на примена 32

6.1.1 Во споредба со член 1 и член 2 на Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на материјалното поле на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори 33

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат 33

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање) 34

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука 34

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 35

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки 37

7. Извршување странски судски одлуки 38

7.1 Вид извршна постапка 38

7.2 Извршна постапка во ситуации кога јавните извршители се директно соочени со странски судски одлуки 39

8. Користена литература 39

Национален извештај: Босна и Херцеговина 42

Извршно резиме 43

1. Правна рамка на прекугранично признавање и извршување на странските судски одлуки 48

1.1 Преглед на правни одредби 48

1.2 Процена на правната рамка 52

2. Институционална рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки 53

2.1. Преглед на законските одредби со кои се утврдуваат засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки 53

2.2. Засегнатите страни го воведуваат во практиката прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 53

2.2.1. Судови 53

2.2.2. Административни институции (Министерство за правда, централни органи, итн.) 54

2.2.3. Правници (адвокати, правни застапници, итн.) 54

2.2.4. Извршители 55

2.2.5 Други релевантни заинтересирани страни 55

2.3. Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни 55

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки 56

3.1. Капацитетите на судовите во врска со прекуграничното признавање на странските судски одлуки 56

3.2. Број и квалитет на пресудите во врска со прекугранично признавање странски судски одлуки 57

3.3. Капацитетите на извршителите во врска со прекуграничното признавање на странските судски одлуки 58

3.4. Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на Академијата за обука на судии 59

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 62

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот 62

4.1.1 Увоз 63

4.1.2 Извоз 63

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 64

4.2.1 Околности што може да ѝ обезбедат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 65

4.2.2 Околности што може да ѝ обезбедат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 66

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 66

5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште) 66

5.2 Пророгација на надлежноста (изречно/молкумно, пред или по започнување на постапката) 67

5.3 Во споредба со член 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, да се предвиди компатибилност на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори 69

5.4 Исклучива надлежност 70

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и усогласеност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 71

6.1 Материјален опсег на примена 71

6.1.1 Во споредба со член 1 и 2 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, да се обезбеди усогласеност на материјалниот опсег на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори 71

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки) 74

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање) 75

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука 75

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 77

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки 78

7. Извршување странски судски одлуки 78

7.1 Вид на постапка за извршување 78

7.2 Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странската судска одлука 79

8. Користена литература 79

Национален извештај: Косово 84

Извршно резиме 85

1. Правна рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 85

2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 87

2.1. Преглед на правните одредби што ги определуваат чинителите за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 87

2.2. Чинители што го спроведуваат во практиката прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 87

2.2.1 Судови 88

2.2.2 Административни институции 88

2.2.3 Правници – адвокати и нотари 88

2.2.4 Извршители 89

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 89

4. Економски и политички аспекти во врска со спроведувањето на Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година 91

4.1 Главни увозни и извозни трговски партнери 91

4.2 Политички аспекти во врска со спроведувањето на Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година 92

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година 93
5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште) 93
5.1.1 Повеќе странки 97
5.2 Прогласување надлежност (изречно/молкумно, пред или по почетокот на постапката) 98
5.2.1. Доделување надлежност преку спогодба за избор на суд 98
5.2.1.1. Доделување надлежност предвидено во нацртот на новиот косовски ЗМПП 100
5.2.2. Изречна и имплицитна согласност 101
5.3 Компатибилност на другите јурисдикциони критериуми од Конвенцијата со косовскиот ЗМПП 102
5.3.1. Надлежност врз основа на активности на подружница, застапништво или друга деловна единица 102
5.3.2. Надлежност врз основа на местото на извршување на договорната обврска 104
5.3.3. Надлежност врз основа на вондоговорна обврска 108
5.4 Исклучива надлежност 109
6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 110
6.1 Подрачје на примена 110
6.2 Типови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки) 110
6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање) 111
6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање странска судска одлука 112
6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 113
7. Извршување странски судски одлуки 115
8. Користена литература 115
Национален извештај: Црна Гора 118
Извршно резиме 119
1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 119
1.1. Преглед на законските одредби 120
1.2. Процена на правната рамка 121
2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 121
2.1. Преглед на законските одредби со кои се утврдуваат засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 121
2.2. Засегнати страни во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 122
2.2.1. Судови 122
2.2.2. Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.) 122
2.2.3. Правници (адвокати, правни застапници, итн.) 122
2.2.4. Извршители 123
2.2.5. Други релевантни засегнати страни 123
2.3. Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни 124
3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршувањето на странските судски одлуки 124
3.1. Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 124
3.2. Број и квалитет на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 124
3.3. Капацитети на извршителите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 125

3.4. Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на Академиите за обука на судството 125
4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 126
4.1. Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот 127
4.1.1. Увоз 127
4.1.2. Извоз 127
4.2. Политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 128
4.2.1. Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 128
4.2.2. Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со членовите 17, 18, 19 и 25 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 128
5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 129
5.1. Општа меѓународна надлежност (постојано живеалиште, вообичаено престојувалиште) 130
5.2. Пророгација на надлежноста (изречна/молкумна, пред или по започнувањето на постапката) 130
5.3. Во споредба со членот 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, обезбедување усогласеност на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори 132
5.4. Исклучива надлежност 134
6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година 136
6.1. Материјален опсег на примена 136
6.1.1. Во споредба со член 1 и член 2 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, компатибилност на материјалниот опсег на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори 136
6.2. Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки) 137
6.3. Започнување на постапката (како главно или претходно прашање) 137
6.4. Исправи што треба да се изготват (формални барања) за признавање на странската судска одлука 138
6.5. Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 138
6.6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки 140
7. Извршување странски судски одлуки 141
7.1. Вид на извршна постапка 141
7.2. Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странска судска одлука 141
8. Користена литература 141
Национален извештај: Република Северна Македонија 144
Извршно резиме 145
1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување граѓански судски одлуки 146
1.1 Преглед на уставните и законските одредби 146
1.1.1 Национални правни извори 146
1.1.1.1. Закон за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија 146
1.1.1.2 Одредбите во ЗМПП од 2020 година во врска со признавањето и извршувањето странски одлуки 147
1.1.2 Меѓународни правни извори 147
1.1.2.1 Билатерални договори 147

1.1.2.2 Мултилатерални договори 148
1.2 Процена на правната рамка 149
2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки 152
2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки 152
2.2 Заинтересирани страни што практикуваат прекугранично признавање и извршување на граѓанските одлуки 152
2.2.1 Судови 152
2.2.2 Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.) 153
2.2.3 Правници (адвокати, правни застапници итн.) 153
2.2.4 Извршители 154
2.3 Заинтересирани страни одговорни за усвојување на Хашката конвенција од 2019 година 154
2.3.1 Министерства и други институции 155
2.3.2 НВО 156
2.3.3 Академска заедница 156
2.3.4 Други релевантни засегнати страни 156
2.4 Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни 157
2.4.1 Заинтересирани страни релевантни за постапката за признавање и извршување странски судски одлуки 157
2.4.2 Заинтересирани страни релевантни за постапката за усвојување на Хашката конвенција од 2019 година 157
3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки 158
3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 158
3.2 Број и квалитет на одлуките во врска со прекуграничното признавање пресуди 158
3.3 Капацитети на извршителите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 159
3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите 160
4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 160
4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот 160
4.1.1 Увоз 160
4.1.2 Извоз 161
4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 162
4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со членот 29 од Хашката конвенција од 2019 година 162
4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со членот 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година 162
5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 162
5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште) 162
5.2 Пророгација на надлежноста (изречна/молкумна, пред или по започнувањето на постапката) 164
5.3 Во споредба со членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година, определете ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори 165
5.3.1 Главно место на деловно работење (физичко лице) 165
5.3.2 Поднесување тужба во главната постапка – тужител 165
5.3.3 Подружница, застапништво или друга деловна единица 165
5.3.4 Договорни обврски 166
5.3.5 Вондоговорни обврски 167
5.3.6 Трустови 167
5.3.7 Противтужби 167
5.3.8 Потрошувачки договори и договори за вработување 167
5.4 Исклучива надлежност 168
5.4.1 Јурисдикциони критериуми во однос на стварните права на недвижен имот 169
6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 170
6.1 Подрачје на примена 170
6.1.1 Во споредба со членовите 1 и 2 од Хашката конвенција од 2019 година, да се обезбеди компатибилност на подрачјето на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори 171
6.2 Видови судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пример, позитивни-негативни одлуки, привремени мерки) 172
6.3 Поведување на постапката (како главно или како претходно прашање) – надлежност на судовите во Северна Македонија во врска со признавањето и извршувањето странски пресуди 173
6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални услови) за признавање на странската судска одлука 173
6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 174
6.5.1 Услови за кои судот внимава по службена должност 174
6.5.1.1 Потврда за правосилност и извршност 174
6.5.1.2 Исклучива надлежност 174
6.5.1.3 Прекумерна надлежност на странски суд 174
6.5.1.4 Правосилна пресуда во истата работа меѓу истите странки 174
6.5.1.5 Јавен поредок 175
6.5.2 Услови за кои судот внимава по приговор на странките 175
6.5.3 Во споредба со членот 7 (1) и (2) од Хашката конвенција од 2019 година, да се предвиди компатибилност на условите за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори (националните услови за признавање и извршување се поповолни или поограничувачки во споредба со условите предвидени во членот 7 од Хашката конвенција од 2019 година) 176
6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки 178
6.7 Трошоци на постапката 180
7. Извршување странски судски одлуки 180
7.1 Вид на постапката за извршување 180
7.2 Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странска судска одлука 180
8. Користена литература 181
Национален извештај: Република Србија 190
1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 191
1.1 Преглед на законските одредби 191
1.2 Процена на правната рамка 191
2. Институционална рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 192
2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на актерите во прекуграничното признавање и извршување

странски судски одлуки 192

2.2 Актери што практично го спроведуваат прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки 193

2.2.1 Судови 193

2.2.2 Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.) 193

2.2.3 Правници (адвокати, правни застапници итн.) 194

2.2.4 Јавни извршители 194

2.3 Мапирање на соработката меѓу актерите 194

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки 195

3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 195

3.2 Број и квалитет на пресуди во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 195

3.3 Капацитети на јавните извршители во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки 195

3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите 195

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 196

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот 196

4.1.1 Увоз 196

4.1.2 Извоз 196

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година 196

4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Хашката конвенција од 2019 година 196

4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година 197

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 197

5.1 Општа меѓународна надлежност (седиште, живеалиште) 197

5.2 Пророгирање на надлежноста (експлицитно/имплицитно, пред или по започнувањето на постапката) 198

5.3 Во споредба со членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори 199

5.3.1 Постојано живеалиште 199

5.3.2 Главно место на работење 200

5.3.3 Поднесување тужба во постапка пред судот на потекло 201

5.3.4 Подружница, застапништво или друга деловна единица 201

5.3.5 Согласност за надлежноста на судот на потекло и неисклучива спогодба за избор на судот 201

5.3.6 Место на извршување на договорната обврска 202

5.3.7 Локација на закупениот недвижен имот 202

5.3.8 Договорна обврска обезбедена со стварно право 202

5.3.9 Место на постапување или непостапување во предмети што се однесуваат на недоговорни обврски 203

5.3.10 Трустови 203

5.3.11 Противтужби 203

5.3.12 Потрошувачки договори и договори за вработување 204

5.3.13 Други критериуми за директна надлежност на српските судови во контекст на Хашката конвенција од 2019 година 204

5.4 Исклучива надлежност 204

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година 205

6.1 Материјално поле на примена 205

6.1.1 Во споредба со членот 1 и членот 2 од Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на материјалното поле на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори 205

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, времени мерки) 206

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање) 206

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука 207

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки 207

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки 209

7. Извршување странски судски одлуки 210

7.1 Вид извршна постапка 210

7.1.1. Прва фаза 210

7.1.2. Втора фаза 211

7.2 Извршна постапка во ситуации кога јавните извршители се директно соочени со странски судски одлуки 211

8. Користена литература 212

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: АЛБАНИЈА

Автор

Аида Гугу Бушати

Извршно резиме

Конвенцијата за признавање и извршување странски пресуди од граѓанската или трговската материја (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година) е донесена на 2 јули 2019 година за олеснување на ефективниот меѓународен промет на пресуди од граѓанската или трговската материја. Процесот на ратификација од страните потписнички го следи донесувањето за осигурување на примената и ефективноста на конвенцијата.

Главната цел на оваа студија е да се анализира албанската правна и институционална рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки за да се поддржи Албанија во донесувањето одлука што се заснова врз информации за ратификацијата на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година. Студијата дава преглед на полето на примена на правилата за признавање и извршување во Албанија во врска со член 1 и член 2 на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година; усогласеноста на националните одредби во однос на меѓународната надлежност и условите за признавање и извршување со одредбите што се предвидени во конвенцијата; постапката и исправите што треба да се поднесат; главните актери во процесот и главните трговски партнери.

Признавањето и извршувањето странски судски одлуки во Албанија се уредува со одредбите на Законот за граѓанска постапка и билатералните договори ратификувани од Албанија. Реципроцитетот е исклучен како услов за признавање и извршување странски пресуди. Тековната правна рамка е начелно во согласност со правилата и условите што се наведени во Конвенцијата, а процесот за признавање и извршување е ефикасен и не е премногу сложен.

Албанија е дел од многубројните иницијативи за унапредување на регионалната и билатералната слободна трговија. Албанија е земја кандидатка за членство во Европската Унија и има Спогодба за стабилизација и асоцијација што е во сила од 2009 година. Земјите членки на Европската Унија и соседните земји остануваат главните трговски партнери на Албанија.

1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

1.1 Преглед на законските одредби

Признавањето и извршувањето странски судски одлуки во Албанија се уредува со одредбите на Законот за граѓанска постапка (ЗГП)[1] и меѓународните/билатералните договори ратификувани од Албанија. Реципроцитетот е исклучен во ЗГП како услов за признавање и извршување странски пресуди.

Членовите 393-399 на ЗГП ги пропишуваат правилата и постапките за признавање и извршување странски судски одлуки во Албанија. По правило, признавањето и извршувањето странски судски одлуки се заснова врз условите што се утврдени во ЗГП и посебни закони (член 393, став 1 на ЗГП). Меѓутоа, во случаите кога е склучен меѓународен договор за определена материја, се применуваат одредбите од тој договор (член 393, став 2 на ЗГП). Албанскиот Устав дава приоритет на примената на одредбите од меѓународните договори, бидејќи тие имаат предност пред неусогласените национални закони. Тие се директно применливи, освен ако не содржат одредби што не се самостојно извршни и за кои е потребно донесување закон (член 122 од Уставот)[2].

1 Закон бр. 8116 од 29.3.1996 година за Законот за граѓанска постапка на Република Албанија, Сл. в. бр. 138 од 07/12/1998 г., со измените.

2 Закон бр. 8417 од 21.10.1998 година за Уставот на Република Албанија, Сл. в. бр. 9, 10 и 11/1996, со измените.

Албанија е страна во неколку билатерални и мултилатерални конвенции во врска со признавањето и извршувањето странски судски одлуки. Членството на Албанија во Хашката конференција за меѓународно приватно право датира од 4 јуни 2002 година. Албанија ја ратификуваше Конвенцијата од 1 јуни 1970 година за признавање разводи и законски разделби; Хашката конвенција од 19 октомври 1996 година за меѓународно приватно право за надлежноста, меродавното право, признавањето, извршувањето и соработката во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата. Албанија пристапи кон Хашката конвенција од 1971 година за признавање и извршување странски пресуди од граѓанската и трговската материја[3]. Меѓутоа, овој меѓународен инструмент не беше успешен и, оттаму, не е применлив во Албанија.

Албанија има потпишано билатерални договори што содржат одредби за признавање и извршување странски пресуди во граѓанската и трговската материја. Тековно, во сила се следниве билатерални договори: Договор со Грција „за правна помош во граѓанската и кривичната материја“ (1993 г.);[4] Договор со Руската Федерација „за правна помош во граѓанската, кривичната и семејната материја“ (1996 г.);[5] Договор со Северна Македонија „за правна помош во граѓанската и кривичната материја“ (1998 г.);[6] Договор со Турција „за правна помош во граѓанската, кривичната и трговската материја“ (1995 г.);[7] Договор со Романија „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и семејната материја“ (1961 г.);[8] Договор со Унгарија „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и семејната материја“ (1960 г.);[9] Договор со Бугарија „за правна помош во граѓанската материја“ (2005 г.).[10] Овие билатерални договори ја уредуваат прекуграничната соработка во граѓанската, трговската и кривичната материја, како и признавањето и извршувањето на судските одлуки во соодветните земји.

Без оглед на законот што е применлив за конкретниот предмет, секогаш е потребна одлука на албанскиот апелационен суд (*Exequatur*) за спроведување и извршување странска судска одлука на територијата на Република Албанија. Според тоа, барањето за утврдување правно дејство на странска пресуда се поднесува до апелациониот суд (член 395 на ЗГП) од страните или нивните адвокати. Барањето за признавање и извршување некоја странска одлука може, исто така, да се поднесе преку дипломатски канали, ако ова е допуштено во меѓународните договори и се заснова врз принципот на реципроцитет (член 395, став 1 на ЗГП). Во овој случај, ако заинтересираната страна не назначила адвокат, претседателот на апелациониот суд може да назначи адвокат што ќе го поднесе барањето од нејзино име (член 395, став 2 на ЗГП).

Горенаведените билатерални договори, исто така, ја предвидуваат можноста за поднесување на барањето за признавање и извршување странски судски одлуки до првостепениот суд во земјата што ја донел одлуката. Во овој случај, централните органи што се предвидени во договорот (министерствата за правда) се надлежни за пренесување на барањето следејќи ги постапките што се предвидени во билатералните договори.[11]

Врз основа на член 396 од ЗГП, барањето за признавање судска одлука од странска држава мора да биде придружено од копија од пресудата што треба да се изврши, потврда од судот што ја донел пресудата дека таа станала правосилна, полномошно во случај ако барањето се поднесува од застапникот на заинтересираната страна, преведено на албански јазик и заверено од нотар. Копијата од пресудата и потврдата дека пресудата

3 Одобрено со Закон бр. 10 194 од 10.12.2009 г.

4 Закон бр. 7760 од 14 октомври 1993 г., „Службен весник“ бр. 12 од 1993 г.

5 Закон бр. 8061 од 8 февруари 1996 г., „Службен весник“ бр. 2 од 1996 г.

6 Закон бр. 8304 од 12 март 1998 г., „Службен весник“ бр. 7 од 1998 г.

7 Закон бр. 8036 од 22 ноември 1995 г., „Службен весник“ бр. 25 од 1995 г.

8 Уредба бр. 3250 од 17 април 1961 г., „Службен весник“ бр. 6 од 1962 г.

9 Уредба бр. 3119 од 6 јуни 1960 г., „Службен весник“ бр. 3 од 1961 г.

10 Закон бр. 9348 од 24 февруари 2005 г., „Службен весник“ бр. 19 од 2005 г.

11 Член 26 од Договорот меѓу Албанија и Грција, член 24 од Договорот меѓу Албанија и Северна Македонија.

станала правосилна мора да бидат заверени од Министерството за надворешни работи на Албанија.[12] Покрај горенаведените исправи, билатералните договори бараат од страните да обезбедат потврда дека страната била уредно известена и застапувана во постапката.[13]

ЗГП содржи посебна одредба (член 394) што ги наведува условите што мора да бидат исполнети од странската судска одлука за да биде признаена и извршена во Албанија. Тие ја вклучуваат автентичноста на одлуката за која се бара признавање за целите на создавање уверување дека одлуката станала правосилна и има дејство на *res iudicata* во државата на потекло, и треба да се земе предвид легитимноста на страната во парницата што бара признавање. Одбивањето на признавањето и извршувањето странска пресуда се заснова врз начелата за јавниот ред и соодветната судска постапка (член 394 на ЗГП). Формулацијата „за спроведување странска одлука“ во член 394 на ЗГП не прави разлика меѓу признавање и извршување. Основите за одбивање што се наведени во член 394 на ЗГП се применуваат и на признавањето и на извршувањето.

Начелно, билатералните договори содржат слични основи за одбивање на признавањето со оние што се предвидени во ЗГП, како што е отсуството на надлежност на судот, недостатоци во постапката, *res iudicata* и *lis pendens*, повреда на јавната политика, кои се вообичаените основи за одбивање што може да се најдат во различните билатерални договори склучени од Албанија.[14]

Извршувањето на странските пресуди е предмет на општите правила за извршување што се предвидени во Законот за граѓанска постапка (член 510 и следните членови на ЗГП). Член 510 на ЗГП предвидува дека извршувањето може да се спроведе врз основа на извршните исправи што се наведени во членот. Одлуките на странските судови претставуваат извршни исправи откако ќе им се даде правно дејство следејќи ги правилата што се предвидени во ЗГП (член 510(в) на ЗГП). Извршната исправа се извршува на барање од доверителот (член 511 на ЗГП). Албанското законодавство предвидува доброволно извршување на исправите, додека, пак, присилното извршување може да се примени само откако ќе истечат роковите за доброволно извршување. Присилното извршување може да започне пред истекувањето на роковите за доброволно извршување само кога постои ризик дека извршувањето ќе стане невозможно (членови 517 и 519 на ЗГП).

Барањето на доверителот мора биде придружено од извршна исправа (оригинал и уредно заверена од нотар), надоместок за извршување и полномошно за лицето што го застапува доверителот (член 510 на ЗГП). Налогот треба да се изврши во рок од 15 дена по поднесувањето на барањето од страна на доверителот (член 515 на ЗГП).

1.2 Процена на правната рамка

Албанските правила и постапки за признавање и извршување странски судски одлуки предвидуваат сличен систем на оној што е содржан во меѓународните конвенции или кое било друго национално законодавство. Практиката на албанските судови покажува дека процесот за признавање и извршување странски пресуди не е долготраен и сложен. Меѓутоа, тешко е да се предвидат исходот и времетраењето на процесот за извршување поради различните фактори што може да имаат влијание.

Сепак, постојната правна рамка има определени ограничувања. Таа ја нуди само можноста за признавање и извршување странски одлуки, но не и други извршни исправи што се издадени надвор од Албанија, како што се автентичните инструменти. Понатаму,

12 Во практиката, апостилот за исправите што се поднесуваат во текот на процесот за признавање и извршување не се издава од Министерството за надворешни работи на Албанија, туку од Министерството за надворешни работи на земјата на судот што ја донел одлуката.

13 Член 22 од Договорот меѓу Албанија и Северна Македонија, член 22 од Договорот меѓу Албанија и Турција.

14 Член 22 од Договорот меѓу Албанија и Бугарија, член 21 од Договорот меѓу Албанија и Северна Македонија, член 24 од Договорот меѓу Албанија и Грција.

рамката не го овозможува извршувањето на привремените мерки што се издадени надвор од територијата на Република Албанија[15], ниту, пак, допушта извршување спогодби за порамнување, кои претставуваат извршна исправа во согласност со странската пресуда.[16]

Покрај тоа, иако меѓународната надлежност е уредена во контекстот на меѓународното приватно право на Албанија (ЗМПП),[17] за признавањето и извршувањето на странските одлуки се применуваат одредбите на ЗГП. Овој концепт е во спротивност не само со европското право за меѓународната граѓанска постапка, кое секогаш ги уредува меѓународната надлежност и признавањето во контекст, туку и со концептите што се користат во другите национални права во европските земји. ЗМПП предвидува полиберален режим во споредба со режимот што е предвиден во ЗГП.[18] Всушност, регулативите на ЕУ во областа на меѓународното приватно право и меѓународното процедурално право имаа значително влијание врз албанските реформи на меѓународното приватно право од 2011 година[19] во однос на меродавното право за договорните и недоговорните обврски, што беше моделирано врз основа на Првата[20] и Втората регулатива од Рим.[21] Реформите на меѓународното приватно право од 2011 година не ги променија правилата за признавање и извршување пресуди, кои останаа дел од ЗГП.[22]. ЗГП беше изменет само во 2017 година, кога меѓународните *lis pendens* правила[23] за првпат беа воведени во Албанија.[24] Таквите правила беа донесени врз основа на решенијата од Брисел I – бис Регулативата, со упатување до член 33 на Брисел I – бис Регулативата.[25] Усогласувањето на домашното законодавство со меродавното право на ЕУ се смета за приоритет во согласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и процесот за пристапување кон ЕУ и, според тоа, ЗГП тековно се ревидира.

2. Институционална рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на актерите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Главните актери што се вклучени во процесот на признавање и извршување странски судски одлуки во Албанија се судовите и извршителите. Другите органи, како што се министерствата, адвокатите, нотарите, преведувачите, експертите, банките, итн., придонесуваат за процесот како што е утврдено во националното законодавство или во меѓународните/билатералните договори. Албанските апелациони судови се надлежните судски органи за признавање странски судски одлуки. Член 395 од ЗГП предвидува дека барањето за признавање странска одлука се поднесува до апелационен суд. Оваа одредба

15 Како исклучок, Договорот меѓу Албанија и Бугарија за заемна правна помош во граѓанската материја во член 19 предвидува дека поимот „пресуда“ што е прифатлива за признавање и извршување значи и правосилна и времена пресуда.

16 Kola, F. and Çinari. “Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters in Albania,” in *Brussels I bis Regulation and Special Rules: Opportunities to Enhance Judicial Cooperation*. Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, March 2021. https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.pdf

17 Закон 10 428 од 2 јуни 2011 година за меѓународно приватно право во Сл. в. бр. 82, 17.06.2011 г.

18 Bushati A., and Jessel Holst Ch., “National Report (Albania),” in Basedow J., Rühl G., Ferrari F., De Miguel Asensio P. (eds), *Encyclopaedia of Private International Law*, Cheltenham, 2017.

19 *Закон 10 428 од 2 јуни 2011 година за меѓународно приватно право, видете фуснота 17 горе.*

20 Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за меродавното право за договорните обврски (Рим I), во Сл. в. L 177, 4.07.2008 г.

21 Регулатива (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за меродавното право за вондоговорните обврски (Рим II), во Сл. в. L 199, 31.07.2007 г.

22 Закон за граѓанска постапка на Република Албанија, видете фуснота 1 горе.

23 Закон бр. 38/2017 од 30 март 2017 година за определени измени на Законот за граѓанска постапка, видете фуснота 1 горе.

24 Kola F., *Lis pendens-a ndërkombëtare në juridiksionin gjyqësor shqiptar si risi në ligjin procedural shqiptar,* in Jeta Juridike, Shkolla e Magjistraturës no. 3, 2017.

25 Регулатива (ЕУ) бр. 1215 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежноста и признавањето и извршувањето на пресудите од граѓанската и трговската материја, во Сл. в. L351, 20.12.2012 г.

не ја утврдува изречно месната надлежност на апелациониот суд, меѓутоа, како што е предвидено во член 49 на ЗГП, надлежниот апелационен суд е судот со месна надлежност каде што лицето има намера да ја изврши судската одлука.[26] Ваквото толкување е поддржано и од албанската судска практика. Министерството за правда има улога само ако страните се повикуваат на билатерални договори и кога барањето е поднесено до судот што ја донел одлуката. Најголемиот дел билатерални договори предвидуваат дека странските судски власти комуницираат преку министерствата за правда во нивните соодветни држави. Некои билатерални договори, исто така, предвидуваат можност за користење на дипломатските канали.[27]

Судските преведувачи и нотарите, исто така, се вклучени во процесот за признавање. Во согласност со член 396 на ЗГП, странската судска одлука и другите потребни исправи за процесот мора да се преведат на албански јазик и да се заверат од нотар. Член 135 на Законот за нотаријат[28] предвидува дека преводот на исправите од странски на албански јазик и обратно се врши од самиот нотар на соодветниот јазик, ако нотарот е вклучен во списокот на судски преведувачи што го води Министерството за правда. За другите јазици за кои нотарот не е компетентен, преводот се врши од судски преведувачи.

Списокот со судски преведувачи се води и се ажурира на годишна основа од страна на Министерството за правда.[29] Судските преводи што се обезбедуваат преку списокот имаат поширок географски опфат и вклучуваат јазици што се користат на различни континенти, јазици на малцинствата и ретки јазици. Неодамна Министерството за правда предложи нов нацрт-закон за судски преводи и за професијата судски преведувач.[30] Законот е во постапка за одобрување од страна на парламентот.

Присуството на адвокатите во различните фази на процесот за извршување се чини дека не е задолжително читајќи ги соодветните одредби од законот за граѓанска постапка. По правило, страните може да се застапуваат себеси, освен во случаите кога застапувањето е задолжително (член 22 на ЗГП). Присуството на адвокати станува задолжително кога страните ја поднесуваат исправата преку дипломатски канали. Во овој случај, претседателот на апелациониот суд назначува адвокат ако страната не го сторила тоа (член 395, став 2 на ЗГП).

Извршувањето на странските судски одлуки е предмет на општите правила за извршување што се предвидени во ЗГП (член 510 и следните членови). Извршните исправи се извршуваат од државни и приватни извршители на барање од доверителот, како што е наведено во ЗГП. Извршителите се обврзани да соработуваат со различните државни и приватни актери за постигнување успешно извршување во текот на присилното извршување.

2.2 Актери што практично го спроведуваат прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки

2.2.1 Судови

Судскиот систем во Албанија се состои од општи и специјализирани судови. Судовите со општа надлежност се воспоставени како првостепени судови и апелациони судови.[31]

26 Kola F., Vokshi A., *Procedurë civile*, Pjesa II, Botim II, Tirana, 2018.

27 Видете Договор меѓу Албанија и Турција.

28 Закон бр.110/2018 за Нотаријатот, достапен на http://www.parlament.al/Files/Akte/20181227131907ligj%20nr.%20110%20dt%20%2020%2012%202018.pdf

29 Списокот е достапен на https://www.drejtesia.gov.al/wp-content/uploads/2021/02/LISTA-E-PERKHTYESVE-TE-JASHTEM-TE-MINISTRISE-SE-DREJTESISE-PER-VITIN-2021-_-e-perditesuar.pdf.

30 Нацрт-закон одобрен од владата на 31 јануари 2021 година, достапен на https://kryeministria.al/newsroom/projektligje-te-miratuara-ne-mbledhjen-e-keshillit-te-ministrave-date-13-janar-2021/.

31 Член 3 од Закон бр. 98/2016 за Законот за организација на судската власт во Република Албанија, достапен на https://qbz.gov.al/preview/4669a00c-9477-41da-acc0-548f1a508cbc.

Тековно, постојат 6 апелациони судови, при што секој од нив покрива едно или две подрачја на надлежност, имено: Апелационен суд на Тирана, Апелационен суд на Драч, Апелационен суд на Скадар, Апелационен суд на Корча, Апелационен суд на Валона и Апелационен суд на Ѓирокастро.

Апелационите судови решаваат предмети од граѓанската, трговската и кривичната материја. Тие служат како првостепени судови за целите на признавањето и извршувањето странски судски одлуки. Против одлуката на апелациониот суд со која се одбива признавањето и извршувањето странска судска одлука може да се поднесе жалба пред Високиот суд (член 472 на ЗГП). Високиот суд има седиште во Тирана и е надлежен за целата територија на Република Албанија. Овој суд има донесено неколку одлуки, вклучувајќи одлуки за воедначување на судската практика со толкување на одредбите на Законот за граѓанска постапка во врска со признавањето и извршувањето пресуди.

2.2.2 Административни институции

Министерството за правда и Министерството за надворешни работи се одговорни за преносот на исправите во зависност од посебните одредби на ЗГП или билатералните договори. Државната полиција, единиците на локалната самоуправа, агенцијата за катастар на недвижности или центрите за регистрирање и др. може да играат улога во текот на фазата на извршување, во зависност од специфичните елементи на пресудата или видот извршување.

2.2.3 Правници

Адвокатите може да ја вршат својата професија на целата територија на Албанија, пред секој суд, обвинителство, арбитражен суд или јавно тело, независно од локалната адвокатска комора на која ѝ припаѓаат или во соработка со други адвокати организирани во адвокатска куќа. Адвокатот, исто така, ја врши својата професија надвор од територијата на Република Албанија во согласност со законите на државата, каде што се врши професијата или врз основа на меѓународни акти во кои Република Албанија е страна (член 6 на Законот за адвокати).[32] Адвокатската професија ја врши албански или странски државјанин во согласност со правилата и постапките од овој закон. Адвокатската комора на Албанија е единствениот орган што е одговорен за изготвување и развој на стратегијата за професионалното образование на адвокатите во Република Албанија. Таа ја основаше Школата за адвокатура со цел да ја организира, да ја подготви и да ја спроведе првичната и континуираната обука на адвокатите (член 55 на Законот за адвокати).

Овие обуки претставуваат директен придонес кон професионалниот развој на адвокатите. Бесплатната правна помош е осигурена, исто така, врз основа на правилата што се предвидени во законот за правна помош.[33] Правната помош се нуди како примарна и секундарна правна помош, како и во форма на консултантски услуги и опфаќа различни правни услуги, како што се: давање помош, застапување и одбрана пред судовите, составување правни акти итн.

Начелно, не постои специјализација на адвокатите. Меѓутоа, адвокатите што работат во соработка со адвокатски куќи се специјализирани за трговската и граѓанската материја.

2.2.4 Извршители

Извршувањето се врши од приватни и од јавни извршители. И јавните и приватните извршители имаат надлежност на целата територија на Албанија. Во 2019 година беше

32 Закон бр. 55/2018 за адвокатска професија во Република Албанија, достапен на www.qpz.gov.al.

33 Закон бр. 111/2017 за гарантирана државна правна помош, достапен на www.qpz.gov.al.

донесен нов закон за услугите на приватните извршители.[34] Извршителите работат во согласност со правилата што се предвидени во Законот за граѓанска постапка и други закони што се однесуваат на процесот за извршување. Приватните извршители се организирани во националната комора на приватни извршители, која основаше национален центар за обука на извршители (член 17 на Законот за приватни извршители). Услугите на извршителите се нудат како примарна и секундарна дејност. Примарната дејност на извршителите е извршувањето на извршните исправи, а секундарната дејност вклучува, меѓу другото, достава на судски акти, известувања и наплата на финансиски обврски, организирање јавни аукции од името на заинтересираните страни (член 2 на Законот за приватни извршители). Не постојат посебни одредби за извршување странски судски одлуки бидејќи тие се извршуваат како секоја друга извршна исправа.

2.2.5 Други релевантни актери

Покрај горенаведените институции, како што се судовите, нотарите и адвокатите, кои се, пред сè, вклучени во фазата на признавање, како и извршителите во фазата на извршување, вклучувањето на другите институции зависи од постапките и од видот на извршната исправа што треба да се изврши. Овие институции може да вклучуваат банки, даночна управа, локална самоуправа, катастар, правосудна полиција, вештаци, итн. Независните лиценцирани вештаци играат важна улога во текот на фазата на извршување. Тие се назначени за проценување на одземените предмети и треба да имаат посебно знаење во конкретните области.[35] Министерството за правда го води и го ажурира електронскиот регистар на независни лиценцирани вештаци.

2.3 Мапирање на соработката меѓу актерите

Соработката и координацијата меѓу различните релевантни актери се предвидени во различни закони и подзаконски акти. ЗГП ја утврдува улогата на главните актери и нивното вклучување во различните фази на процесот. Од друга страна, фазата на извршување бара поширока соработка меѓу извршителите и другите државни институции, како што беше наведено горе. За да се осигури таквата соработка, беше воспоставен интегриран електронски регистар за управување со предмети, наречен АЛИБИС. Овој регистар е поврзан со деловниот регистар во рамките на Центарот за деловно регистрирање, државниот граѓански регистар во рамките на управата за водење на матичните книги, националниот регистар на возила, електронскиот регистар на недвижен имот.[36] Уште еден систем за соработка меѓу различните државни институции е осигурен преку воспоставувањето на SQDNE, систем што овозможува циркулација на исправи преку користење електронски потписи.[37] Овие интегрирани системи имаат цел да го олеснат и да го забрзаат процесот за извршување.

Комората на приватните извршители усвои неколку упатства што ја унифицираат соработката меѓу извршителите и државната полиција; соработката со јавните и приватните институции за собирање информации, потврдување на легалноста на доверителот, утврдување на приоритетот на извршните исправи, итн. Повторно, овие упатства придонесуваат за стимулирање ефикасен процес за извршување и подобрување на соработката меѓу различните актери.

34 Закон бр. 26/2019 за приватни извршителски служби, достапен на www.qpz.gov.al.

35 Одлука на Советот на министри бр. 970 од 4.12.2020 година за одобрување на методологијата за утврдување на вредноста на предметите во текот на присилното извршување, достапна на http://www.nchb.al/.

36 Одлука на Советот на министри бр. 416 од 4.7.2018 година за воспоставување, регистрирање и функционирање на управувањето со интеракцијата и безбедноста на системот за управување со предмети за предметите на судските извршители, достапна на http://www.nchb.al/.

37 Одлука на Советот на министри бр. 43 од 15.1.2020 година за функционирањето на процесот за пренос на исправи меѓу институциите преку системот за електронски потпис, достапна на http://www.nchb.al/.

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Судовите и извршителските служби играат клучна улога во процесот на признавање и извршување судски одлуки. Албанскиот правосуден систем помина низ процес на темелни реформи. Како резултат на тоа беа донесени многу нови закони и беа основани нови институции. Реформскиот процес треба да ја подобри ефикасноста на судските постапки, како и на процесот за извршување.

3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Како што беше спомнато горе, тековно, Албанија има 6 апелациони судови со општа надлежност. Апелациониот суд во Тирана има најголем број судии, вкупно 31, додека, пак, останатите судови се помали: Апелациониот суд во Драч има 13 судии, Апелациониот суд во Валона има 12 судии, судот во Скадар има 10 судии, а апелационите судови во Ѓирокастро и во Корча имаат по 6 судии.[38] Судиите во апелационите судови решаваат предмети од граѓанската и кривичната материја. Не постојат оддели и нема специјализирани судии за признавање странски судски одлуки. Барањата се решаваат од судии за кои се знае дека се компетентни за решавање предмети од граѓанската материја. Предметите се решаваат од совет од тројца судии. На судиите во апелациониот суд им помагаат административниот персонал на судот и стручните соработници.[39]

3.2 Број и квалитет на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Бројот на барањата за признавање и извршување странски судски одлуки што се поднесуваат во апелационите судови на годишно ниво не е многу голем. Собраните статистички податоци од секој суд покажуваат дека Апелациониот суд во Тирана решава најголем дел од предметите.[40] Треба да се нагласи дека најголемиот број предмети се од семејната материја. Бројот на барања од граѓанската и трговската материја е екстремно низок и во најголемиот број случаи, странската одлука доаѓа од националните арбитражни судови наместо од редовните судови.

Табела 1: Број на судски одлуки за одобрување/одбивање признавање

Апелациони судови	2016	2017	2018	2019	2020
Тирана	250	276	270	280	242
Драч	93	122	128	123	107
Скадар	112	99	135	120	103
Корча	24	57	51	63	46
Валона	132	103	158	134	79
Ѓирокастро	33	24	41	41	26

38 Овие податоци го одразуваат бројот на судии во согласност со постојниот органиграм. Бројот на апелационите судови и бројот на судиите би можел да се промени во иднина, бидејќи, тековно, во Албанија се разговара за нова правосудна мапа.

39 Член 42 од Закон бр. 98/2016 за организација на судската власт во Република Албанија.

40 Статистичките податоци се добиени од лични и од онлајн состаноци со членови на советите на апелационите судови. Судските одлуки за признавање и извршување пресуди не се евидентираат како засебна категорија, туку во рамките на други поткатегории, како што се предметите од граѓанска, семејна или трговска материја. Видете Одлука на Високиот судски совет бр. 41 од 11.2.2021 година за упатствата за водење и составување табели со статистички податоци за следење на работењето на судовите, достапна на http://klgj.al/.

Судиите сметаат дека одлуките за признавање и извршување странски судски одлуки не се премногу сложени. Судиите не ја разгледуваат основаноста на одлуката, туку ја испитуваат нејзината усогласеност со формалните аспекти на барањето и ја испитуваат пресудата во однос на основите за одбивање. Високиот суд обезбеди јасно упатство за примена на одредбите на ЗГП во врска со признавањето и извршувањето странски судски одлуки.

Во пресуда за воедначување на судската практика од 2011 година, Високиот суд објасни дека судската постапка пред апелациониот суд се состои од две главни фази: во текот на првата фаза, судот ги испитува процедуралните формалности на барањето. Во случаите кога страната не ги исполнува таквите формалности, судот ѝ дава дополнително време за да ги комплетира барањето и потребните исправи што се бараат со закон (членови 395 и 396 на ЗГП). Судот не може да го отфрли барањето врз основа на процедурални недостатоци.

Во текот на втората фаза, судот ја прегледува одлуката во однос на основите за одбивање и може да го отфрли барањето ако постои која било од правните пречки што се наведени во член 394 на ЗГП. Некои од правните пречки, како што е надлежноста на судот или *ordre public*, може да се разгледуваат од судот по службена должност. Другите пречки се оние што се поврзани со уредната законска постапка, *res iudicata* и *lis pendens*, и тие се испитуваат на барање од должникот. Товарот на докажување го носи должникот. Судот, исто така, ја потврдува контроверзната природа на процесот за признавање. И страната што бара признавање и извршување (доверителот) и страната против која се бара извршување (должникот) мора да учествуваат во процесот. Прашањето беше конечно решено со Пресудата за воедначување на заедничките совети на албанскиот Висок суд бр. 6 од 1.6.2011 година, во која беше утврдено дека судот е обврзан да го повика лицето против кое е донесена пресудата во својство на трета страна/заинтересирана страна во согласност со одредбите на ЗГП.

Одлуката за воедначување на Високиот суд има обврзувачко дејство за пониските судови. Тие мора да ја почитуваат одлуката при толкувањето на одредбите на ЗГП. Во други пресуди, и Високиот суд и апелационите судови дополнително ги разгледуваат правните пречки што се наведени во член 394 на ЗГП во секој засебен предмет. Одлуките на апелациониот суд претставуваат признавање на странските судски одлуки и истовремено претставуваат налог за извршување. Како општа претпоставка, би можеле да заклучиме дека квалитетот на досега донесените пресуди е доволно добар за да обезбеди правилна примена на законските одредби.[41]

3.3 Капацитети на јавните извршители во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Задачата на државните судски извршители е задолжителното извршување на извршните исправи во случаите што се дефинирани во Законот за граѓанска постапка. Оваа институција ја врши својата функција преку државните извршители и има централизирана организација што има надлежност на целата територија на Република Албанија. Таа функционира во рамките на Генерална дирекција и има 22 локални канцеларии. Локалната канцеларија во Тирана има најголем број државни извршители, околу 18, додека, пак, бројот на државните извршители во останатите локални канцеларии се разликува во зависност од локалното подрачје на надлежност на канцеларијата и вообичаено изнесува од 2 до 6 извршители по канцеларија.[42]

41 Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 6 од 1.6.2011 година, достапна на http://www.gjykataelarte.gov.al/.

42 Податоците се добиени од Генералната дирекција на државните извршители, достапно на http://dpp.gov.al/zyrat-permbarimore/.

Дополнително, има околу 140 приватни извршители што ги нудат своите услуги во Албанија. Најголемиот дел од нив, околу 99 приватни извршители, работат во Тирана.[43] Ако го разгледаме бројот на предмети што доаѓаат на годишно ниво во апелациониот суд, претпоставуваме дека бројот на државни и приватни извршители е доволен за справување со извршувањето странски судски одлуки. Нивниот професионален развој е тековен процес што ги зема предвид најновите постигнувања во однос на приватните извршители. Одобрувањето на новиот закон ќе биде проследено со воспоставување на потребната инфраструктура.

3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите

Одговорноста за правосудната обука е задача на Школата за судии и јавни обвинители. Албанската Школа за судии и јавни обвинители (ШСЈО) е независна академска установа основана во 1997 година.

Школата за судии и јавни обвинители е задолжена за обезбедување:

- теоретска и практична почетна обука на кандидатите за судии и јавни обвинители и останатите стручни лица од областа на правото;
- обука за континуиран професионален развој за активните судии и јавни обвинители и останатите стручни лица од областа на правото.

Наставната програма за почетната обука е со времетраење од три години и вклучува теоретска и практична програма. Законските одредби и судската практика, кои се поврзани со признавањето и извршувањето странски судски одлуки, се дел од модулот за граѓанска постапка и модулот за меѓународно приватно право.

Во текот на континуираната обука, школата спроведува 1 до 2 обуки годишно за меѓународното приватно право или за меѓународното процедурално право, каде што се разгледуваат и прашања поврзани со признавањето и извршувањето.[44]

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот

Албанија е членка на Светската трговска организација од 2000 година. Албанија воспостави слободна трговска зона со ЕУ преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација[45] и е дел од ЦЕФТА[46], ЕФТА[47] и има склучено билатерална спогодба со Турција.[48]

4.1.1 Увоз

Италија останува најважниот увозен партнер на Албанија, со учество од речиси 30 % во вкупниот увоз (иако со мал тренд на намалување во последните 3 години). Вториот најголем увозен партнер е Турција, која учествува со 10 % во вкупниот увоз во 2019 и во 2020 година. Уделите на увозот од Германија и од Грција се речиси еднакви, при што Германија го држела третото место во периодот 2016-2017 г. (малку поголем процент на увоз од Германија во споредба со увозот од Грција), но се поместиле на четвртото место во периодот 2018-2020 г. поради малку поголемиот процент на увоз од Грција. На следните места во листата на седумте најголеми извозни партнери се Србија, Франција и Русија.

Табела 2: Увоз во Албанија

Увоз според земји (милиони АЛЛ)	2016	2017	2018	2019	2020
Италија	169.583	179.236	175.279	164.188	151.978
Турција	45.654	50.780	54.191	61.797	57.943
Грција	45.657	49.879	52.101	54.336	54.454
Германија	54.959	50.713	49.563	46.482	46.601
Србија	18.069	24.997	21.710	23.053	22.971
Франција	11.481	10.973	12.409	13.027	11.838
Русија	10.891	11.779	12.652	11.617	13.513

Извор: INSTAT

4.1.2 Извоз

Италија е главната извозна дестинација на Албанија и учествува со половина во нејзиниот вкупен извоз во текот на периодот од 2016 до 2020 година. Втората извозна дестинација е Косово*[49] (во текот на истиот период), следена од Грција, Германија и од Шпанија. Иако Грција била во првите три извозни дестинации во 2016 година, нејзиното место го презела Шпанија. Шпанија ги остави Германија и Грција зад себе, но се врати на истото ниво на извоз како Германија повторно во 2020 година.

Во регионот ЗБ6, главните извозни дестинации на Албанија се Северна Македонија и Србија, иако на ниски нивоа (околу 3 % и 2 % од вкупниот извоз, соодветно).

Табела 3: Извоз од Албанија

Извоз според земји (милиони АЛЛ)	2016	2017	2018	2019	2020
Италија	132.890	146.040	149.101	143.105	123.510
Косово*	16.605	20.924	27.093	29.812	26.247
Германија	8.282	10.861	13.437	14.190	16.008
Шпанија	7.994	14.992	24.174	23.845	16.601
Грција	11.150	11.602	13.115	12.781	13.211
Северна Македонија	6.421	8.431	8.543	8.567	8.855
Србија	4.700	4.833	8.035	5.386	6.280

Извор: INSTAT[50]

Врз основа на податоците за влезните Странски директни инвестиции (СДИ) за 2019 година, првите 5 партнери на Албанија се: Швајцарија (со удел од 18,4 % во вкупните

43 Податоците се добиени од Националната комора на приватни извршители; информациите се достапни на англиски јазик на http://www.nchb.al/eng/us/.

44 Видете за програмите за континуирана обука на ШСЈО според календарски години на https://www.magjistratura.edu.al/#3.

45 ССА меѓу Албанија, ЕУ и нејзините земји членки влезе во сила на 1.4.2009 година. Европски совет и Европска комисија, „Одлука на Советот и Комисијата од 26 февруари 2009 година за склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, од едната страна, и Република Албанија, од другата страна (2009/332/ЕЗ, Евроатом)“, во Сл. в. L 107, 28.4.2009 г., стр. 166.

46 ЦЕФТА влезе во сила на 1.5.2007 година меѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, УНМИК/Косово, информации достапни на http://rtais.wto.org/UI/PublicShowMemberRTAIDCard.aspx?rtaid=560.

47 ЕФТА беше потпишана на 1.10.2010 година меѓу Албанија, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија http://rtais.wto.org/UI/PublicShowMemberRTAIDCard.aspx?rtaid=560.

48 Билатералниот договор со Турција влезе во сила на 1.5.2008 г., достапен на http://rtais.wto.org/UI/PublicShowMemberRTAIDCard.aspx?rtaid=560.

49 *„Сите упатувања до Косово, без оглед дали станува збор за територијата, институциите или населението, во овој текст се толкуваат во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и без тоа да биде во спротивност со статусот на Косово.“

50 http://www.instat.gov.al/al/temat/tregtia-e-jashtme/tregtia-e-jashtme-e-mallrave/

СДИ), Холандија (15,3 %), Канада (13,7 %), Италија (9,4 %) и Турција (7,4 %).

Горенаведената анализа покажува дека главните трговски партнери на Албанија се земјите во ЕУ и земјите од регионот.

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

Албанија е земја кандидатка за членство во ЕУ и е членка на голем број меѓународни иницијативи поврзани со прекуграничната соработка. Не постојат политички или правни пречки за можното спроведување на Хашката конвенција од 2019 година.

4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Хашката конвенција од 2019 година

Член 29 од Хашката конвенција од 2019 година утврдува кога Конвенцијата влегува во сила меѓу две договорни земји и овозможува ограничена опција за откажување за да се избегне воспоставување договорни односи со други договорни земји. Како што беше нагласено во првиот дел од овој извештај, признавањето на странските пресуди во Албанија не зависи од какви било барања за реципроцитет. Не постојат посебно околности што би ја условиле Албанија да поднесува известувања во согласност со член 29 од Хашката конвенција од 2019 година.

4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година

Член 17 на Хашката конвенција од 2019 година се однесува на домашната ситуација од гледна точка на замолената држава. Тој ѝ овозможува на државата да се ослободи од обврската за признавање и спроведување на пресудата во согласност со Конвенцијата во таквите случаи. Конвенцијата се применува само на меѓународните предмети. Одредбите на ЗГП за признавање и извршување странски судски одлуки не предвидуваат какво било експлицитно ограничување од овој вид, но член 72 (став гж) на ЗМПП предвидува дека албанските судови имаат исклучива надлежност во постапките во врска со извршувањето пресуди во Република Албанија. Исклучивата надлежност на албанскиот суд е предвидена и во други ситуации, особено во постапките што се однесуваат на стварни права врз имот што се наоѓа во Албанија, постапки поврзани со одлуки на органите на претпријатија што имаат вообичаено престојувалиште во Албанија, постапки во врска со валидноста на регистрацијата во јавните регистри, државни органи или судови, постапки во врска со регистрирање права на интелектуална сопственост (член 72 на ЗМПП). Дополнително, член 37 на ЗГП предвидува дека надлежноста на албанските судови не може да се пренесе на некоја странска надлежност со спогодба, освен ако судењето не е поврзано со обврска меѓу странски лица или меѓу странско лице и албански државјанин или правно лице што нема седиште или живеалиште во Албанија и овие исклучоци се вклучени во меѓународни договори што се ратификувани од Република Албанија.

Член 18 на Хашката конвенција од 2019 година ѝ допушта на државата да го прошири списокот со прашања што се исклучени од полето на примена на Конвенцијата. Не постојат посебни назнаки во постојните законски одредби дека Албанија може да даде изјава за исклучување определени прашања од полето на примена на Конвенцијата.

Член 19 на Хашката конвенција од 2019 година предвидува посебен третман за пресудите во кои една од страните е држава или физичко лице што постапува од името на државата или владина агенција на државата или, пак, физичко лице што постапува од името на таа владина агенција. Тој ѝ обезбедува можност на државата да даде изјава дека нема да ја применува конвенцијата на пресуди што произлегуваат од постапки во кои државата или физичко лице што постапува од името на државата се страни во постапката.

Не постои ништо во релевантните одредби на ЗГП што може да се толкува дека предвидува и ја ограничува државата како страна во граѓанска постапка. Во одлуката за воедначување бр. 1 на Високиот суд од 2011 година, во врска со признавањето и извршувањето странски арбитражни одлуки, Високиот суд нагласи дека Министерството што е вклучено во постапката треба да добие можност да биде сослушано како трета страна и да ги поднесе потребните докази.

Од друга страна, положбата на странската држава како страна во граѓанска постапка пред судовите во Албанија е уредена од член 39 на ЗГП за надлежноста на конзуларните и дипломатските претставништва. Членовите на конзуларните и дипломатските претставништва што престојуваат во Република Албанија не се предмет на надлежноста на албанските судови, освен ако:

а) тие се доброволно согласни;

б) се воспоставени условите што се предвидени во Виенската конвенција за дипломатски односи.

Вклучувањето на странските државни агенции во граѓанската постапка е прашање што се решаваше во неколку одлуки на Високиот суд и на Уставниот суд. Ставот на албанските судови е следниов: државата и државните агенции уживаат апсолутен имунитет од надлежноста на албанскиот суд (дури и за работните односи), освен ако тие доброволно не ја прифатат оваа надлежност, како што е предвидено во член 39, став а. на ЗГП[51], на пример, преку договор за вработување.

Член 25 на Хашката конвенција од 2019 година се однесува на изјавата што може да ја даде државата со неунифициран правен систем. Албанија има унифициран правен систем и, според тоа, нема потреба од таква изјава.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

5.1 Општа меѓународна надлежност

Меѓународната надлежност на албанските судови е уредена со Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП) на Албанија. Освен во случаите кога е предвидено поинаку, албанските судови се надлежни ако туженият има вообичаено престојувалиште во Албанија (член 71 на ЗМПП). Вообичаеното престојувалиште е дефинирано во ЗМПП и за физичките и за правните лица. Овие дефиниции се во согласност со дефинициите од Првата и Втората регулатива од Рим.

Врз основа на член 12 на ЗМПП, вообичаено престојувалиште на физичко лице е местото каде што тоа лице решило да престојува најголемиот дел од времето, дури и во отсуство на регистрација и независно од дозволата или овластувањето за престој. За да го утврди ова место, судот ги зема предвид околностите од лична или професионална природа, кои покажуваат трајни врски со местото или упатуваат на волјата на лицето да создаде такви

51 Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 8 од 11.6.2011 г., достапна на http://www.gjykataelarte.gov.al/.

врски. Вообичаеното престојувалиште на правните лица, здруженија или тела без статус на правно лице е местото на централната управа. Вообичаеното престојувалиште на физичко лице што постапува во текот на својата дејност е неговото главно место на работење. Во случај на подружница, застапништво или друга деловна единица, местото каде што се наоѓа подружницата, застапништвото или другата деловна единица се смета за место на вообичаеното престојувалиште (член 17 на ЗМПП).

5.2 Пророгирање на надлежноста

Во однос на изборот на странски форум од страната, член 37 на ЗГП предвидува дека надлежноста на албанските судови за странски физички и правни лица е уредена со закон. Оваа одредба утврдува дека, по правило, надлежноста на албанските судови не може да се пренесе на странска надлежност со спогодба. Меѓутоа, допуштени се исклучоци од општото правило кога судењето е поврзано со обврска меѓу странски лица или меѓу странско лице и албански државјанин или правно лице што нема седиште или живеалиште во Албанија и ако постои меѓународен договор што е ратификуван од Република Албанија што содржи таков исклучок.

Пророгирањето на надлежноста во полза на албанските судови е дозволено со член 73 на ЗМПП, што утврдува определени услови во однос на формата на спогодбата. Спогодбата се склучува во писмена или во усна форма, но ако е во усна форма, треба да биде потврдена во писмена форма или во форма што е во согласност со меѓународната трговска употреба со која страните се запознаени или, пак, би требало да бидат запознаени (член 73, став 2 на ЗМПП). Оваа одредба не предвидува дали спогодбата е важечка само ако е склучена пред започнувањето на постапката. Според тоа, ова ќе зависи од толкувањето на судот.

Надлежност на албанските судови постои и ако тужениот се појави на расправата во постапката без да ја оспори надлежноста на албанскиот суд, иако е застапуван во постапката од адвокат, или ако судот ја објаснил можноста за оспорување на надлежноста и ова објаснување било забележано во записникот од расправата (член 73, став 3 од ЗМПП).

5.3 Во споредба со член 5 на Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори

Член 5 на Хашката конвенција од 2019 година утврдува определени минимални филтри за надлежност што пресудите мора да ги поминат во првичната постапка за да бидат прифатливи за признавање и извршување во согласност со Хашката конвенција за пресуди. Иако овие барања за индиректната надлежност се нерелевантни за националните правила за надлежноста, повторно, разликите меѓу нив може да дадат несинхронизиран исход.[52] Иако Конвенцијата нема цел да влијае врз постојните национални закони за надлежноста во меѓународните предмети, пресудите од земјите со правила за директна надлежност, како што се филтрите во членовите 5 и 6, поверојатно ќе бидат во оптек во согласност со Конвенцијата[53].

52 Rumenov I. *Implications of the New 2019 Hague Convention on Recognition and Enforcement of Foreign Judgments on the National Legal Systems of Countries in South Eastern Europe*, EU and Comparative Law Issues and Challenges Series – Issue 3, 2020.

53 Garcimartin F. and G. Saumier. *Explanatory Report Convention of the 2 July 2019 of the Recognition, and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters,* www.hcch.net.

Табела 4: Филтри за директна и индиректна надлежност

Хашка конвенција од 2019 година		ЗМПП	
член 5, став 1а	вообичаено престојувалиште на лицето	**член 71**	вообичаено престојувалиште на тужениот
член 5, став 1б	главно место на работење на физичкото лице	**член 17**	главно место на работење на физичките лица
член 5, став 1г	активности на подружница, застапништво или деловна единица	**член 80, став ç**	дејствија во врска со спорови што произлегуваат од работењето на подружница или застапништво на правно лице со седиште
член 5, став 1д	тужениот изречно дал согласност за надлежноста	**член 73, став 1 (2)**	пророгирање на надлежноста
член 5, став 1ѓ	имплицитна надлежност	**член 73, став 3**	имплицитна надлежност
член 5, став 1е	местото каде што обврската настанала или требало да настане	**член 80, став б**	местото каде што обврската била извршена или требало да се изврши
член 5, став 1ж	место на закуп на имот	**член 72**	местото каде што се наоѓа имотот
член 5, став 1s	местото каде што се случило постапувањето или непостапувањето што директно предизвикало штета	**член 80, став в**	местото каде што се случило дејството
член 5, став 2	потрошувачки договори и договори за вработување		н/п
член 5, став 3	недвижен имот и закуп на недвижен имот за домување	**член 72, став а**	недвижен имот, закуп на недвижен имот

Конвенцијата го користи „вообичаеното престојувалиште“ како точка на врзување. Албанското законодавство е усогласено со Хашката конвенција од 2019 година, бидејќи го користи вообичаеното престојувалиште како еден од главните точки на врзување за утврдување на надлежноста. Дефиницијата за вообичаено престојувалиште за физички и правни лица е во согласност со горенаведените регулативи на ЕУ.

Експлицитната и имплицитната надлежност се уредени во член 71 на ЗМПП. Албанските судови, исто така, имаат меѓународна надлежност ако страните склучиле спогодба за меѓународната надлежност на албанските судови. Албанскиот суд во кој е поднесена тужбата има меѓународна надлежност ако тужениот се појави на расправата во постапката без да ја оспори меѓународната надлежност, иако е застапуван во постапката од адвокат, или ако судот ја објаснил можноста за оспорување на надлежноста и ова објаснување било забележано во записникот од расправата (член 73, став 3 од ЗМПП). Оваа одредба е слична на одредбите од членовите 25 и 26 на Брисел I – бис Регулативата. Меѓутоа, постојат разлики во тоа што член 73 на ЗМПП дополнително го разработува прашањето на

имплицитната согласност и во оваа одредба не постои ништо што ја исклучува примената на член 73, став 3 во случаите на експлицитна согласност во полза на албанските судови или исклучива надлежност на албанските судови.

Случаите на посебна надлежност се уредени во членовите 74-81 на ЗМПП. Од компаративната анализа на одредбите на ЗМПП во однос на член 5 на Хашката конвенција од 2019 година, може да заклучиме дека филтрите за индиректна надлежност што се предвидени во Конвенцијата се слични со оние што се предвидуваат во одредбите на ЗМПП, со исклучок на надлежноста врз потрошувачките договори и договорите за вработување. ЗМПП предвидува посебен правен режим за заштитените договори, како што се договорите за вработување, потрошувачките договори или договорите за осигурување во однос на правото, но не во рамките на делот што се однесува на надлежноста.[54] Да заклучиме, албанските судови не би требало да имаат проблеми во спроведувањето на оваа одредба во однос на филтрите за меѓународна надлежност во согласност со ЗМПП.

5.4 Исклучива надлежност

Член 6 на Хашката конвенција од 2019 година предвидува единствена исклучива основа за признавање и извршување пресуди со кои се одлучувало за стварни права врз недвижен имот. Пресудите што го исполнуваат филтерот од член 6 се прифатливи за признавање и извршување. Пресудите што не го поминуваат филтерот не смее да бидат признаени или извршени, ниту во согласност со Конвенцијата ниту во согласност со националното право. Всушност, албанските судови имаат исклучива надлежност во однос на стварни права врз недвижен имот (член 72 на ЗМПП). Други ситуации што се претходно спомнати во овој извештај се: одлуките на органите на трговските друштва кога вообичаеното престојувалиште на друштвото е во Албанија, основањето или престанокот на правни лица, или одлуките на нивните органи кога правното лице има седиште во Албанија; важноста на уписот во регистрите на албанските државни органи или судови; важноста на регистрирањето на правата на интелектуална сопственост што е извршено или за кое е поднесено барање во Албанија; извршување извршни исправи (член 72 на ЗМПП).

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

6.1 Материјално поле на примена

Хашката конвенција од 2019 година се применува на пресуди од граѓанската или трговската материја. Користењето на поимите „граѓанска“ и „трговска“ материја, пред сè, е релевантно во правните системи во кои „граѓанската“ и „трговската“ материја се сметаат за одвоени и заемно исклучиви категории, иако користењето на двата поими не е компатибилно со правните системи во кои трговската постапка се смета за поткатегорија на граѓанската постапка. Тие не ги опфаќаат финансиските, царинските или административните прашања и другите прашања што се наведени во член 2, став 1 на Хашката конвенција од 2019 година. Дали некоја пресуда се однесува на граѓанската или трговската материја се утврдува според природата на тужбеното барање или дејството што е предмет на пресудата. Природата на судот во државата на потекло или самиот факт што државата била страна во постапката не се решавачки фактори. Конвенцијата се применува на признавањето и извршувањето во една договорна земја на пресуда што е донесена од судот на друга договорна земја. И државата на потекло, која е државата во која се наоѓа судот што ја

54 Видете, на пример, член 48 (индивидуален договор за вработување), член 50 (договор за превоз) или член 52 (потрошувачки договори) на ЗМПП.

донел пресудата, и замолената држава, која е државата каде што се бара признавање и извршување на таа пресуда, мора да бидат договорни страни на Конвенцијата (член 4, став 1 на Хашката конвенција од 2019 година).

Врз примената на Конвенцијата не влијае природата на страните, т. е. дали тие се правни или физички лица, приватни или јавни. Како што е наведено во член 2, став 4, некоја пресуда не е исклучена од полето на примена на Конвенцијата со самиот факт што некоја држава, вклучувајќи влада, владина агенција или кое било лице што постапувало од името на државата, била страна во постапката во државата на потекло.

Меѓутоа, ништо во оваа Конвенција не влијае врз привилегиите и имунитетот на државните или меѓународните организации во однос на самите нив или нивниот имот. Означувањето е наменето да ја олесни примената на Конвенцијата во земјите каде што не постои разграничување меѓу приватното и јавното право. Конвенцијата не се применува на арбитражната и поврзаните постапки. Клучниот елемент што ги разликува прашањата од јавното право од „граѓанската или трговската“ материја е дали една од страните врши владини или државни овластувања што ги немаат обичните лица.[55]

6.1.1 Во споредба со член 1 и член 2 на Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на материјалното поле на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори

Албанските правила за признавање и извршување странски судски одлуки се применуваат на прашања од граѓанската, трговската и семејната материја. ЗГП не прави разлика меѓу предмети од граѓанската или трговската материја или каква било друга поткатегорија предмети. Материјалната надлежност на апелациониот суд е утврдена во процедуралното право. Надлежностите на судовите се утврдени во процедуралните закони. Албанскиот ЗГП предвидува дека Законот утврдува еднообразни правила за граѓанските предмети. Сите граѓански спорови и другите спорови што се предвидени во овој Закон и во посебни закони се во надлежност на судовите.[56] Поткатегоризацијата на предметите во рамките на главната категорија граѓански предмети вообичаено се врши за потребите на правосудната статистика, како што е објаснето во овој извештај. Во овој случај, поделбата е направена во зависност од предметот на тужбеното барање, дали станува збор за општи предмети од граѓанската материја, семејни предмети, трговски предмети или предмети поврзани со вработување. Државата и државните агенции, по правило, имаат имунитет од надлежноста на албанските судови, освен ако тие доброволно не се согласат да немаат таков имунитет, или во согласност со условите што се предвидени во Виенската конвенција за дипломатски односи (член 39 на ЗГП).

Одредбите на ЗГП за признавањето и извршувањето странски судски одлуки се применуваат и за признавањето на конечната одлука од арбитража во странска држава (член 399 на ЗГП).

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат

Албанскиот ЗГП не прави разлика меѓу различните видови странски судски одлуки. Меѓутоа, член 396 на ЗГП бара одлуката на странскиот суд да биде правосилна (неотповиклива) и таквата правосилност да биде потврдена од судот што ја донел пресудата. Покрај тоа,

55 Garcimartin F. and G. Saumier. *Explanatory Report Convention of the 2 July 2019 of the Recognition, and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters*, www.hcch.net.

56 Член 1 на ЗГП, видете фуснота 1 горе.

член 49 на ЗГП прави разлика меѓу тужби со кои се бара извршување поради вршењето определено дејство или поради пропустот да се изврши определено дејство.

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање)

Барањата за признавање и извршување странски судски одлуки се третираат како главно прашање. Албанскиот ЗГП пропишува дека судот што ја суди главната парница има надлежност и да разгледува секундарни барања, противтужбата или главната интервенција. Во овој случај, судот одлучува за нивно спојување во еден предмет (член 55 на ЗГП).

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука

Формалното барање и исправите што треба да се поднесат за признавање и извршување странски судски одлуки мора да ги исполнуваат формалните процедурални услови што се пропишани со членовите 395 и 396 на ЗГП. Меѓутоа, ако е во сила билатерален договор меѓу Албанија и земјата на потекло, предност имаат формалните процедурални одредби од договорот.

Во согласност со албанскиот ЗГП, барањето може да се поднесе директно до апелациониот суд или преку дипломатски канали, кога тоа е пропишано со меѓународни договори (член 395 на ЗГП). Барањето мора да содржи:

а) копија од пресудата што треба да се изврши и нејзиниот превод на албански јазик, заверен од нотар;

б) потврда од судот што ја издава пресудата дека таа станала правосилна, заедно со превод од потврдата и нејзина заверка од нотар. Копијата од пресудата и потврдата дека пресудата станала правосилна мора да бидат заверени од Министерството за надворешни работи на Република Албанија;

в) полномошно во случај кога барањето е поднесено од застапник на заинтересираната страна, преведено и заверено од нотар (член 396 на ЗГП).

Ако барањето за признавање и извршување е поднесено врз основа на билатерален договор, барањето може да се поднесе директно до надлежниот суд, првостепениот суд што ја донел пресудата, а исправите треба да се поднесат како што следува:

а) копија од пресудата, заверена од судот;

б) кога во пресудата не е јасно наведено дека таа е правосилна и извршна, исправа што е издадена од судот и потврдува дека пресудата влегла во сила треба да се приложи кон пресудата;

в) исправа издадена од судот за делумно извршување на пресудата на територијата на барателот, кога тоа е применливо;

г) исправа што потврдува дека страната не учествувала во постапката или дека нејзиниот застапник, во случај на неспособност, бил уредно повикан во судот.

Кон горенаведените исправи се приложува заверен превод на јазикот на замолената договорна страна или на англиски јазик, извршен од дипломатските или конзуларните претставништва или од кое било друго лице овластено од една од страните.[57]

57 Член 20 на Договорот меѓу Албанија и Бугарија.

За да им помогнат на граѓаните и на страните соодветно да ги исполнат законските услови, некои апелациони судови имаат воспоставено практика за советување на страните да ги поднесат следниве исправи:

а) барањето, што ги содржи податоците за страната и правниот основ;

б) пресудата на странскиот суд, заверена од Министерството за надворешни работи на земјата во која се наоѓа судот што ја издал пресудата, преведена на албански јазик и заверена од нотар;

в) извод од матична книга на венчаните (за прашања од семејната материја) издаден од управата за водење на матичните книги;

г) потврда од првостепениот суд дека страните не го раскинале бракот пред суд;

д) полномошно, доколку страната не е присутна.[58]

Ако страните не ги исполнат формалните процедурални барања, судот им дава дополнителен разумен рок да го сторат тоа. Недостатоците во оваа фаза на постапката не претставуваат основ за одбивање на барањето.[59]

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Услови за признавање и извршување странски судски одлуки се пропишани во член 394 на ЗГП и во билатералните договори за заемна правна помош што се ратификувани од Албанија. Повторно, условите од билатералните договори имаат предност во однос на условите што се пропишани во ЗГП. Врз основа на член 394 од ЗГП, странската судска одлука не добива правно дејство ако:

а) во согласност со одредбите во сила во Република Албанија, спорот не може да биде во надлежност на судот во државата што ја донела пресудата;

б) тужбеното барање и судската покана не му биле доставени на туженио во отсуство на уреден начин и навремено, за да му овозможат да се брани;

в) албанскиот суд донел различна пресуда во спор меѓу истите страни за истото прашање и поради истите причини;

г) тужба што била поднесена пред да стане правосилна странската пресуда се решава пред албански суд;

д) одлуката станала правосилна спротивно на нејзиното законодавство;

ѓ) одлуката не е во согласност со основните начела на албанското законодавство.

Во согласност со член 394, став а) на ЗГП, признавањето на странската судска одлука се одбива ако судот во државата на потекло што ја донел странската пресуда нема надлежност врз основа на ЗМПП („начело на огледало“). Јавната политика како основ за одбивање е уредена во ставот ѓ) (основни начела на албанското законодавство) на член 394 од ЗГП, иако поимот „јавна политика“ не се спомнува во оваа одредба. Албанската судска практика дава широка дефиниција за јавната политика, вклучувајќи прашања од материјалното и од процедуралното право. Според албанската судска практика, материјалните основи од јавната политика не ѝ даваат важност на содржината на странското право, туку на крајните ефекти што произлегуваат од признавањето на странските пресуди и нивната компатибилност со основните начела (обезбедени во материјалните норми) на албанското право.

58 Видете соопштение за јавноста на Апелациониот суд во Драч од 31.3.2021 г., достапно на http://www.gjykata.gov.al.

59 Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 6 од 1.6.2011 г., достапна на http://www.gjykataelarte.gov.al/.

Процедуралните основи од јавната политика се опфатени во ставот б) (пресуди во отсуство) и во ставот д) (пресуди што станале правосилни спротивно на странското национално законодавство). Ставот в) на член 394 од ЗГП го разгледува прашањето на *res iudicata*, со цел да се избегне донесувањето две пресуди за истиот спор. Ставот г) на член 394 од ЗГП се однесува на ситуацијата на паралелни постапки и треба да се применува во согласност со *lis pendens* правилата согласно ЗГП (член 37 на ЗГП).[60]

Билатералните договори што се ратификувани од Албанија содржат слични основи за одбивање на признавањето на оние што се предвидени во ЗГП: непостоење надлежност на судот, неизвестување на отсутниот тужен, *res iudicata* и *lis pendens*, неправосилност на пресудата и повреда на јавната политика се вообичаените основи за одбивање.[61]

Основите за одбивање што се предвидени во ЗГП и билатералните договори ратификувани од Албанија се начелно во согласност со основите за одбивање што се содржани во Хашката конвенција од 2019 година.

Табела 5. Основи за одбивање

Член 394 на ЗГП	Член 7 на Хашката конвенција од 2019 година
а) спорот не може да биде во надлежност на судот што ја донел одлуката;	Членови 5 и 6 на Хашката конвенција од 2019 година
б) тужбеното барање и судската покана не биле доставени уредно и навремено до отсутниот тужен за да му се даде можност да ја подготви својата одбрана;	(а) исправата со која се поведува постапката или слична исправа, вклучувајќи изјава за суштинските елементи на тужбеното барање; (i) не му е доставен на тужениот навремено и на начин што ќе му овозможи да ја подготви својата одбрана, освен ако тужениот не се појавил пред судот на потекло и го изнел својот предмет без да оспори известувањето, под услов ако правото на државата на потекло допушта оспорување на известувањето; или (ii) тужениот бил известен во замолената држава на начин што не е во согласност со основните начела на замолената држава во однос на доставата на исправи; (б) пресудата е добиена со измама;
в) албанскиот суд донел различна пресуда во спор меѓу истите страни, за истото прашање и поради истите причини;	(ѓ) пресудата не е во согласност со претходна пресуда донесена од судот на друга држава меѓу истите страни за истиот предмет, под услов ако претходната пресуда ги исполнува условите што се потребни за нејзиното признавање во замолената држава;
г) тужба, која била поднесена пред одлуката на судот во странската држава да стане правосилна, се решава од страна на албански суд;	(д) пресудата не е во согласност со пресуда што е донесена од судот на замолената држава во спор меѓу истите страни; или
ѓ) не е во согласност со основните начела на албанското законодавство.	(в) признавањето или извршувањето би било очигледно неспоиво со јавната политика на замолената држава, вклучувајќи ситуации во кои конкретните постапки што довеле до пресудата не се во согласност со основните начела за правичност на постапката во таа држава и ситуации што вклучуваат нарушување на безбедноста или суверенитетот на таа држава.

60 Kola F, Çinari. *Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters in Albania*, in Brussels I bis Regulation and special rules: opportunities to enhance judicial cooperation, Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, march 2021 https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.pdf.

61 Член 22 на Договорот меѓу Албанија и Бугарија.

Во практиката, најчестите основи за одбивање на признавањето се: неизвестување на тужениот, недокажување дека пресудата е правосилна, видот на пресудата (граѓанска или управна) и непостоење надлежност на судот што ја донел странската одлука.[62]

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки

Странска пресуда може да се изврши во Албанија единствено откако таа е признаена од апелационен суд. Барањето со потребната документација се поднесува до надлежниот апелационен суд, кое треба да се квалификува во согласност со член 49 на ЗГП: „Тужбите со кои се бара извршување врз предмети се поведуваат во судот на местото каде што се наоѓаат овие предмети или каде што се наоѓа најголемиот дел од нивната вредност. Тужбите со кои се бара извршување за вршење определено дејство или пропуст да се изврши таквото дејство се поведуваат пред судот во местото каде што таквото извршување мора да се спроведе“.

Постапките за поднесување на барањето и потребните исправи се детално опишани на повеќе места во извештајот. Откако ќе се поднесе барањето до надлежниот апелационен суд, со него се постапува во согласност со правилата од Законот за граѓанска постапка. Како прв чекор, се избираат судиите со влечење ждрепка. Барањата за признавање и извршување вообичаено се третираат како приоритетни прашања и, начелно, процесот не одзема премногу време.[63] За барањето одлучува совет од тројца судии, од кои едниот е известител за предметот. Известувањето на страната барател да се појави пред судот се врши во согласност со член 128 и последователните членови на ЗГП. Известувањето се врши од судски службеник преку пошта, јавен оглас или по електронски пат, ако страната дала претходна согласност за тоа (член 129 на ЗГП).

Во однос на обврската за известување на лицата против кои се бара признавање и извршување, се појави проблем поради поимот што се користи за таквите предмети: „барање“ наместо „тужба“. Според тоа, страната против која е донесена пресудата не може да се повика како тужена во постапката за признавање. Меѓутоа, учеството на страната е неопходно за да се процени постоењето или непостоењето на кој било од основите за одбивање.[64] Известувањето се упатува лично до страните баратели, должникот или до другите заинтересирани страни согласно барањата на страната барател или на судот. Предметите вообичаено се завршуваат во едно или најмногу во две рочишта.

При испитувањето на барањето за признавање странска пресуда, апелациониот суд ги применува правилата за донесување пресуда во прв степен. Меѓу другото, апелациониот суд го потврдува, однапред, исполнувањето на формалните услови за поднесување барање за признавање странска пресуда. Ако барањето за признавање странска пресуда е нецелосно, судот утврдува разумен рок за дополнување и исправки. Апелациониот суд

62 Kola F, Çinari., *Recognition and enforcement of foreign judgments in civil and commercial matters in Albania, in Brussels I bis Regulation and special rules*: opportunities to enhance judicial cooperation, Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, march 2021 | https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.pdf.

63 Информациите се добиени во текот на интервјуата со членовите на советите на апелационите судови.

64 Kola F, Çinari., “Recognition and enforcement of foreign judgments in civil and commercial matters in Albania,” in *Brussels I Bis Regulation and Special Rules: Opportunities to Enhance Judicial Cooperation*, Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, march 2021 | https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.

потоа го враќа барањето без да преземе какви било дејствија, ако страната барател не ги комплетира и не ги исправи формалните недостатоци во барањето во рокот што е утврден од судот. Ако барањето за признавање странска пресуда ги исполнува формалните услови, апелациониот суд закажува рочиште чија цел е да се оцени постоењето или непостоењето на која било од законските пречки што се предвидени во член 394 на ЗГП или каква било друга посебна одредба за оваа намена.[65] Според тоа, апелациониот суд не одлучува за основаноста на предметот (член 397 на ЗГП).

Одлуката на апелациониот суд за одобрување или одбивање на признавањето и извршувањето истовремено претставува извршен налог. ЗГП предвидува дека одлуките на судовите во странските земји и странските арбитражни судови се издаваат од судот што ја признава одлуката според редоследот на одредбите (член 511, став б) на ЗГП).

Жалбите против одлуките на апелациониот суд мора да се поднесат до Високиот суд во рок од 30 дена (член 443 на ЗГП).

Трошоците на судската постапка за признавање странски судски одлуки претставуваат комбинација од судски такси, тарифи на адвокатите и други надоместоци за користење на услугите за нотарска заверка и превод. Судските такси се утврдени со закон[66] и со одлуката на Високиот судски совет.[67] Судскиот надоместок за признавање и извршување странска судска одлука изнесува 5 000 АЛЛ (приближно 45 евра). Износот на нотарската награда е утврден во заедничкото Упатство на Министерството за правда и Министерството за економија и финансии.[68] Нотарската награда за заверка на превод и потврдување на веродостојноста на исправите изнесува околу 5 000 АЛЛ (приближно 45 евра). Надоместокот за превод е утврден во заедничкото упатство на Министерството за правда и Министерството за економија[69] и изнесува приближно 10 евра по страница. Трошоците за признавање странски судски одлуки во Албанија не може да се сметаат за преголемо оптоварување за страните.

7. Извршување странски судски одлуки

7.1 Вид извршна постапка

Одлуката на апелациониот суд за барањето за признавање и извршување странска судска одлука ѝ дава правно дејство на странската одлука за нејзино извршување во Албанија. Извршувањето на странските судски одлуки е предмет на општите правила за извршување што се предвидени во ЗГП (член 510 и следните членови). Член 510 на ЗГП предвидува дека извршувањето може да се спроведе врз основа на извршните исправи што се наведени во членот. Одлуките на странските судови претставуваат извршни исправи откако ќе им се даде правно дејство во согласност со правилата што се предвидени во ЗГП (член 510, став в)). Извршната исправа се извршува на барање од доверителот (член 511 на ЗГП). Извршниот налог се издава во рок од пет дена од страна на апелациониот суд (член 511, став б) на ЗГП).

Против судската одлука со која се одбива извршниот налог може да се поднесе жалба во согласност со одредбите што ги уредуваат посебните жалби (член 512 на ЗГП). Извршната исправа се извршува од државните или приватните извршители во согласност со барањето на доверителот. Барањето на доверителот мора биде придружено од извршната исправа (оригинал и уредно заверена од нотар), надоместок за извршување и полномошно за

65 Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 6 од 1.6.2011 г., достапна на www.gjykataelarte.gov.al.

66 Закон 98/2017 за судските тарифи во Република Албанија.

67 Одлука на Високиот судски совет бр. 641 од 23.12.2020 година за судски трошоци и постапки за нивната наплата.

68 Заедничко упатство бр. 22 од 20.10.2020 година за утврдување на тарифите за нотарските услуги и нотарските исправи.

69 Заедничко упатство бр. 3156 од 12.5.2004 година за постапките за избор на службени преведувачи и утврдување на тарифите за превод.

лицето што го застапува доверителот (член 510 на ЗГП). Налогот треба да се изврши во рок од 15 дена по поднесувањето на барањето од страна на доверителот (член 515 на ЗГП).

Албанското законодавство предвидува доброволно извршување на исправите, додека, пак, присилното извршување може да се примени само откако ќе истечат роковите за доброволно извршување. Присилното извршување може да започне пред истекувањето на роковите за доброволно извршување само кога постои ризик дека извршувањето ќе стане невозможно (членови 517 и 519 на ЗГП). Законот за граѓанска постапка предвидува детални правила за извршувањето на исправите во конкретните области (Поглавје III на ЗГП).

Присилното извршување на обврската кон доверителот може да се спроведе во различни облици што вклучуваат дејствија, како што се блокирање сметки во банка, запленување движен и недвижен имот, итн. Сите дејствија се меѓусебно комплементарни и имаат единствена цел: подмирување на обврската што судот му ја наметнал на должникот.

Трошоците за извршување ги опфаќаат надоместоците за извршителот, надоместоците за вештаци, нотарските награди, итн. Надоместоците за извршителите се утврдени во Упатството од 2017 година.[70] Тие вклучуваат фиксни надоместоци за извршување изразени во АЛЛ и во проценти во согласност со вредноста на обврската. Маржата на процентите е од 3 % до 10 % од вредноста на обврската. Повторно, се чини дека трошоците за извршување не се премногу високи.

7.2 Извршна постапка во ситуации кога јавните извршители се директно соочени со странски судски одлуки

Не постојат посебни постапки за извршување странски судски одлуки. Тие се уредени согласно истите правила и постапки како домашните извршни исправи.

8. Користена литература

<u>Национално и меѓународно законодавство</u>

- ЦЕФТА влезе во сила на 1.5.2007 година меѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, УНМИК/Косово
- Одлука на Советот на министри бр. 970 од 4.12.2020 година за одобрување на методологијата за утврдување на вредноста на предметите во текот на присилното извршување
- Одлука на Советот на министри бр. 416 од 4.7.2018 година за воспоставување, регистрирање и функционирање на управувањето со интеракцијата и безбедноста на системот за управување со предмети за предметите на судските извршители
- Одлука на Советот на министри бр. 43 од 15.1.2020 година за функционирањето на процесот за пренос на исправи меѓу институциите преку системот за електронски потпис
- Одлука на Високиот судски совет бр. 641 од 23.12.2020 година за судски трошоци и постапки за нивната наплата
- Уредба бр. 3119 од 6 јуни 1960 година, „Службен весник“ бр. 3 од 1961 година, Договор со Унгарија „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и

70 Заедничко упатство бр. 385/7 од 28.6.2017 г. за утврдување на тарифите за услугите што ги обезбедуваат приватните судски извршители. Овој акт може да се промени по донесувањето на новиот Закон за приватни извршители во 2019 година.

семејната материја“

- Уредба бр. 3250 од 17 април 1961 година, „Службен весник“ бр. 6 од 1962 година, Договор со Романија „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и семејната материја“
- ЕФТА беше потпишана на 1.10.2010 година меѓу Албанија, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија
- Заедничко упатство бр. 3156 од 12.5.2004 година за постапките за избор на службени преведувачи и утврдување на тарифите за превод
- Заедничко упатство бр. 22 од 20.10.2020 година за утврдување на тарифите за нотарските услуги и нотарските исправи
- Закон 10 428 од 2 јуни 2011 година за меѓународно приватно право во Сл. в. бр. 82, 17.06.2011 г.
- Закон 98/2016 за организација на судската власт во Република Албанија
- Закон 98/2017 за судските тарифи во Република Албанија
- Закон бр. 10 194 од 10.12.2009 г.
- Закон бр. 8036 од 22 ноември 1995 година, „Службен весник“ бр. 25 од 1995 година, Договор со Турција „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и трговската материја“
- Закон бр. 8061 од 8 февруари 1996 година, „Службен весник“ бр. 2 од 1996 година, Договор со Руската Федерација „за заемна правна помош во граѓанската, кривичната и семејната материја“
- Закон бр. 8304 од 12 март 1998 година, „Службен весник“ бр. 7 од 1998 година, Договор со Северна Македонија „за правна помош во граѓанската и кривичната материја“
- Закон бр. 9348 од 24 февруари 2005 година, „Службен весник“ бр. 19 од 2005 година, Договор со Бугарија „за правна помош во граѓанската материја“
- Закон бр. 7760 од 14 октомври 1993 година, „Службен весник“ бр. 12 од 1993 година, Договор со Грција „за правна помош во граѓанската и кривичната материја“
- Закон бр. 8116 од 29.03.1996 година за Законот за граѓанска постапка на Република Албанија, Сл. в. бр. 138 од 07/12/1998 г.
- Закон бр. 8417 од 21.10.1998 година за Уставот на Република Албанија, Сл. В. бр. 9, 10 и 11/1996, со измените
- Закон бр. 110/2018 за нотаријатот
- Закон бр. 111/2017 за гарантирана државна правна помош
- Закон бр. 26/2019 за приватни извршителски служби
- Закон бр. 38/2017 од 30 март 2017 година за определени измени на Законот за граѓанска постапка, Сл. в. бр. 98 од 5.5.2017 г., стр. 5493
- Закон 55/2018 за адвокатска професија во Република Албанија
- Закон бр. 8116 од 29 март 1996 година за Законот за граѓанска постапка на Република Албанија, Сл. в. бр. 9,10,11 од 12.5.1996 г.
- Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за меродавното право за договорните обврски (Рим I), во Сл. В. L 177, 4.7.2008 г.
- Регулатива (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за меродавното право за вондоговорните обврски (Рим II), во Сл. В. L 199, 31.7.2007 г.
- ССА меѓу Албанија, ЕУ и нејзините земји членки влезе во сила на 1.4.2009 година. Европски совет и Европска комисија, „Одлука на Советот и Комисијата од 26 февруари 2009 година за склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, од една страна, и Република Албанија, од друга страна (2009/332/ЕЗ, Евроатом)“, во Сл. в. L 107, 28.04.2009 г.

Национална судска практика

- Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 6 од 1.6.2011 г.
- Одлука за воедначување на Високиот суд бр. 8 од 11.6.2011 г.

Публикации

- Bushati A. *Impact of Brussels I bis Regulation on Recognition and Enforcement of judgments in Albania, in Impact of Brussels I bis Regulation on Recognition and Enforcement of judgments in Albania in Brussels I bis Regulation and special rules: opportunities to enhance judicial cooperatio*n, Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, March 2021 https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.pdf, p 381
- Bushati A. *Yearbook of Private International Law*, Volume 15 (2013/2014)
- Garcimartin, F. and G. Saumier. *Explanatory Report Convention of the 2 July 2019 of the Recognition, and Enforcement of Foreign Judgments in Civil and Commercial Matters*
- Bushati, A. and Jessel Holst, Ch., National Report (Albania) in Basedow J., Rühl G., Ferrari F., De Miguel Asensio P. (eds), *Encyclopaedia of Private International Law*, Cheltenham, 2017.
- Kola, F. and S. Çinari. “Recognition and enforcement of foreign judgments in civil and commercial matters in Albania,” in *Brussels I bis Regulation and Special Rules: Opportunities to Enhance Judicial Cooperation*, Edited by C.E. Tuo, L Carpaneto, S Dominelli, March 2021.
- https://dispo.unige.it/sites/dispo.unige.it/files/pagine/OPEN%20ACCESS_Brussels%20I%20bis%20and%20Special%20Rules.pdf
- Kola, F. Lis pendens-a ndërkombëtare në juridiksionin gjyqësor shqiptar si risi në ligjin procedural shqiptar, in Jeta Juridike, Shkolla e Magjistraturës no. 3, 2017.
- Kola, F. and A. Vokshi. Procedurë civile, Pjesa II, Botim II, Tirana, 2018.
- Rumenov I. *Implications of the New 2019 Hague Convention on Recognition and Enforcement of Foreign Judgments on the National Legal Systems of Countries* in South Eastern Europe, EU and Comparative Law Issues and Challenges Series – Issue 3, 2020

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Автор

Мелиха Повлакиќ

Извршно резиме

Правната рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки ја отсликува комплексноста на уставниот поредок и државната организација во БиХ. Главниот извор на меѓународното приватно право (МПП) во БиХ е Законот за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во одредени односи, кој е поранешен југословенски правен акт што сè уште се применува во БиХ без никакви измени. За речиси четири децении, од неговото усвојување, постигнат е многу значаен развој во областа на меѓународното приватно право на национално и меѓународно ниво, но БиХ не била дел од овој процес. Реформата на меѓународното приватно право не е во фокусот на интерес на законодавецот, згора на тоа, поради уставниот поредок во БиХ, постои отпор кон усвојувањето закон за меѓународно приватно право на државно/федерално ниво. Заедно со фактот дека БиХ има сложен правен систем, донесувањето три посебни закони за меѓународно приватно право само би ја усложнило состојбата. Правните експерти во БиХ посочија дека еден од алтернативните начини за реформа на меѓународното приватно право би можел да биде пристапувањето на БиХ кон оние меѓународни конвенции во кои ЕУ е членка, на пример, конвенциите усвоени во рамките на Хашката конференција за меѓународно приватно право.

Прегледот на законодавството што е релевантно за прекугранично признавање и извршување покажува неколку недостатоци, покрај застарените прописи за меѓународното приватно право. Еден од нив се однесува на многу скудното регулирање на постапката за признавање на странските судски одлуки. Друг е пропустот подетално да се регулира извршната постапка во која се бара извршувањето врз основа на странска исправа. Покрај тоа, одредбите за извршување на странските исправи се разликуваат во МПП и во законот за извршување.

Правната поставка на институционалната рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки во БиХ не е особено сложена сама по себе; судовите тука играат главна и доминантна улога. Освен судовите, кои се доминантна засегната страна во оваа работа, релевантни се и Министерството за правда на БиХ, адвокатите и образовните институции.

Тековната интернационализација на правните односи и растот на меѓународната трговија бараат подобро разбирање и соодветност на домашниот правен систем со цел да се решат правните проблеми со меѓународен елемент. Во извештајот повеќе пати беше наведено дека сложената државна организација и политичките околности спречуваат не само усвојување модерно законодавство за меѓународното приватно право, туку и пристап до важните меѓународни мултилатерални спогодби што се однесуваат на меѓународната надлежност и прекуграничното признавање и извршување. Така, соработката меѓу засегнатите страни е од витално значење. Соработката меѓу засегнатите страни е важна поради недостигот на механизми за обединување на судската практика меѓу ентитетите и округот Брчко во БиХ. Не постои врховен суд на државно ниво што би служел како апелационен или касационен орган. Отсуството на институција што би имала задача да ја обедини судската практика може да доведе до дивергентна судска практика на признавање и извршување на странските судски одлуки во БиХ. Фактичко обединување би можело да се постигне на начин што би овозможил соработка помеѓу врховните судови на ентитетите и апелациониот суд на округот Брчко БиХ.

Соработката може да се реализира и преку едукација. Центрите што обезбедуваат едукација на судии и јавни обвинители и универзитети треба да развијат агенда со фокус на меѓународното приватно право, бидејќи анализата на наставните програми на овие центри во Федерацијата БиХ и во Република Српска покажа дека биле одржани само неколку

обуки посветени на прашањата на меѓународното приватно право. Заеднички обуки за адвокатите/правниците и судиите низ државата може да се организираат во рамките на многуте проекти што му обезбедуваат поддршка на судството во БиХ. Владините институции, Министерството за правда на БиХ и Министерството за надворешни работи на БиХ треба да вклучат релевантни правни експерти во процесот на преговори и пристапување кон меѓународните инструменти.

При разгледувањето на капацитетите на судовите и извршителите беа констатирани неколку недостатоци. Во Федерацијата БиХ и во Република Српска, второстепените судови се надлежни да одлучуваат за признавање странска судска одлука, но не постојат специјализирани оддели за ова прашање; одделите за граѓанско право одлучуваат за широкиот опсег на прашањата, вклучително и за признавањето на странските судски одлуки. Сосема е можно, согласно внатрешната организација на одреден суд, на еден или на повеќе судии, главно или исклучиво, да им биде доделено одлучувањето за признавање на странските пресуди, но оваа одлука е прилично неметодична како резултат на специјализацијата или исполнувањето на некои посебни услови од страна на одреден судија. Накратко: судиите не се специјализирани ниту во областа на меѓународното приватно право, ниту во потесното поле на признавање на странските судски одлуки.

Бројот и квалитетот на судските одлуки не можеа да бидат проценети. Невозможноста за директно пребарување на судската практика претставува значителен проблем. Судските одлуки не се објавуваат систематски и не се достапни на соодветните веб-страници. За да се добие увид во практиката на одреден суд, потребно е да се поднесе барањето во согласност со Законот за пристап до информации на БиХ. Поради овие околности, многу мал број судски пресуди беа предмет на анализа, што не дозволува извлекување релевантни заклучоци за бројот и квалитетот на судските одлуки.

Извршителите немаат никакви надлежности во процесите за прекугранично признавање странски судски одлуки. Само судиите имаат право да се занимаваат со ова прашање. Ситуацијата во однос на извршната постапка е речиси иста. Судовите одлучуваат дали ќе се одобри предлогот за извршување врз основа на странска исправа; извршната постапка што следува не отстапува од извршната постапка за ниедно друго прашање. Извршителите имаат мала улога во извршната постапка. Нивната положба не е прецизно регулирана, се разликува од суд до суд и е многу критички оценета во литературата. Извршителите во БиХ се судски службеници, недоволно се платени и немаат никакви перспективи за кариера во системот. Барањата за нивната работа не се дефинирани со законот за извршување и секој суд може да ги регулира поинаку. Не постојат специјализирани тестови за прием; кандидатите за извршители мора да го положат само испитот за вработените во државните служби, а тоа не вклучува никакво знаење или вештини од законот за извршување. Откако ќе бидат вработени, извршителите не минуваат низ никаква специјализирана обука. Сите овие фактори влијаат врз капацитетот на извршителите воопшто.

Во БиХ постојат два центри за обука на судии и обвинители, организирани на ниво на ентитет. Судиите именувани во округот Брчко БиХ може да присуствуваат на семинари во Република Српска или во Федерацијата БиХ. Судиите задолжително треба да поминат одреден број обуки годишно. Двата центри имаат добра соработка и често организираат заеднички обуки. Доколку нивните капацитети го дозволуваат тоа, на Центрите им е дозволено да организираат обуки за оние лица што не се задолжително вклучени во програмата за обука, на пример, за судски службеници што се вклучени во извршната постапка, но овој вид едукација речиси не се применувала сè досега.

Анализата на годишните извештаи на Центарот во ФБиХ и неговата програма за 2020 и 2021 година покажа дека не постојат никакви стандардни обуки што секоја година редовно се одржуваат во областа на меѓународното приватно право. Сликата е прилично несредена

како што покажуваат насловите и ритамот на одржаните обуки. Може да се заклучи дека по правило (со минимално отстапување) годишно се одржуваат околу 20 обуки во областа на граѓанската материја (14-20 % од вкупниот број обуки), а во областа на извршувањето и вонпарничната постапка се одржуваат еден или максимум два семинари (околу 1 % од вкупниот број обуки). Од податоците може да се заклучи дека, генерално, граѓанската материја, а особено извршувањето и вонпарничната постапка не се доволно застапени во континуираната обука на судиите. Анализата на презентираните теми покажува дека прекуграничното признавање и извршување, кое треба да се предава во рамките на обуката за извршната и вонпарничната постапка, е крајно незастапена и занемарена материја.

Во однос на економските и политичките аспекти на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, се наведува дека тековната интернационализација не е проследена со соодветни мерки. Најважните трговски партнери на БиХ се земјите членки на ЕУ, но законот што ја олеснува правната соработка во рамките на ЕУ не се применува во односите со БиХ како земја што не е членка на ЕУ. Имплементацијата на релевантните прописи на ЕУ во оваа област во правниот поредок на БиХ би можела да биде проблематична, бидејќи штом таа ќе стане земја членка, нејзините прописи веднаш ќе станат обврзувачки за БиХ. Сепак, должностите што произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација предвидуваат дека државите мора да преземат мерки за усогласување на нивните национални законодавства со законодавството на ЕУ (acquis). БиХ не успеала да го стори тоа во областа на меѓународното приватно право. Како што споменавме, доктрината за пристапување кон меѓународните конвенции од областа на меѓународното приватно право се смета како погодна алтернатива. За жал, по независноста и завршувањето на војната, БиХ преговарала и пристапила кон мал број меѓународни мултилатерални конвенции и со тоа не успеала да стане членка на многу конвенции на НССН.

Важноста на членот 5 од Конвенцијата го прави истиот централен дел на Конвенцијата. Сепак, веројатно најзначајните разлики помеѓу МПП и Конвенцијата може да се забележат во однос на меѓународната надлежност. Конвенцијата не претставува таканаречена „двојна конвенција/traité double“, туку „единствена/traité simple“, бидејќи не ја регулира меѓународната надлежност, туку само извршувањето и признавањето. Тука треба да се спомене дека БиХ не ја ратификувала Конвенцијата за спогодби за избор на надлежен суд од 2005 година, што е комплементарна со Конвенцијата. Конвенцијата ги дефинира јурисдикционите критериуми што се прифаќаат според Конвенцијата за признавање и извршување на пресудата во замолената држава. Одредбите на МПП што ја регулираат меѓународната надлежност не се во согласност со јурисдикционите критериуми на Конвенцијата. Прво, критериумот за општа и доминантна надлежност во МПП, кој е поврзан со туженото, не одговара на истиот критериум во Конвенцијата, бидејќи МПП се потпира на живеалиштето, а алтернативно на престојувалиштето и Конвенцијата за вообичаено престојувалиште. МПП не го признава вообичаеното престојувалиште, кое стана еден од најважните точки на врзување за утврдување на меродавното право, како и надлежноста во современото меѓународно приватно право. Вообичаеното престојувалиште на туженото не е единствен јурисдикционен критериум во Конвенцијата. Конвенцијата признава три групи јурисдикциони критериуми – покрај вообичаеното престојувалиште, како врска со туженото, овие критериуми се засноваат врз согласност и поврзаност помеѓу барањето и државата на потекло. Истите критериуми може да се најдат и во МПП, но недостасува конвергенција во бројот, обемот и содржината на критериумите.

Конвенцијата прави разлика помеѓу три форми на согласност: изречна/исклучива согласност за време на постапката, имплицитна согласност и неексклузивна/неисклучива спогодба на страните за избор на судот. МПП е делумно во согласност со Конвенцијата во поглед на молкумната пророгација. Како и Конвенцијата, во МПП не се споменува

поимот имплицитна согласност или пророгација. Од друга страна, МПП, за разлика од Конвенцијата, го прифаќа концептот на „предавање“. МПП дозволува експлицитна пророгација, но со неколку ограничувања, при што не прави никаква разлика помеѓу ексклузивниот и неексклузивниот избор на суд. Оваа разлика веројатно е последица на тоа што постојат две комплементарни Конвенции на НССН, првата од 2019 година и втората од 2005 година. За држава како БиХ, која не е членка Конвенцијата за избор на судот од 2005 година, оваа одредба на Конвенцијата од 2019 година не е вистински корисна бидејќи не може да претставува почетна точка во регулирањето на ова прашање.

МПП и Конвенцијата значително се разликуваат еден од друг во однос на јурисдикционите критериуми што се потпираат на поврзаноста помеѓу барањето и судот во земјата на потекло. Овие разлики ги отсликуваат разликите помеѓу основните концепти што ги користат овие два правни инструменти. Конвенцијата не ја регулира надлежноста, туку филтрите за одредување надлежност (индиректна надлежност), додека, пак, МПП има спротивен пристап. Конвенцијата не ја регулира надлежноста, додека, пак, спротивно, МПП ја регулира; Конвенцијата предвидува јурисдикциони критериуми или, подобро формулирано, „јурисдикциони филтри“ врз кои судот на државата каде што се бара признавање или извршување ја оценува пресудата донесена во државата на потекло. МПП ја регулира директната надлежност – судот треба да одлучи дали има право да суди за прекугранични работи според националното законодавство или меѓународен договор, доколку е применлив.

Понатаму, списокот на јурисдикциони критериуми што се однесуваат на врската помеѓу барањето и судот во земјата на потекло е значително подолг во Конвенцијата отколку во МПП. МПП ги регулира само следниве прашања: вондоговорни обврски, сопственички побарувања кога имотот на туженото или избраните средства се наоѓаат во БиХ, побарувањата на странец за обврските што треба да се извршат во БиХ, сопственоста и другите стварни права врз недвижниот имот или врз авионите и бродовите/пловните објекти. Сите други филтри за одредување надлежност регулирани во Конвенцијата не се споменати во МПП.

Анализата на постапката за признавање и извршување странски судски одлуки во БиХ покажа дека има значителни разлики во споредба со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

Главната одредба за материјалното подрачје на примена е, всушност, членот 1 од Конвенцијата, во кое е предвидено применување на Конвенцијата за признавање и извршување пресуди од областа на граѓанското или трговското право во една држава договорничка за пресуда донесена од суд во друга држава договорничка. Националните правни извори (на пр. МПП) имаат поширок опсег на примена, овозможувајќи прекугранично признавање и извршување во врска со статусот и деловната способност на физичкото лице, обврски за издршка, како и други прашања од семејното право, вклучително и имот и други права или обврски што произлегуваат од брак или слични односи, како и тестаменти и наследства. Покрај тоа, МПП вклучува права на приватност и права на интелектуална сопственост. Сите овие теми се исклучени од опсегот на Конвенцијата. Во членот 6 од Конвенцијата се предвидени многу исклучоци за нејзината примена. Листата на основи за неприменување на Конвенцијата беше споредена со оние во МПП. Во овој дел нема совпаѓање помеѓу Конвенцијата и МПП. Одредбите на МПП се применуваат за поголем број прашања во граѓанското и трговското право, како и во семејното право и во законот за наследување. Материјалниот опсег на примена на МПП се разликува од оној на Конвенцијата.

Во МПП не се прави никаква разлика помеѓу странските судски одлуки и не се предвидуваат различни правила за признавање во зависност од видот на странската судска одлука.

Секоја странска судска одлука може да се признае ако станала правосилна и доколку не постојат основи, пропишани со закон, за одбивање на признавањето. Во МПП не се предвидува само признавање и извршување на странските судски одлуки, туку и на други странски исправи.

Во МПП не се прави разлика помеѓу постапката за признавање како главно или како прелиминарно прашање и предвидува неколку оскудни процедурални правила за обете (чл. 101). Во однос на територијалната надлежност, утврдена е само една разлика. Решението во врска со пресудата за прелиминарно прашање содржано во член 8 од Конвенцијата не постои во МПП.

Во МПП не постои изречна одредба за тоа кој има активна легитимација за започнување на постапката за признавање на странската судска одлука. Во Конвенцијата, исто така, пропуштено е да се одреди лицето што има право да започне постапка.

Конвенцијата во членот 12 пропишува пакет исправи што треба да ги достави странката што бара признавање и извршување. Тука Конвенцијата и МПП не се совпаѓаат целосно. Како и во МПП, потребна е целосна и заверена копија на пресудата и дополнителна исправа со која е започната постапката во случајот на донесување на пресудата. Барањето – „сите исправи потребни за да се утврди дека пресудата е правосилна или, каде што тоа се применува, извршна во државата на потекло“ – е соодветно решение. Таквата формулација е многу поволна и ја обезбедува потребната флексибилност, но во МПП не постои соодветна одредба. Што се однесува до судските спогодби, Конвенцијата предвидува правила соодветни на овој вид исправи, што не е случај со МПП. Ова претставува значителен правна празнина во сегашниот закон на БиХ. Во Конвенцијата не се предвидени правила за понатамошни извршни исправи и нотарски извршни исправи. Понатаму, во образложението се сугерира дека административните исправи и нотарските исправи не може да се сметаат за пресуда, што значи дека тие се изоставени од опсегот на Конвенцијата. Ова прашање не е решено ниту во МПП и за него се расправа во доктрината.

Што се однесува до постапката за признавање и извршување странски судски одлуки, во Конвенцијата се земени предвид специфичните правила на постапката што се применуваат во државите. Исто така, на државите им се дава можност да вршат дискреција во регулирањето на постапката со некои помали ограничувања. Бидејќи БиХ (сè уште) не е држава договорничка, овие ограничувања не се применуваат. Постапката за признавање и извршување на странските судски одлуки е многу малку регулирана во МПП. Само еден член од МПП е посветен на ова прашање (чл. 101). Главниот услов за признавање е пресудата да стане правосилна и лицето што бара признавање и извршување да ги презентирало доказите, како и потврдата за извршност на пресудата. Во МПП се наведени низа основи поради кои ќе се одбие признавањето (или извршувањето).

Во однос на извршувањето на странските судски одлуки не постојат посебни одредби за извршување на странските извршни исправи. Постапката за извршување е секогаш иста, без оглед дали се заснова врз странска или домашна исправа. Законот за извршување на БиХ предвидува само еден вид извршна постапка – извршување што има цел судска продажба или судско пренесување на правата. Присилна администрација/запленување не е предвидена. Методите на извршување се различни во зависност од имотот што доверителот го назначил како предмет на извршување, но не зависат од извршната исправа (странски или домашен).

Нема разлики во постапката ако судот одлучи за признавањето како главно или како прелиминарно прашање. Тука улогата на извршителите е многу ограничена; тие се претежно вклучени во извршување над подвижни ствари.

1. Правна рамка на прекугранично признавање и извршување на странските судски одлуки

1.1 Преглед на правни одредби

БиХ е сложено организирана држава што се состои од два ентитети – Федерација БиХ (во понатамошниот текст: ФБиХ) и Република Српска (во понатамошниот текст исто така: РС) и округот Брчко БиХ (во понатамошниот текст исто така: ОБ БиХ). Законодавните надлежности се поделени помеѓу државата и нејзините делови. Уставот на БиХ предвидува претпоставка на надлежноста во корист на ентитетите; надлежностите на државата БиХ се само оние што се експлицитно наведени во Уставот. Уставот на БиХ не ги наведува меѓународното приватно право, прекуграничното признавање и извршување како надлежности на државата. Ова значи дека државата БиХ нема директно овластување за регулирање на споменатите теми. И навистина, законот за извршување е регулиран на ниво на ентитетите и округот Брчко БиХ, како и вонпарничната постапка (постапката за признавање странски судски одлуки по својата природа е вонпарнична постапка[71]).

Состојбата со регулирањето на меѓународното приватно право би можела да биде сосема поинаква. Колку и да изгледа нелогично, стриктната конструкција на Уставот на БиХ подразбира надлежност на ентитетите во ова прашање.[72] Сепак, Уставот на БиХ дозволува ентитетите да ѝ ја префрлат својата надлежност на државата (член III.5. од Уставот на БиХ).

Исто така, усвојувањето на Законот за меѓународно приватно право би можело да се потпре врз членот I.4. од Уставот на БиХ (кој го воведува „заедничкиот“ пазар со четирите основни слободи како во ЕУ)[73]. Предмет на меѓународното приватно право може да биде област каде што може да се користат горенаведените ретко користени уставни механизми. Аргумент во прилог на неговото решение е аналогијата со ЕУ – за целите на постигнувањето на четирите слободи и функционирањето на внатрешниот пазар, ЕУ обединила голем број приватни меѓународни правни прашања, иако во договорите за Европската Унија таквото овластување[74] не е изречно споменато.

Државно ниво:

Основниот извор на правото во областа на признавање и извршување на странските извршни исправи во граѓанското и трговското право е Законот за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во одредени односи[75] (во понатамошниот текст: МПП). Овој закон на поранешна Југославија е преземен во правниот поредок на двата ентитети на БиХ, како и во правниот поредок на округот Брчко. Основата за преземање на овој закон во правните нарачки на ентитетите е различна[76], но за потребите на овој извештај, важно е само дека истите законски прописи се применуваат во целата БиХ.

Со овој закон општо се уредува признавањето и извршувањето на сите судски и арбитражни одлуки. Ова е изведено од чл. 1 од овој закон, со кој се регулира опсегот на законот, дека тој содржи колизиони правила за одредување на меѓународната надлежност во статусните, семејните и имотните прашања. Во однос на правилата за признавање и извршување странски судски и арбитражни одлуки, не постои експлицитна референца дека станува збор за признавање и извршување судски одлуки во врска со статусни, семејни и имотни спорови/предмети, но тоа јасно произлегува од целосно цитираната законска одредба. Статусните и семејните прашања не се од интерес за овој извештај, затоа се поставува прашањето што подразбира поимот „имотни односи“, т. е. дали овој поим ги опфаќа и граѓанските и трговските односи?

Одговорот тука треба да биде потврден. Образложението за ова може да се најде во Законот за облигационите односи, кој се заснова врз монистички систем. Оттука, истите правила се применуваат на трговските договори и на оние договори што не се комерцијални, освен ако не е поинаку предвидено со Законот за трговски договори (член 25 став 1 од Законот за облигационите односи). Според Законот за облигационите односи, договорот се смета за трговски ако обете страни се трговци и ако склучувањето на предметниот договор е во рамките на нивните деловни/регистрирани активности. Покрај тоа, билатералните договори за прекугранична правна помош што БиХ ги склучила со земјите наследници на поранешна СФРЈ, меѓу другото, регулираат признавање и извршување на пресудата за граѓански прашања донесена во друга земја потписничка на договорот, додека, пак, граѓанската материја изречно имплицира одлуки донесени и во трговски предмети.[77]

МПП содржи општи правила за извршување странски извршни исправи, без оглед дали се однесуваат на статусни, семејни или имотни прашања, со одредени отстапувања кога станува збор за семејни односи или статусни прашања (види 6.1 подолу). Тоа, сепак, не е предмет на интерес на овој проект. Овој извештај е фокусиран на признавање на одлуките во граѓански и трговски предмети.

Регулативата за признавање и извршување странски извршни исправи првенствено е насочена кон извршување странски судски одлуки.[78] Основниот принцип е странската судска одлука да се изедначи со домашната судска одлука, доколку странската претходно е признаена од домашен суд.[79] Затоа, прототип на странска извршна исправа е странска судска одлука, додека, пак, сите други извршни исправи може да се признаат бидејќи се изедначени со странска судска одлука: странско судско порамнување,[80] одлука на друго национално тело што во земјата на потекло е изедначена со судска одлука или судско порамнување.[81]

Покрај тоа, МПП посебно го регулира признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки. МПП детално ги регулира предусловите за признавање и извршување на странските судски одлуки (чл. 87-96 од МПП) и странските арбитражни одлуки (чл. 91 и 100 МПП), но не и предусловите за извршување други странски извршни исправи. Споменатите исправи се признаваат и се извршуваат со аналогна примена на одредбите што се однесуваат на признавање и извршување одлуки од странски судови. Сепак, поради различната природа и специфичности на овие исправи, тие не може да ги исполнат сите предуслови што се бараат за судска одлука (на пример, порамнувањето не е правосилно, одлуките на управните органи не стануваат правосилни на ист начин како одлуките на судовите, итн.) Оттука, аналогната примена на правило за признавање и извршување на странските судски одлуки често е проблематична. Посебни прописи за предусловите за признавање и извршување на секоја поединечна извршна исправа во голема мера би го

71 Видете: Muminović, Procesno međunarodno privatno pravo, стр. 116; Šaula, Osnovi međunarodnog privatnog prava Republike Srpske, стр. 302.

72 Видете повеќе во: Šaula, Reform of Private International International Law in Countries Successors of the Former Yugoslavia, стр. 1355. Šaula, Osnovi međunarodnog privatnog prava Republike Srpske, стр. 54-56.

73 Meškić, Četiri osnovne slobode kao ustavni osnov za harmonizaciju entitetskih propisa, стр. 370; Alihodžić / Meškić / Duraković: Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot? стр. 158.

74 За аналогијата со БиХ, видете Мејер, Uvođenje Zajedničkog evropskog prava prodaje, стр. 18.

75 „Службен весник на Социјалистичка Република Југославија“, бр. 43/82, 72/82.

76 Во Федерацијата БиХ, овој закон е преземен со Регулатива со законско дејство за признавање и примена на федералните закони („Службен весник на Република Босна и Херцеговина“, 2/92). Оваа регулатива дополнително е применета како закон („Службен весник на Република Босна и Херцеговина“, 13/94). Во Република Српска, според чл. 12. од Законот за спроведување на Уставот на Република Српска, сите федерални закони на поранешна СФРЈ се вградени во правниот поредок на Република Српска, под услов да не бидат во спротивност со важечкиот правен поредок („Службен весник на Република Српска“, бр. 21/92).

77 Така, членот 24 од Договорот меѓу Босна и Херцеговина и Република Македонија за правна помош во граѓански и кривични предмети, членот 2 став 2 од Договорот меѓу Босна и Херцеговина и Република Словенија за правна помош во граѓански и кривични предмети, членот 1 став 2 од Договорот меѓу Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓански и кривични предмети, членот 2 став 2 од Договорот меѓу Владата на Република Хрватска, Владата на Босна и Херцеговина и Владата на Федерацијата БиХ за правна помош во граѓански и кривични предмети.

78 Ова важи за регулативите на сите држави наследници на поранешна Југославија, видете исто така Rijavec, Das internationale Vollstreckungsrecht am Beispiel Sloweniens, стр. 83-84.

79 Член 86. став 1. МПП.

80 Член 86. став 2. МПП.

81 Член 86. став 3. МПП.

олесниле признавањето и извршувањето.[82]

МПП предвидува приоритет на меѓународните правни извори во однос на националните извори (член 3); оваа одредба треба да биде вклучена во Уставот на БиХ. Од осамостојувањето, БиХ е прилично активна во склучувањето билатерални договори од областа на меѓународното приватно право. Меѓутоа, БиХ не започна од нулта точка. Како наследник на поранешна Југославија, беше дел од над дваесет билатерални договори за правна помош во граѓански предмети, признавање и извршување пресуди и парнична постапка. Оттогаш, БиХ ратификуваше билатерални договори во врска со граѓанското право претежно со државите во регионот, но исто така и со други држави, како што се Кина или Турција.[83]

Доколку БиХ пристапи кон Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, ќе се постави прашањето кој договор (билатерален или мултилатерален – Конвенција на НССН) има приоритет. Билатералниот договор склучен со државите наследнички на поранешна Југославија ги регулира, меѓу другото, и признавањето и извршувањето на странските судски одлуки. Кога станува збор за хиерархијата на меѓународните извори на правото, постојат два става. Според првиот став, билатералниот договор го засенува/потиснува мултилатералниот договор во согласност со принципот *lex specialis derogate legi generali*.[84] Според вториот став, билатералниот договор не мора да се смета како *lex specialis*, тој може да ја регулира истата материја како мултилатералниот договор, така што, во тој случај, би требало да преовладува принципот *lex posterior derogate legi priori*.[85] Фактот дека билатералниот договор обврзува помал број држави не значи дека го потиснува мултилатералниот договор. Во правната доктрина на БиХ не е постигнат консензус. Сепак, во најновата литература се тврди дека билатералните и мултилатералните договори се во иста хиерархиска позиција и дека во секој случај треба да се утврди кој од двата водечки хиерархиски принципи на правните извори треба да се примени (само фактот дека билатералниот договор обврзува две држави не значи автоматски дека тоа е *lex specialis* во однос на мултилатерални договори што ја регулираат истата материја – дали е *lex specialis* или *lex posterior*, треба да се утврди во секој случај).[86] Фактот дека билатералниот договор обврзува помал број држави не значи дека го потиснува мултилатералниот договор.[87]

Ентитетско ниво/округот Брчко БиХ

МПП е само еден национален правен извор што е единствен за сите делови на БиХ. Останатите правни извори за правните прашања што се релевантни за овој извештај ги регулираат двата ентитети и округот Брчко БиХ.

Извршна постапка: Закон за извршна постапка на Федерацијата БиХ[88], Закон за извршна постапка на Република Српска[89], Закон за извршна постапка на округот Брчко БиХ[90]. Покрај МПП, за овој извештај релевантни се и законите што го регулираат предметот на извршната постапка. Законите за извршната постапка го регулираат извршувањето само

82 Povlakić, Izvršenje stranih izvršnih naslova sa posebnim osvrtom na strane notarske isprave, стр. 260.

83 Списокот на меѓународни и билатерални договори ратификувани од БиХ може да се најде на веб-страницата на Министерството за правда на БиХ, достапен на: http://www.mpr.gov.ba/organizacija_nadleznosti/medj_pravna_pomoc/bilateralni_ugovori/Konvencije.aspx?langTag=bs-BA(28.04.2021). Видете, исто така: Alihodžić / Meškić / Duraković: Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot?, стр. 167.

84 За повеќе видете: Muminović, Međunarodno privatno pravo, стр. 31. За овој став видете: Varadi / Bordaš / Knežević / Pavić, Međunarodno privatno pravo, стр. 78.

85 За овој став видете: Stanivuković / Živković, Međunarodno privatno pravo, стр. 77; Muminović, Međunarodno privatno pravo, стр. 32. Сепак, Муминовиќ експлицитно тврди дека билатералниот договор е *lex specialis* во однос на мултилатералниот договор. Видете: Muminović, Procesno međunarodno privatno pravo, стр. 171.

86 Muminović, Međunarodno privatno pravo, стр. 31; Šaula, Osnovi međunarodnog privatnog prava Republike Srpske, стр. 54; Meškić/Đorđević, Međunarodno privatno pravo, стр. 31.

87 Meškić/Đorđević, Međunarodno privatno pravo, стр. 31.

88 „Службен весник на ФБиХ“, 32/03, 52/03, 33/06, 39/06, 39/09, 35/12 i 46/16.

89 „Службен весник на Република Српска“, 59/03, 85/03, 64/05, 118/07, 29/10, 57/12, 67/13, 98/14, 66/18.

90 „Службен весник на округот Брчко БиХ“ 39/2013 i 47/2017.

врз основа на странска судска одлука.[91] Всушност, тоа се однесува на одредба што не претставува никаква новина во врска со МПП. Напротив, оваа одредба е во неколку аспекти недостаточна во споредба со одредбите на МПП. Сите три закони за извршната постапка во БиХ прецизираат дека одлуките на странските судови може да се извршуваат доколку ги исполнуваат условите за признавање утврдени со закон или со ратификуваните меѓународни договори. Тука имаме недоследност помеѓу законите за извршна постапка и МПП, бидејќи Законот за извршување ја предвидува единствено можноста странската судска одлука да биде извршена само доколку таа била признаена како претходно прашање. Други извршни исправи не се земени предвид.

Вонпарнична постапка – Закон за вонпарнична постапка на Федерацијата БиХ[92], Закон за вонпарнична постапка на Република Српска[93], Закон за вонпарнична постапка на округот Брчко БиХ[94]. Овие закони се поделени во два дела: прв, општ дел, кој ги регулира принципите и општите прашања и институти релевантни за секоја одредена вонпарнична постапка регулирана со законите за вонпарнична постапка или со кој било друг закон, и втор дел, во кој се регулирани различните видови вонпарнична постапка (на пример, одредување сосопственост или постапка за одобрување брак на малолетни лица). Меѓу овие специфични вонпарнични постапки, постапката за признавање странски судски одлуки не е регулирана. Како и да е, доктрината и судските органи сметаат дека, неспорно, станува збор за вонпарнична постапка.

Нотарско право: – Закон за нотарите на Федерацијата БиХ[95], Закон за нотарите на Република Српска[96], Закон за нотарите на округот Брчко БиХ[97]. Законите што ги регулираат услугите на нотарите се релевантни за овој извештај, бидејќи тие ги регулираат ефектите од странските нотарски акти. Според овие закони, странските нотарски акти ги имаат истите правни ефекти како домашните нотарски акти. Единствениот предуслов за еднакви ефекти на странските нотарски акт е реципроцитетот. Бидејќи законите за нотари не содржат понатамошни одредби за странски нотарски акти и реципроцитет, може да се заклучи дека е потребен претпоставен фактички реципроцитет. Одредбите на законите за нотарите не може да се земат одделно и без врска со општите прописи на МПП или меѓународните договори. Тоа значи дека нотарските акти не може да бидат исклучени од општите правила што го регулираат признавањето.

Закони со кои се регулира организацијата на судовите: Законот за судовите на Федерацијата БиХ[98], Законот за судовите на Република Српска[99], Законот за судовите на округот Брчко БиХ[100]. Овие закони се релевантни за овој извештај бидејќи утврдуваат кои судови се надлежни за признавање и извршување странски извршни исправи.

Закони со кои се уредува парничната постапка: Законот за парнична постапка на Федерацијата БиХ[101], Законот за парнична постапка на Република Српска[102], Законот за парнична постапка на округот Брчко БиХ[103] се тука релевантни, бидејќи правилата на парничната постапка се применуваат во вонпарничната постапка ако одредено прашање

91 Член 19 од Законот за извршна постапка ФБиХ, член 19 од Законот за извршна постапка РС, член 18 од Законот за извршна постапка на ОБ БиХ.

92 „Службен весник на ФБиХ“, 2/98, 39/04, 73/05, 80/14 – друг закон и 11/21.

93 „Службен весник на Република Српска“, 36/09, 91/16.

94 „Службен весник на округот Брчко БиХ“, 5/01, 36/17.

95 „Службен весник на ФБиХ“, 45/02, 30/16 – Одлука на Уставен суд.

96 „Службен весник на Република Српска“, 86/04, 2/05, 74/05, 76/05 – исправка, 91/06, 37/07, 74/07 – Одлука на Уставен суд, 50/10, 78/11, 20/14, 68/17, 113/18 – Decision of the Constitutional court, 82/19.

97 „Службен весник на округот Брчко БиХ“, 9/03, 17/06.

98 „Службен весник на Федерацијата БиХ“, 38/05, 22/06, 63/10, 72/10.

99 „Службен весник на Република Српска“, 37/2012, 14/2014 – Decision of the Constitutional court, 44/2015, 39/2016 – Одлука на Уставниот суд и 100/2017.

100 „Службен весник на округот Брчко БиХ“, 80/20 – пречистен текст.

101 „Службен весник на Федерацијата БиХ“, 53/03, 73/05, 19/06, 98/15.

102 „Службен весник на Република Српска“, 58/03, 85/03, 74/05, 63/07, 105/08 – Одлука на Уставниот суд, 45/09 – Одлука на Уставниот суд, 49/09 и 61/13.

103 „Службен весник на округот Брчко БиХ“, 28/18.

не е регулирано во вонпарничната постапка. Овие закони, исто така, се релевантни бидејќи содржат одредби за достава на исправи во странство.

1.2 Процена на правната рамка

Во времето на неговото донесување, Законот за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во одредени односи се сметаше за модерен инструмент со темелна репутација на компаративното право.[104] За речиси четири децении, од неговото донесување, компаративното право донесе голем број суштински промени во меѓународното приватно право. Донесени се многу нови закони[105], како и многу инструменти во врска со материјалното и процесното – меѓународно природно право. БиХ не била дел од овој процес[106], што значи дека МПП е застарено и треба да се реформира. За жал, реформата на меѓународното приватно право не е во фокусот на интерес на законодавецот, иако се случија значителни промени во регионот и воопшто во споредбеното право во последните децении на ова поле. Постојаниот неуспех на реформите може да се види и во светло на неуспехот на БиХ за извршување на обврската што произлегува од Договорот за стабилизација и асоцијација, бидејќи се одложува[107] воведувањето на стандардите на меѓународното приватно право на ЕУ во законодавството во БиХ.

Во многу држави со сложен правен поредок, меѓународното приватно право е регулирано на државно/федерално ниво (на пример, Германија, Швајцарија, Австрија). Исклучок од ова правило е кога оваа тема е во надлежност на сојузните држави (на пример, САД). Сепак, поради специфичната уставна рамка на БиХ, реформата на приватното меѓународно право не е на агендата на законодавецот на државно ниво. Заедно со фактот дека БиХ има сложен правен систем, донесувањето три посебни закони за меѓународно приватно право ќе ја направи ситуацијата уште посложена. Уставните ограничувања и недостигот на политичка волја покажуваат статус кво. Еден од алтернативните начини би можел да биде пристапувањето на БиХ кон оние меѓународни конвенции во кои членува ЕУ, на пример, конвенциите донесени во рамките на Хашката конференција за меѓународно приватно право.[108]

Постапката за признавање на странските судски одлуки, како вонпарнична постапка, е многу малку регулирана, а тоа не може да се оцени позитивно.

Неусогласеноста на законите за извршна постапка и МПП треба да се смета за проблематична. Законите за извршната постапка се однесуваат само на извршувањето странски судски одлуки, додека, пак, МПП дозволува извршување врз основа на странски судски одлуки, странски судски спогодби, странски одлуки изедначени со судски одлуки во дадената земја, како и врз основа на странски арбитражни одлуки и арбитражни спогодби. На прв поглед, одредбите од законите за извршната постапка опфаќаат потесен опсег на странски извршни исправи отколку МПП.[109] Дали намалувањето на бројот на странските извршни исправи во законите за извршната постапка подразбира дека извршувањето е можно само врз основа на странска судска одлука? Таквото толкување не може да се поддржи. Оваа прилично незгодна законска одредба од законите за извршна постапка

104 Šarčević, The New YugoslavPrivate International LawAct, p. 283.-296.; Lipowscheck, Das neue jugoslawische Internationale Privat- und Prozessrecht im Bereich des Vermögensrecht, pp. 426.; Firshing, Das neue jugoslawische IPR-Gesetz, p. 1-5; Župan, Novi Zakon o međunarodnom privatnom pravu, p. 2.

105 Новиот закон беше донесен во Словенија во 1999 година, во Бугарија во 2005 година, во Северна Македонија во 2007 година со измени и дополнувања во 2010 година, а потоа и целосно нов закон во 2020 година, во Албанија во 2011 година, во Романија во 2011 година, во Полска во 2011 година, во Чешка во 2012 година, во Црна Гора во 2014 година, во Унгарија и во Хрватска во 2017 година.

106 Наместо многу други: Jessel-Holst, The Reform of Private International Law Acts in South East Europe, with particular Regard to the West Balkan Region, стр. 139.

107 Alihodžić/ Meškić/Duraković: Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot? стр. 178.

108 Alihodžić/ Meškić/ Duraković: Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot? стр. 178.

109 Ова е случај со сите други закони на поранешните југословенски републики, со одредени разлики во Словенија и во Србија. За повеќе видете: Povlakić, Anerkennung und Vollstreckung ausländischer Mobiliarsicherheiten in Südosteuropa, стр. 257-282.

треба систематски да се толкува во врска со одредбите на МПП, бидејќи странската судска одлука е генерички поим за сите странски извршни исправи набројани во МПП. МПП се однесува на судски одлуки и други исправи што се сметаат за судски одлуки (член 86 МПП).

Сепак, нема пречки и дури е и поволно за БиХ своето меѓународно приватно право да го усогласи со правото на ЕУ. Ова е веќе сторено од Црна Гора[110], Северна Македонија[111], Србија (која е во доцна фаза на усвојување на новиот закон)[112] и од други држави од Западен Балкан.[113] Сепак, Во БиХ не постојат законодавни проекти за ова прашање поради нејзиниот специфичен уставен поредок.

2. Институционална рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки

2.1. Преглед на законските одредби со кои се утврдуваат засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки

Во согласност со Уставот на БиХ и релевантното законодавство, прекуграничното признавање и извршување се постапки што им се доделуваат на судовите. Бидејќи странките во постапката пред судовите обично ги застапуваат адвокати, тие може да бидат оценети како важна заинтересирана страна и во оваа област. Министерството за правда на БиХ игра важна улога преку преговори и пристап до меѓународните договор, како билатерални, така и мултилатерални.

Правната поставеност на институционалната рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки не е особено сложена сама по себе; „големите играчи“ се судовите. Комплексноста е предизвикана како резултат на сложената државна организација на БиХ. Со исклучок на Министерството за правда на БиХ, сите други засегнати страни „играат“ на ентитетите, односно на окружно ниво. Судскиот систем е организиран во рамките на ентитетите и округот Брчко БиХ, без врховниот суд на БиХ, кој има апелациона или касациона надлежност.[114] Од оваа причина, судската практика во врска со признавањето на странските судски одлуки може да се разликува меѓу ентитетите и округот Брчко БиХ. За ова прашање не постои механизам за обединување на судската практика.

2.2. Засегнатите страни го воведуваат во практиката прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.2.1. Судови

Во сите три дела на БиХ, судовите играат главна улога во прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки. Законите за судовите имаат одредби за организација, надлежност и функционирање на судовите. Во Федерацијата БиХ и

110 Mandić, Montenegro in: IEL, стр. 17, subpara. 7 – 11.; Šaula, ReformofPrivate International Law in CountriesSuccessorsoftheFormerYugoslavia, New Legal Challenges v. Legal Tradition, стр. 1354; Meškić-Đorđević, Međunarodno privatno pravo, стр. 30.

111 Jessel-Holst, Makedonija na putu ka modernom međunarodnom privatnom pravu, стр. 7.

112 Видете повеќе за реформата на меѓународното приватно право во регионот: Šaula, Reform of Private International Law in Countries Successors of theFormer Yugoslavia New Legal Challenges v. Legal Tradition, стр. 1348. et al; Jessel-Holst, Makedonija na putu ka modernom međunarodnom privatnom pravu, стр. 7 et al.

113 Jessel-Holst, The Reform of Private International LawActs in South East Europe, with particular Regard to the West Balkan Region, стр. 134. et al.

114 Судот на БиХ има многу специфичен обем на надлежности и не одлучува за жалбите или другите правни лекови против редовните судови на ентитетите/округот Брчко БиХ.

Република Српска, признавањето на странските судски одлуки е во надлежност на второстепените судови (тоа се кантоналните судови во Федерацијата и окружните судови во Република Српска). Тие имаат право да одлучуваат за признавање странски судски одлуки во граѓански и трговски предмети и за признавање странски арбитражни одлуки[115]. Во двата ентитети, врховните судови се надлежни да одлучуваат во жалбената постапка.

Ситуацијата во округот Брчко БиХ е донекаде специфична: има само еден првостепен суд (општински суд) и само еден второстепен суд (апелационен суд). Од овие причини, т.е. со цел да се гарантира двостепена постапка, општинскиот суд е надлежен да одлучува за признавање странски титули. Сепак, ова прашање не е експлицитно регулирано во Законот за судовите на округот Брчко БиХ, но овој заклучок би можел да се изведе врз основа на законските одредби, според кои општинскиот суд ја води и одлучува во вонпарничната постапка[116], по што постапката за признавање на странските исправи се смета како вонпарнична постапка. Покрај тоа, опсегот на надлежноста на окружниот суд во општина Брчко, исто така, вклучува меѓународна правна помош[117]; овие две законски одредби овозможуваат да се изведе гореспоменатиот заклучок.

Извршната постапката им е доделена на првостепените судови; во судовите со голем обем случаи, кои надлежни за извршувањето, се специјалните оддели што се специјализирани за оваа задача, додека, пак, во второстепениот суд не постои посебен оддел за признавање странски судски одлуки.

Горенаведеното покажува дека постапките за признавање и извршување странски судски одлуки се целосно одвоени и ги спроведуваат различни судови. Овие постапки би можеле да се состават кога судот за извршување одлучува за признавањето како прелиминарно прашање, со ефект само за оваа конкретна постапка за извршување (види 6.3).

2.2.2. Административни институции (Министерство за правда, централни органи, итн.)

Министерството за правда на Босна и Херцеговина е основано во 2003 година, во согласност со Законот за министерствата и другите органи на управа на БиХ.[118] Опсегот на неговата одговорност, меѓу другото, ги вклучува и меѓународната и меѓуентитетската судска соработка (заемна правна помош и контакти со меѓународни судови, изготвување релевантни закони поврзани со меѓународната и меѓуентитетската судска соработка), осигурувајќи дека законодавството на БиХ и неговото спроведување на сите организациски нивоа во БиХ се во согласност со обврските на БиХ што произлегуваат од меѓународните договори. Освен тоа, ова Министерство има право на соработка и со Министерството за надворешни работи на БиХ и со ентитетите при изготвувањето меѓународни билатерални и мултилатерални договори.

Ова Министерство може да се смета за камен-темелник во евентуалната одлука/расправа за пристапување кон Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

2.2.3. Правници (адвокати, правни застапници, итн.)

Недостасува законската обврска странките во вонпарнична постапка да ги застапуваат адвокати. Како и да е, во постапката за признавање и извршување странски судски одлуки, странките обично ги застапуваат адвокати, особено ако подносителот на барањето е физичко или правно лице што не го говори официјалниот јазик и што не е запознаено со законот на БиХ. Ова е многу чест случај, кога странски физички или правни лица

115 Член 28 став 3 од Законот за судовите на ФБиХ; член 31 став 3 од Законот за судовите на Република Српска.
116 Член 21 став 3 од Законот за судовите на округот Брчко ФБиХ.
117 Член 21 став 4 од Законот за судовите на округот Брчко ФБиХ.
118 „Службен весник на Бих“ бр. 5/2003.

бараат признавање и извршување во БиХ. За повисок квалитет на судската постапка за признавање и извршување на странските судски одлуки, многу е важна меѓусебната соработка меѓу судовите/судиите и адвокатите и правните застапници. Додека судиите се должни да учествуваат во задолжителната едукација што ја организираат центрите за едукација на судии и обвинители (види 3.4.), адвокатите не се, а тоа носи одредени недостатоци. Покрај тоа, во БиХ, специјализацијата меѓу адвокатите е прилично ретка, додека, пак, специјализацијата во областа на меѓународното приватно право речиси не постои.

2.2.4. Извршители

Извршителите во БиХ се судски службеници со многу ограничени надлежности во извршната постапка и немаат надлежности во постапката за признавање. Кога се активни во извршната постапка, тие ги имаат истите права и должности независно од извршните исправи (странски или домашни извршни исправи). Повеќе за статусот на извршителот видете подолу во 3.3.

2.2.5 Други релевантни заинтересирани страни

Лицата/субјектите што може да организираат и да спроведат едукација од областа на признавање и извршување треба да се сметаат за релевантни чинители. Улогата на центрите за едукација на судиите и обвинителите подетално ќе се дискутира во 3.4.

Универзитетите би можеле да играат многу важна улога барем во две насоки: прво, нудејќи соодветни наставни програми за солидно основно образование во меѓународното приватно право (и законот за извршување). Признавањето и извршувањето на странската судска одлука е стандарден дел од наставните програми во меѓународното приватно право и генерално се учи во последниот семестар од студиите. Темата за признавање и извршување на странската судска одлука ретко е предмет на правна клиничка едукација, што може да се смета за недостаток. Второ, бидејќи доктрината наведува дека на судиите може да им се припишат значителните недостатоци на знаење од областа на меѓународното приватно право, ова може да биде причина зошто специјалистичките курсеви би можеле да се понудат како дел од доживотното учење што би можеле да го нудат универзитетите.

2.3. Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни

Додека сведочиме за тековната интернационализација на правните односи и растот на меѓународната трговија, овие процеси изискуваат подобро разбирање и соодветност на домашниот правен систем за справување со правните проблеми со меѓународен елемент. Важно е систематски да се пристапи кон овој проблем. Соработката меѓу засегнатите страни во овој процес е од витално значење. Зголемувањето на квалитетот на правните услуги што ги овозможуваат правниците и на пресудите што ги носат судовите во БиХ зависи од нивното образование. Во оваа фаза потребно е квалитетно образование. Центрите што спроведуваат едукација за судиите и обвинителите може да развијат агенда со фокус на меѓународното приватно право. Како што е споменато погоре, многу важна улога би требало да има академската заедница, бидејќи универзитетските професори во БиХ се добро потковани со знаење за меѓународното приватно право. Покрај тоа, бидејќи државите во регионот имаат поголемо законодавно искуство со оглед на неодамнешните случувања во меѓународното приватно право, соработката со нивните образовни тела и правници би можела да биде многу корисна.

Бидејќи не постојат механизми за обединување на судската практика помеѓу ентитетите

и округот Брчко БиХ, де факто, обединување би можело да се постигне преку соработка помеѓу врховните судови на ентитетите и апелациониот суд на округот Брчко БиХ. Во рамките на многуте проекти што обезбедуваат поддршка за судството во БиХ би можело да се организираат заеднички обуки за правници и судии. Владините институции, Министерството за правда и Министерството за надворешни работи на БиХ, треба да вклучат релевантни правници во процесот на преговори и пристапување кон меѓународните инструменти.

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки

3.1. Капацитетите на судовите во врска со прекуграничното признавање на странските судски одлуки

Во БиХ, организацијата на судовите се разликува во различни делови на БиХ (Федерацијата БиХ, Република Српска, округот Брчко БиХ). Како што е наведено погоре под 2.2.1., во округот Брчко БиХ има еден првостепен суд и еден второстепен суд и нема специјализиран суд (на пример, семејни судови, судови за работни спорови, управни или трговски судови). Федерацијата БиХ ја нуди истата слика – нема специјализирани судови, иако доктрината постојано се залага за специјализација[119]. Во Република Српска се воспоставени специјализирани трговски судови.

Во рамките на судовите има оддели за кривично, граѓанско и административно право; извршувањето и вонпарничната постапка честопати се вклучени во одделот за граѓанско право. Распределбата на предметите во судовите се врши автоматски, врз основа на Системот за автоматско управување со случаите (во натамошниот текст: САУС). САУС ја рефлектира претходно споменатата интерна организација на судовите и сите случаи се распоредени во определеното правно поле. Процесите за признавање се од вонпарнична природа и овие случаи се означени со „В“ за „вонпарнична постапка“. Системот СУС автоматски и по случаен избор го распределува случајот на судија од одредено судско одделение. Во Федерацијата БиХ и во Република Српска, второстепените судови се надлежни да одлучуваат за признавање на странската судска одлука, но нема специјализиран оддел за ова прашање; одделите за граѓанско право одлучуваат за широкиот опсег на граѓански прашања, вклучувајќи признавање странска судска одлука. Сосема е можно, според внатрешната организација на одреден суд, на еден или на повеќе судии, главно или исклучиво, да им се довери одлучувањето за признавање на странските пресуди, но оваа одлука е прилично неметодична како резултат на специјализацијата или исполнувањето некои посебни услови од страна на одреден судија. Накратко: судиите не се специјализирани ниту во областа на меѓународното приватно право, ниту во потесното поле на признавање на странските судски одлуки.

Во 3.2. е дадена анализа на достапните судски одлуки за признавање на странските судски. Анализиран е мал примерок (мал број пресуди) и не е можно да се извлече релевантен заклучок, туку може само да се добие впечаток или да се добијат индикатори за бројот и квалитетот на пресудите во врска со прекуграничното признавање на странските судски одлуки. Не треба да се занемари фактот дека судовите се преоптоварени (особено во големите градови) и заостануваат во работата, нешто што може значително да влијае врз квалитетот на пресудите.

119 Видете повеќе: Martinović, Potreba Za Reformom Pravosudnih Sustava u BiH.

3.2. Број и квалитет на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

За жал, во БиХ не е можно систематски да се истражи судската практика. Прво, судовите не ги објавуваат систематски своите пресуди и тие не се достапни на соодветните веб-страници. За да се стекне увид во практиката на одреден суд, потребно е да се поднесе барањето во согласност со Законот за пристап до информациите на БиХ. Доколку надлежниот суд го одобри ова барање, доставува анонимизирани решенија поради барањата за заштита на податоците. На ист начин, барањето може да биде насочено кон Високиот судски и обвинителен совет на БиХ (ВСОС).

На 16.3.2021 година било доставено барање до ВСОС за обезбедување податоци од САУС (Систем за автоматско управување со случаите) што се однесуваат на признавањето и извршувањето странски судски одлуки во граѓански и трговски предмети.[120] Барањето не било одобрено, со образложение дека овој систем не ја препознава таквата материја. Поточно, „признавањето/извршувањето на странската судска одлука“ не е дозволен критериум за пребарување во пребарувачот.[121] Генерално, ВСОС дава голема поддршка и помош, но доколку систематизацијата на податоците не е во согласност со критериумот за пребарување, ВСОС не може да обезбеди никакви релевантни податоци. Од овие причини, не е можно да се спроведе релевантна анализа на (непостојни) статистички податоци.

Барањето за одобрување увид во одлуките за прекуграничнo признавање донесени од соодветниот суд било доставено до кантоналните судови во Сараево, Тузла, Зеница, Травник, Мостар и окружниот суд во Бања Лука. Имајќи предвид дека тие не поседуваат систематски собрани и структурирани податоци, барањето било ограничено на последните пет години (1.1.2016 – 30.12.2020).

Кантоналните судови во Сараево и во Зеница одговориле позитивно на барањето и доставиле одреден број предмети. Кантоналниот суд во Травник го одобрил барањето, но поради пандемијата сè уште не ги доставил одлуките. Тие ќе бидат доставени подоцна. Покрај тоа, овој суд не ја спроведува оваа постапка бесплатно. Разговарано е со претседателите на кантоналните судови во Зеница и во Травник и со претседателот на одделот за граѓанско право на кантоналниот суд во Сараево. Идентификуван е истиот проблем, кој се случил во комуникацијата со ВСОС: датумот не бил добро систематизиран и не можел директно да се пребарува со помош на релевантните клучни зборови.

Во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2020 година, кантоналниот суд во Зеница донел 583 решенија за признавање странски судски одлуки.[122] За потребите на ова истражување, доставени беа седумнаесет судски одлуки.

Во периодот од 1.1.2016 година до 31.12.2020 година, кантоналниот суд во Сараево донел повеќе од 800 решенија за признавање странски судски одлуки.[123] За потребите на ова истражување, доставени се 24 судски одлуки. Во разговорот со претседателот на одделот за граѓанско право на кантоналниот суд во Сараево откривме дека речиси 80 % од одлуките биле донесени во семејни предмети (разводи, деца, т. е. семејна издршка). Од граѓански и трговски предмети има мал број одлуки.

Судските одлуки во кои е извршен увид може да се оценат позитивно:

- Судовите биле сосредоточени на формалните барања за признавање, а во еден од случаите експлицитно одбиле да навлезат во меритумот на предметот (*revision au fond)*;

120 На барањето треба да одговори претседателот на ВСОС во согласност со Законот за пристап на податоци на БиХ.
121 Одлука на ВСОС 01-07-10-6-74/2021 од 25.3.2021.
122 Наредба/налог на кантоналниот суд во Зеница 004-0-СУспис-21-000017 од 9.4.2021.
123 Наредба/налог на кантоналниот суд во Зеница 004-0-СУспис-21-000017 од 9.4.2021.

- Во еден од случаите, судот одбил да ја признае одлуката, која се однесува на недвижен имот, издадена од австриски суд, со аргументација дека судот во БиХ, каде што се наоѓа недвижноста, има исклучителна меѓународна надлежност;
- Судовите точно ги наведуваат релевантните барања во сите случаи, но тие само репродуцираат релевантни одредби без детално објаснување на своето образложение;
- Како по правило, тие едноставно наведуваат дека странската одлука не е во спротивност со Уставот на БиХ (што во никој случај не е спорно);
- Во случаите каде што судот испитувал дали се исполнети пропишаните услови, навел дека постои и реципроцитет. Во сите овие случаи, соодветните одлуки биле донесени во земјите во регионот каде што веќе важеле билатералните договори за судска соработка. Формулацијата што ја користел судот го потенцира постоењето реципроцитет додека двете држави веќе склучиле билатерален договор. Неспорно е дека во овие случаи постои дипломатски реципроцитет, но исто така треба да биде јасно дека реципроцитетот може да има и други извори (закон или, де факто, реципроцитет);
- Во случаите што се однесуваат на признавањето на одлуките од земјите во регионот, каде што биле во сила билатералните договори за судска соработка, судот истовремено се повикал на одредбите од МПП и билатералниот договор. Билатералните договори склучени со земјите наследнички на поранешна Југославија, доколку го регулираат предметот на признавање и извршување, не предвидуваат полиберални барања од МПП. Одредбите се идентични во голема мера. Ова, сепак, не значи дека судот треба да се повика на двата законски извора. Ако истата материја е регулирана со МПП и билатерален договор, треба да му се даде предност на вториов, бидејќи тоа е меѓународен извор на правото (член 3 МПП).

Малиот број обуки во оваа област (види 3.4.) може да доведе до извлекување индиректен заклучок дека за случаите не се расправало во доволна мера и не била предмет на обуките за судии организирани од ентитетските центри за обука на судии и обвинители. Последователно, судиите веројатно не се добро информирани за релевантното толкување на законските одредби донесени од Врховните судови на ентитетите. Доколку системот не дозволи успешно да се користи „признавањето/извршувањето во граѓански и комерцијални предмети“ како критериум за пребарување, судиите не може да пристапат до соодветните пресуди преку САУС.

Заклучок: Анализирани се премалку случаи за да се овозможи извлекување релевантни заклучоци за бројот и квалитетот на судските одлуки. Значаен проблем претставува неможноста за директно пребарување на судската практика.

3.3. Капацитетите на извршителите во врска со прекуграничното признавање на странските судски одлуки

Извршителите немаат никакви надлежности во процесите за прекугранично признавање странски судски одлуки. Само судиите имаат право да се занимаваат со ова прашање. Ситуацијата во однос на извршната постапка е речиси иста. Во рамките на извршната постапка, судиите се тие што одлучуваат и ја спроведуваат постапката за извршување, а извршителите се овластени да извршуваат некои извршни дејствија, особено во врска со движните предмети (на пример, отстранување движни предмети или заплена). Доколку судската одлука за признавање не е донесена, но заинтересираната страна

директно бара извршување, можно е да се донесе одлука за признавање на странската пресуда како претходно прашање, но ова е исклучиво во надлежност на судиите, а не на извршителите. Откако судот донел одлука за признавање како главно прашање или откако судијата надлежен за извршување донел одлука за предлог за извршување врз основа на странска судска одлука и признавање како прелиминарно прашање и донел решение за извршување, извршната постапка што следува не се разликува од извршната постапка за кое било друго прашање.

Од овие причини, не е можно да се зборува за капацитетите на извршителите во врска со прекуграничното признавање или извршување странски судски одлуки, туку само за нивниот капацитет да дејствуваат во рамките на извршната постапка.

Реформата на законот за извршување спроведена во БиХ во 2003 година и во округот Брчко БиХ имала главна задача да ја зголеми ефикасноста на извршната постапка.[124] Огромниот број нерешени извршни случаи покажуваат дека оваа цел не мора да се постигне.[125] Една од причините за ваквата состојба е несоодветната позиција на извршителите, што е многу критички оценето во литературата. Извршителите во БиХ се судски службеници. Во една студија за граѓанското извршување во Западен Балкан, од своја страна, фокусирана на БиХ, е наведено дека извршителите се недоволно платени и немаат никакви перспективи за кариера во системот.[126] Ситуацијата на извршителите е опишана како неструктурирана и нејасна и се разликува од суд до суд. Условите за извршување на нивната работа не се дефинирани со Законот за извршување, тие се предмет на регулатива на кантонско ниво (Федерација БиХ), и покрај тоа, секој суд може различно да ги дефинира. Нема специјализиран тест за прием; идните извршители треба да го положат само испитот за вработените во државните служби, а тоа не вклучува никакво знаење или вештини од Законот за извршување.[127] Откако ќе бидат вработени, извршителите не минуваат низ никаква специјализирана обука (види подолу 3.4.).

Овие факти нудат јасен одговор за капацитетите на извршителите во БиХ во рамките на извршната постапка и во рамките на извршувањето врз основа на признаена странска судска одлука.

3.4. Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на Академијата за обука на судии

Постојат два центри за обука на судии и обвинители во БиХ, организирани на ниво на ентитет: Центар за обука на судии и обвинители на Федерацијата БиХ (во натамошниот текст: ЦЕСТ ФБиХ), основан со Законот за Центар за обука на судии и обвинители на Федерацијата БиХ[128] и Центар за обука на судии и обвинители на Република Српска (во натамошниот текст: ЦЕСТ РС), формиран со Законот за Центар за обука на судии и обвинители на Република Српска[129]. Овие два акти се речиси целосно усогласени бидејќи се наметнати од Канцеларијата на високиот претставник за Босна и Херцеговина (ОХР) во 2002/2003 година. Потоа беа донесени само некои мали измени. Судиите номинирани во ОББиХ може да присуствуваат на семинари во Република Српска или во Федерацијата на

124 Видете повеќе кај: Povlakić, Die praktischen Probleme des Vollstreckungsrechts – dargestellt am Beispiel von Bosnien und Herzegowina, стр. 82-84.

125 Според информациите добиени од Високиот судски и обвинителен совет на БиХ во Одлуката број 01-07-10-77-114/2019 од 22.5.2019 година, издадена врз основа на барањето за пристап до информации, од вкупниот број нерешени случаи во БиХ, извршните предмети чинат 84 %. Бројот на извршни предмети во БиХ изнесува околу 1,8 милиони, од кои, според годишниот извештај на Високиот судски и обвинителен совет на БиХ за 2017 година, тие биле распределени меѓу најголемите судови во БиХ, и тоа: Основен суд во Бања Лука – 50.549; Општински суд во Сараево – 900.324; Општински суд во Зеница – 113.386; Основен суд во Бјелина – 148.841; Општински суд во Мостар – 34.833; и Општински суд во Тузла – 134.156 година. Ситуацијата не е значително променета во последните две години.

126 Uitdehaag/Vincken, Civil Enforcement in the Western Balkan, An overview of the present situation and future developments in the various legal systems in the Western Balkan, стр. 98.

127 *Ibidem*.

128 „Службен весник на ФБиХ“, бр. 24/02, 40/02, 59/02 и 21/03.

129 „Службен весник на Република Српска“, бр. 34/02, 49/02, 77/02 и 30/07.

БиХ. Овие два центри имаат добра соработка и често организираат заеднички обуки.

Центрите имаат цел да обезбедат континуирано образование и унапредување на судството, обидувајќи се да го подобрат неговото ниво на професионалност. Во исполнувањето на оваа задача, центрите развиваат наставни програми за обука и ја организираат обуката под покровителство на ВСОС. Обуката треба да обезбеди знаење во толкувањето и спроведувањето на суштинските и процедурални правни акти, етичките стандарди, информациите за неодамнешните случувања во науките и судската практика, како и во компаративното право.[130]

Двата споменати закони предвидуваат идентични одредби во врска со обврската на судиите да учествуваат во обуката. Минималното барање во врска со учеството во задолжителна обука не е утврдено со самиот закон, туку се утврдува секоја година од страна на ВСОС и центрите. ВСОС утврдил дека судиите треба да имаат задолжително учество во тридневната обука (до 2014 година беа задолжителни четири дена обука).[131] Извештајот за 2013 до 2017 година, објавен на веб-страницата на ЦЕСТ ФБиХ, покажува дека од вкупниот број судии (околу 900-1.000) секоја година релевантен број судии не ја исполнува оваа обврска.[132]

Центрите нудат неколку различни видови судски (и обвинителски) обуки: а) почетно образование или основна обука, насочена кон новите судиите и б) програми за континуирана обука, чија цел се постојните судии. Доколку дозволуваат капацитетите, на центрите им е дозволено да организираат обуки за оние лица што не се задолжително вклучени во програмата за обука, на пример, судски службеници што се вклучени во постапките за извршување. Нема податоци дека такви обуки биле организирани во Федерацијата БиХ во периодот 2013-2017 година (извештаите за овие години се објавени на веб-страницата на ЦЕСТ ФБиХ[133]).

Иако не е директно предвидено со закон, сепак постои можност да се понудат специјализирани обуки. Ваков вид обуки се нудат за судиите и обвинителите што се занимаваат со малолетничка правда.[134] Многу често доктрината се жали на недостиг на знаење од областа на меѓународното приватно право кај судиите[135], а тоа би можело да биде оправдана причина да се понуди специјализирано образование по меѓународно приватно право воопшто, што опфаќа и образование за прекугранично признавање и спроведување.

Според податоците добиени од Судската академија на Федерацијата БиХ, во последните 10 години (2009-2019 година) биле организирани осум обуки посветени на прекугранично признавање и спроведување во граѓански прашања. Во моментот на изготвување на овој извештај, извештајот за 2020 година не беше завршен, а 2021 година е во тек. Од овие причини, не беше анализиран годишниот извештај, туку програмите за обука за овие две години.

Од 2009 до 2019 година во Федерацијата БиХ биле одржани следните обуки: „Извршување странски судски одлуки“ (2009 година), „Обука од областа на извршување на побарувањата за странска издршка“ (2012 година), „Прекугранично спроведување“ (2013 година), „Меѓународна соработка во семејни, граѓански и трговски случаи“ (2013 година), „Меѓународна соработка во граѓанско-правни работи“ (2015 година), „Прекугранично

130 Член 16 од Законот за Центар за обука на судии и обвинители на ФБиХ, чл. 16 од Законот за Центар за обука на судии и обвинители на РС.

131 Достапно на http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/o-centru (29.4.2021 г.).

132 Во 2013 година: 88 судии не учествуваа во задолжителното образование, во 2014 година: 61, во 2015 година: 88, во 2016 година: 115.

133 Достапно на: http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/dokumenti-centra/category/18-izvjestaji-o-radu (28.4.2021 г.).

134 Видете: Програма за 2016 година (стр. 8) и 2017 година (стр. 7). Програмите се достапни на http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/dokumenti-centra/category/18-izvjestaji-o-radu# (28.4.2021 г.).

135 На пример: Đorđević, Kratak kritički osvrt na tumačenje odredaba čl. 13 ZRSZ o utvrđivanju sadržine stranog prava u odlukama bivšeg Višeg trgovinskog suda u Beogradu (сега: Privrednog apelacionog suda u Beogradu), стр. 36-40. Šaula, Razvoj međunarodnog privatnog prava u regionu – Nacionalni izvještaj za Bosnu i Hercegovinu стр. 137; Povlakić, Anerkennungund Vollstreckungausländischer Mobiliarsicherheiten in Südosteuropa стр. 275.

спроведување“ (2016 година), „Меѓународното приватно право во судската практика“ (2016 година), „Постапки за наследство со странски елемент“ (2019).[136] Прегледот на планираното образование во 2020 и 2021 година го нуди истиот приказ: во 2020 година беа планирани само два семинари на оваа тема (признавање и извршување на странските арбитражни решенија и во рамките на дводневниот семинар посветен на издршката на деца организиран од двата центри, една од темите била признавање и спроведување странски барања за издршка на деца[137]). Во 2021 година се планирани само обуки на тема признавање и извршување на странските арбитражни решенија.[138]

Два семинари биле организирани и поддржани од странски институции (ИРЗ – Германска фондација за меѓународна судска соработка, Министерство за труд на Република Словенија). Примерокот е премногу мал за да се заклучи дека странските партнери го препознале недостигот на ова поле, но ова може да биде причина да се размислува во таа насока. Семинарот организиран од словенечкото Министерство за труд беше посветен на спроведувањето странска алиментација и побарувањата за издршка на децата. Интервјуто со претседателот на Цивилниот оддел на кантоналниот суд во Сараево покажа дека повеќето од барањата за признавање се однесуваат на семејни работи. Тоа е прилично разбирливо бидејќи и по распаѓањето на поранешна СФРЈ, новите држави продолжуваат да бидат многу поврзани. Покрај тоа, речиси преку ноќ, многу бракови и семејни односи станаа поврзани со странски елемент.

Овие семинари биле одржани од универзитетски професори што предаваат меѓународно приватно право, јавни службеници од Министерството за правда на БиХ, судии, како и од странски експерти, доколку обуката била коорганизирана и поддржана од меѓународни институции.

Не може да се каже дека од 2009 година до денес наставните планови и програми на центрите во врска со прекуграничното признавање и спроведување, па дури и воопшто за приватното меѓународно право, биле дополнително развиени или подобрени. На ова поле нема никаква стандардна обука што се одржува редовно секоја година. Сликата е прилично несредена, како што покажуваат имињата и ритамот на обуките. Покрај тоа, за годишните извештаи од 2013 до 2017 година, кои се достапни на веб-страницата на ЦЕСТ ФБиХ[139], може да се каже дека по правило (со минимално отстапување) годишно се нудат околу 20 обуки од областа на граѓанското право (14-20 % од вкупниот број обуки), а во областа на извршувањето и вонпарничната постапка се нудат по еден или максимум два семинари (околу 1 % од вкупниот број обуки).[140] Овие податоци доведуваат до заклучок дека, генерално, граѓанската материја, а особено извршувањето и вонпарничната постапка не се задоволително застапени во континуираната обука на судиите. Анализата на презентираните теми покажува дека прекуграничното признавање и извршување, кое треба да се предава во рамките на обуката за граѓанско извршување и вонпарнични прашања, е значително незастапена и е многу запоставена област.

Не постојат нумерички податоци за Федерацијата во однос на тоа колку судии учествувале на обуката поврзана со прекугранично признавање и извршување, но сигурно дел од судиите што не присуствувале на обуката ги пропуштиле и обуките за прекугранично признавање и спроведување.

Извршителите не се вклучени во задолжителното образование на центрите, но центрите може да обезбедат обука и за нив доколку има доволно капацитети. Во Република Српска се одржа една обука за судски извршители,[141] додека, пак, во Федерацијата немаше посебна

136 Датумот е обезбеден од претставниците на ЦЕСТ ФБиХ.

137 Достапно на: http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/dokumenti-centra/category/9-programi-obuke.

138 Достапно на: http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/dokumenti-centra/category/9-programi-obuke.

139 Достапно на: http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/dokumenti-centra/category/9-programi-obuke (28.4.2021 г.).

140 Во 2014 година беа понудени 6 семинари во неспорна материја поради фактот што беше донесен нов Закон за сукцесија.

141 Достапно на: http://www.rs.cest.gov.ba/index.php/seminari-2018/58-226banja-luka-aktuelna-pitanja-iz-oblasti-izvrnog-postupka-s-posebnim-osvrtom-na-

обука за извршителите. На веб-страниците на центрите[142] се објавени практични упатства за судските извршители во 2011 година. Издавачот е ВСОС во рамките на проектот Поддршка на судството во БиХ, финансиран преку ИПА-фондовите.[143] Упатствата не може да се оценат како многу позитивни (многу се описни, се темелат на слабо истражување, законските одредби главно се репродуцираат, без подлабока анализа, итн.). И во упатствата нема упатување на прекуграничното признавање и спроведување.

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот

БиХ е опишана како „преодна економија“ од страна на Надворешната трговска служба на САД и Стејт департментот на САД.[144] Вкупниот номинален БДП во 2019 година беше приближно 20,05 милијарди долари. Во 2019 година порасна за 3 %, а БДП по глава на жител беше 5 740 УСД. Пред пандемијата предизвикана од КОВИД-19, за економијата се предвидуваше раст од 3,6 % во 2020 година и раст од 4 % во 2021 година. Прогнозата на Светска банка по избивањето на пандемијата сугерира дека, по избувнувањето на КОВИД-19, БДП на Босна и Херцеговина требаше да се намали за 4 % во 2020 година, но да се врати на 4,28 % проценти во 2021 година и 4,5 % во 2021 година.[145]

Статистиката во врска со главните трговски партнери што се користи во овој документ се базира на објавите од Агенцијата за поттикнување странски инвестиции на Босна и Херцеговина[146]. Информациите се базираат на истражувањето спроведено од Агенцијата за статистика на Босна и Херцеговина.

Главни трговски партнери на Босна и Херцеговина се Германија, Србија, Италија, Хрватска, Словенија, Австрија, Кина, Турција, Полска, Унгарија, Франција, Холандија, Соединетите Американски Држави, Руската Федерација, Чешка. Вредноста на трговијата со гореспоменатите партнери беше 11.443.154.000 ЕУР во 2020 година и 13.073.163 ЕУР во 2019 година.[147]

rad-sudskih-izvritelja (30.04.2021) (29.4.2021 г.).

142 Достапно на: http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/edukativni-materijali/category/8-praktikum-za-sudske-izvrsioce; http://www.rs.cest.gov.ba/index.php/dokumenti/prirucnici-za-sudske-izvrsioce (30.4.2021 г.).

143 http://www.fbih.cest.gov.ba/index.php/edukativni-materijali/category/8-praktikum-za-sudske-izvrsioce (28.4.2021 г.).

144 Достапно на: https://ba.usembassy.gov/wp-content/uploads/sites/270/BiH-2020-Country-Commercial-Guides.pdf (30.4.2021 г.).

145 Достапно на: https://data.worldbank.org/country/BA (29.4.2021 г.).

146 Достапно на: http://www.fipa.gov.ba/informacije/statistike/izvoz_uvoz/default.aspx?id=211&langTag=hr-HR (29.4.2021 г.).

147 *Ibidem.*



Соодносот на покриеност помеѓу увозот и извозот во Босна и Херцеговина

Извор: Агенција за статистика на Босна и Херцеговина[148]

4.1.1 Увоз

Вкупната вредност на увозот во 2020 година беше 8.633.803.000 ЕУР. Развиените земји сочинуваат 6.144.244.000 ЕУР, земјите во развој 2.485.652.000 ЕУР, а неодредената сума е 3.907.000 ЕУР.[149] Во периодот јануари-март 2021 година, увозот изнесува околу 2,4 милијарди евра, што е за 2,7 % повеќе отколку во истиот период минатата година.[150]

Главните партнери за увоз на Босна и Херцеговина во 2020 година беа:

- Германија со учество од 12,2 %
- Италија со учество од 11,5 %
- Србија со учество од 11,3 %
- Хрватска со учество од 9,02 %
- Кина со учество од 8,03 %
- Турција со учество од 5,32 %
- Словенија со учество од 4,98 %
- Австрија со учество од 4,04 %
- Полска со учество од 3 %
- Унгарија со учество од 2,75 %[151]

4.1.2 Извоз

Вкупната вредност на извозот во 2020 година беше 5.376.385.000 ЕУР. Развиените земји сочинуваат 4.309.722.000 ЕУР, земјите во развој 1.059.268.000 ЕУР, а неодредената сума

148 Достапно на: http://fipa.gov.ba/informacije/statistike/izvoz_uvoz/Statistika%20vanjske%20trgovine%202019%20juli%202020_Bos.pdf (28.4.2021 г.).

149 *Ibidem.*

150 Статистика за меѓународна трговија на стоки на БиХ, јануари-март 2021 година, Агенција за статистика на Босна и Херцеговина, 20 април 2021 година, достапно на: http://www.bhas.gov.ba/data/Publikacije/Saopstenja/2021/ETR_02_2021_03_1_HR.pdf (29.4.2021 г.).

151 Достапно на: https://trendeconomy.com/data/h2/BosniaAndHerzegovina/TOTAL (24.4.2021 г.).

е 7.395.000 ЕУР.[152] Во периодот јануари-март 2021 година, извозот изнесува околу 1,8 милијарди евра, што е за 16,6 % повисоко отколку во истиот период претходната година.[153]

Главните партнери за увоз на Босна и Херцеговина во 2020 година беа:

- Германија со учество од 15,4 %
- Хрватска со учество од 12,9 %
- Србија со учество од 11,6 %
- Италија со учество од 9,66 %
- Австрија со учество од 9,54 %
- Словенија со учество од 9,08 %
- Турција со учество од 3 %
- Црна Гора со учество од 2,77 %
- Швајцарија со учество од 2,53 %
- Франција со учество од 2,47 %[154]

Податоците визуелизирани од Опсерваторијата за економска сложеност го демонстрираат трендот на раст на извозот во периодот од 2014 до 2019 година. Извозот е зголемен за 955 милиони УСД, од 6,2 милијарди во 2014 година на 7,15 милијарди УСД во 2019 година.[155]

Иако БиХ не е земја членка на ЕУ, нејзините главни трговски партнери се, на пример, Германија, Австрија, Италија, Хрватска, Словенија, како што е прикажано во табелите. Сепак, регулативите на ЕУ што обезбедуваат лесно признавање и спроведување не се применуваат во БиХ. Затоа, нема инструменти што би овозможиле полесно препознавање и извршување на странските судски одлуки помеѓу БиХ и нејзините главни трговски партнери. Ова е силен аргумент во прилог на пристапувањето кон Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година и другите хашки конвенции или мултилатерални меѓународни договори, особено кога ЕУ е дел од нив.

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

БиХ има сложен уставен поредок. Овластувањата за пристап до меѓународните договори ги поседува владата на државно ниво на Босна и Херцеговина. Федерацијата на БиХ и РС, како ентитети, исто така може да склучуваат договори со држави и меѓународни организации, но само доколку е обезбедена согласност од Парламентарното собрание, законодавното тело на државно ниво.

Така, главното овластување за пристап до меѓународен договор го има владата на државно ниво. Интеракцијата помеѓу владините тела на државно ниво е следнава. Претседателството има овластување да преговара, да ги отфрла и да ги ратификува меѓународните договори согласно член V, 3, г) од Уставот на БиХ. Предуслов за ратификација е согласноста од Парламентарното собрание, како што е пропишано во член IV. 4. г) од Уставот на БиХ. Откако ќе бидат исполнети сите гореспоменати барања во однос на некој меѓународен договор, тој треба да биде објавен во „Службен весник“. Потоа станува интегрален дел од правниот систем на БиХ.

152 Достапно на: http://www.fipa.gov.ba/informacije/statistike/izvoz_uvoz/Statistika%20vanjske%20trgovine%202020%20veljaca%202021.pdf (28.4.2021 г.).

153 Статистика за меѓународна трговија со стоки на БиХ, јануари-март 2021 година, Агенција за статистика на Босна и Херцеговина, 20 април 2021 година, достапно на: http://www.bhas.gov.ba/data/Publikacije/Saopstenja/2021/ETR_02_2021_03_1_HR.pdf.

154 Достапно на: https://trendeconomy.com/data/h2/BosniaAndHerzegovina/TOTAL (28.4.2021 г.).

155 Достапно на: https://oec.world/en/profile/country/bih?tradeScaleSelector2=tradeScale2 (28.4.2021 г.).

Голем број меѓународни договори се во сила во БиХ како резултат на сукцесијата на поранешна Југославија. Кон некои е пристапено подоцна. Сепак, постои проблем во функционирањето на владата и другите институции на државно ниво што создава ќорсокак. Проблемот е од исклучителен политички карактер. Овие околности се одраз на фактот дека од независноста на државата во 1995 година, БиХ не успеа да стане договорна страна на значителен број меѓународни договори изготвени во рамките на Хашката конференција за меѓународно приватно право. На пример, таа не е договорна страна на Протоколот од 23 ноември 2007 година за законот што се применува на обврските за издршка, додека, пак, повеќето други држави наследнички на поранешна Југославија се договорни страни, заедно со Европската Унија и многу европски држави. Истото се однесува на Конвенцијата од 5 јули 2006 година за законот што се применува на одредени права во врска со хартии од вредност што се одржуваат кај посредник, Конвенцијата од 30 јуни 2005 година за спогодби за избор на суд и Конвенцијата од 19 октомври 1996 година за надлежноста, меродавното право, признавањето, спроведувањето и соработката во однос на одговорноста на родителите и мерките за заштита на децата. Од друга страна, БиХ е договорна страна на Конвенцијата од 23 ноември 2007 година за меѓународно враќање на поддршката на децата и другите форми на издршка на семејството.

Воздржаниот став кон ратификувањето на конвенциите на НССН, поради политичките опструкции што предизвикуваат дисфункционалност на државата БиХ, има многукратни негативни ефекти. БиХ останува исклучок во регионот бидејќи другите држави што се дел од ЕУ ратификуваа одредени конвенции на НССН или ЕУ го сторила тоа.[156] Оние држави што не се членки (како што се Србија, Црна Гора, Северна Македонија) имаат проактивна улога и имаат ратификувано голем број конвенции на НССН. Второ, неспорно е дека државата има овластување за пристап до меѓународните конвенции (под услов да се спроведени консултации со ентитетите), додека спорна е нејзината законодавна надлежност на државниот парламент да донесува правни акти што не се изречно наведени во Уставот како надлежност на државата. Тоа го забранува усвојувањето на новиот, модерен закон за приватно меѓународно право (т. 1.2.). „Ратификувањето на Хашките конвенции што веќе ги ратификуваа ЕУ или сите нејзини земји членки е моментално најсоодветен начин за усогласување на БиХ со законодавството на ЕУ во областа на меѓународното приватно право.“[157]

Потпишувањето и ратификувањето на Конвенцијата од 2 јули 2019 година за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети досега не беше на дневниот ред на надлежните органи.

4.2.1 Околности што може да ѝ обезбедат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Бидејќи Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година не е дел од правниот систем на Босна и Херцеговина и нејзиното пристапување кон Конвенцијата не е предвидено, па дури и не се дискутира, тешко е да се изнесе какво било тврдење во оваа насока. Исто така, недостасуваат дискусии за ова прашање од страна на официјалните лица што би можело да се споменат.

156 Видете повеќе: Alihodžić/Meškić Duraković, Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot? стр. 161.

157 Видете повеќе: Alihodžić/Meškić Duraković, Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot? стр. 165.

4.2.2 Околности што може да ѝ обезбедат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Бидејќи Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година не е дел од правниот систем на Босна и Херцеговина и нејзиното пристапување кон Конвенцијата не е предвидено, па дури и не се дискутира, тешко е да се изнесе какво било тврдење во оваа насока. Исто така, недостасуваат дискусии за ова прашање од страна на официјалните лица што би можеле да се споменат.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Конвенцијата не претставува т.н. „двојна конвенција/traité double“, туку „traité simple“, бидејќи не ја регулира меѓународната надлежност, туку само извршувањето и признавањето.[158] Тука треба да се спомене дека БиХ не ја ратификувала Конвенцијата за спогодби за избор на суд од 2005 година што е комплементарна со Конвенцијата на НССН од 2019 година. Важноста што го има членот 5 од Конвенцијата го прави централен дел на Конвенцијата.[159] Образложението сугерира дека структурата на овој напис ги одделува трите прашања.[160] Првиот дел ги наведува јурисдикционите критериуми што се прифаќаат според Конвенцијата за признавање и извршување на пресудата во засегнатата држава, а вториот дел се фокусира на оние јурисдикциони критериуми во односите каде што се вклучени послабите страни (потрошувачи, работодавци). Третата страна утврдува филтер за пресудите за станбен закуп на недвижен имот (закупнина) или регистрација на недвижен имот, што може да се оцени како исклучителна надлежност (5.4). Јурисдикционите филтри во член 5 функционираат преку обезбедување надлежност на судот или доколку постои врска помеѓу државата на потекло и тужениот (т. 5.1.), доколку постои спогодба на страните (изречна или молкумна) – (т 5.2) или доколку постои поврзаност помеѓу побарувањето и државата на потекло (5.3.).[161]

5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште)

Живеалиштето на тужениот е критериум за утврдување на општата меѓународна надлежност. Доминантниот пристап на МПП во врска со општата меѓународна надлежност е живеалиштето на тужениот (чл. 46).[162] Меѓународната надлежност на босанско-херцеговскиот суд постои доколку тужениот има живеалиште во БиХ, или во отсуство на живеалиште, има престојувалиште.

Вообичаеното престојувалиште, кое стана еден од најважните точки на врзување за утврдување на меродавното право, како и на надлежноста[163], дури и не се споменува во МПП. Затоа, МПП не ги користи критериумите за вообичаено престојувалиште. Ова може да се објасни, како што постојано се споменува во овој извештај, како последица на отсуството на модернизација на меѓународното приватно право на БиХ. Од друга страна, Конвенцијата се потпира на поимот „тужен“ и на неговото „вообичаено престојувалиште“, како што е дефинирано во членот 3 (2), како еден од трите јурисдикциони критериуми прифатени во Конвенцијата.

Оваа законска одредба ги одредува правилата за утврдување вообичаено престојувалиште на субјект или лице што не е физичко лице, алтернативно наведувајќи ги четирите критериуми за утврдување вообичаено престојувалиште. Правно лице, субјект или лице што не е физичко лице се смета дека има вообичаено престојувалиште во одредена држава доколку во таа држава се наоѓа нивното седиште, централната администрација, главното место на вршење деловни активности или доколку се формирани во таа држава. За разлика од субјектите и лицата што не се физички лица, дефиницијата за вообичаено престојувалиште за физичките лица не е вклучена во Конвенцијата.[164]

Може да се каже дека критериумот за општа и доминантна надлежност во МПП, кој е поврзан со тужениот, не одговара со истиот критериум од Конвенцијата, бидејќи МПП се потпира врз живеалиштето и алтернативно врз престојувалиштето, а Конвенцијата се потпира на вообичаеното престојувалиште.

Вообичаеното престојувалиште на тужениот не е единствен јурисдиокционен критериум во Конвенцијата. Конвенцијата предвидува три групи јурисдикциони критериуми – покрај вообичаеното престојувалиште, како врска со тужениот, тоа се критериуми засновани врз согласност и поврзаност помеѓу тужбеното барање и државата на потекло.[165] Истите критериуми може да се најдат и во МПП, но недостасува усогласеност во бројот, обемот и содржината на критериумите. Видете повеќе во т. 5.2. и т. 5.3.

5.2 Пророгација на надлежноста (изречно/молкумно, пред или по започнување на постапката)

МПП признава пророгација на надлежноста само во ограничен обем. Општо земено, поради недостиг од реформа на МПП, БиХ е отпорна на современиот развој на меѓународното приватно право што подразбира, меѓу другото, и зајакнување на автономијата на страната во пошироките сфери на меѓународното приватно право.

Прво, пророгацијата, генерално, е забранета во областа на семејното право (член 49 став 3 во врска со членот 61 до 70 МПП). Второ, овој договор не е дозволен кога судовите во БиХ имаат исклучива надлежност. Па дури и во прашања што не се од семејно право и кога случајот не се однесува на исклучива надлежност, автономијата на волјата на ова поле е предмет на ограничувања поврзани со националноста на странките. Странките може да се договорат за надлежноста на суд во БиХ само доколку едната од нив е босанско-херцеговски државјанин или има седиште во БиХ. Обратно, странките може да се договорат за надлежност на странски суд само ако едната од нив е државјанин или има седиште во соодветната држава.

МПП има само една законска одредба на оваа тема и таа се занимава со дозволеноста на договорот за пророгација, но не и со формалните услови или времето на склучување на договорот. Само членот 50 го дозволува заклучокот дека пророгацијата може да се договори молкумно и по започнувањето на постапката. Имено, кога надлежноста на домашниот суд зависи од согласноста на тужениот, ќе се претпостави дека согласноста постои доколку тужениот даде изјава за одбрана без да се спротивстави на надлежноста

158 Причините за усвојување на таквата конвенција се достапни на: van Loon, Towards a global Hague Convention on the Recognition and Enforcement of Judgments in Civil or Commercial Matters, стр. 16.

159 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 88.

160 *Ibidem.*

161 Stewart, The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, стр. 778.

162 За повеќе во врска со овој јурисдикционен критериум во различни конвенции и споредбено право, видете: van Loon, Towards a global Hague Convention on the Recognition and Enforcement of Judgments in Civil or Commercial Matters, стр. 23.

163 Kostić-Mandić, Međunarodno privatno pravo, стр. 254; Alihodžić/Meškić/Duraković, Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot?, стр.154; Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place?, стр. 18-19.

164 Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place? стр. 19.

165 *Ibidem*, p. 17.

на домашниот суд или да започне постапка во однос на основаноста на случајот.

Конвенцијата признава три форми на согласност: експлицитна согласност за време на постапката (член 5 (1) (д)), имплицитна согласност (член 5 (1) (ѓ)) и неексклузивен избор на судски договор на страните (член 5 (1) (к)).

Странската судска одлука може да се признае ако тужениот изречно се согласил на надлежноста на судот на потекло во текот на постапката во која била донесена пресудата. МПП претпоставува дека согласноста е дадена пред да започне постапката. Оваа разлика е последица на фактот што постои друга Конвенција на НССН, комплементарна со Конвенцијата на НССН **од** 2019 година, имено, Конвенција за спогодби за избор на суд од 2005 година со која *ex ante* се регулира пророгацијата.

Во однос на молкумната пророгација, Конвенцијата не ги спомнува термините „пророгација“, „имплицитна согласност“ или „поднесување“, во рамките на која членот 5 (1) (ѓ) се однесува на ова прашање.[166] Тој наведува дека пресудата е подобна за признавање и извршување ако: а) тужениот ја докажал основаноста пред судот на потекло; б) кога нема оспорување на надлежноста во временскиот рок предвиден во правото на државата на потекло, освен ако не е очигледно дека приговорот на надлежноста или извршувањето на надлежноста нема да успее според тој закон. Тука, Конвенцијата зема предвид дека процедуралното законодавство во државата на потекло може да биде ограничено, односно да постави висок праг за оспорување на надлежноста.[167] Терминот „правото на државата на потекло“ се чини премногу широк ако се однесува на држава со комплексен правен систем, бидејќи различните територијални единици во рамките на една држава може да имаат различни временски рамки.[168]

МПП е делумно усогласено со Конвенцијата во однос на молкумната пророгација. Како и Конвенцијата, и МПП не го споменува поимот имплицитна согласност или пророгација. МПП, за разлика од Конвенцијата, го прифаќа концептот на „поднесок“. Според МПП, постои молкумна пророгација ако тужениот го достави одговорот по барањето (поднесокот) и со тоа се спротивстави на надлежноста. Конвенцијата бара тужениот да аргументира за основаноста пред судот за потекло и да ја оспори надлежноста, додека, пак, аргументирањето за основаноста без оспорување на надлежноста е доволно според МПП. МПП ја смета аргументацијата за основаноста како молкумна пророгација сама по себе. Понатамошна разлика е тоа што МПП не се однесува на условот за оспорување на надлежноста во државата на потекло. Ова решение е помалку поволно за тужениот во постапката за егзекватур.

Неексклузивниот избор на судски договори како јурисдикционен критериум е регулиран во член 5 (1) (м), кој вели дека пресудата што ја донел судот определен во договор склучен или исправи во писмена форма или на кој било друг начин на комуникација ги прави информациите достапни за да бидат употребливи за последователно повикување, освен исклучив избор на судски договор. Дадена е и дефиниција за „ексклузивен избор на судски договор“. ПИЛ дозволува пророгација, но под ограничувања, како што е елаборирано погоре, при што не прави никаква разлика помеѓу изборот на ексклузивниот и неексклузивниот суд. Оваа разлика веројатно е последица на тоа што постојат две комплементарни Конвенции за НССН, оваа од 2019 и таа од 2005 година за избор на суд. За држава како што е БиХ, која не е странка од Хашката конвенција за избор на суд од 2005 година, оваа одредба од Конвенцијата од 2019 година не е навистина корисна бидејќи не може да дејствува како почетна точка во регулирањето на ова прашање.

166 Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place?, стр. 25.

167 *Ibidem.*

168 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 160.

5.3 Во споредба со член 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, да се предвиди компатибилност на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори

Не е лесно да се направи споредба помеѓу МПП и Конвенцијата во врска со јурисдикционите критериуми што се потпираат на поврзаноста помеѓу тужбеното барање и судот на потекло. Проблемот лежи во различните нивоа на споредба. Конвенцијата не ја регулира надлежноста, а спротивно на тоа, МПП ја регулира; Конвенцијата предвидува јурисдикциони критериуми или, подобро кажано, „јурисдикциони филтри“ врз чија основа судот на државата каде што се бара признавање или извршување ја оценува пресудата донесена во земјата на потекло.[169] МПП ја регулира директната надлежност – судот треба да одлучи дали има право да пресудува за прекугранични односи според националното законодавство или меѓународен договор, доколку постои во таков случај.

На прв поглед: списокот на јурисдикциони критериуми поврзани со врската меѓу тужбеното барање и судот на потекло е значително подолг во Конвенцијата отколку во МПП. МПП ги регулира само следниве прашања: вондоговорни обврски, сопственички побарувања кога имотот на тужениот или засегнатиот имот се наоѓа во БиХ, побарувањата на странец за обврски што треба да се извршат во БиХ, сопственоста и другите стварни права in rem во недвижен имот или авиони и бродови/пловни објекти. Сите други јурисдикциони филтри регулирани во Конвенцијата не се споменати во МПП. Од оваа причина, се прави споредба само на проблемите што се преклопуваат, иако сè уште е можно истите критериуми да се однесуваат на различни релевантни услови, барања и ограничувања.

Вондоговорна обврска (чл. 5 (1) (s)) од Конвенцијата и чл. 53 МПП): нема усогласеност во однос на јурисдикционите критериуми. Конвенцијата во фокусот го става чинот или пропустот што предизвикал штета (смрт, физичка повреда, оштетување или губење материјален имот), а не последиците од штетниот настан („без оглед каде настанала таа штета“). МПП, напротив, се потпира на местото каде што се случила штетата. Доколку штетата се случила во БиХ, босанско-херцеговските судови имаат право да пресудуваат. Подрачјето примена на чл. 5 (1) (s)) од Конвенцијата е многу ограничено бидејќи штетата треба да се манифестира со смрт, физичка повреда или оштетување некој предмет. Членот 53 од МПП не предвидува никакви ограничувања во однос на видот на штетата. Ова ограничување е ублажено со можноста да се применат други филтри на надлежност – вообичаено престојувалиште. МПП, исто така, признава други јурисдикциони филтри во случај на вондоговорна одговорност – постојано живеалиште и дополнително привремено живеалиште. Треба да се има предвид дека многу извори на штета се изоставени од опсегот на Конвенцијата (на пр. нуклеарна штета, поморско загадување, итн. – т. 6.1.1.).

Недвижен имот: Конвенцијата има посебни правила за договорните обврски обезбедени со *in rem* право на недвижен имот. Пресудата донесена против тужениот за договорна обврска обезбедена со *in rem* право на недвижниот имот лоциран во државата на потекло може да се признае доколку договорното побарување е покренато против истиот тужен, заедно со барање во врска со правото *in rem* (чл. 5 (1) (з)). МПП се потпира на недвижните предмети. Додека Конвенцијата може да се толкува на начин што надлежноста за договорна обврска може да се разгледува одделно ако договорното барање не се покрене заедно со тужбеното барање што произлегува од правото *in rem*, решението во МПП е различно – за правото *in rem* и за дадени договорни обврски поврзани со недвижни предмети, судовите во БиХ го применуваат правилото *situs* и се повикуваат на исклучива надлежност (чл. 56). Доктрината го проширува ова правило на сите договорни обврски

169 Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place? стр. 17.

поврзани со недвижен имот.[170] Конвенцијата наведува дека пресудата во врска со закуп на недвижен имот (закупнина) донесена од судот на државата во која се наоѓа имотот може да биде признаена и извршена. Оваа ситуација се третира поинаку според МПП, кое предвидува исклучива надлежност на судовите на БиХ кога недвижниот имот се наоѓа во БиХ.

Труст: Членот 5 (1) (и) – правниот поредок во БиХ не го познава правниот институт труст и нема посебни правила за судир на закони и меѓународни правила за надлежност во врска со оваа материја.

Противтужба: 5 (1) (ј) предвидува јурисдикционен филтер во врска со противтужбите. За разлика од Конвенцијата, МПП не ги содржи правилата за надлежност во овој случај.

Во однос на договорната обврска, како јурисдикциони критериуми предвидени во член 5 (1) (е) од Конвенцијата, нема усогласеност помеѓу Конвенцијата и МПП. Имено, МПП не содржи слични правила во врска со надлежноста за договорна обврска. Само кога договорната обврска треба да се изврши во БиХ и ако странското физичко или правно лице што раководи со филијала или агенција во БиХ се бара во БиХ, постои правило дека судот во БиХ има надлежност (чл. 55 МПП). Ова може да се сфати како комбинација од јурисдикционите критериуми дадени во чл. 5 (1) (е) и 5 (1) (г), но одредбите не се идентични.

За разлика од Конвенцијата (чл. 5 (2)), МПП не содржи специфични правила за потрошувачите. Директната надлежност во случаите кога потрошувачот го тужи трговецот не е предвидена во МПП, туку во законите за парнична постапка. Тие предвидуваат можност да се покрене тужба пред судот во живеалиштето/престојувалиштето.

Може да се заклучи дека МПП и Конвенцијата значително се оддалечуваат едни од други во однос на јурисдикционите критериуми што се потпираат на врската помеѓу тужбеното барање и судот на потекло.

5.4 Исклучива надлежност

МПП утврдува различни ситуации кога судовите во БиХ имаат исклучива надлежност. Судот во БиХ има исклучителна надлежност во случаи во врска со недвижен имот лоциран во БиХ (чл. 56 МПП). МПП пропишува исклучива надлежност под одредени околности за брачни спорови, случаи за одредување мајчинство и татковство, оставински постапки во врска со наследување кога недвижнини се дел од имотот, но ова не е релевантно за овој извештај бидејќи ова прашање не спаѓа во опсегот на Конвенцијата. Исклучивата надлежност е основа за одбивање признавање пресуда донесена од странски суд наместо од исклучиво надлежниот суд во БиХ (чл. 89 ст. 1 МПП).

Наспроти МПП, Конвенцијата во одредбите за основите на одбивање признавање и извршување (член 7) не ја споменува експлицитно исклучивата надлежност на засегнатата држава. Само членот 5 од Конвенцијата наведува дека пресудата со која се пресудило за права *in rem* за недвижен имот ќе биде признаена и извршена ако и само ако имотот се наоѓа во државата на потекло, што доведува до заклучок дека постои исклучива надлежност на судовите за темата на права *in rem* во врска со недвижен имот. Постои усогласеност на Конвенцијата и МПП во однос на ова прашање, иако општиот концепт на Конвенцијата, кој не ја регулира надлежноста, туку филтрите на надлежност (индиректна надлежност) и концептот на МПП не се усогласени.

Членот 5 од Конвенцијата ги утврдува минималните стандарди за признавање и извршување. Општо земено, тој пропишува филтри што се применуваат за сите правни работи од опсегот на оваа Конвенција. Со цел да се скрати дискреционото право на националните

170 Muminović, Procesno međunarodno privatno pravo, стр. 46.

влади и судови, тој ги утврдува специфичните правила што се однесуваат на одредени видови правни односи (потрошувачки договори, закуп, договори за вработување).[171] Во однос на недвижностите, во Конвенцијата е предвидено специфично решение. Членот 5 (1) од Конвенцијата предвидува можност за истовремена надлежност на повеќе од еден суд во случај на правни работи во врска со недвижен имот. Меѓутоа, членот 5 (3) изречно утврдува исклучива надлежност за прашања на станбен закуп на недвижен имот (закупнина) и регистрација на недвижен имот од страна на судот на државата каде што се наоѓа имотот. Затоа, членот 5 (3) функционира како средно решение меѓу истовремената надлежност загарантирана во член 5 (1) и исклучивата надлежност загарантирана во членот 6.[172]

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и усогласеност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

6.1 Материјален опсег на примена

6.1.1 Во споредба со член 1 и 2 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, да се обезбеди усогласеност на материјалниот опсег на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори

Главната одредница за материјалниот опсег на примена е дадена во членот 1 од Конвенцијата, кој наведува дека Конвенцијата се применува за признавање и извршување пресуди за граѓански или трговски прашања во една држава договорничка на пресуда донесена од суд на друга држава договорничка. Материјалниот опсег на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори не се целосно споредливи. Националните правни извори треба да обезбедат признавање и извршување странски судски одлуки и други извршни исправи за сите прашања, а не само во граѓански и трговски прашања и независно од фактот која земја издала одредена исправа за извршување (државата договорничка или трета држава). Јасно е дека од овие причини националните правни извори имаат поширок опсег на примена.

МПП како главен правен извор во широката област на приватното право предвидува правила за признавање и извршување на странската судска одлука во законски, семејни и сопственички односи, што значи дека МПП има поширок опсег на примена од Конвенцијата. Членот 2 од Конвенцијата предвидува исклучувања на материјалниот опсег на Конвенцијата. Тука Конвенцијата и МПП не се усогласени. За разлика од Конвенцијата, МПП го регулира признавањето и извршувањето не само во основната област на граѓанското право и во трговското право, туку и за прашањата околу признавањето и спроведувањето на статусот и правната способност на физичките лица, обврските за издршка, како и другите семејни прашања, вклучително и режимите за брачна сопственост и други права или обврски што произлегуваат од брак или слични врски и во врска со прашањата за тестаменти и наследување. Покрај тоа, МПП вклучува права на приватност и права на интелектуална сопственост. За овие теми нема примена на Конвенцијата (чл. 2, став. 1 ал. а) – г), л), м)).

МПП не прави никаква разлика со пропишување предуслови за признавање и извршување

171 Stewart, The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, стр. 778.

172 Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place? стр. 18.

на судската одлука донесена во која било од горенаведените области на приватното право. Истите барања треба да бидат исполнети во секој случај на спроведување и признавање, со одредени исклучоци во однос на правниот статус и способноста на физичките лица (чл. 93-95 МПП).[173]

МПП, идентично како Конвенцијата, не предвидува спроведување на побарувања за приходи, царина или административни работи (чл. 1 став. 2 од Конвенцијата).

Признавањето и спроведувањето во областа на неликвидноста се исклучени од опсегот на регулативата и на Конвенцијата и на МПП. Меѓународната несолвентност е предмет на регулирање на кодексите за неликвидност на ентитетите и округот Брчко БиХ, што е критикувано во доктрината.[174]

Регулативата за формирањето, расформирањето финансиски институции и аналогни работи, главно содржана во законите за банки и други финансиски институции на ентитетите и округот Брчко БиХ, не вклучува прашања од меѓународното приватно право. Истото важи и за различните видови превоз на патници и стока во воздушниот, железничкиот и патниот сообраќај. Соодветните закони или договори од областа на превозот општо не предвидуваат специфична регулатива за меѓународно приватно право, но постојат некои исклучоци. Некои правила од меѓународното приватно право за воздушен сообраќај се достапни во Законот за облигациони односи во цивилното воздухопловство[175] и тие се однесуваат на некои правила за надлежности околу штетите предизвикани во воздушниот транспорт (чл. 49, 77). МПП ќе се применува на сите прашања што не се регулирани со овој закон.

Конвенцијата за договор за меѓународен патен транспорт на стоки е во сила во БиХ по пат на сукцесија.[176] Содржи некои правила од приватното меѓународно право, за договорот за патен превоз на стоки во возила за надоместок, но нема одредби за меѓународна надлежност, па може да се заклучи дека тука важат правилата за општа надлежност на МПП.

Прекуграничното морско загадување, морското загадување во области надвор од националната надлежност, морското загадување што потекнува од бродови, ограничувањето на одговорноста за поморските побарувања (чл. 2 став. 1 ал. е) се опфатени или со специфични правила за судир на закони или со специфични правила за меѓународна надлежност; ќе се применуваат правилата за општа надлежност на МПП.

Граѓанската одговорност за нуклеарна оштета е предмет на регулирање со Законот за одговорност за нуклеарна штета.[177] Овој закон е усогласен со Виенската конвенција за граѓанска одговорност за нуклеарна штета од 1963 година[178] и содржи некои правила за прашања од меѓународното приватно право токму за меродавното право, за надлежноста и признавањето на странските судски одлуки. Судот на БиХ има исклучива надлежност доколку се случи нуклеарен инцидент или штета на нејзина територија. Доколку не е сигурно дали нуклеарниот инцидент се случил на територијата на БиХ, надлежноста за утврдување штета ја донесува судот на државата во која се наоѓа нуклеарната централа (чл. XI од Виенската конвенција, чл. 10 од Законот за одговорност за нуклеарна штета). Овие прашања се исклучени и од примената на МПП; тука Конвенцијата и МПП се усогласени.

173 Доколку странска одлука се однесува на статус на домашен граѓанин, странската одлука ќе биде признаена доколку странското право не отстапува од домашното право значително. Доколку странска одлука се однесува на статусот на државјанин на таа држава, таа нема да се процени во светло на исклучивата надлежност, усогласеноста со Уставот на Босна и Херцеговина и барањето за реципроцитет. Доколку странска одлука се однесува на статусот на граѓанин на трета држава, таа ќе биде признаена, според ПИЛ, ако ги исполнува условите за признавање во државата на засегнатиот граѓанин.

174 Muminović, Procesno međunarodno privatno pravo, стр. 100.

175 „Службен весник на БиХ“, 51/15.

176 „Службен весник на ФНРЈ“, 11/58.

177 „Службен весник на БиХ“, 87/13.

178 Оваа Конвенција е ратификувана во 1977 година, „Службен весник на СФРЈ“, 5/77.

Во врска со правилата за надлежност што се однесуваат на валидноста, ништовноста или расформирањето правни лица или здруженија на физички или правни лица и валидноста на одлуките на нивните органи (чл. 2 став. 1 ал. з), како и валидноста на записите во јавните регистри (чл. 2 став. ал. s), може да се каже дека МПП не предвидува конкретни правила и дека МПП не ги исклучува овие прашања од неговиот материјален опсег на примена.

Усвоени беа законите за клевета на ниво на ентитети. Законот за заштита од клевета на ФБиХ[179] и Законот за заштита од клевета на РС[180] содржат одредби што специјално се однесуваат на одговорноста за клевета, но не постојат правила за меродавното право, меѓународната надлежност, ниту, пак, за прекугранично признавање или извршување. За разлика од Конвенцијата, прашањето за прекугранична клевета е предмет на општите правила за надлежност на МПП.

Активностите на вооружените сили, вклучително и активностите на нивниот персонал во вршењето на нивните службени должности, активностите за спроведување на законот, вклучително и активностите на персоналот за спроведување на законот при извршувањето на нивните службени должности не се регулирани со специфичните правила за меѓународно приватно право и поконкретно, нема специфични меѓународни правила за надлежност за овие прашања; важат општите правила за надлежност.

Законот за конкуренција на БиХ[181] не предвидува правила за меѓународно приватно право во прекуграничниот однос, така што прашањето за антитруст (конкуренција) не подлежи на некои специфични правила. Истото важи и за преструктуирање на државниот долг преку еднострани државни мерки.

За разлика од Конвенцијата, која не се однесува на арбитража и поврзани постапки, МПП го регулира ова прашање. Предвидени се посебни барања за признавање и извршување на арбитражните одлуки. БиХ е договорна страна (по пат на сукцесија) на Њујоршката конвенција за признавање и извршување странски арбитражни одлуки. Одредбите на МПП се високо усогласени со одредбите на Њујоршката конвенција. И двата инструменти бараат поднесување или на оригиналната одлука или на соодветно заверената копија, како и на оригиналните арбитражни договори или соодветно заверена копија на официјалниот јазик на државата во која се донесува решението. Исто така, признавањето и извршувањето на одлуката може да биде одбиено поради истата листа на причини, како што се недостиг на арбитража за одредена тема, јавна политика, итн. Доколку надлежниот орган одлучи да ја одложи одлуката за извршувањето, тој може да бара соодветно обезбедување од странката што го бара извршувањето.

Исто така, пресудите во случаите кога држава, влада, владина агенција или лице што дејствува за држава, биле странка во постапката, не се исклучени од опсегот на оваа Конвенција со самото тоа што државата или некое друго лице/субјект од јавното право било странка во одреден процес. Не постои директна одредба што го регулира ова прашање, но во БиХ несомнено е дека ако државата, владата, владината агенција или слично лице се странки во приватните односи, тие имаат ист статус како и секое друго правно или физичко лице.[182] Тука Конвенцијата и МПП одат во иста насока.

Доколку прашање за кое Конвенцијата не се однесува се појави како прелиминарно прашање по пат на одбрана, таквата појава не ја исклучува пресудата од Конвенцијата ако тоа прашање не било предмет на постапката. Таквиот исклучок не е претставен во правниот систем на БиХ.

179 „Службен весник на ФБиХ“, 19/03, 73/05.

180 „Службен весник на РС“, 37/2001.

181 „Службен весник на БиХ“, 48/05, 76/07 и 80/09.

182 Во однос на сопственичките односи, ова е изразено преку принципот на единственост на сопственоста (има само еден вид сопственост, независно кој е сопственик (член 3 (2) од Законот за правата на сопственост на ФБиХ, член 3 (2) од Законот за имотни права РС).

Накратко: Во членот 6, Конвенцијата предвидува многу исклучоци од нејзината примена. Списокот на основи за неприменување на Конвенцијата е многу долг и не се совпаѓа со списокот на МПП, кој е многу ограничен. Одредбите за МПП се применуваат за поголем број прашања во граѓанското и трговското право, како и во семејното право и Законот за наследство. Материјалниот опсег на примена на МПП се разликува од оној на Конвенцијата.

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки)

МПП не прави никаква разлика помеѓу странските судски одлуки и не предвидува различни правила за признавање во зависност од видот на странската судска одлука. Секоја странска судска одлука може да се признае ако станала правосилна и ако нема основа, пропишана со закон, за одбивање признавање.

МПП не предвидува само признавање и извршување на странските судски одлуки, туку и на други странски исправи. МПП ги изедначува странските судски спогодби со странските судски одлуки; може да се признае и странското судско порамнување. Одлуките на другите државни тела во семејни, статутарни и имотни прашања (ова е опсегот на примена на МПП) исто така може да се признаат ако се ставаат на исто ниво со судските одлуки и со судските спогодби во државата на потекло. Во доктрината се дискутираше дали странски извршен нотарски акт може да се спроведе во БиХ.[183]

Признавањето и спроведувањето на привремените мерки е проблематично прашање и во доктрината и во судската практика. МПП не содржи никакви одредби за оваа одредена точка. Потребно е да се регулира ова прашање за да се избегнат проблеми во практиката. За жал, билатералните спогодби склучени меѓу државите од поранешна СФРЈ не содржат никакви одредби за тоа. За разлика од МПП, Конвенцијата експлицитно наведува дека привремените мерки не се пресуда, што значи дека нема да бидат признаени и спроведени според овој инструмент.[184] Иако не постои јасна одредба во МПП, резултатите се исти; бидејќи привремената мерка не може да биде конечна во смисла на пресуда, таа не е соодветна за признавање и извршување.

Според Конвенцијата, пресудата е дефинирана во членот 3 како „секоја одлука за основаност донесена од суд, без оглед како може да се нарече тоа решение, вклучително и декрет или налог, и утврдување на трошоците или расходите на постапката од страна на судот (која вклучува и службеник на судот), под услов решението да се однесува на одлука за основаноста што може да се признае или да се спроведе според оваа Конвенција“. Со цел да биде во согласност со претходната работа на НССН, особено со Конвенцијата на НССН за избор на суд од 2005 година, Конвенцијата предвидува тест од два дела за да се утврди која одлука се смета за пресуда: „Пресудата мора да биде (i) ’одлука за основаноста‘ и (ii) дадена од ’суд‘“.[185] Пристапот на Конвенцијата значи дека процедуралното решение што не се однесува на основаноста и кога судот не го отфрла тужбеното барање не е во надлежност на оваа Конвенција. Судска одлука во рамките на Конвенцијата е онаа што се однесува на парични и непарични пресуди, пресуди донесени по службена должност и пресуди за колективни дејствија. Вториот дел од тестот бара одлуката да ја донесе суд. Конвенцијата, сепак, не го дефинира поимот суд, а со тоа се создава одредена двосмисленост во однос на опсегот на овој термин.[186] МПП е различно во овој поглед, бидејќи во членот 86 предвидува дека одлуката на друг орган што е

183 Povlakić, Anerkennung und Vollstreckung ausländischer Mobiliarsicherheiten in Südosteuropa, стр. 172; Rijavec, Problematika ovršnog notarskog akta na primjeru Slovenije, стр. 157.

184 Видете: Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 73.

185 *Ibidem.*

186 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 75.

признаена во државата на усвојување како пресуда може да биде признаена како пресуда од судовите на БиХ. Оттука, не е потребно пресудата да биде одлука донесена од судот.

Судските спогодби, исто така, се изедначуваат со пресудата и може да бидат признаени според МПП (за повеќе видете 1.1.). Одредени судски спогодби, како во случајот на МПП, се третираат како пресуди, како што е предвидено во членот 11 од Конвенцијата.

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање)

МПП не прави разлика помеѓу постапката за признавање како главно или како прелиминарно прашање и предвидува неколку оскудни процедурални правила за обете (чл. 101). Воспоставена е само една разлика во однос на територијалната надлежност. За постапката за признавање на странската судска одлука за главното прашање, МПП ја одредува територијалната надлежност; судот каде што треба да се бара извршување има надлежност да одлучува за тоа. *Ratione materiae jurisdictionis* е регулирано со законите што ја регулираат судската организација во ентитетите и округот Брчко БиХ (т. 1.1. и 2.2.1.). Но, ако признавањето на странската судска одлука не подлежи на постапката за признавање и се бара извршување, судот, каде што се бара извршување, може да донесе одлука за признавање како прелиминарно прашање со ефекти само за оваа постапка (чл. 101 став 5).

Решението во врска со пресудата за прелиминарно прашање содржано во член 8 од Конвенцијата не постои во МПП во БиХ.

МПП не содржи изречна одредба за тоа кој е активно овластен за започнување на постапката за признавање на странската судска одлука. МПП се однесува само на случаите поврзани со личниот статус, утврдувајќи дека секоја страна со правен интерес може да поведе постапка (чл. 101, став 6 МПП). Во доктрината не е спорно ова правило да се применува во сите други случаи, што значи и во граѓански и трговски предмети, и дека постапката може да ја покренат лицата за кои предметната пресуда има правно значење.[187] Во јуриспруденцијата преовладува толкувањето дека во граѓански и трговски прашања, овластените лица се странки во постапката (универзални и единствени наследници на странките), додека, пак, само за прашања поврзани со статусот лица што не учествувале во постапката, но имаат правен интерес за ова прашање, може да покренат постапка за признавање.[188,189]

Конвенцијата пропушта да го дефинира лицето што има право да ја покрене постапката. Интересно, постои дефиниција за тужен во членот 3, додека, пак, не е достапна дефиниција за странка што бара признавање и извршување. Оваа странка се споменува само во членот 12 од Конвенцијата, во кој се наведени исправите што треба да ги достави.

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука

Лицето овластено да бара признавање треба да поднесе барање до надлежниот суд со приложување на оригиналниот текст или заверена копија од одлуката на странскиот суд. Доколку пресудата не е на официјален јазик на БиХ, таа треба да биде придружена со

187 Petrović, Anerkennung und Vollstreckung ausländischer (deutscher) Gerichtsentscheidungen, стр. 418.

188 Informacija «Priznanje i izvršenje stranih sudskih i arbitražnih odluka» Projekt Kantonalnog suda u Tuzli u saradnji sa USAID/Justice sector Developement Project, March, 2008.

189 Поширокото толкување на доктрината во однос на легитимните теми за започнување постапка за признавање и извршување треба да се прифати при изготвувањето нова верзија на ПИЛ. Во секој случај на започнувањето постапка за признавање и извршување, легитимирано лице треба да биде лице со правен интерес.

заверен превод на официјален јазик. Овие две барања не се изречно побарани во законот, но сите анализирани пресуди (види 3.2.) покажуваат дека судовите бараат приложување такви исправи.

Судската одлука треба да биде приложена со клаузулата што потврдува дека одлуката станала конечна и е издадена од суд или од кое било друго тело што е надлежно според законот на државата на потекло (чл. 87 МПП). Кога овластената страна поднесува барање за извршување, треба да ја достави пресудата со клаузулата за извршување издадена во согласност со законот на државата на потекло (чл. 96 МПП).

Конвенцијата во членот 12 пропишува пакет исправи што треба да ги достави странката што бара признавање и извршување. Го наведува следново:

- комплетен и заверен примерок од пресудата;
- ако пресудата е донесена по службена должност, оригиналот или заверената копија на исправата со која се утврдува дека исправата со која се започнала постапката или еквивалентна исправа била доставена до странката што не ја исполнила својата обврска;
- какви било исправи потребни за да се утврди дека пресудата е правосилна или, кога е применливо, е извршна во земјата на потекло.

Како и според МПП, и овде се бара целосна и заверена копија на пресудата и дополнителна исправа со која се повела постапката во случај на неизречена пресуда. Третото барање – „какви било исправи потребни за да се утврди дека пресудата е правосилна или, кога е применливо, е извршна во земјата на потекло“ – е соодветно решение. Таквата формулација е многу поволна и ја обезбедува потребната флексибилност. Ја става во фокусот практиката на земјата на потекло, а со тоа ги спречува домашните судови да бараат приложување исправи што може да бидат недостапни. МПП не обезбедува таква флексибилност со тоа што бара потврда за извршување од земјата на потекло.

Во случај на судски спогодби, дополнителното барање е „потврда од суд (вклучително и од службеник на судот) од земјата на потекло во која се наведува дека судското спогодување или дел од него се извршува на ист начин како и пресудата во земјата на потекло“. Потврдата не мора да биде издадена од судот што бил вклучен во спогодувањето, така што е можно да го издаде друг суд.[190] МПП поинаку ги третира потребните исправи во случај на судски спогодби. Всушност, тоа воопшто не поставува барања за судски спогодби (т. 6.5.).

Конвенцијата се разликува од МПП со оглед на тоа што пропишува дека ако со пресудата не му се дозволува на судот да провери дали се исполнети условите за признавање и извршување, за неа може да бидат неопходни сите потребни исправи. МПП не им ја дава на судовите оваа можност, а тоа треба да се коригира во иднина.

Исто така, за разлика од МПП, Конвенцијата пропишува дека барањето за признавање или извршување може да биде придружено со исправа во врска со пресудата, издадена од странски суд (вклучително и службеник на судот) во форма препорачана и објавена од Хашката конференција за меѓународно приватно право. МПП треба да се подобри според решението дадено во Конвенцијата.

Конвенцијата предвидува дека исправите во врска со барањето треба да бидат доставени со заверен превод на официјалниот јазик на државата во која се бара признавање или извршување, освен ако законот на таа држава не предвидува поинаку. МПП го споменува само заверениот превод во одредбите поврзани со признавањето и извршувањето на арбитражните одлуки. Сепак, добро докажана практика во БиХ е дека сите исправи

190 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 137.

доставени до судот треба да бидат на официјални јазици и заверени од судски преведувач, но и да бидат доставени заедно со оригиналните исправи.

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Главниот услов за признавање е пресудата да станала правосилна и лицето што бара признавање и извршување да ги презентирало доказите, како и да ја приложило потврдата за извршноста на пресудата. МПП наведува низа основи што ќе доведат до одбивање на признавањето (или извршувањето).

Конечната странска судска одлука нема да биде признаена ако:

- Судот што го издал даденото решение таму немал надлежност, т. е. ако се однесува на предмет од исклучива надлежност на суд или друга институција во БиХ.
- Ако е повредено правото на странка да биде сослушана. Ова право се смета за повредено ако едно лице не можело да учествува во постапката (на пример, тужба или друг акт не бил доставен лично, т. е. немало обид за лична достава. Оваа причина за одбивање на признавањето се отфрла ако даденото лице се вклучи во спор за главното прашање во првостепената постапка).
- Доколку постои претходна конечна и обврзувачка пресуда во врска со истата причина за постапување од страна на домашен суд или некое друго тело во БиХ, или веќе признаена странска пресуда за истата причина за постапување.
- Признавањето не би било во согласност со уставниот поредок во БиХ.
- Не постои реципроцитет помеѓу земјата на потекло и земјата на дестинација (фактички и претпоставен реципроцитет).

Членот 86 од МПП (како што е образложено во 1.1.) општо предвидува признавање и извршување на странските судски одлуки. Условот и постапката за признавање и извршување се приспособени според судските одлуки, иако може да бидат признаени и извршувани и други исправи (судски спогодби, други исправи). Одредбите на МПП не се целосно компатибилни со признавањето на судските спогодби и другите исправи. Прво, оваа исправа не може да биде конечна како што може да бидат пресудите, а конечноста е главниот предуслов за признавање. Овој недостаток покажува дека треба да се донесат посебни правила за спроведување и признавање на спогодбите и другите исправи. Ова претставува значителен правен јаз во сегашното право. Постојат критичари на работата на НССН што тврдат дека има премногу формализам, бидејќи доверителите може да бидат негативно погодени од отсуството на исправи.[191] Одредбите на МПП се уште поригидни и создаваат уште понеповолна состојба за доверителите.

За разлика од МПП, членот 11 од Конвенцијата го регулира признавањето на судските спогодби (судски постапки). Судските спогодби што ги одобрил судот на државата договорничка или се склучени во текот на постапката пред судот на државата договорничка и се извршуваат на ист начин како и пресудата во земјата на потекло ќе се извршуваат според оваа Конвенција на ист начин како и пресудата.

За жал, иако Конвенцијата „не ги заборавила“ судските спогодби, таа изоставила да ги обезбеди правилата за други извршни исправи и нотарски извршни исправи. Покрај тоа, Образложението сугерира дека административните исправи и нотарските исправи не може да се сметаат за пресуда, што значи дека тие се изоставени од опсегот на Конвенцијата.[192]

191 Hartley/Dogauchi, Explanatory Report on the 2005 HCCH Choice of Court Agreements Convention, стр. 211.

192 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 75.

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки

Постапката за признавање, прогласувањето извршност или регистрацијата за извршување и извршувањето на пресудата се регулираат со законот на државата во која се бара признавањето, освен ако Конвенцијата не предвидува поинаку (чл. 13). Само две директни упатства според Конвенцијата се упатени до домашниот суд. Судот на државата во која се бара признавањето ќе постапи експедитивно и нема да одбие признавање или извршување пресуда според оваа Конвенција, со образложение дека признавањето или извршувањето треба да се бараат во друга држава. Овој пристап покажува дека изготвувачот на Конвенцијата ги зел предвид специфичните правила на постапката што се применуваат во државите. Исто така, им дава можност на државите за примена на дискреционото право во регулирањето на постапката[193], што е ограничено само до одредена мера, како што е барањето за исклучување на приговорите *forum non conveniens* од членот 13 (2).[194] Бидејќи БиХ (сè уште) не е држава договорничка, овие две правила не се применливи во БиХ, но и двете се неопходни, особено одредбата според која оваа постапка треба да се спроведе експедитивно.

Постапката за признавање и извршување странски судски одлуки е многу малку регулирана во МПП. Само еден член од МПП е посветен на ова прашање (чл. 101).

Покрај одредбата за територијална надлежност (види 6.1.1.) и лицето овластено да започне постапка за признавање (види 6.3.), регулирани се само две прашања. Пропишано е да нема ревизија на основаноста на пресудата. Тука МПП и Конвенцијата се усогласени. Но еден исклучок, утврден со Конвенцијата (чл. 11), не е предвиден во МПП. Конвенцијата пропишува дека може да има ревизија на основаноста на пресудата само доколку тоа е потребно за примена на Конвенцијата. Како второ прашање, регулирано е прашањето за правно средство против одлука за признавање. Жалбата може да се поднесе во рок од 15 дена од доставувањето на пресудата.

Постапката за признавање странски пресуди не е спорна. Таа не е спорна ниту во теоријата ниту во практиката, иако не постои изречна законска одредба за ова. Овој заклучок не може директно да се изведе од законите што ја регулираат вонпарничната постапка. Исто така, законите на ентитетите што ја регулираат вонпарничната постапка, како и Законот за вонпарнична постапка на округот Брчко БиХ, не ја предвидуваат оваа постапка како посебна вонпарнична постапка. Сепак, сите три правни текста прецизираат дека правилата на вонпарничната постапка треба да се применуваат и во други правни работи во надлежност на судовите за кои законот не наведува експлицитно што треба да се реши во вонпарнична постапка, но кои не се однесуваат на заштита на повредени или загрозени права или поради карактерот на правната работа или странките во постапката и не може да се применат одредбите на законот што ја регулира парничната постапка.

И МПП и Конвенцијата не ги решаваат ситуациите кога должникот бара изјава за одбивање на признавање или извршување на пресудата од страна на судот.

7. Извршување странски судски одлуки

7.1 Вид на постапка за извршување

Иако надлежностите за регулирање на постапката за извршување во БиХ не ѝ се дадени

193 Garcimartín/Saumier, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, стр. 139 et al.

194 David P. Stewart, The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, стр. 778.

на државата БиХ, трите акти за извршување (ентитетите и округот Брчко БиХ) се од иста провиниенција и се под влијание на Законот за извршување на поранешна Југославија, како и на австрискиот Закон за извршување.[195] Сепак, за разлика од австрискиот *Executionsordnung*[196], Законот за извршување на Босна и Херцеговина предвидува само еден вид постапка за извршување – извршување што има цел судска продажба или судско пренесување на правата. Присилна администрација/запленување не е предвидено.

Методите на извршување се различни во зависност од средството што доверителот го предложил како предмет на извршување, но не зависи од видот на исправата за извршување (странска или домашна). Странската судска одлука/исправа за извршување се споменува само во еден член од соодветниот законик за извршување;[197] не постојат посебни одредби за извршување на странските исправи за извршување.

7.2 Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странската судска одлука

Постапката за извршување е секогаш иста, без оглед дали се заснова или не се заснова врз странска исправа. Постапката ја покренува доверителот што треба да го достави предлогот за извршување придружен со исправата за извршување. Кога извршувањето се бара врз основа на странска судска одлука, можни се две ситуации, како што е веќе елаборирано погоре: доверителот ја доставува странската одлука што е веќе признаена од надлежниот суд, што, во овој случај, е еднакво на решението на националните/домашните судови. Нема посебности во постапката во овој случај. Доколку судот, надлежен за извршувањето, треба да одлучи за признавање на странската судска одлука како прелиминарно прашање, судот ќе одлучи по прелиминарното прашање, пред да одлучи дали ќе го одобри или нема да го одобри предлогот за извршување. Оваа одлука е исклучиво во надлежност на судот. Понатамошната постапка за извршување ќе се спроведе како и секоја друга постапка за извршување, а извршителите/агентите ќе бидат вклучени доколку законот предвидува такво учество. Како што е наведено во 3.3., извршителите се прелиминарно вклучени во постапката за извршување над движните ствари.

8. Користена литература

Литература

- Đorđević, Kratak kritički osvrt na tumačenje odredaba čl. 13 ZRSZ o utvrđivanju sadržine stranog prava u odlukama bivšeg Višeg trgovinskog suda u Beogradu (sada: Privrednog apelacionog suda u Beogradu), Nova pravna revija NPR, 2/2016.
- Firshing, Karl, Das neue jugoslawische IPR-Gesetz, IPRax, 1983.
- Garcimartín, Francisco, Saumier Geneviève, Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters – Explanatory Report, available at: https://assets.hcch.net/docs/a1b0b0fc-95b1-4544-935b-b842534a120f.pdf.
- Hartley, Trevor, Dogauchi, Masato, Explanatory Report on the 2005 HCCH Choice of Court Agreements Convention, 2005, available at: https://www.hcch.net/en/publications-and-studies/details4/?pid=3959.

195 За повеќе видете: Povlakić, Die Entwicklung des Zivilprozessrechtes in B&H (1918 – 2008), стр. 208.

196 Par. 94 at al, Standder Gesetzesgebung: 02.01.2021, Gesetzvom 27. Mai 1896, überdas Exekutions- und Sicherungsverfahren (Executionsordnung), StF: RGBl. Nr. 79/1896. Достапно на: https://www.jusline.at/gesetz/eo/gesamt (30.4.2021 г.).

197 Член 19 од Законот за извршна постапка на ФБиХ, чл. 19 од Законот за извршна постапка на РС, чл. 21 од Законот за извршна постапка на округот Брчко БиХ.

- Jessel-Holst, Christa, Makedonija na putu ka modernom međunarodnom privatnom pravu, Nova pravna revija, 2/2016
- Jessel-Holst, Christa, The Reform of Private International Law Acts in South East Europe, with particular Regard to the West Balkan Region, 18 Annals Fac. L.U. Zenica 133, 2016.
- Lipowscheck, Anton, Das neue jugoslawische Internationale Privat- und Prozessrecht im Bereich des Vermögensrecht, RabelsZ 49, 1985.
- Kostić Mandić, Maja, Montenegro in: IEL Private International Law*,* 2020.
- Kostić Mandić, Maja, Međunarodno privatno parvo, Podgorica, 2017.
- Martinović, Davor, Potreba za reformom pravosudnih sustava u BiH, Mostariensia: časopis za društvene i humanističke znanosti, Vol. 19 No. 2, 2015.
- Meškić, Zlatan, Đorđević, Slavko, Međunarodno privatno pravo, Privredna štampa Sarajevo, 2016.
- Alihodžić, Jasmina, Meškić, Zlatan, Duraković, Anita¸ Accepting EU Private International Law Standards into the Legal System of Bosnia and Herzegovina: What Can Be Done While Waiting for Godot?, LeXonomica, Vol. 11, No. 2, 2019.
- Meškić, Zlatan, Četiri osnovne slobode kao ustavni osnov za harmonizaciju entitetskih propisa, Ustavno-pravni razvoj Bosne I Hercegovine (1910-2010), Zbornik radova Pravnog fakultet Univerziteta u Tuzli, 2011.
- Meyer, Thomas, Uvođenje Zajedničkog evropskog prava prodaje, Nova pravna revija1/2013.
- Muminović, Edin, Međunarodno privatno pravo, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2008.
- Muminović, Edin, Procesno međunarodno privatno pravo, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2007.
- Petrović, Milena, Anerkennung und Vollstreckung ausländischer (deutscher) Gerichtsentscheidungen, WGO. Monatshefte für osteuropäisches Recht, 2003.
- Povlakić, Meliha, Izvršenje stranih izvršnih naslova sa posebnim osvrtom na strane notarske isprave,Pravna riječ, Banja Luka vol. 42, 2015.
- Povlakić, Meliha, Anerkennung und Vollstreckung ausländischer Mobiliarsicherheiten in Südosteuropa, LeXonomica, Revija za pravo in ekonomiju, Let. II, št. 2, 2010.
- Povlakić Meliha, Die Entwicklung des Zivilprozessrechtes in B&H (1918 – 2008) in Rechberger, W.: Die Entwicklung des Zivilprozessrechts in Mittel- und Südosteuropa vom 1918 bis 2008, Wien, 2011.
- Povlakić, Meliha, Die praktischen Probleme des Vollstreckungsrechts – dargestellt am Beispiel von Bosnien und Herzegowina in: Compilation of works of the Conference „The Rule of Law and Civic Society – Requirements for a modern Judiciary“, Dubrovnik 4.12. – 8.12.2002, published by German Ministry of Justice and IRZ Foundation, 2002.
- Rijavec, Vesna, Das internationale Vollstreckungsrecht am Beispiel Sloweniens, Evropskipravnik 1/2007.
- Rijavec, Vesna, Problematika ovršnog notarskog akta na primjeru Slovenije, in: Zbornik radova Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse, Mostar, 2007.

- Rumenov, Ilija, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – Is the “heart” of the Convention in the right place?, SEELS Law Journal 1:8, 2021.
- Šarčević; Petar, The New Yugoslav Private International Law Act, The American Journal of Comparative Law, Vol. 33, 2/1985, 1985.
- Šaula, Valerija, Osnovi međunarodnog privatnog prava Republike Srpske – 3. izmijenjenoi dopunjeno izdanje, Pravni fakultet Univerziteta u Banjoj Luci, 2019.
- Šaula, Valerija, Reform of Private International Law in Countries Successors of the Former Yugoslavia, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, 4/2019.
- Šaula, Valerija, Razvoj međunarodnog privatnog prava u regionu – Nacionalni izvještaj za Bosnu i Hercegovinu in: Zbornik radova/Collected Papers, sa Sedme Konferencije za međunarodno privatno pravo – Proširenje „Evropskog pravosudnog prostora“ na države članice CEFTA, Novi Sad, 2010.
- Stewart, David P., The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, The American Journal of International Law 113(04):772-783, 2019.
- Uitdehaag, Jos, Vincken, Eric, Civil Enforcement in the Western Balkan, An overview of the present situation and future developments in the various legal systems in the Western Balkan, Balkans Enforcement Reform Project – BERP, 2011.
- van Loon, Hans, Towards a global Hague Convention on the Recognition and Enforcement of Judgments in Civil or Commercial Matters, *Collection of Papers of the Faculty of Law, Niš,* No 82, Year LVIII, 2019.
- Župan, Mirela, Novi Zakon o međunarodnom privatnom pravu, Hrvatska pravna revija, 2018.

Преглед на законодавството

БиХ

- Закон за решавање судир на закони со регулативи на други земји во одредени односи („Службен весник на СФРЈ“ 43/82, 72/82).
- Закон за министри и други органи на администрација на БиХ („Службен весник на БиХ“, 5/2003).
- Закон за договор за цивилно воздухопловство („Службен весник на БиХ“, 51/15).
- Закон за одговорност за нуклеарна штета („Службен весник на БиХ“, 87/13).
- Закон за конкуренција на БиХ („Службен весник на БиХ“, 48/05, 76/07, 80/09).

Федерација БиХ

- Закон за извршна постапка на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“, 32/03, 52/03, 33/06, 39/06, 39/09, 35/12, 46/16, 42/18).
- Закон за неспорна постапка на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“, 2/98 39/04, 73/05, 80/14, 11/21).
- Закон за нотаријат на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“,

45/02, 30/16).

- Закон за парнична постапка на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“, 53/03, 73/05, 19/06, 98/15).
- Закон за судовите на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“, 38/05, 22/06, 63/10, 72/10).
- Закон за Центар за обука на судии и обвинители на Федерацијата БиХ („Службен весник на Федерацијата БиХ“, 24/02, 40/02, 59/02, 21/03).
- Закон за заштита од клевета на Федерацијата БиХ („Службен весник на БиХ“, 19/03, 73/05).

Република Српска

- Закон за извршна постапка на Република Српска („Службен весник на Република Српска“, 59/03, 85/03, 64/05, 118/07, 29/10, 57/12, 67/13, 98/14, 5/17, 58/18, 66/18).
- Закон за неспорна постапка на Република Српска („Службен весник на Република Српска“, 36/09, 91/16).
- Закон за нотарите на Република Српска („Службен весник на Република Српска“ 86/04, 74/05, 76/05, 91/06, 37/07, 50/10, 78/11, 20/14, 68/17, 113/18, 82/19).
- Закон за парнична постапка на Република Српска („Службен весник на Република Српска“ 58/03, 85/03, 74/05, 63/07, 45/09, 49/09, 61/13).
- Закон за судовите на Република Српска („Службен весник на Република Српска“, 37/2012, 14/2014 – Одлука на Уставен суд, 44/15, 39/16 – Одлука на Уставен суд, 100/17).
- Закон за Центар за обука на судии и обвинители на Република Српска („Службен весник на Република Српска“, 34/02, 49/02, 77/02, 30/07).
- Закон за заштита од клевета на Република Српска („Службен весник на Република Српска“, 37/2001).

Округ Брчко БиХ

- Закон за извршна постапка во округот Брчко БиХ („Службен весник на округот Брчко БиХ“, 39/13, 47/17).
- Закон за неспорна постапка на округот Брчко БиХ („Службен весник на округот Брчко БиХ“ 5/01, 36/17).
- Закон за нотаријат во округот Брчко БиХ („Службен весник на округот Брчко БиХ“ 9/03, 17/06).
- Закон за парнична постапка во округот Брчко БиХ („Службен весник на округот Брчко БиХ“ 28/18).
- Закон за судовите на областа Брчко БиХ („Службен весник на округот Брчко БиХ“ 80/20 – консолидирана верзија).

Релевантни билатерални договори за правна помош (земји од Западен Балкан):

- Босна и Херцеговина – Србија

Договор помеѓу Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓански и кривични предмети од 24.2.2005 година. Овој договор е изменет и во моментов ги обврзува само БиХ и Србија („Службен весник на БиХ“ – Меѓународни договори, бр. 11/2005, 8/2010).

Протокол за соработка помеѓу Министерството за правда на БиХ и Министерството за правда на Србија од 28.4.2006 година.

- Босна и Херцеговина – Црна Гора

Договор помеѓу Босна и Херцеговина и Црна Гора за правна помош во граѓански и кривични предмети од 9.7.2010 година („Службен весник на БиХ“ – Меѓународни договори, бр. 7/2011).

Протокол за соработка помеѓу Министерството за правда на БиХ и Министерството за правда на Црна Гора од 11.4.2008 година.

- Босна и Херцеговина – Хрватска

Договор помеѓу Владата на Република Хрватска, Владата на Босна и Херцеговина и Владата на Федерацијата Босна и Херцеговина за правна помош во граѓански и кривични предмети од 26.2.1996 година („Службен весник на БиХ“ – Меѓународни договори, бр. 1/96, 11/2005).

- Босна и Херцеговина – Северна Македонија:

Договор помеѓу Босна и Херцеговина и Република Македонија за правна помош во граѓански и кривични предмети од 17.9.2005 година („Службен весник на БиХ“ – Меѓународни договори, бр. 16/2006).

- Босна и Херцеговина – Словенија

Договорот помеѓу Босна и Херцеговина и Република Словенија за правна помош во граѓански и кривични предмети од 21.10.2009 година („Службен весник на БиХ“ – Меѓународни договори, бр. 7/2010).

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: КОСОВО

Автор

Доника Ќерими

Извршно резиме

Овој извештај дава информации за признавањето и извршувањето странски пресуди во Република Косово. Со оглед на тоа што ова е прашање од областа на меѓународно приватно право, косовскиот Закон за меѓународно приватно право (ЗМПП) – наследен од времето на Југославија – е во центарот на оваа анализа. Извештајот ги нагласува разните недостатоци на овој застарен закон и ги претставува измените што најверојатно ќе се направат при претстојната реформа на МПП што ќе се случи таму.

Одлуките за признавање и извршување странски пресуди во Косово се во надлежност на основните судови, но нивното извршување вклучува и приватни извршители. Условите за признавање и извршување се прилично едноставни и споредливи со ЗМПП на други места – правосилност на пресудата, некршење јавни политики, некршење процесни права, непостоење спротивни пресуди и, најважно, реципроцитет. Извештајот покажува дека постои ограничено и неконзистентно искуство на косовските судови во врска со признавањето и спроведувањето странски пресуди, а особено во граѓански и трговски предмети.

Една од клучните одредби на Хашката конвенција за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски работи од 2019 година, член 5, ги пропишува основите за надлежност врз основа на кои може да се признае донесената пресуда. За да се овозможи споредба помеѓу овие основи и оние што се овозможени во Косово, дадена е темелна анализа на критериумите за општа, посебна и исклучива надлежност во Косово. Конвенцијата за пресуди користи вообичаено престојувалиште како точка на врзување за општа надлежност, додека, пак, косовскиот ЗМПП користи живеалиште. Основата за посебна надлежност што произлегува од договорни предмети е исто така многу сложена во Косово, имајќи го предвид недостигот на јасност во две клучни одредби. Моментално не постојат правила за посебна надлежност врз основа на локацијата на недвижниот имот.

Се очекува да има многу повеќе конвергенција на јурисдикционите критериуми помеѓу Конвенцијата за пресуди и Косово откако ќе биде усвоен новиот ЗМПП, што се надеваме дека ќе се случи наскоро. Сите правила од (нацртот на) новиот ЗМПП се засновани врз Брисел I – бис Регулативата. *Оваа конвергенција е важна за слободен проток на пресуди донесени во Косово или за кои е побарано признавање таму, со надеж дека ќе ја олесни оваа мисија што моментално е многу попречена поради сложената ситуација што е поврзана со неговото признавање како независна држава во странство.*

Конечно, извештајот дава и анализа на постапката за признавање и извршување, како и правна и институционална рамка преку која се врши оваа постапка.

1. Правна рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Прекуграничното признавање и извршување на странски пресуди во Косово е предмет на меѓународното приватно право. Оваа правна област е регулирана во Косово со Законот за решавање на судирите на законите, со одредби од другите држави во одредени односи[198], познат под името Закон за меѓународно приватно право. Со цел поедноставување, во овој Извештај ќе се нарекува „косовски ЗМПП“. Тој е еден од неколкуте закони од периодот на поранешната СФРЈ што продолжува да се применува во повоено Косово[199]. До законот

198 „Службен весник на СФРЈ“ бр. 43/82 и 72/82, 23.7.1982 г.

199 Спроведувањето на овој закон е овозможено со Регулативата на УНМИК бр. 2006/12. 1999/24 од 12.12.1999 година, која ги остава во сила сите закони од пред март 1989 година што немаат никакви дискриминаторски одредби. Истиот закон е прифатен и продолжува да се применува во Република Србија и во Босна и Херцеговина.

не постои лесен пристап на албански јазик и нема пречистена[200] верзија што е објавена на интернет за потребите на професионалците од областа на правото. Иако е прилично застарен, овој закон содржи правила што ги регулираат сите аспекти од граѓанските правни односи со странски елемент: правилата за определување надлежно законодавство, правилата за определување надлежност (јурисдикција) на наши судови во граѓански постапки со странски елемент, како и правилата за признавање и извршување странски пресуди. Дополнително, овој закон нема богата традиција на примена во Косово и не е ни детално анализиран од страна на научната заедница. Затоа, за толкување на одредбите од овој закон, потребно е да се земат предвид толкувањата на научната заедница од регионот на Западен Балкан, како и судската практика во овие држави[201].

Во меѓувреме, Косово е во постапка на усвојување нов ЗМПП[202]. Неговите одредби и измените што тие ги носат се вклучени во овој извештај, колку што е тоа можно.

Како што ќе биде претставено во анализата подолу, косовскиот ЗМПП остава многу неодговорени прашања. Поради тоа што е таков, многу е важно да се применат други домашни закони за да се надополнат овие одредби. Еден таков важен извор е Законот за парнична постапка[203] – еквивалент на Законот за граѓанска постапка – што дава корисни дополнувања во врска со постапката за надлежност, како и за признавањето странски пресуди. Општо земено, овој закон дава функционална основа. Меѓутоа, треба да се напомене дека верзијата на англиски јазик е прилично лош превод и нејзиното читање секогаш треба да биде проследено со читање на некој од локалните јазици.

Имајќи предвид дека постапката за признавање и извршување на странските пресуди е вонпарнична[204], еден од клучните извори е и Законот за вонпарнична постапка[205]. Дополнително, имајќи предвид дека косовскиот ЗМПП има само две основни одредби за извршување странски пресуди, улогата на Законот за извршна постапка[206] е клучна за дообјаснување на оваа постапка.

И други посебни закони и прописи се спомнати во овој извештај, каде што е потребно, за да се разјаснат важни прашања, а особено во Делот 5 за меѓународна надлежност.

Потребен е многу повнимателен преглед со цел проценување на улогата на меѓународните договори и на Косово[207]. Поради неговата оспорена државност, Косово не е членка на Хашката конференција за меѓународно приватно право, туку е само придружна членка. На Косово му беше само дозволено да пристапи на првата Конвенција во 2015 година[208], а тоа беше проследено со голем број приговори и изјави од страна на Србија, а потоа и од други држави потписнички[209].

Со оглед на тоа што било дел од поранешна Југославија, која била потписничка на многу вакви конвенции[210], голем број од тогаш потпишаните конвенции се применуваат во Косово. Иако локалната научна заедница е на мислење дека овие конвенции се наследени од

200 Сите објавени версии сè уште ги содржат термините „Југославија“, „југословенски судови“ и сл.

201 Босна и Херцеговина и Србија продолжуваат да го спроведуваат овој закон до денешен ден. Пред тоа, Законот/-ите за МПП на Северна Македонија беа речиси од збор до збор усвоени верзии од истиот закон. Затоа, нивните судски практики и доктрини постојано се спомнуваат во овој извештај.

202 Рана верзија на овој нацрт-закон е достапна на: https://kryeministri-ks.net/wp-content/uploads/2018/08/projektligji-p%c3%8br-t%c3%8b-drejt%c3%8bn-nd%c3%8brkomb%c3%8btare-private.pdf. Поновата и подобрена верзија на овој нацрт за последен пат е расправана во Собранието на Република Косово на 19.11.2020 г. Авторот е еден од членовите на работната група што работеше на законот и во овој извештај се спомнува последната верзија од нацртот.

203 Закон бр. 03/Л-006 за парнична постапка, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2583.

204 Видете: Дел 6.3 подолу.

205 Официјалниот англиски назив е Закон бр. 03/Л-007 за вонпарнична постапка, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2608.

206 Закон бр. 04/Л-139 за извршна постапка, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2870.

207 За сумарен преглед на оваа материја, видете: Доника Ќерими, „Западен Балкан“, во *Избор на законодавство во меѓународни трговски договори*, Меѓународно приватно право (Оксфорд: Оксфорд Јуниверсити Прес, 2021).

208 *Хашка конвенција од 5.10.1961 г. за укинување на потребата за легализација на странски јавни исправи („Конвенцијата за апостил“); видете:* <https://www.hcch.net/de/news-archive/details/?varevent=438>.

209 Видете: <https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/status-table/notifications/?csid=1319&disp=resdn>.

210 Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, „Србија“, во *Клуверовата Енциклопедија на меѓународно приватно право* (Волтерс Клувер, 2018), 22.

страна на Косово[211], ова не е одразено на веб-страницата на Конференцијата каде што се наведени и ажурирани статусите на секоја Конвенција.[212] Ова не е одразено ниту наведено од страна на Министерството за надворешни работи и дијаспора[213]. Оваа работа подетално ќе биде обработена подолу во Делот 4.2.

За разлика од државите од регионот, кои потпишале голем број билатерални меѓународни договори, Косово има само ограничен број билатерални договори што регулираат различни области од меѓународното приватно право. Според Министерството за надворешни работи, Косово поминало низ процес на ратификација на договори со Австрија, Обединетото Кралство, Белгија, Германија, Финска и со Република Чешка[214]. Меѓутоа, објавени се само усни пораки за успехот на договорите со Австрија[215] и со Обединетото Кралство[216] во Службениот весник. Содржината на овие договори не е точно позната затоа што договорите не се објавени[217]. Договорите што се релевантни за признавањето и извршувањето на пресудите можеби се оние општи за меѓународна правна соработка во граѓански работи[218].

2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.1. Преглед на правните одредби што ги определуваат чинителите за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Општо земено, прекуграничното признавање и извршување странски пресуди во Косово ги вклучува судовите, приватните извршители, а потенцијално и Министерството за правда на Република Косово.

Правната рамка што ги определува чинителите во овие предмети бара многу холистички пристап затоа што одредбите се расфрлени во голем број закони, меѓу кои се: ЗМПП, Законот за судовите, Законот за парнична постапка, Законот за извршна постапка, Законот за вонпарнична постапка и Законот за арбитража. Овие закони се посебно спомнати во следниот дел.

2.2. Чинители што го спроведуваат во практиката прекуграничното

211 Видете најново: Hajredin Kuçi, “E Drejta Ndërkombëtare Private Në Kosovë,” in *Hyrje Në Sistemin Ligjor Në Kosovë* (Prishtine, Kosove: Akademia e Drejtësisë, 2019), 103-40.

212 Видете го статусот на сите текстови овде: https://www.hcch.net/en/instruments/status-charts.

213 По барањето за пристап до овие јавни исправи пратено до Министерството за надворешни работи и дијаспора во октомври 2020 година, на авторот му беше пратен список на успешни договори со многу држави, но ниеден од нив не е конвенција од Хашката конференција. Спомнати се три договори за олеснување на спроведувањето на Хашките конвенции помеѓу Франција и Југославија.

214 Видете: http://www.mfa-ks.net/al/ministria/541/marrveshjet-ndrkombtare/541.

215 https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=8520

216 https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=8543

217 По пратеното барање за пристап до овие јавни исправи до Министерството за надворешни работи и дијаспора, на авторот му беше пратен список со успешни договори (видете го списокот во фуснотата подолу), како и некои од оригиналните текстови на успешните договори.

218 Од практиката на Одделот за меѓународна правна соработка при Министерството за правда, ова се релевантните успешни договори: со Сојузна Република Австрија: Договор за признавање и извршување заеднички судски одлуки и споредби во трговски предмети, 18.3.1960 г.; Договор за заемно признавање и извршување алиментација, 10.10.1961 г.;

Со Обединетото Кралство: Конвенција помеѓу Неговото Височество од името на Велика Британија и Кралот на Југославија во врска со правни постапки во граѓански и трговски предмети (Лондон, 27.2.1936 г.).

Со Кралството Белгија: Договор помеѓу Кралството Белгија и Социјалистичката Федеративна Република Југославија за заемна судска помош во граѓански и трговски предмети (24.9.1971 г.); Конвенција помеѓу Кралството Белгија и Социјалистичката Федеративна Република Југославија за признавање и извршување на пресудите за алиментациски обврски (12.12.1972 г.);

Со Чешката Република: Договор помеѓу СФРЈ и СР Чехословачка за регулирање на правните односи во граѓански, семејни и кривични предмети;

Со Република Франција: Договор помеѓу Република Франција и Социјалистичка Федеративна Република Југославија со цел олеснување на спроведувањето на Хашкиот договор од 1.3.1954 г. за граѓанска постапка, потпишан на 29.10.1969 г.; Договор помеѓу Владата на Република Франција и Социјалистичка Федеративна Република Југославија за Законот за надлежност над правата на лива и семејства, потпишан во Париз на 18.5.1971 г.; Договор помеѓу Владата на Република Франција и Социјалистичка Федеративна Република Југославија за признавање и извршување пресуди во граѓански и трговски предмети, потпишан во Париз на 18.5.1971 г.

признавање и извршување странски судски одлуки

2.2.1 Судови

Косовскиот Закон за судовите[219], член 12.2, ги овластува основните судови „да даваат меѓународна правна помош и да одлучуваат за усвојување одлуки на странски судови“. Предметите за признавање на извршување странски пресуди спаѓа во надлежност на Одделот за општи работи, со исклучок на признавање и извршување странски награди од арбитража што спаѓа под надлежност на Одделот за трговски предмети[220]. Вториот е овластен да пресудува спорови помеѓу домашни и странски деловни организации во сите трговски работи, како и смеќавање на владение (со исклучок на недвижен имот)[221].

Постои правна иницијатива за основање нов одделен Трговски суд[222]. Во својот нацрт-член 3.3, овој нацрт-закон предвидува првостепените судии од овој суд да добијат овластување за признавање и извршување странски пресуди. Имајќи предвид дека овој суд се очекува да се пополни со судии што се специјализирани за трговски предмети, овие вести се навистина добредојдени. Ова особено важи кога се земаат предвид предизвиците што се среќавани досега при признавање и извршување пресуди, а кои ќе бидат претставени подолу во Делот 3.

2.2.2 Административни институции

Членот 92 од косовскиот ЗМПП бара судот да се повика на „органот одговорен за спроведување на правдата“ кога има сомнежи дали постои реципроцитет со одредена држава. Административното упатство за постапката за нудење меѓународна правна помош во кривични и граѓански предмети[223] му дава вакво овластување на Министерството за правда, Оддел за меѓународна правна соработка. Имајќи ги предвид многуте мани на ова административно упатство, подготвен е Закон за меѓународна правна соработка во граѓански предмети и се надеваме дека може набргу да биде усвоен[224]. Овој закон[225] ја појаснува улогата на Министерството за правда како централен орган, меѓу другите, за предавање барања за заемна правна помош помеѓу судовите од Косово и од странство, но дава и правна основа за судовите да комуницираат директно, кога е потребно.

2.2.3 Правници – адвокати и нотари

Во постапката за признавање и извршување странска судска одлука, странките често се помагани од страна на адвокати, имајќи ги предвид конкретните аспекти на тие случаи. Меѓутоа, правното застапување од страна на адвокат не е задолжително во таква постапка. Адвокатите во Косово се сметаат за слободна правна професија и се регулирани со Законот за адвокатска комора. [226] На странските адвокати им е дозволено да се занимаваат со адвокатура во Косово, но само под услов на реципроцитет.[227]

Друга важна слободна правна професија во Косово се нотарите, иако тие не играат значителна улога во постапката за признавање и извршување странски пресуди. Нивната

219 Закон бр. 06/Л-054 за судовите, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=18302.

220 Член 39.2 од косовскиот Закон за арбитража, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=2579.

221 Членови 12.2., 1.1. и 1.2. од Законот за судовите.

222 Видете го нацрт-законот што е достапен на: https://konsultimet.rks-gov.net/viewConsult.php?ConsultationID=40935.

223 Административно упатство за постапка за давање меѓународна правна помош во кривични и граѓански предмети, бр. 01-1265 (2009).

224 Видете во идејниот документ каде што детално се претставуваат маните на сегашната состојба и предложените решенија на: https://kryeministri-ks.net/wp-content/uploads/2018/12/Koncept-Dokumenti-p%C3%ABr-Fush%C3%ABn-e-Bashk%C3%ABpunimit-Juridik-Nd%C3%ABrkomb%C3%ABtar-n%C3%AB-%C3%87%C3%ABshtjet-Civile-MD-Shqip.pdf.

225 Авторот беше дел од работната група што работела на нацртот. Изработена е нацрт-верзија на законот и се очекува тој набргу да влезе во постапка за усвојување.

226 Закон бр. 04/Л-193 за адвокатска комора, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=8673.

227 Член 40 од Законот за адвокатска комора.

функција е регулирана со Законот за нотаријат.[228] Двете професии се управувани од страна на нивните комори, а ги надгледува Министерството за правда, Одделот за слободни правни професии.

2.2.4 Извршители

Во рамките на извршната постапка, и судовите и приватните извршители се означени како извршители.

Прашањата поврзани со семејното право и враќањето вработени и јавни службеници на работа (и нивните надоместоци) спаѓаат исклучиво во извршните надлежности на судовите. Другите прашања се оставени на приватните извршители, па затоа е клучна нивната улога во постапката за извршување странски пресуди. Но, без оглед на ова, приватните извршители се ангажираат штом одлуката за признавање и извршување странска пресуда е донесена од страна на надлежен суд во Косово. Како што ќе биде прикажано подолу, странската пресуда поминува постапка за признавање и извршување пред основниот суд на конкретна територија во Косово, а нејзиното извршување, вклучувајќи го и рокот за доброволно извршување, е определено во одлуката на судот[229]. Странска пресуда станува извршна исправа само по признавање од страна на косовските судови[230]. Потоа приватен извршител подготвува налог врз основа на предлогот за спроведување извршување (поднесен од странката), па го спроведува извршувањето со цел исполнување на барањето на доверителот врз основа на извршна исправа[231].

Извршителската професија главно е регулирана со Законот за извршна постапка и другото секундарно законодавство[232]. Нив секојдневно ги управува Комората на приватни извршители, а ги надгледува Министерството за правда.

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Овој Извештај ќе ги покаже многубројните општи недостатоци на правната рамка во Косово во областа на меѓународното приватно право. Меѓутоа, позагрижувачка работа е професионализмот на судиите[233] во справувањето со признавањето и извршувањето на странските пресуди. Како оградување, прво треба да се напомене дека ниту една од државите во регионот не признава правна практика како извор на право.[234] Малку поголемо значење им се придава на доктриналните написи, иако авторите се согласуваат дека ни тие не претставуваат извор на право.[235]

Како второ оградување, треба да се напомене дека пресудите на судовите во Косово започнаа да се објавуваат многу неодамна во Косово[236]. Иако навидум објавувањето е механизам за усогласување, тој често е неефективен. На пример, пребарувањето клучни зборови ретко ги прикажува сите резултати, затоа што многу пресуди се објавени како скенирани фотографии. Дополнително, кое било пребарување преку интернет би било недоволно затоа што се објавени одлуките само од 2018 година наваму. И најважно, случаите на признавање и извршување странски судски одлуки, регистрирани под „civile të

228 Закон бр. 06/Л–010 за нотаријатот, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=18334.

229 Член 24 од Законот за извршна постапка.

230 Член 22.1.5 од Законот за извршна постапка.

231 Член 5.3 од Законот за извршна постапка.

232 Достапен е под опцијата „Видете ги подноормативните акти“: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2870.

233 Косово неодамна објави национална Нацрт-стратегија за владеење на правото, која ги идентификува големите мани поврзани со професионализмот на судиите воопшто во Косово. Нацртот е достапен на: https://konsultimet.rks-gov.net/viewConsult.php?ConsultationID=41053.

234 Погледнете ги националните извештаи за овие држави во Елгаровата енциклопедија на МПП (2017), која е цитирана во овој Извештај. Не постои национален извештај за Косово.

235 Ibid.

236 Видете на пр. веб-страницата на Основниот суд во Приштина: https://prishtine.gjyqesori-rks.org/publikimet/aktgjykimet/?r=M.

ndryshme“ или „miscellaneous civil matters“, не се објавуваат[237].

Поради тоа, спомнувањата на правната практика во овој Извештај се резултат на сопственото истражување на веб-страницата на Основниот суд во Приштина низ многубројни пребарувања во текот на 2017 и 2020 година[238]. Тие пребарувања на самото место покажуваат дека постојат големи неусогласености во пристапот кон признавање и извршување странски пресуди. Овој заклучок важи барем за Основниот суд во Приштина. Меѓутоа, со оглед дека тој е основен суд за главниот град, може разумно да се очекува дека неговите одлуки ќе служат како пример за другите судови во државата.

Најголемото мнозинство од пресудите за кои е побарано да се извршат се одлуки во семејни предмети, а особено разводи[239]. Дури и во овие семејни предмети постојат различни пристапи, каде што одлуки што произлегуваат од држави што не го признаваат Косово се праведно признаени[240], а други се одбиваат по основ недостиг на реципроцитет[241]. Дополнително, постои значителна нејасност на самите одлуки. Одлуките се обично многу кратки и судот дава многу мало образложение зошто одлуката е одбиена. Ова е делумно поради стандардната формулација што можеби се копира во секоја одлука, на пр. пасуси што ги истакнуваат потребните формални барања за исправи што треба да се поднесат. Чест е случајот кога истата одлука содржи „затоа, со оглед на тоа што предлогот не ги исполнува правните критериуми за признавање...“, а потоа пак заклучува со „затоа, со оглед на тоа што барателот не постапил согласно известувањето од судот...“[242]. Пред таквите заклучоци, кога станува збор за пресуди од држави што не го признаваат Косово, судот исто така го повторува истиот пасус дека не постои реципроцитет и не постојат меѓународни договори помеѓу Косово и таа конкретна држава[243]. Поради ова, тешко е читателот да разбере дали признавањето на пресудата е одбиено врз основа на формални барања или поради недостиг на реципроцитет.

Наместо заклучок, за жал, мора да се согласам со изјавите на колегите албански научници, кои наведоа дека „е прерано да се зборува за солидна судска практика на албанските судови во ова поле“.[244] Овој заклучок, несомнено, важи и за Косово.

Постојат малку или воопшто не постојат податоци што конкретно се однесуваат на функционирањето на постапката за извршување, а особено со улогата на приватните извршители. Многубројни практични предизвици се препознаени во извршната постапка, кои потоа доведоа до нејзино изменување и дополнување во 2017 година[245]. Националната стратегија за владеење на правото наведува дека постои потреба да се зајакне Комората на извршители, да се зголеми бројот на приватни извршители и да се осигури подобро географско распоредување, како и еднообразен систем за собирање податоци за да се овозможи подобар преглед на севкупното функционирање на системот[246].

Институцијата што е одговорна за обуки и развој на капацитети на судиите во Косово е косовската Академија за правосудство. Не постојат специјални обуки за предмети од меѓународното приватно право. Предметите со странски елемент вообичаено се

237 Заклучно со 3.5.2020 година, само еден случај од „други граѓански предмети“ се појавува на веб-страницата.

238 Освен ова, при вршењето пребарување на судската практика за својот докторат и статии за списанија, авторот има лично искуство каде што морал да врши пребарување на самото место во судовите во Косово. Обидите да се изврши такво пребарување се вообичаено пречекани со високи бирократски пречки и речиси никогаш не ги даваат посакуваните резултати. Неодамна, некои компании во регионот започнаа да даваат услуги со претплата за сумарни прегледи на правната практика од други држави, но без можност да се види целата пресуда.

239 Дури и за далечни држави, како што е Бразил. Видете ја одлуката на Основниот суд во Приштина Ц.Н. бр. 8/2015 од 16.2.2015 година.

240 Одлука на Основниот суд во Приштина Ц.Н. бр. 42/17, од 17.7.2017 година за признавање пресуда што потекнува од Србија.

241 Одлука на Основниот суд во Приштина Ц.Н. бр. 383/19, 1.11.2019 година за одбивање пресуда за развод издадена во Босна и Херцеговина и Одлука на Основниот суд во Приштина Ц.Н. бр. 349/19 од 10.12.2019 година за одбивање пресуда за развод издадена во Словачка.

242 Ibid, двете одлуки.

243 Ibid, двете одлуки.

244 Аида Гугу Бушати и Нада Долани, „Албанскиот ЗМПП и неговото спроведување во судската практика“ (2016) 18 Анали на Правниот факултет при Универзитетот во Зеница 147, 147.

245 Проект на ЕУ „Поддршка за слободните правни професии и адвокатската комора“ (EuropeAid/136612/DH/SER/XK) – „Прелиминарен извештај за предизвиците за слободните правни професии“, март 2017.

246 Страници од нацртот бр. 17 и 31-32; достапни на: https://konsultimet.rks-gov.net/viewConsult.php?ConsultationID=41053.

обработуваат на обуки за некоја поширока тема. На пример, обука за надлежноста на судовите во трговски предмети сега ќе стане составен дел на обуката за странски применливи инструменти на полето на трговското право[247]. Обуката за признавање и извршување странски пресуди се дава само како една од темите во рамките на обуката за меѓународна правна соработка во кривични и граѓански предмети[248]. Не се вршат други специјални обуки за оваа конкретна тема.

4. Економски и политички аспекти во врска со спроведувањето на Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година

4.1 Главни увозни и извозни трговски партнери

Косово е држава потписничка на Договорот ЦЕФТА[249]. Таа има голем трговски дефицит од околу 3,113 милијарди евра[250]. Косовската Агенција за статистика неодамна извести за големо зголемување од 92,2 % на извозот на стоки и зголемување од 51,8 % на увозот, во споредба со 2020 година[251].

Главните трговски партнери се некои држави од ЕУ и државите од регионот ЦЕФТА. Извозот во државите од ЦЕФТА е повисок отколку во државите од ЕУ[252]. Главните партнери членови на ЦЕФТА за извоз се Албанија (16,2 %), Северна Македонија (12,2 %), Србија (5,8 %) и Црна Гора (3,3 %). Главните партнери членови на ЕУ за извоз се Италија (10,6 %), Германија (7,1 %) и Холандија (2,5 %)[253].

Главните партнери членови на ЦЕФТА за увоз се Србија (5,9 %), Северна Македонија (5,6 %) и Албанија (5,5 %). Трговските партнери за увоз се Германија (14,8 %), Италија (6,1 %), Грција (5,9 %) и Словенија (3,6 %)[254].

Другите клучни трговски партнери за извоз се САД (14,3 %) и Швајцарија (7,8 %), додека, пак, Турција (12,8 %) и Кина (8,7 %) се клучни партнери за увоз[255].

Помеѓу главните предизвици што го ограничуваат извозот и зависноста од увоз што ги препозна Министерството за трговија се следниве: слаб производен сектор, ограничен напредок на квалитетот и иновациите, барања за патнички визи, нецарински бариери и други институционални бариери, како што се недостиг на персонал во косовската Агенција за храна и ветеринарство[256].

Меѓутоа, има повеќе надеж во трговијата со услуги. Услугите го сочинуваат најголемиот сектор од косовската економија, чиј придонес за создавањето вкупна домашна додадена вредност постојано расте[257]. Извештаите покажуваат дека извозот на услуги пораснал до 78,2 % од вкупната трговија во овој сектор во 2017 и 80,96 % во 2018 година[258]. Истите извештаи покажуваат дека во 2018, 75,7 % од вкупниот косовски извоз на услуги

247 Првата пилот-обука од страна на авторот ќе биде извршена во јуни 2021 година на тема „Спроведување и одлики на меѓународните инструменти, директиви и регулативи на ЕУ за трговски, фискални и царински предмети“.

248 Одговор од Академијата за правосудство на барањето од авторот во врска со оваа работа од 26.4.2021 година.

249 https://cefta.int/cefta-parties/.

250 Министерство за трговија и индустрија на Република Косово, „Анализа на трговската политика: фактори што го ограничуваат растот на извоз на стоки“, август 2020 г., достапна на: https://mint.rks-gov.net/desk/inc/media/9AA24A4B-6ECF-4D67-91ED-A9D29F23D004.pdf.

251 Косовска Агенција за статистика, Надворешна трговија со стоки, март 2021 година.

252 Ibid: 8, 24,3 милиони евра во државите од ЦЕФТА и 19,8 милиони во државите од ЕУ.

253 Ibid.: 8.

254 Ibid.

255 Ibid.

256 Министерство за трговија и индустрија на Република Косово, „Анализа на трговската политика: фактори што го ограничуваат растот на извоз на стоки“, август 2020 г., достапна на: https://mint.rks-gov.net/desk/inc/media/9AA24A4B-6ECF-4D67-91ED-A9D29F23D004.pdf.

257 Луис Абугатас, Шќипе Јашари Секирача и Џорџина Бами „Трговија со услуги на Косово со државите членки на ЕУ и ЦЕФТА“, достапна на: https://mint.rks-gov.net/desk/inc/media/7010F0DF-B3D8-42C3-9C59-CBCC2565A04F.pdf.

258 Ibid.: 1.

е регистриран во држави членки на ЦЕФТА и ЕУ. Во 2018 година, 61,44 % од вкупниот косовски увоз на услуги потекнувал од држави на ЕУ и ЦЕФТА.

4.2 Политички аспекти во врска со спроведувањето на Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година

Како што накратко е прикажано погоре, членството на Косово во меѓународни организации, како што е НССН, е спречено поради спорниот политички статус. Овие конвенции функционираат преку систем на „сестринство“, каде што државите членки се договараат да ги унифицираат правилата на меѓународното право во сите нив, па ова води до полесна меѓусебна соработка во различни постапки пред надлежните тела во секоја држава, а во крајна линија и до признавање на меѓусебните одлуки. Оваа привилегија не е автоматски признаена за оние држави што не се членови на конференцијата, во еден или во друг облик.

Иако Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година е отворена за потпишување од страна и на држави што не се членки, придржувањето на Косово кон оваа Конвенција може да биде проследено со голем број предизвици. Поради тоа, не само што има долга и сложена постапка за придржување кон Конференцијата, туку постои и можност дадена во секоја Конвенција дека државите потписнички на таа конвенција може да вложат оградувања и изјави во врска со примената на тој инструмент (или негов дел) за одредена држава. Токму ова се случи со единствената конвенција на која официјално потписник е Косово – Конвенцијата за апостил – за која Србија даде изјава дека ќе се спротивстави на нејзиното потпишување од страна на Косово[259].

Се разбира, Србија е една од најактивните држави во спротивставувањето на државноста на Косово. Според нејзиниот устав, Косово е нејзин составен дел како автономна покраина[260]. Иако овој став е во целосна спротивност со политичката реалност[261] или со аспекти на МПП[262], сепак тоа го спречува протокот на пресуди помеѓу овие две држави. Пресудите донесени од судовите на Република Косово не се признаени од српските судови и може дури и да се сметаат против нивниот уставен поредок. Доколку и Косово и Србија изберат да се придржуваат до Конвенцијата за пресуди, постои голема веројатност дека Србија ќе поднесе известување согласно членот 19 (изјави во врска со пресуди што се однесуваат на некоја држава), што е дозволено во членовите 29 и 30.

Други држави што може да бидат поттикнати да поднесат вакви известувања се Босна и Херцеговина од регионот, пет држави членки на ЕУ што не ја признаваат независноста на Косово – Шпанија, Грција, Кипар, Словачка и Романија – и Кина и Русија, како други два големи политички противници на косовската независност.

Иако Косово нема посебна причина (освен политичката чувствителност) да поднесе вакво известување дури ни спрема Србија, кое било од известувањата од овие држави би било доволно да го оневозможи функционирањето на Конвенцијата за пресуди помеѓу нив две. Ова е затоа што членот 29.1 пропишува дека Конвенцијата ќе има важност помеѓу две држави потписнички само доколку ниедна од нив не го известила депозитарот во врска со другата согласно став 2 или 3.

Од друга страна, Косово може да поднесе известување согласно членот 18 (изјави во врска со посебни работи) во врска со признавањето и извршувањето на одлуките на

259 Видете: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/status-table/notifications/?csid=1319&disp=resdn, и видете го на пр. одговорот на Швајцарија: https: // www.hcch.net / en / instruments / conventions / status-table / notifications /? csid = 349 & disp = resdn.

260 Член 182, Устав на Република Србија од 2006 година. Статусот на „Косово и Метохија“ како автономна покраина е изедначен со територијата на Војводина во рамките на Србија.

261 Косово е признаено од страна на 117 држави како независна држава. Видете: https://www.mfa-ks.net/politika/484/lista-e-njohjeve/484.

262 Видете: Советодавно мислење на Меѓународниот суд за правда за „Усогласеноста со меѓународното право на едностраното прогласување на независност во врска со Косово“ од 22.7.2010 година.

паралелните судови што функционираат на Косово подолг временски период, но де факто се под надлежност на српската влада и претпоставена надлежност над Косово од страна на потесна Србија, или кои функционирале на територијата на Косово[263]. Меѓутоа, овие судови се дискутирани и во политичкиот преговарачки процес помеѓу Косово и Србија преку договор за правосудство и интеграција на паралелните правосудни структури во Косово[264]. Затоа, оваа работа можеби ќе треба подетално да се анализира во светло на тој процес кога ќе дојде време.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција за пресуди на НССН од 2019 година265

5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште)

Иако Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година го избрала вообичаеното престојувалиште на лицето против кое се бара признавање или извршување (потенцијалниот туженик), југословенскиот Закон за МПП го избрал живеалиштето како точка на врзување за општа надлежност. Членот 46 дава овластување на националните судови да определат надлежност во случаи каде што туженикот има живеалиште во државата или, во случај на правни лица, има седиште таму. Како алтернатива, во случај на неуспех да се утврди живеалиште во некоја друга држава, косовските судови ќе имаат надлежност доколку лицето *престојува* во која било од овие држави.

Меѓутоа, престојувалиштето (не вообичаеното престојувалиште) е исто така основа за надлежност тука, но само доколку лицето е и државјанин на државата. Затоа, без оглед на живеалиштето на лицето, доколку туженикот е државјанин на Косово и престојува таму, овие судови имаат надлежност против него.

Важно е да се нагласи дека терминологијата на Западниот Балкан за основа за општа надлежност може да биде прилично збунувачка во очите на странски адвокат или научник. Југословенскиот Закон за МПП, кој до пред една деценија се применуваше во други поранешни југословенски држави, е еден од изворите за оваа забуна. На српски (еден од оригиналните јазици на законот), во членот 46 се користи терминот „prebivalište“, како основа за општа надлежност за југословенските судови. Терминот е преведен како „permanent residence“ во англиските верзии што досега се достапни на интернет[266]. Меѓутоа, научната заедница го идентификувала ова „недоразбирање“ и, кога пишува на англиски јазик, го наведува овој јурисдикционен критериум како „domicile“[267]. Можеби степенот на забуна може да се влоши поради недостиг на дефиниција за „domicile“ или поради непостоењето на терминот во официјалните јазици. Оваа работа, и порано, а и денес, е оставена на другите – домашни – закони и тоа ја спречува еднообразноста, што

263 Мисија на ОБСЕ во Косово, Оддел за човекови права и владееење на правото, „Паралелни структури во Косово“: 5, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/1/42584.pdf.

264 Видете: https://balkaninsight.com/2015/02/10/belgrade-pristina-reach-deal-on-judiciary/.

265 Претходните верзии од анализата содржани во овој Дел се објавени како дел од докторската дисертација на авторот во Доника Ќерими, „Надлежност во меѓународни спорови во трговски предмети: Споредба помеѓу Брисел I – бис Регулативата и Западен Балкан“ (Универзитет во Гент, 2019 г.).

266 Денес не постои достапен официјален превод на законот. Верзијата што е цитирана тука е достапна преку веб-страницата на српското Министерство за правда, на: http://arhiva.mpravde.gov.rs/images/Law%20on%20resolving%20conflict%20of%20law_180411.pdf. Во неколкуте верзии што се достапни на интернет, вклучувајќи и кога законот е приложен како анекс на официјален извештај на црногорската влада, постои оваа форма на преводот. Министерството за правда на Косово има прилично подобрен превод, веројатно повторно преведен од страна на Мисијата на ОН во Косово, кој послужил како канал за комуникација со други држави и чии надлежности, случаи и материјали биле подоцна наследени од страна на косовското Министерство за правда. Единствено оваа подобрена верзија го користи терминот „domicile“. Таа, исто така, има подобар превод за многу други термини што се анализирани во ова Поглавје, што ќе биде образложено тука.

267 Видете на пр. Маја Костиќ, Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, „Црна Гора“, во *Клувеовата енциклопедија на меѓународно приватно право*, 2013, Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, „Србија“, во *Клувеовата енциклопедија на меѓународно приватно право*, 2009, Костиќ, Станивуковиќ и Живковиќ, „Црна Гора“.

ќе биде покажано подолу[268].

Српската научна заедница го толкувала терминот „domicile“ (живеалиште) во членот 46 од ЗМПП во врска со нивниот домашен закон[269]. Научниците објаснуваат дека тој „се состои од двата стандардни елементи на поимот живеалиште – објективниот и субјективниот елемент (корпус и анимус). Објективната компонента на живеалиштето е формирање нечиј дом на одредено место, а субјективната компонента е нечија намера трајно да се насели во тоа место. Преку толкувањето на членот 3 став 2 може да се заклучи дека никој не може да има повеќе од едно живеалиште истовремено. Дополнително, од членот 2 и 6 од овој закон следува дека секое лице мора да има живеалиште некаде и дека е невозможно да постои лице без живеалиште, затоа што старото живеалиште не може да се изгуби сè додека не се стекне новото“[270].

Исто така, можно е, согласно практиката на српските судови, лицето да има живеалиште на две места истовремено. Во случај што вклучувал повеќе обвинети, надлежноста била оспорена поради приговорот на обвинетите дека главниот обвинет навистина имал живеалиште во Босна и Херцеговина, а не во Србија. По разгледувањето на доказите за живеалиште издадени од страна на Министерствата за внатрешни работи на двете држави, Апелациониот суд во Белград заклучил дека обвинетиот има живеалиште во Србија, без оглед на доказот дека тој имал живеалиште и во Босна и Херцеговина[271]. Доказот за живеалиште врз основа на кој судот ја засновал својата одлука биле потврдите за адреси од страна на соодветните министерства за внатрешни работи. Така судот заклучил дека има надлежност не само над тој обвинет, туку и над другите обвинети, врз основа на истата одредба.

Грешки во примената на оваа одредба се случувале и во минатото. Во 1998 година, Вишиот трговски суд во Белград ја исправил грешката на понискиот суд, кој заклучил дека нема надлежност за *извршување* странска одлука затоа што обвинетиот немал живеалиште во Србија. Судот објаснил дека двата предмети не биле поврзани и дека одредбата што требало да се примени бил членот 101 од постапката за извршување, наместо членот 46, кој се однесува на надлежноста на судот мериторно да пресуди во случајот[272].

Што се однесува на правни лица, Западен Балкан обично тежи седиштето на правното лице да биде основа за општа надлежност над нив. И покрај спомнувањето на седиштето како основа за општа надлежност, југословенскиот Закон за МПП го употребува терминот „националност“ секаде во законот. Што се однесува до националноста на правните лица, во југословенската научна теорија и практика отсекогаш имало невоедначеност на терминологијата и нејзината употреба[273]. Научниците напоменуваат дека регионалната доктрина ги користи термините „националност“, „државјанство“ или „припадност“ како заемно заменливи[274]. Навистина, српскиот термин „pripadnost“, кој се среќава во албанската теорија како „përkatsia“[275], може буквално да се преведе како „belonging“. Станивуковиќ го дава единственото објаснување зошто се користи терминот националност во сето југословенско законодавство: *„националноста на правните лица не постои како административно заклучен факт, туку се определува од страна на судовите преку други точки на врзување (место на основање, седиште на правното лице, место што го користи критериумот на контрола врз правното лице) […]“*[276].

268 Не е невообичаено преводот да предизвика практични проблеми. Шлосеровиот извештај ги спомнува проблемите што ги имале на Малта при преводот на живеалиште. Малтешкиот Законик за организација, напишан на италијански, го употребувал терминот „domicilio“ што значи престојувалиште. Меѓутоа, некои случаи биле преведени на англиски како живеалиште и довеле до конфузија. Види пасус 176 од Извештајот.

269 Закон на Република Србија за живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

270 Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија“, 2018, 123.

271 Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 7857/2012, од 6.2.2014 година

272 Одлука на Апелациониот суд во Белград, Гж. 8908/98, од 30.12.1998 година.

273 Маја Станивуковиќ, „Точки на врзување за трговски правни лица во меѓународното приватно право“, *Зборник на трудови на Правниот факултет во Нови Сад* 36 (2002.): 181.

274 Ibid.

275 Аслан Биљали и Хајредин Кучи, *E Drejta Ndërkombëtare Private* (Приштина, Косово: Универзитет во Приштина, 2012).

Слично како немањето дефиниција за живеалиште, југословенскиот ЗМПП не дава дефиниција ниту за „седиште“, како што е спомнато во членот 46. Меѓутоа, во врска со статусот на правните лица, законот го користи терминот „припадност“, кој, согласно членот 17, „се утврдува од страна на законодавството на државата каде што е основано“. Па продолжува со „доколку правното лице има стварно седиште на претпријатието во друга држава, а не во онаа каде што е основано, а според законодавството на таа држава тоа има припадност таму, тогаш ќе биде сметано за правно лице од таа држава“. Според тоа, југословенското законодавство ги признава двете теории за припадноста на правни лица – теоријата за основање и теоријата за стварно седиште. Меѓутоа, ова е критикувано од страна на некои од најреномираните научници од регионот:

> Различните доктринарни толкувања на ЗМПП, член 17, обемно го покажуваат неуспехот на законодавецот да даде корисна дефиниција на концептот на националност на правното лице. Домашните судови често ќе мора да ја определат содржината на странското право за да можат да ја определат државата на која ѝ припаѓа правното лице. Дополнително, некои прашања остануваат без директен одговор. На пример, компанија основана во Србија може да го смени своето седиште со одлука на управувачкото тело определено во нејзините подзаконски акти (статутот). Доколку компанијата ја префрли својата централна управа во странство, дали сè уште ќе се смета за домашна компанија? Одговорот е веројатно потврден, но судот ќе мора да се консултира со законот за стварно седиште за да види дали компанијата се смета за државјанин таму. Што ќе се случи, од друга страна, доколку правно лице основано во странство го пренесе своето седиште во Србија? Дали за таквото правно лице ќе се смета дека припаѓа на Србија според домашното законодавство? Ниту ЗМПП во членот 17, ниту другите закони не даваат изречен одговор на ова прашање.[277]

Иако авторите ја препознаваат забуната што ја создава законот за тоа кој закон треба да се примени кога се решава прашањето на правната личност, ниту законот ниту научната теорија не даваат никакви назнаки со цел правосудството да оцени што е вистинско седиште. Кои елементи треба правосудството да ги земе предвид кога оценува дали компанија ги користела српскиот или косовскиот систем само поради обична официјална регистрација или основање, можеби поради даночни цели, но нејзиното седиште де факто е на друго место? Како судијата ќе оцени дали седиштето во Србија или во Косово е „стварно“ или „фиктивно“, па да знае кој закон да го примени на него? Ова останува непознато, барем во светло на досегашните научни трудови.

Одлука на српскиот суд навестува дека фактот што домашната компанија ќерка е основана единствено од страна на странско правно лице, комбинирана со нивното заедничко предизвикување штета на српски тужител, ги задоволува основите за надлежност над таа странска компанија мајка. Германска странска компанија вложила приговор за надлежноста над неа, како второобвинет. Меѓутоа, Вишиот трговски суд заклучил дека пониските судови имале право кога воспоставиле надлежност над неа затоа што домашната компанија ќерка била основана единствено од страна на таа германска компанија, па оттогаш дејствувале заеднички на кршење на договорните обврски за продажба на стока на тужителот[278].

Истите тешкотии што настануваат поради недостигот на дефиниција за живеалиште во ЗМПП се гледаат и овде во Косово. Меѓутоа, Косово ја довело оваа тешкотија до сосема ново ниво. Тоа е затоа што англиската верзија на законот за живеалиште и престојувалиште

276 Маја Станивуковиќ, „Точки на врзување за трговски правни лица во меѓународното приватно право“, 181.

277 Ibid.: 240.

278 Одлука на Вишиот трговски суд Пж. бр. 4897/2004-1 од 15.7.2004 г.

е насловена како закон за „Dwelling and Emplacement“[279].

Термините „dwelling“ и „emplacement“ се крајно збунувачки кога првпат ќе се видат во ваков контекст. Едноставно пребарување на „dwelling“ дава резултати за „oil dwelling“ (лежиште на нафта) или други поврзани области, но не и за живеалиште. Најблиската употреба на овој термин се гледа во Првото преформулирање поради судир на закони во САД од 1934 година, каде што се објаснува дека „кога лице има еден и само еден дом, тогаш неговото живеалиште е местото каде што се наоѓа неговиот дом“ и дека „домот е место на живеење на лице што се разликува од другите места на живеење на тоа лице според интимноста на односот помеѓу лицето и местото“[280].

Станува малку појасно кога дефиницијата за живеалиште од членот 2 од законот е „место на кое жителот се наоѓа за трајно да живее таму“. И престојувалиштето е јасно дефинирано како „место каде што жителот е сместен привремено поради работа, образование или други причини, но нема намера таму да живее трајно“. Законот се однесува на државјани на Косово, како и на странци, согласно членот 2.

Меѓутоа, постои објаснување за оваа нелогична употреба на крајно збунувачки термини, а која се однесува на скорашната историја на Косово. Овој закон бил усвоен од тогашните „Привремени институции за самоуправа на Косово“ што биле надгледувани од страна на Мисијата на ОН во Косово (УНМИК) во 2007 година. Тогаш Косово сè уште не ја прогласило својата независност и затоа каков било елемент на државност, па дури и толку едноставен, како што е спомнување живеалиште, морал да се избегне. Како што објасни еден од авторите:

> „има случаи каде што УНМИК ги прогласувал законите на Собранието со некои потребни амандмани за да се избегнат сите тврдења или назнаки дека Косово може да биде независна држава. Регулативата на УНМИК за прогласување на Законот за живеалиште и престојувалиште ги изменува во целиот текст на законот зборот „Косова“ со „Косово“, зборот „државјанин“ со зборовите „вообичаен престојувач“, зборовите Министерство за одбрана и Косовски безбедносни сили со зборовите „други владини институции“, а зборовите „одбранбени сили“ со зборовите „Косовски заштитен корпус“.[281]За среќа, во албанската и во српската верзија на законот се задржани класичните термини живеалиште и престојувалиште, а со тоа се намалува просторот за нејаснотии за локалните судии, што не е доволно за странските адвокати или научници.

Затоа, во отсуство на дефиниција во ЗМПП, карактеризацијата на терминот живеалиште треба да се врши согласно косовското домашно законодавство, а тоа е гореспоменатиот Закон за живеалиште и престојувалиште[282]. Иако Косово има Закон за странци[283], тој не го регулира живеалиштето на странците на поинаков начин. Тој закон, меѓу другите, регулира работи како што се дозволи за престој, типови визи и услови за нив, како и статусот на лица без држава. Затоа и тука е регулирано живеалиштето на државјаните на Косово, како и на тие од другите држави, затоа што членот 2 од тој закон ги дефинира „граѓаните“ како „државјани на Косово или странци“. Истиот член го дефинира живеалиштето како „место каде што граѓанинот е сместен со намера трајно да живее таму“. Исто така, треба да се

279 Закон бр. 02 /Л-121 за живеалиште и престојувалиште, „Службен гласник на Република Косово“, година III, бр. 40, октомври 2008, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2589.

280 Преформулирање (прво) за судир на закони § 12 и §13 (1934) цитирано во Сузан Фрелих Еплтон, „Го напуштате домот? Живеалиште, семејство и пол“, Правна ревија на УК Дејвис, 2014, 1954 г.

281 Александер Оракелашвили, „Советодавно мислење на Меѓународниот суд за ЕПН во врска со Косово: Перење на 'пената од плимата на времето'“, *Годишник на Макс Планк за правото на Обединетите нации* 15 (2011).

282 Закон бр. 02 /Л-121 за живеалиште и престојувалиште, „Службен гласник на Република Косово“, година III, бр. 40, октомври 2008, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2589.

283 Закон бр. 04/Л-219 за странци, „Службен гласник на Република Косово“ бр. 35, септември 2013, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=8876.

напомене дека ова толкување произлегува од албанската и српската верзија на законот, а не верзијата на англиски јазик.

Овие исти елементи треба да се користат кога се оценува дали лице има живеалиште во странство, т. е. кога се оценува дали надлежноста може да се употреби врз основа на живеалиштето на тоа лице. Странско живеалиште обично се докажува од страна на самата странка со обезбедување на потребната документација. Меѓутоа, постои презумпција дека лицето навистина има живеалиште во таа држава, а може да се докаже спротивното[284].

Како што е напоменато горе, можно е, а и било признавано од страна на судовите во регионот, едно лице да има живеалиште во две држави. Тоа се случаи каде што законодавствата на двете држави сметаат дека лицето има живеалиште во нивната конкретна држава[285]. Законот не го решава конкретно позитивниот судир на живеалишта, т. е. која точка на врзување ќе се примени во такви случаи. Ова не е темелно решено и во регионалната доктрина. Меѓутоа, тоа е прашање каде што е позначајно да се определи меродавното право, а не надлежноста[286]. Доколку се смета дека обвинетиот има живеалиште во одредена држава, тогаш таа држава ќе се смета за надлежна да воспостави надлежност над него.

Подобри вести има во врска со новиот косовски нацрт ЗМПП[287] што ги регулира овие критериуми на попрефинет начин. Косовскиот нов избор на точка на врзување – слично како Македонија и Србија – сега е комбинација од живеалиште и вообичаено престојувалиште. Имајќи ги предвид горенаведените проблеми со нивната дефиниција во домашните закони, задоволително е кога ќе се види дека новиот нацрт-закон сега дава дефиниции за живеалиште и вообичаено престојувалиште посебно за физички и правни лица. Вообичаеното престојувалиште е дефинирано како „постојан центар за неговите/нејзините витални активности“[288], а живеалиштето е место „каде што тоа лице е населено со намера таму да живее трајно“[289].

5.1.1 Повеќе странки

Во случаи што вклучуваат повеќе обвинети постои веројатност дека пресудата ќе резултира со правна одговорност за повеќе странки и да се бара извршување против сите. Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година бара филтрите наведени во членот 5 да се оценат поединечно за секоја странка, т. е. бара оценување на поврзаноста на секој правно одговорен обвинет со држава на потекло[290]. Како што е објаснето во извештајот, „самиот факт дека само еден од нив има, на пример, вообичаено престојувалиште во државата на потекло (член 5(1) (а)) не е доволен и за другите обвинети да се смета дека имаат вообичаено престојувалиште во таа држава. Во таков случај, пресудата нема да може да се признае и да се изврши против другите двајца сообвинети освен доколку не се задоволи друг филтер од членот 5“[291].

Ова може да побуди многу предизвици при извршувањето пресуди од регионот во иднина затоа што еден од елементите каде што државите од Западен Балкан (и Брисел I – бис Регулативата) се усогласени е прашањето за надлежност над повеќе обвинети. Во овие случаи, слична како кај Брисел I – бис Регулативата, судовите од Западен Балкан ќе го користат првообвинетиот, кој има живеалиште во нивната држава, за да воспостават

284 Александар Јакшиќ, Меѓународно приватно право, општа теорија (Белград, 2017), 326.

285 Улрих Магнус, Петер Манковски, и Ричард Фентиман, *Брисел I Регулативата* (Селер, 2007), 669-70.

286 Во случаи на меродавно право, можеби ќе треба да се спомнат „слоевите“ дадени во членот 11 и 12, осмислени за прашања на двојно државјанство. Во такви случаи, како последно средство, судовите може да применат „најблиска врска“.

287 Нацрт-законот последен пат бил расправан во Собранието во ноември 2020 година. Поради падот на Собранието и на Владата, нацртот ќе биде преработен за усвојување во 2021 година.

288 Член 6.

289 Член 6 (а). Со оглед на тоа што ова сè уште е прв нацрт на предлогот, овие членови ќе бидат пренумерирани, па со тоа веројатно ќе стане член 7.

290 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пасус 137.

291 Ibid.

надлежност над другите обвинети што немаат живеалиште таму.

ЗМПП во својот член 46 предвидува дека косовскиот суд има надлежност над случај со повеќе обвинети затоа што надлежност може да биде воспоставена над нив врз основа на општата надлежност што е предвидена таму. При примената на овој ист член, српскиот Виш трговски суд одлучил дека германската мајка компанија била правилно сметана за сообвинет во случај каде што нејзината српската ќерка компанија ги прекршила своите договорни обврски спрема тужителот. Судот заклучил дека тој „има надлежност во овој спор и над првообвинетиот и над второобвинетиот затоа што тие заеднички работеле и дејствувале за да му нанесат штета на тужителот, што резултирало во солидарност на тужените“[292].

Истиот принцип е вклучен во албанскиот ЗМПП во членот 80, српскиот нацрт ЗМПП, член 16, косовскиот нацрт ЗМПП, член 111, црногорскиот ЗМПП, член 100 и новиот ЗМПП на Северна Македонија, член 107.

Се разбира, со оглед на тоа што ова се национални ЗМПП, тие се применуваат еднакво на сите туженици; нивната примена не е ограничена само на некои сообвинети како во членот 8 од Брисел I – бис Регулативата.

5.2 Прогласување надлежност (изречно/молкумно, пред или по почетокот на постапката)

5.2.1. Доделување надлежност преку спогодба за избор на суд

ЗМПП на поранешна Југославија – а сега ЗМПП на Косово – дава многу јасна формулација за доделувањето надлежност. Во членот 49, Законот го регулира и прашањето на спогодби за избор на суд во корист на една од државите што го применуваат овој закон и доделувањето надлежност на странски суд. Првиот став пропишува дека странките може да се спогодат за надлежност на странски суд под два услови: прво, една од странките да биде „странски граѓанин или правен субјект со седиште во странство“ и второ, „спорот во прашање да не биде спор за кој судовите (од Косово) имаат исклучива надлежност согласно одредбите на овој или кој било друг сојузен закон“. Вториот став, исто така, предвидува едно ограничување за доделување надлежност во корист на судовите на некоја од овие држави: една од странките мора да биде државјанин или правно лице со седиште во Косово.

Одредбата е прилично јасна дека судовите на Косово не се отворени за случаи со странки што не се граѓани и не дозволува надлежноста да се „одземе“ доколку двете странки во договорот се негови државјани. Овој втор дел од условот значително се разликува од модерниот член 25 на Брисел I – бис Регулативата, која се применува на спогодби за надлежност во корист на суд од држава членка на ЕУ, без ограничувања во врска со живеалиштата на странките. Со оглед на тоа што членот 49 од косовскиот ЗМПП сè уште е во сила, странките од Косово сепак може да бидат успешно тужени во Косово, без оглед на тоа што имаат спогодба за избор на суд што е склучена во корист на суд од ЕУ.

Иако косовските судови се помалку запознаени со случаи што вклучуваат клаузули за избор на форум[293], српските судови имале повеќе можности да ја применуваат оваа одредба. Овие судови биле многу строги во примената на своите правила за постапка, па дури и на сметка на спогодба за надлежност на странски суд. Трговскиот апелационен

292 Пресуда на Вишиот трговски суд, Пж. бр. 4897/2004-1 од 15.7.2004 г.

293 За време на фазата на истражување на правната практика во Косово, која ја спроведе авторот во 2015 година, еден случај беше забележан пред Основниот суд во Приштина, Оддел за трговски предмети, во кој странките му доделиле надлежност на овој суд преку спогодба. Случајот бр. 535/14, каде што локална компанија како тужител тужела странска консултантска компанија за враќање долг, сè уште бил отворен во текот на фазата на истражувањето, а освен што имало спогодба, немало никакви други аргументи во врска со надлежноста сè до тој момент.

суд одбил жалба на туженикот врз основа на надлежност затоа што неговиот приговор дека странките имале спогодба за надлежност бил даден во доцна фаза од постапката пред Основниот трговски суд[294]. Во друго правно мислење, кое било дадено од страна на судечкиот Оддел за трговски спорови на српскиот Врховен трговски суд, судот дал мислење дека две странски странки може да се парничат пред српски судови само доколку имаат право на друга правна основа, на пр. член 54 (2) во тој случај, затоа што нема да им биде дозволено поради членот 49 (2) да договорат надлежност на овие судови затоа што ниедна од нив нема седиште во Република Србија[295]. Истото толкување веројатно ќе биде усвоено и од страна на косовските судови доколку бидат соочени со таков случај.

Меѓутоа, ЗМПП *не* го решава прашањето на важност на конкретна спогодба ниту, пак, остава простор за таква можност да постои спогодба со неважечки избор на суд. Општа одредба што ја оценува важноста на „правна трансакција или правен акт“ според неговата форма е дадена во членот 7. Врз основа на таа одредба, тој се смета за важечки било согласно законодавството за место каде што е склучена правната трансакција или каде што е направен правниот акт, било согласно законот што е применлив на содржината на правната трансакција или правниот акт. Се чини дека би било прилично практично да се примени оваа одредба и на важноста на спогодбите за избор на суд. Меѓутоа, изгледа дека научниците од регионот не се согласуваат дека оваа одредба ја решава важноста конкретно на спогодбите за избор на надлежност. Тие велат дека и покрај недостигот на барања за форма во ЗМПП, „треба да се земе дека (...) спогодбата мора да биде во писмена форма – *ad solemnitatem*“[296]. Овој аргумент е заснован врз аналогијата со одредбите за арбитража од истиот ЗМПП и одредбите од (српскиот) Закон за парнична постапка, кој поставува такво формално барање. Тие, исто така, и дополнително опишуваат дека доказ за постоење спогодба се прави во писмена форма *ad probationem* или со друг запис. Меѓутоа, овој последен критериум треба да се толкува „еластично“ за да се вклучи размена на писма, телеграми и други форми на комуникација[297]. Од друга страна, пак, други автори потврдуваат дека писмената форма на спогодбата за доделување надлежност *не* е услов за нејзината формална важност[298]. Меѓутоа, одлука на Федералниот суд на Југославија не само што барала спогодба во писмена форма, туку била на ставот дека „спогодбата е важечка само доколку е ставен потпис и доколку е во врска со предметниот спор или со други спорови што може да произлезат од предметниот правен однос. Спогодба за надлежност што не е потпишана од страна на двете странки во спогодбата не се смета за важечка“[299]. Не е јасно која правна основа ја користеле тогаш судиите за оцена на формалната важност на спогодбата[300], а таа правна основа е нејасна и сега.

Првата група автори го истакнуваат и прашањето на раскинување на спогодбата за избор на суд[301]. Тие, исто така, поучуваат дека меродавното право на прашањето на субстантивна важност е *lex fori prorogati*, но не ја покажуваат правната основа од каде што произлегува тоа[302].

Иако не се однесува конкретно на предметот на спогодби за избор на суд со странски елемент, членот 66.3 од косовскиот Закон за граѓанска постапка (Закон за парнична постапка) изречно бара спогодбата за избор на суд да биде „во писмена форма и потпишана од двете странки“. Ниту законот ниту коментарот[303] го признаваат потенцијалот за проблеми

294 Одлука на српскиот Трговски апелационен суд (Privredni Apelacioni Sud), Пж. 10343/2011 од 18.1.2012 г.

295 Правно мислење (Pravno shvatanje) усвоено од страна на Одделот за трговски спорови на Вишиот трговски суд, на 26.3.2007 г., Правна практика на трговските судови, билтен бр. 1/2007.

296 Тибор Варади, Бернадет Бордаш и Гашо Кнежевиќ, Меѓународно приватно право, V (Нови Сад, Форум, 2001), 494.

297 Варади, Бордаш и Кнежевиќ, 494.

298 Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, *Меѓународно приватно право* (Белград 2004), 193.

299 Станивуковиќ и Живковиќ, 193 цитат на одлуката на Судот на Федерацијата бр. Гсн 5/97, 3.4.1997 г.

300 Авторите не го образложиле подетално случајот, ниту, пак, дале повеќе информации за него.

301 Тибор Варади и други., *Меѓународно приватно правоо*, XIII (Белград, 2010), 508-9.

302 Ibid.

303 Исет Морина и Селим Никчи, *Komentar: Ligji Për Procedurën Kontestimore*, 1st Editio (Deutche Gesellschaft fur Internationale Zusammenarbeit (GIZ)

во условот спогодбата да биде „потпишана од двете странки“ во модерниот свет. Во светот на денешницата, кога повеќето спогодби се прават без присуство на странките на исто место, вакво барање може да резултира со неважност на повеќето спогодби. Може само да се надеваме дека косовските судови широко ќе го толкуваат ваквото барање, па тоа да вклучува и други облици на потпишување, вклучувајќи и преку интернет или договори што обично не се потпишуваат, туку се смета дека е дадена согласност[304].

Заклучокот (препораката) дека спогодбата за надлежност согласно сегашниот ЗМПП треба да биде во писмена форма е навистина логичен, но и цврст заклучок. Во отсуство на такво барање, нема многу да се разликува од молкумната спогодба за надлежност или од доброволното појавување или од согласноста за надлежност. За недостигот на ваквите конкретни одредби во законот можеби може да се обвини времето кога е изработен нацртот на законот. Но, и покрај таа логика, пропишувањето со сигурност дека постои јасно барање за одредена форма на спогодбата, дури и да биде тоа толку елементарно како писмена форма потпишана од двете странки, има доза на напорност, со оглед на тоа што истиот закон поставува формални барања, како и некои дополнителни одредби кога регулира спогодби за арбитража.

5.2.1.1. Доделување надлежност предвидено во нацртот на новиот косовски ЗМПП

Фундаменталните промени што ги носи новиот нацрт на косовскиот ЗМПП може да се групираат во три главни поенти: прво, нацртот не го ограничува изборот ниту на домашни ниту на странски судови со какво било барање за националност, живеалиште или престојувалиште[305]; второ, иако смета дека спогодбата е исклучива, освен доколку не е поинаку договорено[306], тој исто така признава дека може да биде избран повеќе од еден суд со таков ефект[307]; трето, покрај регулирањето на формалните барања за спогодбите[308], тој ја регулира и суштинската важност на спогодбите во корист на косовски суд[309] и на тие во корист на странски суд одвоено, и што е уште поважно – различно[310]. Втората работа – „скроените“ техники за решавање на овие два спогодби за избор на суд на различен начин – е навистина импресивен труд што сигурно ќе има позитивно влијание во практиката.

Јасно е дека суштинската важност на спогодба за избор на суд во корист на косовски суд ќе биде оценета согласно косовското законодавство. Спротивно, и формалната и суштинската важност на спогодба што избира странски суд ќе биде оценета согласно законодавството на избраниот форум. Меѓутоа, оваа одредба, исто така, додава дека дозволивоста на склучување такви спогодби ќе биде оценета „и согласно српското законодавство“[311]. Овој последен дел е директно поврзан со начинот на кој спогодбите за надлежност се условени согласно новиот нацрт-закон. Слично како и нацртот на српскиот ЗМПП и црногорскиот ЗМПП, овие спогодби треба да бидат спогодби „за предмети со меѓународен елемент во кои законодавството на Република Косово им овозможува на странките слободно да се откажат

GmbH, 2012), 149.

304 Видете на пр. толкувања на Судот на правда на ЕУ на формалните барања од Бриселската конвенција (сега Брисел I – бис Регулатива*)* во случајот МСГ против Гравиер Ренан, Случај Ц-106/95 (1997).

305 Член 123 *„1. Во предмети со меѓународен елемент во коишто, согласно законодавството на Република Косово, странките може слободно да се откажат од своите права, тие може да се спогодат за надлежноста на судовите на Република Косово да решаваат спор што произлегол или може да произлезе од конкретен правен однос“, и член 124 што ја регулира надлежноста на странските судови „1. Во предмети со меѓународен елемент каде што странките, согласно законодавството на Република Косово, може слободно да се откажат од своите права, странките може да се спогодат за надлежност на суд или судови на странска држава да решаваат спор што произлегол или може да произлезе од конкретен правен однос.“*

306 Член 123 *„2. Надлежноста на судот на Република Косово согласно став 1 од овој член е исклучива, освен доколку странките не се договорат поинаку.“*

307 Погледнете погоре, став 2 „освен доколку странките не се договорат поинаку“ или, во член 124.1 „суд или судови“.

308 Член 125.

309 Член 123.3 „Материјалната важност на спогодба за надлежност на суд од Република Косово ќе се оценува согласно законодавството на Република Косово. Материјалната важност на спогодба за надлежност на суд од Република Србија се оценува согласно законодавството на Република Србија“.

310 Член 124.4 „Материјалната и формалната важност на спогодба за доделување надлежност на странски суд ќе се оценува согласно законодавството на државата на одбраниот суд, додека за дозволивоста на спогодбата ќе се оценува согласно законодавството на Република Косово“.

311 Ibid.

од своите права“. Ова може да направи спогодби за избор на суд да бидат подложни и на други закони освен ЗМПП и може да ја намалат предвидливоста за странките. Меѓутоа, и покрај тоа, косовскиот законодавец има јасна намера – да го ограничи признавањето на надлежноста согласно спогодбите за избор на суд за предмети надвор од оние за кои неговото законодавство го дозволува тоа, со вметнување на тој дел во членот 124, кој пропишува дека дозволивоста на ваквите спогодби ќе биде оценета и согласно косовското законодавство.

Што се однесува до формата, нацртот на косовскиот ЗМПП ги пропишува вообичаените барања: спогодба во писмена форма или усна спогодба што е ставена подоцна во писмена форма, како и електронски спогодби; или согласно практиките на странките или на струката[312]. Конечно, тој изречно овозможува и салваторна клаузула за спогодбата за надлежност и за спогодбата како целост[313].

5.2.2. Изречна и имплицитна согласност

Една од основите да се дозволи извршување одлука од држава потписничка, согласно Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, член 5 (1) (е), е доколку „туженикот изречно се согласил со надлежноста на судот што ја изрекува пресудата во текот на постапката во рамките на која е изречена пресудата“. Дополнително, друга форма на согласност, како што е пропишано во член 5.1. (ф), е „доколку туженикот го спорел меритумот пред судот што ја изрекува пресудата без да ја оспорува надлежноста во рамките на рокот пропишан во законодавството на државата на пресудување, освен доколку е видливо дека приговор за надлежноста или за воспоставување на надлежноста нема да бил успешен согласно тоа законодавство“.

Што се однесува до изречната согласност регулирана во точката (е), не постои конкретна форма – таа може да се даде во усна или писмена форма, но „бара позитивен акт (во усна или писмена форма), за разлика од неподнесувањето приговор, на пример, или обичното повлекување приговор за надлежноста на судот што ја донел пресудата“[314]. Што се однесува до имплицитната согласност, согласно точката (ф), се смета дека тоа е тип на согласност „обично од туженик што го спори меритумот, но не ја оспорува надлежноста на судот што ја донесува пресудата“[315].

Косовскиот ЗМПП, овие предмети ги третира прилично различно – со една единствена одредба – но со многу сличен ефект. Тој не го решава прашањето за изречна согласност за надлежноста, освен преку спогодба за избор на суд. Во членот 50 од ЗМПП се смета дека „туженикот дал своја согласност одговарајќи на дејствието или приговарајќи на платниот налог, без да ја оспори надлежноста или доколку се впуштил во парница“. „Одговарајќи“ треба да се разбере не само како поднесување противтужба, туку и како каков било друг одговор каде што не се изразува спорење на надлежноста.

При примена на истата одредба во (сега) српскиот ЗМПП, српската судска практика покажува прилично строга примена на оваа одредба. Трговскиот апелационен суд ја одбил жалбата на туженикот заснована врз постојна спогодба за избор на суд во корист на австриски судови затоа што молкумно ја прифатил надлежноста на српскиот суд. Спомнувајќи го членот 50, судот напоменува дека „законодавството навреме го регулирало рокот во кој може да се оспори надлежноста“, навестувајќи дека овој приговор требало да се даде

312 Член 123.

313 Член 123 *„3. Спогодбата што доделува надлежност што претставува дел од севкупна спогодба ќе се третира како спогодба што е независна од другите услови во севкупната спогодба; 4. Важноста на спогодбата за доделување надлежност не може да се спори исклучиво врз основа на неважење на севкупната спогодба“.*

314 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 162.

315 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, пасус 165.

на почетокот на постапката[316]. Истиот принцип е потврден од страна на Вишиот трговски суд што ја потврдил одлуката на понискиот суд, наведувајќи дека „првото дејствие што било преземено (од страна на туженикот) во оваа постапка ја оспорило надлежноста на судот, барајќи примена на словенечкото законодавство и судска постапка во К. и изречно се изјаснил дека не ја прифаќа надлежноста на овој суд“[317].

Се очекува толкувањето и на косовските судови да биде исто за слична одлука на Основниот суд во Приштина, каде што судот ја одбил молбата на туженикот за ненадлежност, нагласувајќи дека оваа жалба требало да се поднесе порано во постапката, иако без да се нагласи кога точно[318]. Голема мана што може да се пронајде во косовскиот Закон за граѓанска постапка (Закон за парнична постапка) е тоа што не го прецизира точниот момент до кога може туженикот да приговори во врска со надлежноста на судот. Членот 18 (3) пропишува дека судот не треба да отфрли случај доколку „надлежноста на судот зависи од одобрувањето на туженикот, а туженикот дал своја согласност“, но тој момент на „давање согласност“ не е прецизиран. Од друга страна, коментарот за законот ја гледа согласноста од оваа одредба во светло на согласност помеѓу странките, спогодба за доделување надлежност[319]. Некаква насока може да се бара во членот 20 (2) од овој закон, кој бара туженикот да приговори за ненадлежноста на судот *поради постоење арбитражна спогодба*, сè до моментот на „одговарање на тужбата“[320]. Меѓутоа, нејасноста постои и во другите случаи неповрзани со арбитража.

Одредбите од нацртот на новиот косовски ЗМПП ја регулираат оваа материја на многу појасен начин и се многу споредливи со одредбите од Конвенцијата на пресуди на НССН од 2019 година што се цитирани во овој дел. Нацртот на косовскиот член 126 пропишува дека се смета оти туженикот молкумно се согласил со надлежноста доколку: поднел одговор на тужбата во писмена форма или поднел приговор на платниот налог, без спорење на надлежноста; или доколку признал вина за меритумот на подготвителното рочиште, или доколку не било одржано подготвително рочиште, на првото рочиште за меритумот без спорење на надлежноста, или доколку поднел противтужба. Вториот став од овие одредби, исто така, пропишува обврска на судот да ги информира тужениците што се сметаат за послаби страни – потрошувач, вработен или осигуреник, на идентичен начин како членот 26 (2) од Брисел I – бис Регулативата.

5.3 Компатибилност на другите јурисдикциони критериуми од Конвенцијата со косовскиот ЗМПП

5.3.1. Надлежност врз основа на активности на подружница, застапништво или друга деловна единица

Конвенцијата за пресуди, член 5.1. (д), пропишува основа за признавање доколку „туженикот одржува подружница, застапништво или друга деловна единица што не е посебно правно лице во државата каде што се донесува пресудата во момент кога тоа правно лице станува страна во постапката во судот што пресудува, а тужбата врз која е заснована пресудата произлегла од активностите на таа подружница, застапништво или деловна единица“. Овие термини не се утврдени, а во Образложението се наведува дека

316 Одлука на Трговскиот апелационен суд (Privredni Apelacioni Sud), Пж. 10343/2011 од 18.1.2012 г.

317 Одлука на српскиот Виш трговски суд (Viši trgovinki Sud) Пж. 8989/2009 од 18.11.2009 г.

318 Оддел за трговски предмети, случај 55/13. Судот го отфрла аргументот на туженикот во врска со надлежноста поради немање правна основа. Судот нагласил дека ова прашање требало да биде покренато порано во постапката. Меѓутоа, не ја наведува правната основа за тој заклучок.

319 Морина и Никчи, *Komentar: Ligji Për Procedurën Kontestimore*, 60.

320 Член 20 *„1. Доколку странките во парницата ангажирале арбитража заради решавање спор, судот на кој му е поднесена тужбата што ги вклучува истите странки во парницата, врз основа на приговор на туженикот, ќе биде прогласен за ненадлежен, а сета постапка ќе биде поништена и тужбата ќе биде повлечена. Судот нема да постапува на овој начин доколку смета дека спогодбата за арбитража не е важечка, дека важноста е прекината или не може да се спроведе.*
2. Приговорот од Оддел 1 од овој член, туженикот може да го поднесе со одговорот на тужбата.“

„деловна единица подразбира стабилно физичко присуство на туженикот во државата на потекло, а каде што туженикот врши некоја дејност“.[321]

Не постои одредба што е еквивалентна на оваа основа за надлежност во сегашниот косовски ЗМПП. Постојат одредби што пропишуваат посебна надлежност во овој закон, но тие се условени со договорните и вондоговорните обврски во прашање и нивното место на договарање и извршување. Затоа, тие не се ориентирани спрема туженикот, туку спрема обврската – било да е договорна или вондоговорна. Овие основи ќе бидат анализирани во делот подолу.

Меѓутоа, се појавуваат одредби слични на Брисел I – бис Регулативата *во државите од Западен Балкан. Ова првпат е забележано во албанскиот ЗМПП, член 80, во црногорскиот закон во член 102 и во скорашните реформи на МПП во Северна Македонија, Србија и во Косово. Новиот нацрт на косовскиот ЗМПП во членот 150 има одредби што се речиси од збор до збор исти со членот 7 (5) од* Брисел I – бис Регулативата.

Една важна разлика помеѓу одредбите на идниот косовски ЗМПП и Конвенцијата за пресуди, член 5.1. (д), е тоа што „деловна единица“ не е ограничено на „деловна единица без правно лице“. Ова ги исклучува компаниите ќерки и кој било друг дел од трговската организација што е основан како посебно правно лице[322]. Ова е прилично голема разлика во однос на Брисел I – бис Регулативата, *чиј член 7 (5) е протолкуван од страна на СПЕУ дека вклучува и компании ќерки*[323].

Терминот „деловна единица“ неодамна беше во фокусот на СПЕУ[324], меѓутоа во контекст на друга регулатива. Судот требаше да одлучи дали посебна компанија ќерка на компанија мајка што не е од ЕУ е „деловна единица“ во ЕУ за целите на Регулативата за регистрирана марка во ЕУ[325]. Генералниот правобранител, во тој случај, значително се потпираше на сфаќањето на поимот „деловна единица“ од членот 7 (5) од Брисел I – бис Регулативата *и во принцип ги наведе насоките од четирите клучни случаи што го обликуваат сфаќањето на „деловна единица“ од членот 7 (5): Прво, во Де Блос, судот одлучил дека „една од клучните карактеристики на концептот* подружница *или застапништво е фактот што е подложна на управување и контрола од страна на матичното тело“*[326]. Второ, ГП се повикал на формулацијата на одлуката на судот во Сомафер за да ја нагласи важноста на „специјалната врска“ што мора да ја имаат дејствијата на таквата деловна единица со форумот и важноста на „изгледот на постојаност“[327]. Трето, во случајот Бланкерт, судот подвлекол дека установа „мора да им изгледа на третите странки како лесно препознатливо продолжение на матичното тело“[328].

Затоа, кога се оценува извршливоста на идните косовски пресуди засновани врз ваква правна основа, судовите што ги добиваат треба да обрнат внимание на широчината на оваа идна одредба.

Додека нацртот на косовскиот ЗМПП во членот 150, исто како и членот 7 (5) од Брисел I – бис Регулативата, *покрива „спорови што произлегуваат од работењето“ на установата, треба да се внимава на нејзината сличност со друга одредба. Тоа е членот 130, сличен на членот 24 (2) од* Брисел I – бис Регулативата, *кој покрива спорови за „важноста на основањето, ништовноста или бришењето од регистар на компании*

321 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 157.

322 Ibid.

323 САР Шоте ГмбХ против Парфам Ротшилд САРЛ, Случај 218/86 (1987).

324 А. Де Блос, СПРЛ против Сосиете ан командит пар аксион Бује, Случај 14/76 (1976).

325 Регулатива на Советот (ЕС) бр. 207/2009 од 26.2.2009 г. за трговската марка на ЕУ (OJ 2009 L 78).

326 Мислење на ГП Танчев за Хумел Холдинг А/С против Најки Инк., Најки Ритејл БВ, Случај Ц-617/15. Цитат од Хумел Холдинг А/С против Најки Инк., Најки Ритејл БВ, Случај Ц-617/15.

327 Мислење на ГП Танчев за А. Де Блос, СПРЛ против Сосиете ан командит пар аксион Бује, Случај 14/76, 40-41, цитат од Сомафер СА против Сар-Фернгас АГ, Случај 33/78 (1978).

328 Хумел Холдинг А/С против Најки Инк., Најки Ритејл БВ, Случај Ц-617/15.

(...) или за важноста на одлуките на нивните органи". Особено внимание треба да се посвети на сличноста на типовите спорови што ги покриваат двете одредби што се однесува на „работењето" на правното лице и „важноста на одлуките" на нивните органи. Во случаите што спаѓаат под членот 24 (2), исклучива надлежност имаат судовите каде што таквата установа има седиште, а тоа се определува со правилата за МПП на судот што се занимава со прашањето. Ова правило треба тесно да се толкува[329].

5.3.2. Надлежност врз основа на местото на извршување на договорната обврска

Членот 5.1 (г) од Конвенцијата за пресуди отвора пат за признавање пресуди што се донесени од страна на судови од местото каде што е вршена договорната обврска. Оваа одредба, која е одраз на типичните правила за посебна надлежност[330], бара пресудата „да одлучила за договорна обврска" и да биде донесена од страна на суд во држава „во која се случило извршувањето на таа обврска". Тоа конкретно место треба да се утврди или според спогодбата на странките или според законодавството што се применува на спогодбата, во отсуство на таква спогодба. Сето ова е условено, „освен доколку активностите на туженикот во врска со трансакцијата јасно не претставувале намерна и суштинска врска со таа држава".

Оваа конкретна основа за надлежност е прилично чудна во косовскиот ЗМПП. Потрагата за идентификување одредби за посебна надлежност во какви било трговски или договорни предмети во рамките на овој закон не е премногу едноставна. Таквата потрага бара комбинирана анализа на членовите 54 и 55 од Законот. Како почетна точка за оценување на критериумите за посебна надлежност, треба да се погледне членот 54, кој содржи две клучни одредби: првата користи имот како точка на врзување, додека, пак, втората одредба говори за обврски и користи точки на врзување што се однесуваат на обврските на странките. Слично како некои други одредби[331], и оваа одредба е преведена различно во различните верзии од законот, што го прави уште потешко пребарувањето според посебна надлежност во трговски предмети. Во некои верзии[332], одредбата е преведена како тужби согласно „имотното право", што е тесен превод на оригиналниот српски термин имотноправни барања – „imovinskopravnim zahtevima". Научниците[333] и практиката ги толкуваат другите верзии како „парични тужби", а ова мислење го дели и овој автор.

Како почетна точка, првиот дел од овој член пропишува дека „*во спорови за парични тужби, судот на Сојузна Република Југославија ќе има надлежност доколку имотот на туженикот или предметот на тужбата се наоѓа на територијата на Сојузна Република Југославија*". Без сомнение, оваа одредба го покренува прашањето што е вклучено под „имот" согласно неа. Остава простор за дилема за тоа дали оваа одредба може да се гледа како двојна одредба како онаа што може да се[334] најде во германскиот Закон за граѓанска постапка (ЗПО), член 23[335], што предвидува надлежност над странски туженици сè додека нивниот имот се наоѓа во рамките на територијата на Германија[336]. Овој член, кој го опфаќа *forum patrimonii*, бил додаден за да се овозможат парници против странци, но апсолутно се сметал за прекумерен[337].

Се претпоставува дека оваа одредба била инспирирана од спомнатата германска одредба затоа што нивната содржина е идентична[338]. Еден од најважните аспекти што треба да се истражи е каков вид имот се подразбира дека треба да служи како точка на врзување, затоа што ова е нормативна двосмисленост што секако бара појаснување. Професорите Станивуковиќ и Живковиќ велат дека членот 54 пропишува надлежност на српските судови „во спорови поврзани со парични тужби доколку материјалниот или нематеријалниот имот на туженикот се наоѓа на територијата на Србија"[339]. Истото мислење го делат и Варади, Бордаш и Кнежевиќ, кои објаснуваат дека вредноста на имотот, споредена со таа од спорот, е ирелевантна и дури и имот што е диспропорционален со вредноста на спорот може да се користи за овие цели[340]. Несомнено, се претпоставува дека истото важи и за Босна и Херцеговина и за Косово, чии автори не дале никакво поинакво толкување. Применувајќи ја оваа одредба, српскиот Врховен трговски суд повторил дека судовите не треба да воспоставуваат надлежност над странска компанија кога таков туженик нема имот во државата и странките договорно не им доделиле надлежност ним[341].

Одговорот на ова прашање може да се дедуцира од Правното мислење на Одделот за трговски спорови на Вишиот трговски суд на Србија, каде што е дадено прилично широко толкување за тоа што вклучува имот во смислата на овој член. При оценувањето дали локалните судови имаат надлежност во случај помеѓу две странски правни лица во предмет за кршење трговска марка, Судот дал мислење дека може да се воспостави надлежност согласно членот 54 затоа што стоката чие уништување било во прашање се наоѓала во Србија и, најважно од сè, дека „тужба за уништување стока, преку која било повредено право и заради докажување на таа повреда и заради спречување на таа повреда, може да се смета дека е тужба за имот во поширока смисла"[342]. Со други зборови, терминот „имот" во рамките на значењето од членот 54 не се користи само за означување недвижен имот, туку и за подвижен имот, како што се стока или производи што меѓусебно си ја продаваат странките[343].

Одредбата што еднакво води кон размислување за целите на посебната надлежност во трговски предмети е втората реченица од членот 54, која на косовските судови им доделува надлежност и „во спорови за обврски создадени во време кога туженикот бил присутен во Косово". Како и многу други од овој закон, и оваа одредба не била темелно расправана во практиката или во научните статии во регионот[344]. Нејзината примена во судовите исто така била прилично неедногласна. Во случај кога граѓанин на Босна и Херцеговина што склучил спогодба во Србија, Вишиот суд во Суботица одлучил дека пониските судови имале право кога воспоставиле надлежност врз основа на членот 54, реченица 2, и покрај тоа што туженикот се преселил во Босна и Херцеговина[345].

329 Адриен Бригс, *Граѓанска надлежност и пресуди*, шесто издание (Информа ло, 2015). Берлинер Феркерсбетрибе (БВГ), против ЏПМорган Чејс Банка АГ, Филијала Франкфурт, Случај Ц-144/10 (2011). Никол Хасет против Медицински одбор за југоистокот и Шерил Доерти против Медицински одбор за северозападот, Случај Ц-372/07 (2008).

330 Тип на надлежност „заснована врз постоење конкретен фактор за блиско поврзување помеѓу спорот и судовите, освен тој на државата на живеалиште на туженикот", Ендрју Овусу против Н.Б. Џексон, под назив „Вила Холидејс Бол-Ин Вилас", Меми Беј Ризортс Лтд. Меми Беј Клаб Лтд. Ди Инчентед Гарден Ризортс енд Спа Лтд. Консалтинг Сервисес Лтд. Таун енд Кантри Ризортс Лтд. Случај Ц-281/02 (2005).

331 Видете Дел 5.1. горе, каде што се објаснуваат несогласувањата во преводот на „домицил" во верзиите на законот на секоја од државите.

332 Видете ја на пр. верзијата што е достапна на веб-страницата на српското Министерство за правда: http://arhiva.mpravde.gov.rs/images/Law%20on%20resolving%20conflict%20of%20law_180411.pdf.

333 Сите автори цитирани во овој дел.

334 Сегашната верзија покажува дека одредбата е повлечена: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_bgb/englisch_bgb.html#p0058, но таа сè уште се наведува како постојна, на пр. во Варади, Бордаш и Кнежевиќ, *Меѓународно приватно право*.

335 Оваа основа за надлежност се анализира детално во следното поглавје, Надлежност врз основа на имот.

336 Ралф Михаелс, „Надлежност, темели" во *Елгаровата енциклопедија на меѓународно приватно право, н.д.*

337 Питер Хеј, „Напомени во врска со Брисел I – бис Регулативата на Европската Унија" *Европски правен форум (Forum Iuris Communis Europae)* 13, бр. 1 (2013): 1-36.

338 Михаелс, „Надлежност, темели".

339 Тони Дескоски, „Новиот македонски Закон за МПП од 2007 година", *Годишник за МПП* 10 (2008): 441-58: 231.

340 Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија" 2009 г.

341 Одлука на Вишиот трговски суд (Viši Privredni Sud) бр. Пж. 415/97 од 5.3.1997 г., Билтен бр. 2/1998: 18.

342 Правно мислење (Pravno shvatanje) усвоено од страна на Одделот за трговски спорови на Вишиот трговски суд, на 26.3.2007 г., Правна практика на трговските судови, билтен бр. 1/2007.

343 Ова толкување на терминот „имот" во доменот на членот 54 е во согласност со терминот „имот" од членот 1 од Протоколот 1 на Европската конвенција за човекови права. Овој термин бил предмет на стотици одлуки на Европскиот суд за човекови права, чија правна практика конзистентно настојувала дека терминот „имот" вклучува и подвижен и недвижен имот, материјални и нематеријални средства, па дури и тужби што имаат легитимно очекување дека ќе станат имот. Видете, на пр. најновиот случај против Србија заради кршење на членот 1 од Протоколот 1 на Конвенцијата, Случај на Кока Хајбро Комерц Доо Бројлер против Србија (Барање бр. 59341/09), одлука од 14.3.2017 г.

344 Накратко, Хрвоје Сикириќ пишува дека „местото на извршување" на предметната обврска, за целите на ова правило, треба да се определи од *lex causae* што е пропишан во овој ЗМПП. Меѓутоа, треба да се напомене дека оваа одредба не зборува за надлежност врз основа на местото на извршување, туку врз основа на местото каде што настанала обврската. Видете: Варади, Бордаш и Кнежевиќ, *Меѓународно приватно право*. Прашањата поставени овде не се одговорени ниту во најдлабинската статија за оваа материја напишана од страна на професор Милена Петровиќ, „Посебна меѓународна надлежност за спорови од договорни односи според правото на ЕУ и правото на Република Србија", *Анали на Правниот факултет на Универзитетот во Белград*, бр. 1 (2014): 41-61.

345 Одлука на Вишиот суд во Суботица бр. Гж. 605/2011 од 13.9.2011 г.

Има нејаснотија во однос на тоа дали „туженикот“ од доменот на оваа одредба е само физичко лице или и правно лице. При решавањето на ова, авторот смета дека овој дел од одредбата се применува само на физички лица[346]. Претпоставувајќи дека ова е точно, следното прашање што бара одговор е што ќе се случи во ситуации со странски правни лица што, на пример, работеле само во една од овие држави во текот на краток временски период (на пр. неколку дена) и создале некакви обврски таму? И најважно, што ќе биде образложението за дозволување физички лица да станат предмет на косовските судови, но да се отфрли таквата законодавна основа за правните лица?[347] Одредбата користи само „присуство“ во државата како точка на врзување, а тоа може еднакво да се претпостави и за физички и за правни лица. Затоа, мислењето што е дадено овде е дека одредбата треба да се применува еднакво, и на правни и на физички лица.

Ниту другиот член што пропишува посебна надлежност во договорни предмети, членот 55, не е беспрекорен. Наместо да предвиди поинаква ситуација, на пр. да пропише само местото на извршување на обврските да биде точка на врзување, оваа одредба ги предвидува двете точки на врзување и со тоа дополнително ги комплицира работите. Накратко, овој член им дава надлежност на косовските судови да пресудуваат во спорови за обврски создадени или што треба да бидат извршени во овие држави против странски туженик, доколку таквото лице има агенција или претставник во државата[348]. Забуната околу оваа одредба сигнализира намера да се регулира посебната надлежност – типот на надлежност чиј епицентар е природата на спорот или фактите во случајот[349] – додека, пак, вториот користи точка на врзување што обично се припишува на општата надлежност, *т. е.* локацијата на агенцијата или претставникот на лицето.

Оваа разлика не е само теоретска, затоа што одговорот на неа дава резултат за целата „равенка“ на посебна надлежност во трговски предмети во овие држави. Доколку членот 55 определува општа надлежност, дали тогаш не ги ограничува овластувањата од членот 54 за судовите да пресудуваат спорови кога имотот или обврските се поврзани, без оглед на седиштето на туженикот? Или, спротивно, доколку членот 55 ја регулира посебната надлежност во договорни предмети, дали тогаш тоа е одредбата што ги ограничува овластувањата од членот 54 за судовите во случаи кога странско лице е туженик?

Ситуацијата ќе беше појасна доколку членот 55 го содржеше и зборот „само“ или „и“. Конкретно, да предвидувала одредбата дека „судот на Сојузна Република Југославија ќе има надлежност *само* доколку тоа лице има претставништво или агенција“, тогаш тоа директно ќе значело дека неговата намера е да се ограничат овластувањата опишани во членот 54, втора реченица. Во спротивно, да предвидувала одредбата дека „судот на Сојузна Република Југославија ќе има надлежност *и* доколку тоа лице има претставништво или агенција“, тогаш тоа ќе се толкувало како проширување на овластувањата од членот 54, втора реченица. Втората опција би изгледала послична на пристапот од Брисел I – бис Регулативата и пристапот од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

Ставот што овде се поддржува е дека членот 55 треба да се чита како *проширување* на членот 54, што значи дека тие регулираат ист тип надлежност. Во членот 54, законодавецот имал намера да пропише надлежност општо над местото на создавање или извршување на обврските, додека, пак, во членот 55, тој го ограничил ова овластување на случаи каде

346 Варади, Бордаш и Кнежевиќ, *Меѓународно приватно право*.

347 Спротивно на ова, албанскиот Виш суд дојде до сличен заклучок, но за нејасна одредба што користела националност на седиштето како точка на врзување и го оправдал тоа затоа што седиштето на правното лице не може да се премести, па (дел од) одредбата се применува само на физички лица. Видете подолу детална анализа на случајот *Сил Черамике СПА против Мезурај* (2013) во Делот 4.2.1 Спогодби за избор на суд во Албанија.

348 Оригиналната и целата одредба што е вметната во членот 55 од југословенскиот ЗМПП гласи: „Во спорови против физичко лице или правно лице со седиште во странство, за обврски што се создадени во Сојузна Република Југославија или што мора да се извршат на територијата на Сојузна Република Југославија, судот на Сојузна Република Југославија ќе има надлежност доколку тоа лице има претставништво или агенција на територијата на Сојузна Република Југославија или доколку седиштето на правното лице на кое му е доверено водењето на неговото работење е во Сојузна Република Југославија“.

349 Се користат зборовите на Тревор Ц. Хартли, *Меѓународно трговско парничење*, второ издание (Кембриџ Јуниверситет Прес, 2015), за објаснување на овој тип надлежност.

што странско лице е туженик. Ова може да се дедуцира и од друга одлука на Апелациониот трговски суд на Србија, каде што судот повторил дека, освен доколку постои доказ дека одредено српско правно лице е регистриран претставник или агент на словенечкиот туженик, српските судови немаат надлежност да пресудуваат за нивните договорни предмети, без да ги истражат основите од членот 54[350].

Ова толкување ги остава судовите *без* посебна надлежност врз основа на обврски создадени или извршени на територијата над странски туженици (освен доколку тие ги имаат спомнатите врзувања). Меѓутоа, на судовите сепак може да им биде овозможена надлежност врз основа на *forum contractus* и/или *forum solutionis благодарејќи на Законот за граѓанска постапка (Закон за парнична постапка).*

Членот 61 пропишува дека „во спорови со физички или правни лица со престојувалиште или седиште надвор од нашата држава во врска со обврски создадени во Косово *или што* треба да се извршат во Косово, тужба може да се поднесе до судот на чија територија е сместено нивното постојано претставништво за Косово или седиштето на телото на кое му е доверено да ги извршува таквите обврски“. Дополнително, овој закон овозможува и одредбите за домашна територијална надлежност да се применуваат во ситуации на меѓународна надлежност, за спорови што не се регулирани со други закони или меѓународни договори[351]. Овие одредби може да помогнат да се пополнат празнините или недореченостите што се оставени отворени во членовите 54, 55 или на други места во ЗМПП.

Друго прашање е дали „обврската“ спомната во гореспоменатите членови е таа поради која настанал спорот или правилото усвојува пристап на карактеристично извршување[352]. Според авторот, правилното толкување би требало да биде обврската да била таа што ги натерала странките во суд, затоа што доколку законодавецот сакал да избере карактеристично извршување, „требало изречно да пропише така“[353]. Истото гледиште се поддржува овде затоа што тоа е гледиштето што СПЕУ го усвоил порано[354].

Конечно, треба да се напомене дека постои уште една отворена врата со цел овие три држави да воспостават надлежност во гореспоменатите предмети: реторзија. Косовскиот ЗМПП, во членот 48 предвидел можност неговите судови да ја прошират надлежноста како реторзија спрема државјани на држави што имаат овластување да користат друга основа за надлежност над своите државјани:

> *„Доколку суд во странска држава има надлежност во спорови против косовски граѓани врз основа на надлежност што не постои во одредбите за надлежност на судот на Република Косово, тогаш тие основи ќе се применуваат на постоењето надлежност на судот на Република Косово во спорови во кои туженикот е граѓанин на таа странска држава“.*

Со оглед на тоа што нема забележено дека оваа одредба била применувана порано, не е познато дали нејзината примена веројатно би довела до воспоставување надлежност денес. Но сепак, се чини дека постои теоретска можност што треба да се нагласи како потенцијално претерана. Оваа основа за надлежност е повторена и во Законот за парнична постапка, член 62.

Косовскиот ЗМПП не дава конкретни правила за надлежност за заштита на потрошувачки договори, индивидуални договори за вработување или осигурување.

Имајќи ја предвид оваа прилично незадоволителна рамка на јурисдикционата основа,

350 Одлука на Апелациониот трговски суд, Пж. 9461/2011 од 25.7.2012 г.

351 Член 28.3 од Законот за парнична постапка.

352 Хартли, *Меѓународно трговско парничење*: 58.

353 Ibid.

354 Петрович, „Посебна меѓународна надлежност за спорови од договорни односи според правото на ЕУ и правото на Република Србија“.

навистина е пријатно да се види дека Косово веќе презело сериозни чекори во насока на решавање на овие работи во новиот нацрт на ЗМПП. Косовскиот нацрт ЗПРМ во член 146 од збор до збор го пренесува членот 7 (1) од Брисел I – бис Регулативата и како таков е многу поблизок до основата за надлежност дадена во Конвенцијата за пресуди, член 5.1 (г).

Во став (1), нацртот на членот 146 наведува дека судовите во Косово имаат надлежност „во предмети што се однесуваат на договори, каде што основа за тужбата е обврска што била извршена или требало да се изврши во Република Косово“. Идентично со членот 7 (1) (б) од Брисел I – бис Регулативата, став 2 од нацртот на членот 146 го дефинира местото на извршување на договорот како место на испорака на стоката или давањето на услугите, кога станува збор за такви договори. Нацртот на новиот ЗМПП, исто така, пропишува правила за посебна заштитна надлежност во потрошувачки договори, индивидуални договори за вработување и осигурување. Сите тие се засновани врз еквивалентните правила од Брисел I – бис Регулативата, како што е наведено во нацртот на членот 1, каде што Регулативата е наведена меѓу законите со кои нацрт ЗМПП е усогласен.

5.3.3. Надлежност врз основа на вондоговорна обврска

Општо е познато дека членот 5.1 (ј) од Конвенцијата за пресуди е прилично ограничен според обемот (штета на лица и имот) и е ограничен на физички повреди (вклучувајќи и смрт) за физички лица или загуба или штета по имот[355]. Како таков, не се применува каде што пресудата е донесена по тужба врз основа на загуби што не се поврзани со физичка повреда или со штета по материјален имот[356]. Спротивно на тоа, националните одредби за МПП, како тие од косовскиот ЗМПП, немаат такви ограничувања.

Членот 54, кој детално е анализиран погоре, пропишува надлежност на косовските судови кога обврската е створена таму. Со оглед на вклучувањето на вондоговорната материја во рамките на концептот на обврски од сите овие држави, очигледно е дека оваа одредба е наменета за примена за надлежност на вондоговорна материја. Сè додека е исполнет факторот за „обврски“, членот 54 може да се применува и на вондоговорни обврски[357].

Како што е наведено погоре, во договорната материја, членот 55 треба да се чита како *проширување* на членот 54. Еден од аргументите што го поддржуваат ова толкување е дека истата логика треба да се применува и на вондоговорната материја кога се гледа односот помеѓу членовите 54 и 53.

Членот 53 пропишува конкретно правило за надлежност во вондоговорна одговорност за штета. Одредбата пропишува мешавина помеѓу општа и посебна надлежност, со додаток на основа заснована врз факти, наведувајќи дека „во спорови за вондоговорна одговорност за отштета, косовскиот суд ќе има надлежност доколку таква надлежност постои врз основа на одредбите од членот 46[358] и членовите од 50[359] до 52[360] од овој Закон или доколку штетата настанала на територијата на Република Косово“[361]. Вториот дел од оваа одредба говори за применливоста на оваа одредба и во тужби на оштетена жртва спрема осигурителна компанија за надоместок на штета.

Иако одредбите од меродавното право за вондоговорна материја се многу подетални[362], оваа одредба за надлежност во такви предмети не може да се смета за таква. Важно е да се напомене во врска со непрецизирањето на тоа што е опфатено под место „каде што настанала штетата“. Може да се заклучи дека истата инспирација како во случајот Бир[363] може да се даде и на оваа одредба, но намерата на законодавецот станува нејасна кога ќе се земе предвид членот 28 од законот применлив на вондоговорната одговорност за штета. Во членот 28, законодавецот изречно пропишал алтернативна примена на двата закони, имено „законот за местото каде што дејствието е извршено *или* законот за местото каде што настанала последицата, зависно од тоа кој од двата закони е поповолен за оштетеното лице“. Меѓутоа, ова решение не е отсликано во правилата за надлежност за оваа материја. Ова може да се види како навестување за намера, или недостиг на намера, законодавецот да ги овласти судовите од двете места со надлежност, како што направил и во меродавното право. Некои научници само го спомнуваат форумот на местото „каде што е предизвикана штетата“ без образложение[364]. При примената на истата одредба, Апелациониот трговски суд во Србија исто така одлучил за надлежноста на локалните судови во случаи каде што штета е предизвикана на територијата на Србија, и покрај тоа што парницата што ја покренала била надвор од нејзината територија[365]. Судот одлучи дека српските судови имаат надлежност над странскиот туженик врз основа на членот 53 за штетата што била предизвикана на локален субјект преку намалување на средствата на неговата банкарска сметка како резултат на погрешно фактурирање преку злоупотреба на овластување од туженикот[366].

Дополнително, членот 54 што доделува надлежност општо за сите обврски, говори само за „обврски *настанати* во моментот кога туженикот бил *присутен* во Косово“. Дали ова значи дека овие судови немаат надлежност над, на пр. тужба за неправедно богатење спрема странски туженик затоа што тоа се случило подоцна, надвор од неговата територија или откако туженикот веќе не бил присутен на територијата? Едноставното толкување на оваа одредба го навестува токму тоа, што навистина е многу ограничувачко за судовите и за тужителите што сакаат да бараат надоместок за ваквите вондоговорни тужби.

Подобро решение сега може да се најде во нацртот на косовскиот ЗМПП, член 149, кој е пренесен збор по збор од членот 7 (3) од Брисел I – бис Регулативата. Накратко, тој пропишува надлежност на своите судови доколку: а) настанот од кој произлегла штетата или штетата се случила таму или б) постои веројатност таму да се случи штетен настан или штета.

5.4 Исклучива надлежност

Косовскиот ЗМПП пропишува девет случаи во кои неговите судови имаат исклучива надлежност. Седум од нив се однесуваат на статусни и семејни предмети, еден на исклучива надлежност во случај на управување со недвижен имот што се наоѓа во Косово независно од националноста на починатиот, во членовите 71, 72 и 73, и еден што се однесува на права *in rem* за недвижен имот што се наоѓа во Косово, вклучувајќи наем и закуп[367]. Како што ќе биде покажано и подолу, кога овде постои основа за ваква исклучива надлежност, странските пресуди не може да бидат признаени или извршени, доделувањето надлежност не е можно и домашните судови не може да ги прекинат своите постапки во случај на *lis pendens*[368].

Во овие последни поенти, косовскиот ЗМПП и членот 5.1 (х) и (и) од Конвенцијата за

355 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 196.

356 Ibid.

357 Хрвоје Сикириќ, Определување на меѓународната надлежност на Уредбата на Советот (ЕЗ) бр. 44/2001: 60. Видете ја истата позиција застапувана во Петрович, „Посебна меѓународна надлежност за спорови од договорни односи според правото на ЕУ и правото на Република Србија“.

358 Општа надлежност врз основа на живеалиштето или седиштето на туженикот.

359 Одредба за согласност на туженикот.

360 Одредба за надлежност над државјани што живеат во странство по службена должност.

361 Додадено е нагласување.

362 Видете ги конкретните одредби од членот 25-29 на Законот.

363 Ханделсквакериј Г.Ј. Бир БВ против Мин де потас д›Алзас СА., Случај 21/76 (1976).

364 Варади, Бордаш и Кнежевиќ, *Меѓународно приватно право*.

365 Одлука на Апелациониот трговски суд, Пж. 715/2013 од 30.1.2013 г. – Судска практика на трговските судови – билтен бр. 4/2013.

366 Ibid.

367 Ставките се наведени во Златан Мешкиќ, „Босна и Херцеговина“, во *Елгаровата енциклопедија на МПП* (Елгар Јуропиан Ло, 2017), 184, за Босна и Херцеговина, која го применува истиот закон наследен од поранешна Југославија.

368 Ibid.

пресуди се прилично слични. Првиот од нив, во својот член 56 пропишува „исклучива надлежност во спорови за сопственост и други стварни права врз недвижности, во спорови за смеѓавање на владение врз недвижности, како и во спорови што произлегуваат од наем на недвижности или од договори за употреба на стан или деловен простор, доколку недвижноста се наоѓа на територијата на Република Косово“. Затоа, исклучивата надлежност е осмислена за права *in rem* за сите предмети во врска со недвижности, без исклучок на закупите.

Со големо влијание од Брисел I – бис Регулативата, нацртот на косовскиот ЗМПП пропишува различен пристап во врска со закупите. Иако првиот дел од неговиот член 142 пропишува исклучива надлежност врз основа на местото на имотот на неговата територија, став 2 го усвојува решението од Брисел I – бис Регулативата. Тој пропишува дека „судот на Република Косово нема да има исклучива надлежност во постапки што за предмет имаат договори за наем заклучени за привремена приватна употреба за максимален период од шест последователни месеци, под услов закупецот да биде физичко лице, а закуподавачот и закупецот да имаат живеалиште во иста држава“. Овој последен дел е место каде што повторно се разликуваат основите за надлежност на Конвенцијата за пресуди и нацртот на косовскиот ЗМПП, како што се разликуваат со Брисел I – бис Регулативата.

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

6.1 Подрачје на примена

Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година е ограничена на пресуди во граѓански или трговски предмети (член 1), па дури и тоа има повеќе ограничувања наведени во членот 2. Конвенцијата има прилично долг список со исклучоци од своето подрачје на примена, од статус, одржување, брачно-имотен режим, наследство, па дури и клевета.

Со оглед на тоа што е национален закон што ја регулира оваа материја како примарен извор, косовскиот ЗМПП нема вакви ограничувања. Тој се однесува на сите предмети што се исклучени од членот 2. Секако, доколку пресудата е издадена за „приватни“ предмети, т. е. предмети што потпаѓаат под обемот на овој закон. Како такви, пресудите на странските судови донесени во кривични предмети не може да се признаат и да се извршат освен во делот каде што содржат парично побарување на жртвата[369]. Странските пресуди донесени поради прибирање државни даноци не се извршни[370].

Еден вообичаен исклучок помеѓу овие две крајности за споредба е исклучувањето награди од арбитража. Иако оригиналната верзија на ЗМПП нема одредби за извршување арбитражни награди (членови 97-100), овие одредби повеќе не се применуваат поради усвојувањето на новиот Закон за арбитража[371].

6.2 Типови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки)

Уште една важна работа што треба да се земе предвид е какви типови исправи треба да ја поминат оваа постапка за признавање и извршување. Конвенцијата за пресуди дава дефиниција за „пресуда“ во членот 3.1 (б) дека означува каква било мериторна одлука издадена од страна на суд (...). Образложението наведува дека „терминот „суд“ мора

369 Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија“, 2018, 289.

370 Ibid, цитат од пресуда на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 561/80, од 6.5.1980 г., Збирка на судски одлуки бр. 2, 1980, 155.

371 Закон за арбитража, бр. 02/Л-75, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2579.

да се толкува автономно и се однесува на органи или тела што се дел од правосудната гранка или систем на држава и кои извршуваат судски функции. Не вклучува управни органи, нотари или недржавни органи.[372] Исто така, во рамките на значењето на членот 86 од одредбите за извршување на косовскиот ЗМПП, странската пресуда се смета дека е одлука на друг орган што е *изедначена* со одлука на суд во државата каде што е донесена или со судска спогодба. Ова го покренува прашањето за нотарски акти, кое не е ставено во преден план доколку се разгледуваат само одредбите. Косовскиот Закон за нотаријат пропишува дека странски нотаризирани акти се извршни во Косово под услов на реципроцитет[373], но постапката не е пропишана таму. Меѓутоа, доколку нотарскиот акт има иста сила како и судска пресуда во државата на потекло, негово признавање треба да се побара од судот пред постапката за извршување[374]. Како таков, секој нотарски акт што признава право, спроведува определување право или обврска треба да има иста сила како и судска пресуда и затоа треба да помине постапка за признавање и извршување согласно ЗМПП. Ова може да се прикаже и преку судската практика во Косово, која иако прилично е ограничена, но покажува случаи каде што нотарски акти биле признаени низ судска постапка.[375]

Според Образложението на Конвенцијата, пресудите што спроведуваат определување право или обврска, како што се, на пр. одлучување дали тужителот има или нема некое право, вклучувајќи и декларативни пресуди, спаѓаат под обемот на Конвенцијата[376]. Истото важи и за пресудите што наредуваат должникот да изврши или да се воздржи од извршување конкретен акт, како што е, на пр. судска забрана или налог за конкретно извршување договор[377]. Конвенцијата изречно ги исклучува времените мерки за заштита во членот 3.

Косовскиот ЗМПП конкретно го решава прашањето дали позитивни или негативни одлуки се признаваат или се извршуваат согласно него, а ниедно од тие две не е тема што многу ја обработуваат научниците. Претпоставка е дека и позитивните и негативните одлуки треба да бидат признаени согласно овие одредби затоа што двете определуваат законско право и/или обврска. Слично, можноста за признавање на времените мерки исто така не е дискутирана. ЗМПП во членот 77 ги овластува косовските судови да ги преземаат потребните времени мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјанин што е присутен или има имот во Косово, но тоа е во предмети со старателство. Мислењето што е изнесено овде е слично на ставот од Конвенцијата за пресуди – дека времените мерки служат за две главни цели: даваат прелиминарно средство за обезбедување имот од кој правосилната пресуда може да биде задоволена или ја одржуваат постојната состојба до решавање на прашањето на суд[378]. Како такви, тие не се еднакви на пресуда, како што е пропишано во членот 88 од ЗМПП.

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање)

Признавањето и извршувањето започнува како главен предмет на постапката пред суд. Законот за судовите, член 12, пропишува дека основните судови имаат овластување да

372 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 102.

373 Член 3.5 од Законот бр. 06/Л–010 за нотаријатот, достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=18334.

374 Славко Ѓорѓевиќ, „Краток критички осврт на признавањето и извршувањето на нотарските исправи според Законот за нотари на Србија“, *Нова правна ревија*, бр. 1 (2014): 81-84.

375 Видете: Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 472/15, од 10.11.2015 г., за признавање нотарски акт издаден во Њу Џерси, САД.

376 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 113.

377 Ibid, пас. 96.

378 Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020), пас. 99.

извршуваат странски пресуди. Пресудите во граѓански и трговски предмети ќе се признаат и ќе се извршат преку вонпарнична постапка, во која е потребна комбинација на одредби главно од Законот за вонпарнична постапка[379] и од Законот за извршна постапка[380]. Дополнително, косовскиот ЗМПП во членот 101, став 5 пропишува дека „доколку ниедно посебно решение не е донесено во врска со признавањето странска пресуда, кој било суд може да одлучи за признавањето на таа пресуда како прелиминарно прашање во постапката, но само со ефект на таа постапка“.

Сите странски пресуди, било да се од семејни или трговски предмети, се поднесуваат за признавање и извршување пред соодветниот основен суд согласно правилата за месна надлежност во Косово, т. е. до нивниот Оддел за општи работи. Ова вклучува пресуди од трговски предмети[381]. Сè до неодамна, се сметаше дека работите во врска со признавање и извршување странски одлуки се во надлежност само на претседателот на судот[382]. Беше нејасно и тогаш, а нејасно е и сега од каде произлегло тоа конкретно овластување, со оглед на тоа што не го пропишува ниеден од примарните закони. Регулативата за внатрешната организација на судовите само наведува дека барањата за извршување странски пресуди се регистрираат во регистар за „други граѓански предмети“, заедно со многубројни други граѓански предмети[383].

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање странска судска одлука

Основните формални барања за неопходни исправи се наведени во членот 87, кој бара странката што бара извршување да ја поднесе самата пресуда, заедно со потврда издадена од надлежен странски суд или друг орган што потврдува дека пресудата станала правосилна (не подлежи на обична жалба) согласно законодавството на државата каде што е издадена таа.

Практиката на Основниот суд во Приштина покажува дека судот ја прифаќа оригиналната исправа или заверена фотокопија[384], заедно со гореспоменатиот доказ за правосилност или „потврда за извршност“[385]. Иако одлуките се повикуваат на членот 87 од ЗМПП кога ова го укажуваат, формулацијата што се употребува овде изгледа дека е зајмена од членот 36 од Законот за извршна постапка, кој пропишува дека „предлогот за извршување се поднесува до извршниот орган заедно со извршната исправа, во оригинал или заверена фотокопија, со потврда за извршност“. Овластен превод е исто така формално барање, иако не е конкретно наведено во ЗМПП или во Законот за извршна постапка. Ова може да се пронајде во членот 331.2 од Законот за парнична постапка, чии одредби се применуваат согласно членот 18 од Законот за извршна постапка.

Постојат многубројни случаи во кои признавањето било одбиено затоа што тужителот не ги исполнил овие критериуми[386].

379 Официјалниот англиски наслов на Законот бр. 03/Л-007 е за вонпарнична постапка, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2608.

380 Достапен на англиски јазик на: https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=2608.

381 Видете, на пр. Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 508/2015, од 22.3.2016 г., за признавање пресуда издадена во Словенија против локална компанија; Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 184/17, од 6.10.2017 г. за начинот на признавање и извршување пресуда од Трговскиот суд во Панчево, Србија.

382 Искуство на авторот од Основниот суд во Приштина додека вршел истражување за извршување странски одлуки. Авторот неодамна бил неформално информиран дека ова повеќе не е случај и дека случаите за признавање и извршување странски пресуди сега се распределуваат меѓу судиите од Одделот за општи работи, граѓанско одделение.

383 Член 2.4 од Уредбата бр. 02/2020 на Косовскиот судски совет за внатрешна организација и работа на судовите во Република Косово.

384 Формулацијата што се употребува во одлуките е „përshkrim i vërtetuar“.

385 Видете, на пр. Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 287/14, од 27.7.2017 г.

386 Ibid. Видете и Одлука на Основниот суд во Приштина бр. 541/14.

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Клучните услови за признавање, освен оние анализирани погоре во овој дел, се: правосилност, непостоење исклучива надлежност на косовските судови, постоење реципроцитет, непостоење кршење на постапката што ја оневозможило странката да учествува во постапката, некршење јавни политики и непостоење правосилна домашна пресуда или на странска пресуда што веќе била признаена во истиот предмет[387]. Многу слични услови се предвидени во нацртот на новиот ЗМПП, со неколку многу важни разлики: отстранување на барањето за реципроцитет, вклучување на „принципот на огледало“ во прекумерната надлежност на странскиот суд (член 161) и образложени одредби за кршењето на правото на одбрана (член 164). За жал, овие конкретни одредби биле предмет на жестоко расправани амандмани во Собранието[388] и веројатно ќе бидат изменети. Затоа нема да бидат детално анализирани.

По оценувањето на правосилноста на пресудата (образложено во Делот 6.4. погоре), согласно членот 89.1, судот треба да оцени дали судовите или другите органи во Косово имаат исклучива надлежност во предметот[389]. Доколку одговорот е потврден, ќе биде одбиено признавање на пресудата. Основниот суд во Приштина одбил признавање и извршување одлука од Трговскиот суд во Србија затоа што, според косовското законодавство, предметот спаѓал под исклучива надлежност на Косовската агенција за приватизација[390].

Реципроцитетот е еден од клучните услови за признавање и извршување странски пресуди, а пропишан е во членот 92. Реципроцитетот во рамките на значењето на овој член е фактички, што значи дека не бара договор за заемно признавање за да се смета за важечки[391]. Иако реципроцитетот не е потребен за брачни предмети или за востановување татковство или мајчинство (член 92, втор став), постојат случаи каде што било одбивано признавање на ваквите пресуди поради непостоење реципроцитет[392]. И за многу други предмети било одбиено признавање поради реципроцитет[393]. Основниот суд во Приштина покажува особен активизам при укажувањето непостоење реципроцитет кога станува збор за предмети од Србија[394].

Реципроцитетот во признавањето и извршувањето е особено предизвикувачки за Косово, чиј политички статус сè уште е непризнаен од страна на многу држави членки на ЕУ – Грција, Шпанија, Словачка, Кипар и Романија – и неговите најблиски соседи – Србија и Босна и Херцеговина. Последните две се и меѓу неговите најблиски трговски партнери, како што е напомнато погоре. Силно се застапува тезата дека реципроцитетот треба да се отстрани како барање за признавање странски пресуди во Косово, а тоа многу ќе го олесни процесот на признавање на косовските пресуди ширум светот[395]. Ова е направено во сегашниот нацрт на ЗМПП на Косово, а тоа го менува барањето за реципроцитет со „принцип на огледало“ во членот 161. Меѓутоа, беа поднесени амандмани да се задржи таквото барање во нацртот и веројатно ќе бидат усвоени[396].

387 На сличен начин наведена во Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија“, 2018, 290.

388 Последен пат расправан во Собранието на Република Косово на 19.11.2020 г.

389 Видете во Делот 5.4. погоре за целиот список со одредби за кои се пропишува исклучива надлежност во косовскиот ЗМПП.

390 Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 184/17, од 6.10.2017 г. Судот не го спомнува конкретно членот 89.1 за оценување на својата надлежност, туку само се повикува на домашниот закон што ја регулира надлежноста на Косовската агенција за приватизација.

391 Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија“, 2018, 292.

392 Видете, на пр. Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 349/19, од 10.12.2019 г., за одбивање пресуда за развод издадена во Словачка и Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 383/19, од 1.11.2019 г. за одбивање пресуда за развод издадена во Босна и Херцеговина.

393 Видете, на пр. Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 377/18, од 10.4.2019 г.; Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 184/18, од 25.04.2019 г.; Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 277/18, од 23.11.2018 г.

394 Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 184/17, од 6.10.2017 г., за одбивање српска одлука, *inter alia*, поради непостоење реципроцитет и немање договор што го потврдува спротивното. Споредете со одлуката на истиот суд бр. Ц.Н. 692/13, каде што не го истражува прашањето на реципроцитет со Србија и само укажува дека исправата за која е побарано признавање не е „странска одлука“ во рамките на значењето на овој закон, затоа што е само легализиран примерок на договор.

395 Доника Ќерими и Самуел Фули-Лемер, „7-ми журнал на меѓународната правна конференција“, август 2017, Рио де Жанеиро, Бразил.

396 Амандманите се поднесени од странката што моментално е на власт во Косово и која го води косовското Министерство за правда.

Меѓутоа, постоењето реципроцитет се подразбира. Се гледа дека ова е добро применето и во практиката[397].

Научниците го поддржуваат мислењето дека реципроцитетот треба да се истражува само по барање на странката, иако во практиката тој често се истражува *ex officio*[398]. Кога постои сомнеж, судовите може да побараат појаснувања од Министерството за правда дали постои реципроцитет[399].

Пресудата за која се бара признавање не смее да ја крши јавната политика согласно членот 91. Според научниците од регионот, домашните судови ретко се потпираат на овој исклучок, а дури и кога го прават тоа, причината за тоа е поради прашања поврзани со статусот[400]. Со цел пресудата да се смета за кршење на јавната политика, таа мора да содржи „невообичаена и јасна некомпатибилност со основните принципи што важат во Република Косово“[401]. Навистина, постојат индиции дека косовските судови може да бидат прилично либерални кога се работи за толкување на поимот јавна политика. Конкретен пример е признавањето одлука на германски суд за развод на граѓанско партнерство помеѓу истополова двојка, која е признаена од страна на Основниот суд во Приштина[402]. Треба да се очекува дека судовите ќе бидат прилично либерални во толкувањето на јавната политика во трговските предмети.

Следно на списокот со услови, судот треба да осигури дека пресудата нема кршења на постапката што ја спречиле странката (против која се бара признавање) да учествува во постапката, како што бара членот 88. Вториот дел од овој член објаснува дека неправилностите се однесуваат на тоа судските покани да не ѝ биле врачувани на странката. Иако ова е прилично чувствително прашање, не било третирано подетално во научната теорија, а не изгледа ни дека било покренувано во судовите.

Конечно, судот треба да провери дали предметот веќе се смета за *res judicata* во Косово. Членот 90 пропишува дека за пресуда ќе се одбие признавање доколку е донесена правосилна пресуда за истиот предмет од страна на судовите во Косово или доколку друга странска пресуда донесена на истиот начин е признаена во Косово. Истата одредба го овластува судот и да запре постапки за признавање доколку во тек има постапка за истиот предмет пред судовите во Косово сè додека не се реши тој предмет. Оваа одредба е еквивалентна на членот 7.2 од Конвенцијата за пресуди. Меѓутоа, одредбата на ЗМПП не пропишува основа за одбивање признавање и извршување, како што тоа го прави членот 7.2 од Конвенцијата. ЗМПП само му дава основа на судот да запре такви постапки додека не се донесе правосилна одлука во тој спор[403].

Како што е пропишано во членот 101, став два, судот ќе се ограничи на истражувањето за тоа дали се исполнети условите пропишани во членовите 86 до 100 и, доколку тоа го смета за потребно, ќе побара објаснување или од судот што пресудил или од странките.

Согласно членот 101, ставови три и четири, одлуките за признавање и извршување може да се обжалат во рок од 15 дена до Апелациониот суд во Косово.

397 Видете, на пр. Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 508/2015, од 22.3.2016 г., за признавање пресуда донесена во Словенија против локална компанија.

398 Мешкиќ, „Босна и Херцеговина“, 194.

399 Член 92, комбиниран со Административните упатства за постапката за нудење меѓународна правна помош во кривични и граѓански предмети, бр. 01-1265 (2009).

400 Станивуковиќ и Живковиќ, „Србија“, 2018, 293.

401 Морина и Никчи, *Komentar: Ligji Për Procedurën Kontestimore*, 524.

402 Одлука на Основниот суд во Приштина бр. Ц.Н. 248/2015, од 25.5.2015 г. Одлуката не ја спомнува изречно истополовата природа на партнерството, но може да се заклучи од имињата на странките и од приложените исправи во предметот.

403 За темелна анализа на *lis pendens* согласно југословенскиот ЗМПП, видете: Ќерими „Надлежност во меѓународни спорови за трговски предмети: Споредба помеѓу Брисел I – бис Регулативата и Западен Балкан“, 228-34.

7. Извршување странски судски одлуки

ЗМПП во членот 96, втора реченица, пропишува дека доколку тужителот бара извршување странска пресуда во Косово, освен исправите потребни за признавање, треба да достави и потврда за извршност на таа пресуда согласно законот на државата каде што е донесена. Откако пресудата ќе биде признаена, постапката за извршување се спроведува согласно Законот за извршна постапка, како што е пропишано во неговите членови 11 и 22.1.5. Има ограничувања при извршувањето против имот на странска држава или организација согласно членот 12, кое бара претходно одобрување од страна на Министерството за правда и од Министерството за надворешни работи.

Со исклучок на семејни предмети и одлуки за враќање на работникот на работа од страна на работодавачот, сите други предмети може да бидат извршувани од страна на приватни извршители. Обично одлуката за одобрување извршување странска одлука наведува временски период во кој пресудите треба да се извршат доброволно. Овој краен рок може и да биде продолжен од страна на извршителот[404]. Приватниот извршител потоа изработува акт врз основа на предлог за спроведување извршување (направен од страна на странката) и го спроведува извршувањето за да го исполни барањето на доверителот согласно извршната исправа[405].

Имајќи предвид дека странска судска одлука ќе стане „извршна исправа“ само откако ќе биде признаена од страна на суд во Косово, не постојат ситуации каде што извршителите се директно соочени со странски судски одлуки.

Поконкретни детали за извршната постапка се споделени погоре во другите делови и овде ќе биде избегнато нивното повторување.

8. Користена литература

- А. Де Блос, СПРЛ против Сосиете ан командит пар аксион Бује, Случај 14/76 (1976).
- Ендрју Овусу против Н.Б. Џексон, под назив „Вила Холидејс Бол-Ин Вилас“, Меми Беј Ризортс Лтд. Меми Беј Клаб Лтд. Ди Инчентед Гарден Ризортс енд Спа Лтд. Консалтинг Сервисес Лтд. Таун енд Кантри Ризортс Лтд. Случај Ц-281/02 (2005).
- Еплтон, Сузан Фрелих, „Го напуштате домот? Живеалиште, семејство и пол“, Правна ревија на УК Дејвис, 2014, 1954.
- Берлинер Феркерсбетрибе (БВГ), против ЈПМорган Чејс Банка АГ, Филијала Франкфурт, Случај Ц-144/10 (2011).
- Биљали, Аслан, и Хајредин Кучи, *E Drejta Ndërkombëtare Private* (Приштина, Косово: Универзитет во Приштина, 2012).
- Адриен Бригс, *Граѓанска надлежност и пресуди*, шесто издание (Информа ло, 2015).
- Тони Дескоски, „Новиот македонски Закон за МПП од 2007 година“, *Годишник за МПП* 10 (2008): 441-58.
- Доника Ќерими, „Западен Балкан“, во *Избор на законодавство во меѓународни трговски договори*, Меѓународно приватно право (Оксфорд: Оксфорд Јуниврсити Прес, 2021).
- Франциско Гарсимартин и Женевјев Сомие, „Образложение на Конвенцијата

404 Член 24 од Законот за извршна постапка.

405 Член 5.3 од Законот за извршна постапка.

од 2.7.2019 г. за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година)“ (Хаг, 2020).

- Гугу Бушати, Аида, и Нада Долани, „Албанскиот ЗМПП и неговото спроведување во судската практика“ (2016), 18 Анали на Правниот факултет при Универзитетот во Зеница, 147.
- Ханделсквакерij Г.Ј. Бир БВ против Мин де потас д›Алзас СА., Случај 21/76 (1976).
- Хартли, Тревор Ц. *Меѓународно трговско парничење*, второ издание (Кембриџ Јуниверсити Прес, 2015).
- Хеј, Питер, „Напомени во врска со Брисел I – бис Регулативата на Европската Унија“, *Европски правен форум Forum Iuris Communis Europae* 13, бр. 1 (2013): 1-36.
- Хумел Холдинг А/С против Најки Инк., Најки Ритејл БВ, Случај Ц-617/15. (2017)
- Костиќ, Маја, Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, „Црна Гора“, во *Клувеовата енциклопедија на меѓународно приватно право*, 2013, Маја Станивуковиќ и Мирко Живковиќ, „Србија“, во *Клувеовата енциклопедија на меѓународно приватно право.*
- Кучи, Хајредин, “E Drejta Ndërkombëtare Private Në Kosovë.” In *Hyrje Në Sistemin Ligjor Në Kosovë*, 103–40. Prishtine, Kosove: Akademia e Drejtësisë, 2019.
- Магнус, Улрих, Петер Манковски, и Ричард Фентиман, *Брисел I регулативата* (Селер, 2007), 669-70.
- Маја Станивуковиќ, „Точки на врзување за трговски правни лица во меѓународното приватно право“, *Зборник на трудови на Правниот факултет во Нови Сад,* 36 (2002).
- Мешкиќ, Златан, „Босна и Херцеговина“, во *Елгаровата енциклопедија на МПП* (Елгар Јуропиан Ло, 2017), 184, за Босна и Херцеговина.
- Михаелс, Ралф, „Надлежност, темели“ во *Елгаровата енциклопедија на меѓународно приватно право, н.д.*
- Морина, Исет, и Селим Никчи, *Komentar: Ligji Për Procedurën Kontestimore*, 1st Editio (Deutche Gesellschaft fur Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, 2012), 149.
- ММСГ против Гравиер Ренан, Случај Ц-106/95 (1997).
- Никол Хасет против Медицински одбор за југоистокот и Шерил Доерти против Медицински одбор за северозападот, Случај Ц-372/07 (2008).
- Оракелашвили, Александер, „Советодавно мислење на Меѓународниот суд за ЕПН во врска со Косово: Перење на ’пената од плимата на времето‘“, *Годишник на Макс Планк за правото на Обединетите нации,* 15 (2011).
- Петровиќ, Милена, „Посебна меѓународна надлежност за спорови од договорни односи според правото на ЕУ и правото на Република Србија“, *Анали на Правниот факултет на Универзитетот во Белград*, бр. 1 (2014): 41-61.
- Ќерими, Доника, „Надлежност во меѓународни спорови во трговски предмети: Споредба помеѓу Брисел I – бис Регулативата и Западен Балкан“ (Универзитет во Гент, 2019).
- САР Шоте ГмбХ против Парфам Ротшилд САРЛ, Случај 218/86 (1987).
- Славко Ѓорѓевиќ, „Краток критички осврт на признавањето и извршувањето на нотарските исправи според Законот за нотари на Србија“, *Нова правна ревија,* бр. 1 (2014): 81-84.
- Сомафер СА против Сар-Фернгас АГ, Случај 33/78 (1978).
- Маја Станивуковиќ, Маја и Мирко Живковиќ, „Србија“, во *Клувеовата енциклопедија на меѓународно приватно право*, 2009.
- ———„Србија“, во *Клуверовата енциклопедија на меѓународно приватно право* (Волтерс Клувер, 2018).
- Варади, Тибор, Бернадет Бордаш и Гашо Кнежевиќ, Меѓународно приватно право, V (Нови Сад, Форум, 2001).
- Варади, Тибор, Бернадет Бордаш, Гашо Кнежевиќ, и Владимир Павиќ. Меѓународно приватно право, XIII Београд, 2010.

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: ЦРНА ГОРА

Автор

Маја Костиќ-Мандиќ

Извршно резиме

Правната рамка за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки во Црна Гора за граѓански и трговски прашања во основа се заснова врз Законот за меѓународно приватно право на Црна Гора и неколку меѓународни договори. Црна Гора контролира странска судска одлука во постапката за признавање само во однос на условите утврдени со закон (или меѓународен договор). Може да се признаат само одлуки за основаноста, без оглед на нивниот назив во земјата на потекло, како и на видот на органот, по можност вонсудски, кој ја носи одлуката.

Во Црна Гора, судовите (основни и трговски) имаат исклучива надлежност за признавање и извршување странски судски одлуки, додека, пак, постапката за извршување е во надлежност на извршителите и само по исклучок во надлежност на судството. Надлежноста за признавање странски пресуди останува исклучиво на надлежниот суд, па оттука извршителот не може да одлучи за признавање на странските пресуди како прелиминарно прашање во постапка за извршување.

Нема евиденција за бројот и квалитетот на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки за сите судови на територијата на Црна Гора. Сепак, може да се следат одредени поединечни предмети преку официјалната веб-страница на судовите. Судовите, генерално, имаат капацитет да одлучуваат за тие случаи бидејќи Центарот за обука на судски и јавни обвинители на Црна Гора често организира обуки за признавање и извршување странски судски одлуки.

Економијата на Црна Гора најмногу се заснова врз туризам и странски инвестиции. И покрај тоа што земјата има добри економски односи со сите земји ширум светот, трговските активности на Црна Гора се насочени кон соседните земји и кон Европскиот пазар. Засега, тешко е да се процени дали Црна Гора ќе поднесе известувања во согласност со член 29 или изјави во согласност со член 19 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, бидејќи е потребна дополнителна анализа во однос на актуелните национални интереси.

Во Црна Гора, правилата за меѓународна јурисдикција се содржани главно во Законот за меѓународно приватно право од 2014 година и во повеќето случаи ќе се применуваат одредбите од Законот за МПП. Одредбите од овој закон се делумно компатибилни со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година и главно оние одредби што се однесуваат на пророгација на судската надлежност. Другите релевантни одредби или се држат до традиционалната основа за надлежност според националните правни системи или отсликуваат некои одредби од Конвенцијата од Лугано (на која Црна Гора не е земја членка.) Сепак, Црна Гора е членка на Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година.

Пречките за признавање и извршување од Законот за МПП, генерално, се во согласност со оние од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, со тоа што разликите се построги пречки во однос на меѓународната надлежност во националното право на Црна Гора. Законот за МПП изречно предвидува поширок опсег на исклучива надлежност, како и концепт на прекумерна надлежност (т.н. реторзиона надлежност) како основа за одбивање признавање.

1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Најважниот законски извор за признавање странски судски одлуки во Црна Гора е Законот за меѓународно приватно право[406], кој детално ја регулира оваа материја. Одредбите на

406 За упатување на овие закони, видете ја Библиографијата на крајот од оваа студија.

Законот за вонсудска постапка исто така се применуваат на одредени прашања.

Законот за МПП предвидува дека во отсуство на специфични одредби во соодветното поглавје за постапката за признавање странски судски и арбитражни одлуки соодветно ќе се применуваат одредбите на законот со кој се уредува вонпарнична постапка (член 158 – Соодветна примена на други закони) и за самата постапка за извршување – одредбите од Законот за извршување и обезбедување.

Што се однесува до мултилатералните договори, Црна Гора е членка на Конвенцијата за избор на суд (Конвенција за избор на суд на НССН од 2005 година) што се применува во Црна Гора од 1.8.2018 година. Иако Конвенцијата предвидува признавање и извршување на пресудата донесена од избраниот суд, во многу случаи не постои договор за ексклузивен избор на суд меѓу странките во спорот[407].

Исто така, во голем број мултилатерални меѓународни договори што се претходно ратификувани, постојат одредени одредби што се важни и за оваа област. Така, Хашката конвенција за граѓанска постапка и Хашката конвенција за меѓународен пристап до правда содржат правила за признавање и извршување на одлуките во врска со трошоци и расходи.

Црна Гора е страна во следните билатерални договори за правна помош во граѓански постапки склучени со: Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Кипар, Чешка, Франција, Грција, Унгарија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Србија и Словачка. Министерството за правда на Црна Гора фактички ги применува договорите на поранешна Југославија со Хрватска[408] и со Руската Федерација.[409]

Освен тоа, постојат четири билатерални договори што се занимаваат исклучиво со признавање и извршување странски одлуки и арбитражни решенија склучени со: Австрија, Белгија, Франција и Грција: Договорот со Австрија за заемно признавање и извршување арбитражни одлуки и решенија постигнати пред арбитражните трибунали за трговски прашања (1960 година, во сила од 1961 година); Конвенцијата со Австрија за признавање и извршување на пресудите за издршка (1961 година, во сила од 1962 година); Конвенцијата со Белгија за признавање и извршување на пресудите за издршка (1971 година, во сила од 1976 година), Конвенцијата со Франција за признавање и извршување на пресудите во граѓански и трговски предмети (1971 година, во сила од 1972 година); договорот со Грција за заемно признавање и извршување на пресудите (1959 година, во сила од 1960 година).

1.1. Преглед на законските одредби

Законот за меѓународно приватно право е основниот извор на правото што, во практиката, најчесто ќе се применува за признавање и извршување странска судска одлука. Третиот дел од законот детално ја регулира оваа материја. Глава XII го наведува ефектот на признавање странска судска одлука во Црна Гора и она што се смета за странска судска одлука (член 141) и исцрпно ги наведува условите/пречките за признавање странска судска одлука (членови 142-147, член 149).

За да може странската судска одлука да се спроведе во нашата земја, потребно е да помине низ постапката за признавање. Членот 141 од Законот за меѓународно приватно право предвидува дека призната странска судска одлука во Црна Гора се изедначува со одлуките на домашните судови. Ова значи дека странска одлука во нашата земја може да го даде она правно дејство што е предвидено со нашиот закон за такви одлуки.

407 Конвенцијата за признавање и извршување странски пресуди во граѓански или трговски предмети (Конвенција за пресуди на НССН од 2019 година) има цел да ја надополни споменатата конвенција.

408 Договор помеѓу Сојузна Република Југославија и Хрватска за правна помош во граѓанска и кривична материја (во сила од 1998 година).

409 *Видете:* Maja Kostić-Mandić, *Private International Law of Montenegro, International Encyclopaedia of Laws*, Kluwer Law International, 2020, стр. 30-31. Договорот со СССР за правна помош во семејна, граѓанска и кривична материја (во сила од 26 мај 1963 година). Прашањето за сукцесијата на меѓународните договори со Руската Федерација не е затворено, така што немаме официјална потврда од руска страна дека договорот е во сила.

Според Законот за меѓународно приватно право, условите за признавање странска судска одлука се: 1) конечноста на странската судска одлука според законот на земјата на потекло (и спроведливоста доколку се бара спроведување), како и отсуството на повреда на црногорското право во врска со: 2) меѓународна надлежност, 3) право на одбрана, 4) постоење конечна одлука за истата работа и меѓу истите страни и дејство на *lis pendens* и 5) јавниот поредок. Условите се детални и се сведени на формални, процесни услови, а единствениот услов што се однесува на основаноста е да нема повреда на јавниот поредок на земјата во која се бара признавање. Во зависност од исполнувањето на условите предвидени со националното законодавство, странска одлука може да се признае или може да се одбие нејзиното признавање. Во секој случај, одлуката не може да се менува, да се дополнува или да се модифицира.

Глава XIV детално ја регулира постапката за признавање странски судски одлуки (членови 152-158).

Надлежноста на судовите за признавање и извршување странски судски одлуки е пропишана со Законот за судови, а одредбите од Законот за извршување и обезбедување побарувања се применуваат на постапките за извршување.

1.2. Процена на правната рамка

Во Црна Гора, како и во сите земји од поранешна Југославија, се применува системот на ограничена контрола на судските одлуки, кои се најзастапени во компаративното право. Оттука, Црна Гора контролира странска судска одлука во постапката за признавање само во однос на условите утврдени со закон (или меѓународен договор). Може да се признаат само одлуки за основаноста, без оглед на нивниот назив во земјата на потекло, како и без оглед на видот на органот, веројатно вонсудски, кој ја донесува таа одлука, доколку одлуката е донесена во форма, постапка и од органот одговорен за донесување таков вид одлука според законот на земјата на потекло (пр. може да се признае одлука на странско управно тело доколку ги исполнува условите за признавање). Странскиот карактер на одлуката е поврзан со моментот кога одлуката станала конечна, што значи дека, на пр., одлуките на судовите во Словенија или во Хрватска што станале конечни за време на постоењето на СФР Југославија сега не може да се сметаат за странски одлуки.[410]

За прв пат, постапката за признавање странска судска одлука е детално регулирана со Законот за меѓународно приватно право, а успешните решенија од правото на земјите од регионот служеа како почетна точка.[411]

2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.1. Преглед на законските одредби со кои се утврдуваат засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Во Црна Гора, улогата на судовите е најважна во признавањето и извршувањето на странските судски одлуки, додека, пак, улогата на другите засегнати страни, освен на извршителите, не е директно регулирана во однос на мерките за извршување. Улогата на судот во оваа постапка е пропишана со Законот за судовите и Законот за меѓународно

410 Maja Kostić-Mandić, *Međunarodno privatno pravo* (Private International Law), Podgorica: Pravni fakultet UCG, Podgorica, 2017, p. 184.

411 Спореди членови 152-158 од црногорскиот Закон за МПП со членовите 108-111 од словенечкиот Закон и членовите 111-116 од македонскиот Закон за МПП.

приватно право. Законот за судовите ја утврдува само надлежноста, додека, пак, Законот за МПП, покрај надлежноста, содржи детални одредби за постапката за извршување и не содржи одредби за извршителите, чија надлежност е пропишана со Законот за извршување и обезбедување.

2.2. Засегнати страни во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.2.1. Судови

Основните судови на Црна Гора одлучуваат за признавање и извршување странски судски одлуки, освен за трговски работи каде што е надлежен Трговскиот суд на Црна Гора.[412] Основните судови и Трговскиот суд имаат исклучива надлежност да одлучуваат за извршување и признавање странски судски одлуки (Закон за МПП, член 152 (3)).

Основните судови и Трговскиот суд, исто така, имаат исклучива надлежност да ја извршуваат странската пресуда во постапка за извршување само во следниве прашања: да предадат или да одземат дете; враќање на вработениот на работа; согласно која должникот е должен да изврши одредена работа што друго лице не може да ја изврши наместо него/неа во согласност со закон или правна трансакција; на барање за создавање безбедност; на претставка за противизвршување и на барање на извршен доверител за исплата на судски пенали (ЗИО, член 4).

2.2.2. Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.)

Улогата на административните институции во врска со признавањето и извршувањето на странските судски одлуки не е експлицитно пропишана со позитивното законодавство. Сепак, судот што одлучува за признавање и извршување странски судски одлуки може да се обрати до Министерството за правда, кое е исто така централен орган за сите конвенции на НССН ратификувани од Црна Гора, со цел да добие информации за странски закон (во согласност со Европската конвенција за информации за странско право од 1968 година); ако е потребна лична достава (во согласност со Конвенцијата за врачување судски исправи на НССН од 1965 година[413]) или ако е потребна некаква помош.

Понатаму, Министерството за правда подготвува општ годишен извештај за примената на Законот за МПП, како обврска во текот на Европската интеграција и собира податоци за судската практика на црногорските судови. Сепак, податоците се само од општа природа, содржат број на случаи според судовите и областите и без официјално именување случаи, а вклучуваат и случаи од областа на признавање и извршување.

2.2.3. Правници (адвокати, правни застапници, итн.)

Во постапките во кои се донесуваат одлуки за признавање и извршување странски судски одлуки во Црна Гора, странките секогаш ангажираат адвокати. Тие обично се адвокати од странска земја, кои имаат право да застапуваат и во Црна Гора. Колку што знаеме, овие адвокати не се особено специјализирани за постапување по вакви случаи.

412 Трговскиот суд одлучува за признавање и извршување странски судски одлуки донесени од трговски судови, како и на странски арбитражни решенија (чл. 14 (4) и чл. 18 став 2 (4) од Законот за судовите).

413 Конвенцијата за врачување во странство судски и вонсудски исправи во граѓански или трговски предмети (Конвенција за врачување на НССН од 1965 година).

2.2.4. Извршители

Законот за извршување и обезбедување побарувања, кој започна да се спроведува во 2014 година, во правниот систем на Црна Гора воведе нова правна професија – извршителот како независен носител на функција со јавна надлежност. Одредбите на ЗИО јасно прават разлика помеѓу надлежноста на судот и јавниот службеник за извршување и ги утврдуваат нивните соодветни овластувања (член 4). Со ова, во основата, се напушти таканареченото систем на „судски извршувања“ бидејќи извршителот е надлежен да одлучува во постапка на извршување, да наметнува извршување, како и да спроведува обезбедување побарувања, освен во случаите за кои со закон е пропишана надлежност на судот (член 3). Сепак, надлежноста за признавање странски пресуди останува исклучиво на надлежниот суд (Закон за МПП, член 152 (1), (2), (3)) и затоа извршителот не може да одлучи за признавање на странските пресуди како прелиминарно прашање во постапка на извршување.

Локалната надлежност на извршителот се регулира со одредбите на ЗИО. Па така, тие го утврдуваат и го спроведуваат извршувањето врз основа на извршната исправа на судот или органот чие седиште е во службената област на извршителот, додека, пак, за утврдување и спроведување на извршувањето што произлегува од автентичната исправа, надлежноста на извршителот е поврзана со живеалиштето (живеалиштата) или седиштето на извршниот должник. Тука, мора да се има предвид и одредбата од Законот за МПП, во која се вели дека „извршувањето на судските и арбитражните одлуки спаѓаат во територијалната надлежност на судот на чија територија треба да се спроведе извршувањето (член 152 (4))“. Оваа недоследност на двата закони е јасна грешка што не требало да се случи. Факт е дека и Законот за МПП и Законот за ИО беа изготвувани неколку години, а потоа имаа долг *vacatio legis*, но и двата закони започнаа да се применуваат во 2014 година.

Според извршителите, ова не создава проблем во нивното работење бидејќи тие едноставно ја игнорираат оваа одредба, но одредбата може да ја наведе широката јавност на погрешно мислење, така што оваа одредба од Законот за МПП треба да се измени поради правна сигурност.[414]

2.2.5. Други релевантни засегнати страни

Нотарската служба во Црна Гора е основана како јавна служба согласно Законот за нотаријат.[415] Освен за составување и издавање нотарски акти и чување депозити на потврди, хартии од вредност, пари и други предмети, одговорни се и за вршење услуги што им се доделени со судските одлуки.[416] Во областа на МПП, најважната улога на нотарите е во областа на договорите и наследството.[417] Законот за нотаријат предвидува нотарска форма како предуслов за валидност на голем број најзначајни договори во областа на наследството, семејното и облигационото право.[418] Нотарскиот акт на секоја правна трансакција добива статус на јавна исправа и под одредени услови може да добие и статус на извршна исправа. Меѓутоа, ако странски нотарски акт треба да се изврши во Црна Гора, не е потребно да се спроведе постапка на егзекватура.

Странскиот нотарски акт, под услов на реципроцитет, го има истото правно дејство како и нотарскиот акт составен во Црна Гора.[419]

414 Maja Kostić-Mandić, *Private International Law of Montenegro, International Encyclopaedia of Laws*, Kluwer Law International, 2020, стр. 207.

415 Член 52 став 1 од Законот за нотаријат,

416 Член 4 од Законот за нотаријат.

417 На нотарите што дејствуваат како застапници на судот им е доверена постапката на пресуда за наследство со судска одлука.

418 *Видете:* Velibor Korać, Notarial Form *Ad Solemnitatem* in Montenegrin Law, Annals FLB – Belgrade Law Review, Year LXIV, 2016, No. 3. https://www.researchgate.net/publication/312353465_Notarial_form_ad_solemnitatem_in_Montenegrin_law (accessed 16 Apr. 2021).

419 Член 8 став 1 од Законот за нотаријат.

2.3. Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни

Засега нема специфична соработка меѓу засегнатите страни. Ваквата состојба може да се подобри доколку главните засегнати страни разменат информации и податоци, учествуваат на обуки во соодветната област и кога Министерството за правда и судовите ќе обезбедат евиденција на случаи што лесно може да се следат.

3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршувањето на странските судски одлуки

3.1. Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Деловникот на Судот на Црна Гора[420] ги дава општите информации во врска со капацитетите на судовите во Црна Гора. Судовите може да имаат специјални оддели основани за справување во одредена правна област.

Одделот може да има еден или повеќе совети.[421] По барање за признавање странска пресуда, Судот одлучува во вонсудска постапка. Постапките за признавање странски одлуки имаат деловна ознака „Псо“[422] или „Рс“, сложен вонсудски предмет. Еден судија одлучува по барањето за признавање странска пресуда во прв степен. На пример, во Основниот суд во Подгорица има четворица судии што работеле на предмети за признавање странски пресуди во 2020 година. Совет од тројца судии одлучува во втор степен за жалби во врска со одлуки.[423] Оваа постапка има деловна ознака „Псп“ или „Рп“.

3.2. Број и квалитет на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Министерството за правда на Црна Гора го надгледува спроведувањето на Законот за меѓународно приватно право во Црна Гора. Годишниот извештај за спроведувањето на Законот за МПП обезбедува податоци за бројот на одлуки. Официјално, Министерството за правда ги собира податоците во врска со спроведувањето на Законот за меѓународното приватно право во судската практика, кои покажуваат дека во периодот 2019/2020 година имало вкупно 443 предмети за МПП.

Нема евиденција за бројот и квалитетот на пресудите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки за сите судови на територијата на Црна Гора. Сепак, Вишиот суд во Подгорица има и оддел за следење на судската практика и следење на предметите со МПП. И покрај горенаведеното, во Црна Гора сè уште е тешко да се добијат информации за судската практика во врска со примената на законите или конвенциите од областа на МПП и меѓународните договори воопшто, бидејќи специјализираниот софтвер што го користат судовите ја препознава само примената на Европската конвенција за човекови права. Судските одлуки обично се објавуваат на официјалната веб-страница на судовите по нивно анонимизирање,[424] но во практиката ова не се применува за сите одлуки. Исто така, поминуваат неколку години пред одлуката да биде достапна на веб-страницата. Анкетата што приватно ја направи авторот на оваа анализа за практиката на основните судови во Подгорица и во Цетиње за периодот од јануари 2015 година до ноември 2018 година покажува дека најголем дел од предметите во кои е вклучен меѓународен елемент во приватни правни прашања се предмети во кои се барало признавање и извршување странски пресуди. Судиите, генерално, се вешти во овие работи, а најпредизвикувачки предмети се оние што потекнуваат од земјите со обичајното право (САД или Велика Британија), каде што се соочуваат со тешкотии во врска со утврдувањето на конечноста на странската пресуда.

420 Деловник на Судот на Црна Гора, „Службен весник на Црна Гора“ бр. 65/16, 19/19, 58/19, 6 /20 и 93/20.
421 Член 25 од Деловникот на Судот.
422 Член 252 од Деловникот на Судот.
423 Годишен извештај на Основниот суд Подгорица за 2020 година, https://sudovi.me/ospg/sadrzaj/d5wx.
424 http://en.sudovi.me/vrhs/library/laws (пристапено на 16 април 2021 година).

Во својата практика во периодот од јануари 2015 година до ноември 2018 година, Трговскиот суд во Подгорица одлучувал најмногу за признавање на одлуките од Србија, повикувајќи се на билатералниот договор со оваа земја[425] и во еден случај за признавање одлука од Хрватска, според Законот за МПП.[426]

Сепак, судовите имаат свои индивидуални извештаи. На пример, индивидуален годишен извештај за работата на Основниот суд во Подгорица. Извештајот дава информација дека во 2020 година, Основниот суд во Подгорица добил 24 барања за признавање странски пресуди и донел одлука за 29 такви барања.[427]

Дополнително на ова, во 2020 година, Основниот суд Подгорица добил 5 претставки за одлуки за признавање, со ознака „Рп“ и решил 6 предмети. Сепак, не се собираат податоци за квалитетот на одлуките за извршување странски пресуди.

3.3. Капацитети на извршителите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Во Црна Гора, извршителите не се надлежни да донесуваат одлуки за постапка за признавање (егзекватура). Тие се надлежни само да донесуваат одлуки во постапката на извршување.

3.4. Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на Академиите за обука на судството

Црна Гора, како земја кандидат за членство во ЕУ и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација, ја презеде обврската да го усогласи својот закон со законодавството на ЕУ. Како дел од многубројни обуки, Центарот за обука на судски и јавни обвинители[428], исто така, има работено на прашања за признавање и извршување странски судски одлуки. Така, во март 2015 година, во соработка со Германската фондација за меѓународна соработка/ Фондацијата ИРЗ беше организиран дводневен семинар под наслов „Надлежност, признавање и извршување судски одлуки за граѓански и трговски прашања од правото на Европската Унија и црногорското право“ за судии на граѓански и трговски судови од северните и централните региони. Во оваа пригода се дискутирале темите за признавање и извршување странски судски одлуки врз основа на Брисел I Регулативата и Конвенцијата од Лугано и Законот за меѓународно приватно право. Истата година, Центарот, во рамките на проектот за техничка поддршка од Луксембург за Црна Гора, во соработка со EIPA (Европски институт за јавна администрација) од Луксембург, организирал семинар на тема „Слободно движење на пресудите – заемно признавање и извршување на судските одлуки во судска соработка во ЕУ во граѓански и трговски прашања – нова Брисел I – бис Регулатива на ЕУ и постапки пред европските судови“.

425 Трговски суд Рс. бр. 16/15, Рс. бр. 19/16, Рс. бр. 2/17, Рс. бр. 19/17, бр. 20/17, Рс. бр. 23/17, Рс. бр. 13/18.
426 Трговски суд Рс. бр. 20/16.
427 Годишен извештај на Основниот суд Подгорица за 2020 година, https://sudovi.me/ospg/sadrzaj/d5wx.
428 http://cosdt.me/.

Во 2016 година, како дел од дводневниот семинар што се одржа во Бар, спроведена е обука на следниве теми: Признавање и извршување странски судски одлуки во граѓански и трговски прашања врз основа на Законот за меѓународно приватно право и Брисел I Регулативата.

Во декември 2016 година во Подгорица, Центарот за обука на судски и јавни обвинители, во соработка со Меѓународната организација за развој на правото/IDLO од Рим, со финансиска поддршка од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во рамките на проектот „Поддршка за судска обука во областа на трговското право во Црна Гора“, организираше семинар на тема: „Извршување и обезбедување во Црна Гора и во ЕУ“. Темите беа поврзани со: Извршување и обезбедување на побарувањата во Црна Гора – односот помеѓу извршителот и судот; Приговори и предмети на извршување (со акцент на извршување врз недвижен имот, акции и удели, брод); Привремени мерки; Признавање странски судски одлуки; Извршување на судските одлуки во ЕУ: Конвенцијата од Лугано, Брисел I Регулативата, Регулативата за европски налог за извршување (бр. 805/2004), Регулативата за европски налог за плаќање (бр. 1896/2006), Регулативата за процедури за малите побарувања (бр. 861/2007) и Европска регулатива за изменување и дополнување на регулативата за европскиот налог за плаќање и Регулативата за европска постапка за мали побарувања (бр. 2015/2421).

Во мај 2017 година во Подгорица, Центарот за обука на судски и јавни обвинители го организираше петтиот (V) модул на Програмата за обука за правото на ЕУ под наслов „Заемно признавање и извршување, инструменти за признавање и извршување во граѓански и трговски прашања во рамките на судската соработка на ЕУ – ревидирана Брисел I – бис Регулативата на ЕУ и Европски процедури“. Семинарот беше организиран во соработка со Европскиот институт за јавна администрација со седиште во Луксембург (EIPA Луксембург) во рамките на Програмата за техничка поддршка на Луксембург за Црна Гора „Зајакнување на капацитетот на судските тела и квалитетот на правдата“ со финансиска поддршка од Владата на Луксембург.

Во сите овие обуки беа вклучени и странски и национални експерти.

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Конвенцијата е насочена кон спроведување со потенцијал за усогласување на законодавството во оваа област. Има цел да ги намали трошоците за транснационално парничење и да го промовира пристапот до правдата, трговијата, инвестициите и глобалната економија[429], така што земјите потписнички ќе бидат обврзани да ги признаваат и да ги спроведуваат странските пресуди согласно одредени заштитните механизми поврзани со јавна политика, измама, недоволно известување итн.[430] Конвенцијата предвидува неколку решенија со цел да се охрабри пристапувањето на државите: прво, Конвенцијата предвидува „индиректни“ основи на надлежност. Второ, Конвенцијата ги исклучува областите каде што разликите помеѓу правните системи се непомирливи. Трето, има тесен опсег на примена. Успехот на оваа Конвенција зависи од политичката волја на државите да ја потпишат Конвенцијата. Досега Конвенцијата е потпишана од три земји.[431] Останува да видиме во која временска рамка и колку држави ќе ја потпишат Конвенцијата. Од друга страна, доколку Конвенцијата не биде успешна, странките ќе бидат обврзани да спроведат фрагментирана анализа на различните национални закони низ повеќе јурисдикции.

429 David P. Stewart, The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, American Journal of International Law, Volume 113, Issue 4, October 2019, pp. 772 – 783.

430 Francisco Garcimartin and Genevieve Saumier, Explanatory Report, on the Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, The Hague Conference on Private International Law – HCCH, 2020 (Explanatory Report).

431 Израел, Украина и Уругвај, https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/status-table/?cid=137.

Црна Гора има трговски односи со земји што активно се вклучени во Хашката конференција. Оттука, се наметнува прашањето колку е корисно Црна Гора да стане договорна страна. Дали трговијата, инвестициите, потрошувачите и Владата ќе имаат корист од оваа Конвенција?[432] Доколку Црна Гора стане договорна страна на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, ќе се зголеми можноста за извоз на пресуди од црногорските судови во странство и потенцијално поширок опсег на земји (споредено со државите страни на Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година).[433] Исто така, странските инвеститори би имале корист од правната сигурност во смисла на гаранција дека пресудите донесени во нивната земја може да бидат признаени и извршени во Црна Гора, и тоа под истите услови што се во сила во нивната земја. Со такво сценарио може да се очекува дека политичката стабилност и функционалниот правен систем може да ја подобрат економијата на Црна Гора.

4.1. Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот

Економијата на Црна Гора најмногу се заснова врз туризам и странски инвестиции. Црна Гора е земја кандидат за членство во ЕУ и потпиша договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ и привремен договор за трговија и прашања поврзани со трговијата. Сепак, бидејќи не е членка на ЕУ, Црна Гора има свои царински регулативи. Законот за царина, како и Регулативата за царински тарифи се главните извори за регулирање на увозот/извозот во Црна Гора. И покрај тоа што земјата има добри економски односи со сите земји ширум светот, трговските активности на Црна Гора се насочени кон соседните земји и кон европскиот пазар. Економијата на Црна Гора најмногу се заснова врз туризам и странски инвестиции.

Црна Гора е членка на СТО што промовира движење на добра на поширок пазар.[434] Постигната е регионална интеграција со членство во ЦЕФТА, ЕФТА и Договорот за слободна трговија на ЕУ. Освен тоа, Црна Гора ги почитува различните меѓународни стандарди и има склучено разни договори со голем број земји.

Официјалните податоци за главните трговски партнери на Црна Гора ги собира, ги обработува и ги дисеминира Заводот за статистика на Црна Гора – МОНСТАТ и, според нив, најголема надворешна трговија има со членките на ЦЕФТА и со земјите членки на ЕУ.

4.1.1. Увоз

Водечки трговски партнери во увозот се Србија – 500,4 милиони евра, Германија – 244,2 милиони евра и Кина – 221,9 милиони евра.[435]

Производите што најмногу се увезуваат во Црна Гора се машини и опрема за транспорт во вредност од приближно 578,1 милиони евра.

4.1.2. Извоз

Црна Гора ги извезува своите производи во Србија – 107,9 милиони евра, Унгарија – 45,0 милиони евра и Босна и Херцеговина – 29,8 милиони евра.[436]

Структурата на извозот се заснова врз природни ресурси, вклучително и алуминиум, минерални горива и масла и железо и челик.

432 Louise Ellen Teitz, Another Hague Judgments Convention? Bucking the past to provide for the future, Duke Journal of Comparative & International Law, Vol. 29, pp. 491-511.

433 Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година честопати се критикува дека не ја остварува посакуваната цел затоа што е во сила само во ЕУ, Мексико, Црна Гора и во Сингапур.

434 Црна Гора е членка на СТО од 29 април 2012 година, https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/org6_e.htm.

435 https://www.monstat.org/eng/page.php?id=171&pageid=171.

436 *Ibid*.

4.2. Политички аспекти во однос на спроведувањето на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Во моментов тешко е да се даде објективен приказ на ситуацијата во врска со можното ратификување на оваа конвенција од Црна Гора и нејзината потенцијална имплементација. Во Црна Гора, по изборите што се одржаа на 30 август 2020 година дојде до промена на владата и партијата наследник на поранешната Лига на комунисти – Демократската партија на социјалистите, заедно со своите коалициски партнери ја загубија власта за првпат по воведувањето на повеќепартискиот систем (во декември 1990 година). До изборите, претходната влада не го разгледуваше пристапувањето на Црна Гора кон Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

Новата влада беше формирана во декември 2020 година и сè уште нема преземено конкретни мерки во врска со ова. Сепак, треба да се очекува дека евентуалното ратификување на оваа конвенција нема да биде приоритет за новата влада, особено затоа што тековните теми се поврзани со измени во изборното законодавство и соодветните регулативи, како и усвојувањето голем број регулативи за да се постигне преодна правда.

4.2.1. Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Досега Црна Гора нема користено механизми за исклучување што се вклучени во другите инструменти на НССН и на прв поглед може да се донесе заклучок дека мала е веројатноста Црна Гора да поднесе известувања во согласност со член 29 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година. Имајќи ги предвид главните функции на ова известување во Конвенцијата (дефинирање кога ќе стапи во сила меѓу договорните земји и дозволување ограничена опција за исклучување за да се избегне воспоставување договорни односи со други договорни земји)[437], нашето внимание го привлекува една специфична одредба. Законот за МПП утврдува дека странска пресуда нема да се признае доколку странскиот суд ја заснова својата надлежност врз факти што не се признаени со законот на Црна Гора како факти што може да служат како основа за воспоставување меѓународна надлежност на црногорски суд при справувањето со истиот спор.[438] Може и да се тврди дека со цел да се зачува таканаречената „реторзиона надлежност“ од националното законодавство, Црна Гора може да поднесе известување во тој однос.

4.2.2. Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со членовите 17, 18, 19 и 25 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Според нашето мислење, мала е веројатноста Црна Гора да поднесе известување согласно член 17 од Конвенцијата, затоа што Законот за МПП не содржи дефиниција за странска пресуда и единствените критериуми што ги користи е локацијата на судот на потекло на одлуката што е надвор од Црна Гора. Оттука, местото на живеење на странките или други работи надвор од списокот на услови/пречки за признавање од членовите 142-147 од Законот за МПП се ирелевантни. Освен тоа, Црна Гора се придржува кон истата одредба од Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година (член 20).

Во однос на идни можни известувања во согласност со член 18, одговорот не е толку едноставен. Генерално, изразените резерви во други инструменти секогаш имале цел да

437 Појаснувачки извештај, стр. 176.

438 Член 145 од Законот за МПП.

неутрализираат некои *концепти* на обичајното право.[439] Некои заштитни мерки се веќе опфатени со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година (на пр. казнените отштети), па тешко е да се процени можниот исход. Едно од прашањата што може да се земе предвид во овој контекст се договорите што создаваат *in rem* дејствија врз недвижен имот лоциран во Црна Гора, бидејќи спаѓаат во исклучива надлежност на црногорското судство.[440]

Членот 19 од Конвенцијата за пресуди на НССН 2019 година покренува многу прашања, но накратко треба да се разгледаат најмалку две прашања: капацитет на странката за исполнување суверени овластувања и имунитет. Бидејќи изјавата од членот 19 од Конвенцијата може да се поднесе само во врска со страна што има капацитет да исполни суверени овластувања, иако може, исто така, да се вклучи во трговски активности, пред да донесе одлука дали да се прибегне кон оваа изјава, државата треба да утврди кои владини агенции се опфатени со нејзината изјава и околностите под кои би биле вклучени тие.[441] Друго прашање е дали членот 2 (5) е доволна гаранција дека државниот имот ќе биде заштитен, иако државата го задржува својот имунитет?[442] Како мала земја, Црна Гора може да смета дека интересот на државата да дозволи извршување под олеснетите услови пропишани со Конвенцијата не е во нејзин најдобар интерес и може да размисли за примена на построги услови со цел да се заштити државниот имот.

Изјавата во врска со неунифицираните правни системи од член 25 не е релевантна за Црна Гора.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

Во Црна Гора, правилата за меѓународна јурисдикција се содржани главно во Законот за меѓународно приватно право од 2014 година и во повеќето случаи ќе се применуваат одредбите од Законот за МПП. Одредбите од овој закон се делумно компатибилни со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година и, главно, оние одредби што се однесуваат на пророгација на судската надлежност. Други релевантни одредби или се држат до традиционалната основа за надлежност, се придржуваат кон националните правни системи, или отсликуваат некои одредби од Конвенцијата од Лугано (на која Црна Гора не е земја странка). Сепак, Црна Гора е странка на Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година, а во согласност со Законот за парнична постапка, примената на домашните правила за локална надлежност во функција на правилата за меѓународна надлежност е можна во случај на правен јаз.[443]

Надлежноста се утврдува врз основа на фактите и околностите присутни во моментот на започнување на постапката и сите последователни измени на фактите врз кои е утврдена надлежноста што може да се случат во подоцнежната фаза на постапката не влијаат врз надлежноста (Закон за МПП, член 112). Доколку меѓународната надлежност се обезбедува со ратификуван меѓународен договор, таа меѓународна надлежност ќе

439 Пр. предистражно откритие (Конвенција НССН од 1970 година, чл. 23).

440 *Видете: infra* под 5.4.

441 „...дали директно или на делегиран начин, генерално или во одредено поле, и физички лица што дејствуваат за нив, без оглед на нивниот статус на вработување“, Појаснувачки извештај, стр. 154.

442 Прашањата на имунитетот во врска со признавањето и извршувањето на странските судски одлуки не се разгледуваат во националното законодавство на Црна Гора. Имунитет од мерките за извршување при извршна постапка на одлука на домашен или странски суд е обезбеден со член 13 од Законот за извршување и обезбедување (ЗИО). Членот 29 од Законот за парнична постапка предвидува дека судот на Црна Гора ќе има меѓународна надлежност доколку неговата надлежност за спор со меѓународен елемент е изречно предвидена со статут или со меѓународен договор или ако неговата надлежност произлегува од одредбите за локална надлежност на домашниот суд. Втората опција е на располагање ако не постои изречна одредба за надлежност на домашниот суд ниту во статут, ниту во меѓународен договор за специфичниот вид на спор со меѓународен елемент. Законот за МПП предвидува единствено дека неговите одредби се применуваат и на приватно-правните односи со меѓународен елемент во кој едната странка е држава, освен ако со закон не е предвидено поинаку (Закон за МПП, член 22). Исто така, постојат специфични упатувања на меѓународното јавно право како извор на правото во некои домашни закони. На пример, Законот за парнична постапка (член 28) предвидува дека правилата на меѓународното јавно право го регулираат прашањето за надлежност на црногорските судови за судење случаи против странски државјани заштитени со имунитет и против странски држави и меѓународни организации.

443 Член 29 од Законот за граѓанска постапка.

има првенство на примена пред Законот за МПП или пред кој било друг посебен закон што ги содржи одредбите за меѓународна надлежност и ќе се применува директно кога односите ги регулира поинаку од националното законодавство.[444] Во случај странски суд да има надлежност според одредбите на меѓународен договор, домашниот суд треба само да се прогласи за ненадлежен и тој не треба да ги доставува списите на предметот до странскиот суд.

5.1. Општа меѓународна надлежност (постојано живеалиште, вообичаено престојувалиште)

Општата надлежност на судството на Црна Гора за сите видови парнични и вонпарнични работи со странски елемент се заснова врз постојаното живеалиште на тужениот и, во одредени исклучоци, на местото на престој на тужениот, кој е физичко лице. Така, вообичаеното живеалиште не е директно поврзување за општа меѓународна надлежност во Законот за МПП.

Ако тужениот е правно лице, според правилото за општа надлежност, може да биде тужен во земјата во која има свое седиште. Квалификацијата на поимот седиште (како и местото на живеење) на тужениот се врши според домашното законодавство. Во судења што се однесуваат на правни лица, во случај на сомнеж, нивно седиште се смета за местото каде што се наоѓа нивната управа. Во споровите против Црна Гора или единиците на локалната самоуправа, релевантно е седиштето на нејзиниот парламент.[445]

Во одредени случаи, живеалиштето на тужениот, исто така, може да биде основа за овој тип надлежност, но само кога тужениот е физичко лице. Ако тужениот ниту има постојано место на живеење во Црна Гора, ниту во другата држава, судот во Црна Гора ќе има надлежност доколку тужениот има престојувалиште во Црна Гора.[446]

Законот за МПП ја проширува општата надлежност на домашните судови во случај на постоење повеќе тужени во својство на материјални сопарничари, како и за вонпарнични прашања, доколку се исполнети одредени барања. Во случај на тужба со повеќе тужени и со статус на материјални сопарничари, црногорскиот суд, исто така, има надлежност кога еден од тужените има постојано место на живеење или седиште во Црна Гора.[447] Кога се одлучува за правен однос во вонпарнична постапка во која се вклучени повеќе страни, црногорскиот суд ќе има надлежност доколку странката против која е поднесена тужбата има постојано место на живеење или седиште во Црна Гора, а кога постапката вклучува само едно лице, ако тоа лицето има постојано место на живеење или седиште во Црна Гора.[448] Во вонпарничната постапка нема тужено лице, така што судот започнува од постојаното место на живеење на лице чија улога во постапката е слична со улогата на тужениот. Исто така, не постои алтернативна примена на живеалиштето на тужениот за физички лица што немаат постојано место на живеење.

5.2. Пророгација на надлежноста (изречна/молкумна, пред или по започнувањето на постапката)

Одредбите за пророгација на надлежноста во Законот за МПП се инспирирани од правилата на Конвенцијата од Лугано, Брисел I Регулативата (пред измените во 2012 година) и од Конвенцијата на НССН за избор на суд (во сила во Црна Гора од 8 јануари 2018

444 Согласно член 9 од Уставот на Црна Гора.

445 Член 40 од Законот за МПП.

446 Член 99 став 2 од Законот за МПП.

447 Член 100 од Законот за МПП. Според Појаснувачкиот извештај на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, стр. 137, во случај на плуралност на страни, филтрите утврдени со член 5 мора да се проценат поединечно за секоја странка.

448 Член 109 од Законот за МПП.

година). Основните идеи на тие меѓународни исправи беа обликувани во националното законодавство.

Законот за МПП ја зема предвид можноста за избор на суд и од двете правосудства, црногорскиот или странскиот правосуден систем. Согласно Законот за МПП, странките може да се договорат за надлежност на странски судски орган (еден или повеќе странски судови) или домашни судови (еден или повеќе национални судови) во прашања за кои може слободно да одлучуваат, без оглед на нивното државјанство, постојано место на живеење или место на престој,[449] доколку нивниот однос има меѓународен карактер. Оваа формулација оди многу подалеку од поранешното правило на поранешниот југословенски закон за решавање судир на закони со регулативи на други држави (LRCL)[450] и е насочена кон либерализација на оваа област.[451] Според тоа, Законот за МПП е во согласност со член 1 (2) од Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година за опфатот на примена, кој обезбедува дефиниција за меѓународен случај (правилата за надлежност на Конвенцијата ќе се применуваат или ако странките не се жители на истата држава, или ако некој друг елемент релевантен за спорот (локацијата на избраниот суд е исклучена) има врска со некоја друга држава).

Според Законот за МПП, договорот за пророгација нема да создаде правно дејство ако постои исклучива надлежност на судството на Црна Гора за одреден тип спор и ако е вид на однос за кој странките не може да се договорат за надлежноста затоа што не можат слободно да располагаат со нивните права.[452] Така, на пример, за спорот околу преносот на правата на сопственост на недвижен имот што се наоѓа во Црна Гора постои исклучива надлежност на црногорското судство и договорот за надлежност на странски суд за овој спор нема да создаде правно дејство во нашата земја. Но, ако станува збор за избор на суд и локација за решавање спор за исплата на штета поради неизвршување договор за продажба на овој недвижен имот, бидејќи овој вид спор не спаѓа во исклучива надлежност на нашето судство, пресудата врз основа на таквиот договор може да се признае во нашата земја доколку исполнува други законски пропишани услови.[453]

Договор за надлежност на суд може да се утврди пред да настане спорот, на пример, како клаузула во договорот за купопродажба, која предвидува дека сите спорови што произлегуваат од тој договор може да се решаваат од судовите на одредена земја или по појава на спор во форма на договор за пророгација. Во двата случаи, акцентот е ставен на склучување договор за надлежност за спорови од одреден однос. Не е дозволена општа клаузула за пророгација, врз основа на која би била претпоставена одредена надлежност за сите идни спорови што произлегуваат од сите правни односи на странките, без оглед на предметот на спорот.[454] Надлежноста на домашен или странски суд е исклучива, освен ако не е поинаку договорено од странките.

Договор за надлежност се склучува или се потврдува: (1) во писмена форма; (2) во форма усогласена со практиката што странките веќе ја воспоставиле странките; или (3) во меѓународната трговија и размена, во форма што е во согласност со обичајот што странките го знаеле или требало да го знаат и кој е општопознат во таа област на трговија

449 Според Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година (чл. 1 (2)), се предвидува дека во доменот на надлежноста, случајот се смета за меѓународен, освен кога странките се жители на истата држава и односот на странките и сите други елементи релевантни за спорот, без оглед каде се наоѓа избраниот суд, се поврзани само со таа држава.

450 Закон за решавање судир на закони со регулативи на други држави, Белград, „Службени лист СФРЈ“ бр. 43/82, 72/82 и „Службени лист СРЈ“ бр. 49/96.

451 Претходно, согласно членот 49 од Законот за решавање судир на закони со регулативи на други држави, за да може да се договори за надлежноста на домашното судство, барем една од странките мораше да биде државјанин на Црна Гора или во случај на правно лице, да има свое седиште во Црна Гора. За надлежност на странско судство беа потребни странско државјанство или седиште во странска земја и недостиг на исклучива надлежност на црногорското судство.

452 Член 104 од Законот за МПП.

453 Milan Pak, *Međunarodno privatno pravo, 4. izdanje* (Private International Law, 4th edn.), Белград: Službeni list SRJ, 2000, стр. 56.

454 Siniša Triva & Mihajlo Dika, *Građansko parnično procesno pravo, 6. izdanje* (Civil Litigation Law, 6th edn.), Zagreb: Narodne novine, 2004, p. 286; Aleksandar Jakšić, *Građansko procesno pravo* (Civil Procedural Law), Belgrade: Univerzitet u Beogradu, Pravni fakultet 2010; Đuro Vuković, *Međunarodno građansko procesno pravo* (International Civil Procedural Law), Zagreb: Informator, 1987, p. 29.

и што редовно го следат странките во договори од тој тип. Договорот за надлежност се смета дека е склучен во писмена форма доколку е склучен со електронски средства за комуникација со кои може да се создаде трајна евиденција за договорот.[455]

Покрај експлицитниот договор на странките во прашања во кои е дозволен договор за надлежност на црногорски суд, може да се воспостави надлежност на црногорскиот суд со согласност на тужениот. Се смета дека тужениот дал согласност со цел црногорскиот суд да има надлежност доколку има доставено писмен одговор на тужбата или приговор против платен налог или, пак, ако се изјасни за основаноста без оспорување на надлежноста.[456]

5.3. Во споредба со членот 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, обезбедување усогласеност на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори

Пред да направиме споредба меѓу националните судски критериуми и критериумите од член 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, ќе дадеме краток преглед на главната основа за специфична надлежност од Законот за МПП. Овој дел од законодавството се придржува кон општоприфатена основа за специфична меѓународна надлежност[457] (државјанство[458], место на престој, постојано место на живеалиште на тужител, место каде што се наоѓа имотот, место на извршување договор, место на штетен настан итн.).

Воспоставувањето одредена надлежност со цел заштита на одредена категорија лица, обично послабата странка, која е во улога на тужител, се заснова врз постојаното место на живеење на потрошувачот, местото на вообичаена работа на работникот итн. Специјалната заштита за потрошувачите и вработените, во основата, се заснова врз премисата дека:

1. Послабата странка како тужител ја започнува постапката во Црна Гора: во случај на потрошувачки договори, ако потрошувачот има постојано место на живеење во Црна Гора, а во договорот за вработување, ако работникот вообичаено ја извршува својата работа во Црна Гора;[459]
2. Другата странка на договорот (компанија, работодавач) може да ја започне постапката само во Црна Гора како место на живеење на послабата странка;
3. Со цел да се избегне нарушување на овој систем, можноста странките да одредат надлежност е ограничена.

Законот за МПП го воведува концептот на исклучителна надлежност (Forum necessitatis) и предвидува можност за воспоставување надлежност на судовите и телата на Црна Гора кога таквата надлежност не е пропишана со закон.[460] *Како и да е, оваа можност е од исклучителен карактер и бара исполнување одредени услови: постапката не може да се поведе во странство или би било неразумно да се бара постапката да се поведе во странство и случајот да има доволна поврзаност со Црна Гора.*[461]

И сега, следниот текст ја разгледува споредбата на јурисдикционите критериуми од членот 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година и оние во националните правни извори (Законот за МПП) и дава кратка изјава за нивната компатибилност.

455 Член 105 од Договорот за МПП.

456 Член 106 од Договорот за МПП.

457 Maja Kostić-Mandić, *The New Private International Law Act of Montenegro,* Yearbook of Private International Law, Vol. XVI, 2014/2015, p. 437-438.

458 Бидејќи државјанството не е релевантно за оваа тема, тоа нема да биде разгледано во следниот преглед.

459 Исто така, дури и ако вработениот не работи или не ја извршува редовно работата само во една земја, ако деловниот субјект што го ангажирала вработениот е или се наоѓала во Црна Гора.

460 Можноста да се воспостави надлежност на судството во Црна Гора, иако Законот за МПП не предвидува надлежност на нашите тела за овој тип односи, е мотивирана со цел обезбедување пристап до правда како едно од основните човекови права.

461 Член 113 од Законот за МПП.

Правилото за општа надлежност во Законот за МПП предвидува дека судот има надлежност за местото на живеење на тужениот. Затоа, местото на престој не е основа за овој вид надлежност за прашањата што се опфатени со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, така што овие критериуми не се компатибилни со членот 5.1. (а).

Општо земено, вообичаеното престојувалиште не е поврзаност во однос на надлежноста во Законот за МПП за прашањата што се опфатени со оваа студија. Овој закон не предвидува посебни правила за надлежност што се однесуваат на физички лица што вршат деловна активност и не може да се применат други правила по аналогија и, оттука, националните јурисдикциони критериуми не се компатибилни со членот 5.1. (б).

Исто така, не постои посебна одредба во Законот за МПП во која се наведува дека пресудата е подобна за признавање ако лицето против кое се бара признавање или извршување е лицето што ја поднело тужбата, различно од противтужба, врз која се заснова пресудата и затоа националните јурисдикционите критериуми не се компатибилни со членот 5.1. (в).

Членот 102 од Законот за МПП, насловен „Надлежност според местото на работа“, е компатибилен со членот 5.1. (г). Тој предвидува дека црногорскиот суд ќе има надлежност за спор што произлегува од деловното работење на огранок, претставништво или секундарно деловно претпријатие лоцирано во Црна Гора, дури и кога тужениот нема свое седиште во Црна Гора.

Законот за МПП предвидува дека за прашања во кои е дозволен договор за надлежност на црногорскиот суд согласно неговиот член 103, надлежност на црногорскиот суд може да се утврди со согласност на тужениот (член 106 став 1). Освен тоа, Законот за парнична постапка ја утврдува ситуацијата кога надлежноста на домашниот суд зависи од согласноста на тужениот.[462] Значи, црногорските одредби се компатибилни со ситуацијата кога тужениот изречно се согласил со надлежноста на судот на потекло во текот на постапката во која е донесена пресудата од членот 5.1. (д) на начин објаснет во Појаснувачкиот извештај.[463]

Законот за МПП во својот член 106 став 2 се однесува на слична ситуација како во членот 5.1. (ѓ) од Конвенцијата. Се смета дека тужениот дал согласност со цел црногорскиот суд да има надлежност под услов да поднел своја противтужба или жалба против платен налог, влегол во дискусија без да ја оспори надлежноста на прелиминарното рочиште или доколку немало такво рочиште, на првото рочиште за основаноста или, пак, поднел противтужба.

Во врска со надлежноста за расправање на договорни спорови, во општото правило, Законот за МПП (член 123) ја отсликува формулацијата на членот 5.1. (е) и членот 5.1. (е) (I) од Конвенцијата, дури и утврдува што се смета за место за исполнување на обврската, освен ако странките не се договориле поинаку (во набавката на стоки, местото во кое, според договорот, стоката е испорачана или треба да се испорача; во обезбедувањето услуги, местото во кое, според договорот, услугите се обезбедени или треба да се обезбедат). Бидејќи странките се слободни да се договорат за надлежност во врска со договорната обврска, тие може да се договорат и поинаку. Меѓутоа, филтерот под ii) меродавно право за договорот не е применлив во Црна Гора.

Во однос на закупот на недвижен имот лоциран во Црна Гора, исклучива надлежност на црногорското судство постои само во постапките во врска со долгорочниот закуп. Ако закупот на недвижен имот е склучен за привремена приватна употреба за период помал од шест последователни месеци, ако закупецот е физичко лице и сопственикот и закупецот имаат постојано место на живеење во друга земја, нема да има исклучива надлежност на

462 Член 9 став 3 од Законот за парнична постапка гласи: „Кога во текот на постапката, судот утврди дека домашен суд нема надлежност за спорот, ќе се изјасни дека не е надлежен, ќе ги поништи дејствијата спроведени во постапката и ќе ја отфрли жалбата, освен во случаи кога надлежноста на домашниот суд зависи од согласноста на тужениот, при што тужениот дал согласност“.

463 Појаснувачки извештај, стр. 95-96, https://assets.hcch.net/docs/a1b0b0fc-95b1-4544-935b-b842534a120f.pdf.

нашето судство и во тој случај постои компатибилност на членот 119, ст. 2 од Законот за МПП со членот 5.1. (ж) од Конвенцијата.

Согласно членот 101 од Законот за МПП, црногорскиот суд со надлежност да сослуша едно од неколку дејствија, исто така, ќе има надлежност да сослуша други дејствија доколку се поврзани со дејствието за кое е надлежен црногорскиот суд (дејствијата ќе се сметаат за поврзани ако поврзаноста меѓу нив е толку тесна што е оправдано да се сослушаат и да се одредат заедно за да се избегне ризикот од противречни пресуди ако дејствијата се сослушуваат одделно). Општо земено, доктрината е едногласна дека постои исклучива надлежност на црногорските судови само во врска со сопственичките правни дејствија од договорите за недвижен имот. По аналогија, пресудата ќе се квалификува за признавање доколку се донесе одлука против тужениот за договорна обврска обезбедена со право *in rem* на недвижен имот лоциран во Црна Гора, доколку договорното барање е поднесено заедно со барање против истото тужено лице во врска со тоа право *in rem* и овој критериум е целосно во согласност со членот 5.1. (з) од Конвенцијата.

Критериумот од Законот за МПП чл. 126 ст. 1 во кој се наведува: „Црногорскиот суд има надлежност да ги разгледува споровите во врска со вондоговорни односи, дури и кога прекршокот/престапот се случил или најверојатно ќе се случи на територијата на Црна Гора“ е целосно во согласност со членот 5.1. (s) од Конвенцијата.

Црногорскиот закон не го признава концептот на доверба бидејќи е правна категорија непозната за домашниот правен систем. Затоа, не постои одредба во согласност со членот 5.1. (и) од Конвенцијата.

Во врска со надлежноста за пресудата донесена по противтужба, Законот за МПП пропишува на општ начин дека црногорскиот суд ќе има надлежност да ги сослуша противтужбите што произлегуваат од истиот договор или фактите врз кои се заснова првичното дејствие, но не предвидува дополнителни филтри од членот 5.1. (ј (I, II)).

Црна Гора е страна на Конвенцијата за избор на суд на НССН од 2005 година и во својот Закон за МПП воведе одредби за истата област согласно Конвенцијата (член 103, 104), целосно го усогласи своето законодавство со дефиницијата за избор на суд, член 5.1. (к) од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

Одредбите на Законот за МПП за надлежност во прашања за потрошувачи и вработување (членови 124-125) се во согласност со Конвенцијата од Лугано и се компатибилни со критериумите од членот 5.2. од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.

Одредбите на Законот за МПП за исклучива надлежност (членови 119, 111) се целосно компатибилни со членот 5.3. од Конвенцијата.

5.4. Исклучива надлежност

Законот за МПП ја регулира исклучивата надлежност што го отсликува членот 22 (1) од Конвенцијата од Лугано. Законот за МПП прецизира дека црногорскиот суд ќе има исклучива надлежност кога тоа е експлицитно предвидено со тоа или со друго законодавство. Врз основа на Законот за МПП, судството на Црна Гора е исклучиво надлежно за две групи односи: оние што се однесуваат на недвижен имот лоциран во Црна Гора и процедури каде што остварувањето одредени приватни права зависи од властите на Црна Гора, прашања што се надвор од опсегот на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година.[464]

Првата област вклучува исклучива надлежност на црногорското судство за постапки

464 Предметните теми вклучуваат: упис во јавните регистри што се водат во Црна Гора, валидност, ништовност или затворање компанија или друго правно лице и валидност на одлуките на нивните органи, доколку имаат седиште во Црна Гора и процедури поврзани со уписот или валидноста на правата на индустриска сопственост во Црна Гора (чл. 111, 118 и 122 од Законот за МПП, соодветно).

поврзани со стекнување, пренос, измена и престанок на стварни права на недвижен имот во Црна Гора, како и за закупување недвижен имот лоциран во нашата земја. Тука треба да се направи разликата помеѓу сопственичките и задолжителните правни дејствија од договорот. Ако правата *in rem* во недвижен имот се пренесуваат со договор, исклучивата надлежност важи само за сопственичките дејствија од договорот.[465] Во однос на закупот на недвижен имот лоциран во Црна Гора, исклучивата надлежност на црногорското судство постои само во постапките за долгорочен закуп. Ако закупот на недвижен имот е склучен за привремена приватна употреба за период помал од шест последователни месеци, ако закупецот е физичко лице и ако сопственикот и закупецот имаат постојано место на живеење во друга земја, нема да има исклучива надлежност на нашето судство.[466]

Законот за МПП не предвидува исклучива надлежност за споровите во однос на стварните права во воздухоплови, пловни објекти, како и спорови во врска со закуп на авиони и бродови, дури и доколку регистарот во кој се врши упис на воздухопловот или бродот се води во Црна Гора.[467]

Законот за МПП, исто така, предвидува случаи на релативна исклучива надлежност врз основа на договорот за пророгација на странката. Законот изречно наведува дека исклучивата надлежност се заснова врз договор за надлежност на домашно или странско судство, освен ако странките не се договориле поинаку.[468] Тука, на прво место, е ситуацијата кога, и покрај постоењето договор за пророгација, едната странка започнува постапка во друга земја, а не во онаа чија надлежност е одредена со договор, а другата странка поднесува писмен одговор на тужбата или жалба против платен налог или, пак, поднесува приговор за основаноста без да ја оспори надлежноста. Во овој случај, странките ја искористија можноста да го сменат изборот на надлежна јурисдикција врз основа на автономијата на странките (што може да се изрази со конечни дејствија) за нивниот случај, кој повеќе нема карактеристики од правилата за исклучива надлежност.

Релативната исклучива надлежност, исто така, вклучува правила за одредени видови договори каде што законодавецот ја штити послабата странка. Така, во случај на потрошувачки договор, законодавецот го штити потрошувачот, односно во случај на индивидуален договор за вработување, вработениот, одредувајќи дека економски посилната странка (трговец или работодавач) може да тужи послаба странка што има постојано место на живеење само во Црна Гора, освен ако странките не определат надлежност на друго судство со договор за пророгација.[469]

465 Aleš Galič, *Uredba Brisel I: temelj evropskog građanskog procesnog prava (The Brussels I Regulation – the base of European civil procedural law)*, In Recent trends in European PIL – challenges for the national legislations of the South East European countries, T. Deskoski ed., Skopje: Правен факултет Скопје, 2011, p. 50.

466 Член 119 став 2 од Законот за МПП.

467 Член 121 од Законот за МПП.

468 Членови 103-104 од Законот за МПП.

469 Членови 124-125 од Договорот за МПП.

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година

6.1. Материјален опсег на примена

6.1.1. Во споредба со член 1 и член 2 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, компатибилност на материјалниот опсег на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори

Во црногорското законодавство постои компатибилност со материјалниот опсег, во однос на граѓанските и трговските прашања, со членот 1 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, кој се однесува на опсегот на Конвенцијата, дефинирајќи го во суштинска и географска смисла.[470]

Исто така, во Црна Гора, признавањето и извршувањето не се применуваат конкретно на приходи или царини. Меѓутоа, мериторните одлуки во управните работи може да бидат предмет на признавање и извршување под строги услови објаснети во детали под делот 6.2. на оваа студија.

Црногорското законодавство е исто така компатибилно со членот 2 став 1 и неговите филтри (потставови од „а“ до „н“) од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, кој исклучува одредени работи од опсегот на Конвенцијата. Во Црна Гора, статусот на физички лица, издршка, семејни прашања, прашања за наследство (потставови а, б, в, г) како традиционални граѓански прашања може да бидат предмет на признавање и извршување согласно Законот за МПП. Некои работи од списокот на член 2 став 1 од Конвенцијата спаѓаат во исклучива надлежност на црногорското судство (потставови д, з, ѕ, љ – исклучок се пресуди за прашања од интелектуална сопственост базирани врз општо договорно право), а некои се предмет на други ратификувани меѓународни договори (потставови ѓ, е, ж). За другите наведени случаи треба да се направи тест кога пресудите во конкретни случаи спаѓаат под концептот граѓански случаи и пресуди што се квалификуваат за признавање и извршување (потставови и, ј). Другите наведени случаи, генерално, не се сметаат за граѓански и трговски прашања во црногорското законодавство доколку произлегуваат од *acta iure imperii*.

Членот 2 став 2 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година се однесува на случај „кога наведената работа исклучена од опсегот на Конвенцијата е „предмет“ на постапката, а не онаму каде што се појавува како претходно прашање, особено како начин на одбрана“.[471] Претходното прашање, иако не во овој контекст, е адресирано во членот 155 од Законот за МПП, во кој се вели: „Кога црногорскиот суд постапува со предметот за признавање или прогласување за извршност на странска пресуда како претходно прашање, црногорскиот суд има надлежност во однос на признавање или прогласување на пресудата за извршна во постапката во која одлучува за прашањето за кое е поднесено барање“.

Арбитражата и сродните постапки, наведени во членот 2 став 3 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, како прашања исклучени од опсегот на Конвенцијата се целосно во согласност со црногорското законодавство, бидејќи овие работи спаѓаат под Конвенцијата од Њујорк за признавање и извршување странски арбитражни одлуки од 1958 година и Законот за арбитража.

470 Појаснувачки извештај, стр. 52.

471 Појаснувачки извештај, стр. 56.

Националното законодавство на Црна Гора е во согласност со членот 2 ставови 4 и 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година. Законот за МПП дури и предвидува дека неговите одредби се применуваат и на приватно-правните односи со меѓународен елемент во кој едната странка е држава, освен ако со закон не е предвидено поинаку. Бидејќи привилегиите и имунитетите споменати во членот 2 став 5 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година обично се поврзани со вршење државна власт (acta iure imperii), ситуациите што вклучуваат привилегии и имунитети нема да доведат до пресуди во граѓански или трговски предмети.[472]

6.2. Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, привремени мерки)

Во Црна Гора, предметот на признавање може да биде странска судска одлука, судска спогодба или одлука на друг орган, која во земјата на потекло е еднаква на судска пресуда и ги регулира приватно-правните односи со меѓународен елемент.[473] Може да се признаат само мериторни одлуки, без оглед на нивниот назив во земјата каде што се донесени и без оглед на тоа кој тип органи, можеби дури и вонсудски, може да ја донесат таа одлука, доколку таа одлука е донесена во форма, постапка и од орган надлежен за донесување ваков вид одлука согласно законот на земјата во која се донесува одлуката (на пр. одлуката на странски административни или верски органи за развод може да се признае доколку ги исполнува условите за признавање).[474] Законот за извршување и обезбедување пропишува дека странската извршна одлука мора да ги исполнува условите за признавање и извршување, пропишани со закон или меѓународен договор, за да биде остварлива за извршна постапка (член 12). Овој закон наведува судски одлуки и одлуки во управна постапка што може да бидат предмет на извршната постапка (што се применува и за странски одлуки). Според овој закон, судски одлуки се: пресуда, одлука, одлука за обезбедување побарувања, платен и друг судски налог, арбитражни одлуки и судска спогодба (член 10 став 1). Одлуки во управна постапка, според овој закон, се: пресуда и заклучок на орган на државна управа и друг државен орган, како и деловна организација или друго правно лице, донесени при извршување јавни овластувања и спогодби постигнати согласно Законот за регулирање на општата управна постапка (член 19 став 2).

За примена на правилото содржано во одредбата од член 19 став 1 од ЗИО за странска судска одлука, списокот може да изгледа на следниов начин: странска осудувачка пресуда од граѓанска постапка и странска осудувачка одлука од граѓански, вонпарнични и извршни постапки, странска судска одлука за обезбедување, странски платен налог и друг странски судски налог, странски арбитражни одлуки, странска судска спогодба склучена пред суд.[475]

Странскиот карактер на одлуката се однесува на моментот кога одлуката станува конечна, што значи дека, на пример, одлуките на судовите во Словенија или во Хрватска што станале важечки за време на постоењето на СФР Југославија сега не може да се сметаат за странски одлуки.[476]

6.3. Започнување на постапката (како главно или претходно прашање)

Постапката за признавање странска судска одлука се покренува со поднесување предлог. Признавањето на странските судски одлуки спаѓа под територијалната надлежност на

472 Појаснувачки извештај, стр. 71.

473 Член 141 од Законот за МПП.

474 Milan Pak, *Međunarodno privatno pravo* (Приватно меѓународно право), Белград: Nomos, 1991, стр. 104.

475 Ranka Račić, *Sprovođenje stranih izvršnih naslova u Crnoj Gori* (Спроведување странски извршни исправи во Црна Гора), Подгорица: Pravni zbornik, No. 3/2019, стр. 73.

476 За судската практика во Србија, *видете*: Varadi, Bordaš, Knežević, Pavić, *Međunarodno privatno pravo*, *14. izdanje* (Private International Law, 14th edn.), Белград: Univerzitet u Beogradu, Pravni fakultet, 2012, p. 583.

судот што ја има надлежноста.

Кога црногорскиот суд решава прашање за признавање или прогласување извршност на странска пресуда како претходно прашање, црногорскиот суд има надлежност во однос на нејзиното признавање или прогласување за извршна во постапката во која одлучува за прашањето во врска со кое е поднесен предлогот.[477]

6.4. Исправи што треба да се изготват (формални барања) за признавање на странската судска одлука

Следното мора да се поднесе заедно со барањето за признавање или прогласување извршност на странска пресуда: оригиналната пресуда или нејзин заверен препис, заедно со превод од овластен судски преведувач; потврда дека пресудата е конечна според законот на државата во која е донесена и потврда дека пресудата е извршна според законот на државата во која е донесена, доколку се бара прогласување извршност на пресудата (Закон за МПП, член 156).

6.5. Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Во Црна Гора, предусловите за признавање странска пресуда се формулирани како пречки за признавање, односно на негативен начин. Единствениот позитивно формулиран предуслов е дека барателот за признавање ја доставува потврдата на надлежниот странски суд или на друг орган дека пресудата е конечна.

Оттука, освен во наведениот случај, товарот на докажување е на противникот на барателот и доколку докажат дека постои пречка, признавањето на странската пресуда се одбива. За пречки што се докажани по службена должност од страна на судот се применуваат други правила. Доколку судот не утврди постоење или отсуство на условите *по службена должност*, ќе се смета дека нема пречки и затоа ќе се донесе одлука за признавање странска одлука.

Согласно Законот за МПП, условите за признавање странска пресуда се:

Конечност според законот на државата на потекло

Странска пресуда се признава ако лицето што бара признавање достави, заедно со пресудата (или нејзиниот заверен препис, заверен превод на странска пресуда), потврда од странски суд или друг надлежен орган дека пресудата станала правосилна во согласност со законот на земјата на потекло.[478] Доколку барателот за признавање не достави потврда дури и по одложен рок, барањето за признавање странска судска одлука ќе биде одбиено.

Пречките за признавањето што се однесуваат на можно кршење на правниот систем на Црна Гора, како земјата во која се бара признавање, опфаќаат:

Меѓународна надлежност

Меѓународната надлежност вклучува два случаи: недостиг на исклучива надлежност на црногорското судство и недостиг на прекумерна надлежност на странското судство. Законот прецизира дека странска пресуда нема да се признае ако предметот е во исклучива надлежност на судски или на друг орган на Црна Гора,[479] како и ако странскиот суд ја заснова својата надлежност врз факти што не се признаени со законот на Црна Гора како факти што може да послужат како основа за воспоставување меѓународна надлежност на

477 Членови 152 и 155 од Законот за МПП.

478 Член 142 и Член 149 став 2 од Законот за МПП.

479 Член 144 од Договорот за МПП.

црногорскиот суд во постапување со истиот спор.[480]

Правото на одбраната

Почитувањето на правата на одбраната во законот на Црна Гора подразбира дека црногорскиот суд ќе одбие да признае странска пресуда доколку по барањето на странката, судот утврди дека тужениот не можел да учествува во странската постапка поради неправилности во постапката. Неможноста да се учествува во постапката треба да се толкува ограничено, дека странката не била во можност да учествува во одредена фаза од постапката и дека подоцна не може да постигне различен резултат во жалбената постапка или со користење вонредни правни лекови. Ако странката имала на располагање ефективен лек во подоцнежните фази на постапката, но не го искористила, нема право да се повикува на повреда на правото на одбраната во постапката за признавање странска пресуда.[481] Законот за МПП прецизира дека неправилностите се однесуваат „особено“ на соодветна услуга и доволно време за подготовка на одбраната,[482] а со тоа се отвора можност за широко толкување на содржината на овој институт. Во првиот случај, лицето против кое е донесена одлуката треба да докаже дека не можело да учествува во постапката бидејќи не му е лично доставена судската покана, тужба или одлука со која е поведена постапката или, пак, ако не е направен обид за доставување на поканата, тужбата или одлуката. Ако имало обид за лична достава, но доставата не била успешна, спротивставената странка на барателот не може да се повика на оваа причина. Овој приговор е карактеристичен за одлуките донесени во отсуство на тужениот.[483] Во вториот случај, на спротивставената странка на барателот за признавање во странска постапка не му било дадено доволно време да ја подготви одбраната бидејќи, на пример, роковите за решавање на наводите на другата странка биле премногу кратки.[484] Спротивставената странка на подносителот на барањето за признавање не може да се повика на оваа основа ако на кој било начин учествувал во сослушувањето за основаноста во првостепената постапка.

Постоењето правосилна пресуда за иста работа и помеѓу истите страни и дејството од *lis pendens*

Член 146, став 1 од Законот за МПП предвидува: „Странска судска одлука нема да се признае ако судски или друг орган на Црна Гора донел правосилна одлука што ја вклучува истата причина за дејствување или ако во Црна Гора е признаена друга странска судска одлука за истата работа“. Оттука, црногорското законодавство ѝ дава приоритет на домашната правосилна одлука, без оглед на времето на донесување, и ако постои валидна домашна одлука или претходно признаена странска судска одлука за иста правна работа помеѓу истите страни, тоа ќе претставува неизбежна пречка за признавање странска пресуда.

Законот за МПП пропишува дека судот ќе ја прекине постапката за признавање странска пресуда ако пред црногорскиот суд сè уште е во тек постапката што е претходно поведена и ја вклучува истата причина за дејствување и помеѓу истите страни. Постапката ќе биде одложена до завршувањето на претходно почнатата постапка.[485] Што ќе се случи понатаму со постапката за признавање зависи од исходот на домашната тужба. Ако домашното парничење резултира со издавање мериторна одлука, би имале ситуација на постоење решена работа (res iudicata) и странската пресуда не би можела да биде признаена. Доколку постапката во Црна Гора не заврши со издавање мериторна одлука, постапката за признавање ќе продолжи.

480 Член 145 од Договорот за МПП.

481 Mihajlo Dika, Gaša Knežević, Srđan Stojanović, *Komentar Zakona o međunarodnom privatnom i procesnom pravu* (Коментар за Законот за МПП), Belgrade: Nomos, 1991, стр. 290.

482 Член 143 од Законот за МПП.

483 Maja Stanivuković & Mirko Živković, *Međunarodno privatno pravo: opšti deo* (Меѓународно приватно право: општ дел), Белград: Službeni list SCG, 2004, стр. 453.

484 *Ibid*.

485 Член 146 став 2 од Законот за МПП.

Повреда на јавниот поредок

Одлуката на странскиот суд нема да биде признаена ако правното дејство од нејзино признавање, а не самата пресуда, би било очигледно спротивно на јавната поредок на Црна Гора.[486] Судот ќе постапи *по службена должност*. Во овој сегмент, може да се испита и основаноста на одлуката и постоењето важни процедурални правни неправилности при донесувањето странска одлука. Во двата случаи, секогаш треба да се има предвид дејството на странската одлука и нејзиниот однос со основните принципи на домашниот правен систем. Јавната политика може да категоризира одбрана базирана врз процедурална и материјална измама.[487]

Горенаведените пречки за признавање и извршување од Законот за МПП се во согласност со оние од член 7 од Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година. Единствените комплицирани прашања се однесуваат на меѓународната надлежност. Прашањата поврзани со надлежноста се разгледуваат во неколку членови, ставови и потставови од Конвенцијата и тие не се третирани на ист начин во Законот за МПП. Па така, одредбата за исклучива надлежност (член 6 од Конвенцијата) е поограничена според обемот од концептот на исклучива јурисдикција, како што е детално објаснет под насловот 5.4. на оваа студија. Друга одбрана што не е иста во два правни извори е концептот за прекумерна надлежност (т.н. „реторзиона надлежност“), која експлицитно е наведена како пречка за признавање во членот 145 од Законот за МПП.

6.6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки

За да може странската одлука да создаде правно дејство во Црна Гора, треба да помине низ формален процес на признавање наречен „егзекватура“. Законот за МПП во членот 141 предвидува дека признаена странска судска одлука во Црна Гора се изедначува со одлуките на домашните судови. Ова значи дека странска судска одлука во Црна Гора може да ги создаде само оние правни дејствија утврдени со нашиот правен систем и не би можела да создаде какво било правно дејство што би го имала според законот на државата на потекло. Во својата постапка за признавање странска судска одлука, судот се ограничува на проверка дали се исполнети условите од членовите 142-147 од Законот за МПП.

Постапката за признавање странски судски одлуки е регулирана во членовите 152-157 од Законот за МПП. Постапката за признавање започнува со барање странка.[488] Судот одлучува во посебна вонсудска постапка по таквото барање. Во постапката за признавање, судот проверува само дали се исполнети условите за извршување.[489] Постапката мора да биде брза и вообичаено се заснова врз пресуда на исправи во писмена форма и не вклучува сослушување на странките. Судот со својата одлука може да ја признае пресудата и да утврди дека е извршна или да одбие признавање. Против одлуката за признавање, странката може да поднесе жалба до Советот на тројца судии на Основниот суд или Трговскиот суд во рок од 30 дена од денот на приемот. Незадоволната странка има право да поднесе жалба до Вишиот суд (или Апелациониот суд ако Трговскиот суд одлучувал како првостепен суд) против решението за одбивање признавање. Исто така, ако одлуката на странскиот суд е укината од судот во земјата на потекло, странката може да поднесе барање за повторна постапка, како вонреден правен лек.[490]

Странската судска одлука признаена од судот во Црна Гора е извршна исправа.

486 Член 147 од Законот за МПП.

487 *Видете:* Maja Kostić-Mandić, *Međunarodno privatno pravo* (Меѓународно приватно право), Подгорица: Pravni fakultet UCG, Подгорица, 2017, стр. 196-198.

488 Член 152 од Законот за МПП.

489 Член 153 од Законот за МПП.

490 Член 154 од Законот за МПП.

7. Извршување странски судски одлуки

7.1. Вид на извршна постапка

Постапката за извршување се регулира со Законот за извршување и обезбедување побарувања. Постапката за извршување може да се поведе со барање на странката до извршителот,[491] освен во случаи кога судот е надлежен за извршување.[492] Извршителите ги именува министерот за правда, кој ја надгледува нивната работа. Странката поднесува решение за признавање заедно со потврда дека одлуката е конечна и извршна, во прилог на барањето за извршување.[493]

По барањето за извршување, извршителот донесува одлука за започнување на постапката за наплата или одбивање на извршувањето. Незадоволната странка може да поднесе жалба против таквата одлука до надлежниот суд во рок од 5 дена од приемот на решението. Меѓутоа, таквата жалба не ја спречува постапката на извршување, бидејќи извршувањето се заснова врз извршна исправа.[494]

Исто така, важно е да се нагласи дека извршителите се само надлежни да одлучуваат за постапката на извршување, да наметнуваат извршување, како и да спроведат обезбедување на побарувањата, освен во случаите кога надлежноста на судот е пропишана со закон. Меѓутоа, надлежноста за признавање странски судски одлуки останува кај надлежниот суд (Закон за МПП, член 152 (1), (2), (3)) и затоа јавниот извршител не може да одлучи за признавање на странските судски пресуди како претходно прашање во постапка на извршување.[495]

Врз основа на одлука што делумно станала извршна, може да се нареди извршување само во тој опсег. Извршувањето се наредува и врз основа на судска одлука што не станала конечна и не може да се обжали и врз основа на одлука донесена во управна постапка што не станала конечна, доколку законот пропишува дека жалбата не го одложува извршувањето на одлуката.

7.2. Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странска судска одлука

Кога на барањето за извршување е приложено странско судско решение, извршителот е должен да го одбие таквото барање како неприфатливо бидејќи не постои судска одлука со која се признава странската судска одлука. Во образложението на одлуката со која се одбива барањето за извршување, тој/таа е должен да објасни зошто е одбиено барањето и да го насочи извршниот доверител да поднесе предлог за признавање странска судска одлука.

8. Користена литература

- Aleksandar Jakšić, Građansko procesno pravo (Граѓанско процесно право), Белград: Универзитет во Белград, Правен факултет, 2010 година.
- Aleš Galič, Uredba Brisel I: temelj evropskog građanskog procesnog prava (Брисел

491 J. G. Collier, Conflict of Laws, Cambridge University Press, 2004, p. 123

492 Член 4 од ЗИО.

493 Pippa Rogerson, Collier's Conflict of Laws, Cambridge University Press, 2013, p. 237.

494 Член 47 и 49 од Законот за извршување и обезбедување побарувања „Службен весник на Црна Гора“ бр. 36/2011, 28/2014, 20/2015, 22/2017, 76/2017 и 25/2019.

495 Ranka Račić, *Sprovođenje stranih izvršnih naslova u Crnoj Gori* (Спроведување странски извршни исправи во Црна Гора), Подгорица: Pravni zbornik, No. 3/2019, стр. 63-88.

I Регулатива – темелот на Европското граѓанско процесно право), Последните трендови во Европското МПП – предизвици за националните законодавства на земјите од Југоисточна Европа, Т. Дескоски ед., Скопје: Правен факултет Скопје, 2011 година.

- David P. Stewart, The Hague Conference Adopts a New Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, American Journal of International Law, Volume 113, Issue 4, October 2019.
- Đuro Vuković, Međunarodno građansko procesno pravo (Меѓународно граѓанско процесно право), Загреб: Informator, 1987.
- Francisco Garcimartin and Genevieve Saumier, Explanatory Report, on the Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters, The Hague Conference on Private International Law – HCCH, 2020 (Explanatory Report).
- J. G. Collier, Conflict of Laws, Cambridge University Press, 2004.
- Louise Ellen Teitz, Another Hague Judgments Convention? Bucking the past to provide for the future, Duke Journal Of Comparative & International Law, Vol. 29.
- Maja Kostić-Mandić, Međunarodno privatno pravo (Меѓународно приватно право), Подгорица: Pravni fakultet UCG, Podgorica, 2017.
- Maja Kostić-Mandić, Private International Law of Montenegro, International Encyclopaedia of Laws, Kluwer Law International, 2020.
- Maja Kostić-Mandić, The New Private International Law Act of Montenegro, Yearbook of Private International Law, Vol. XVI, 2014/2015.
- Maja Stanivuković & Mirko Živković, Međunarodno privatno pravo: opšti deo (Меѓународно приватно право: општ дел), Белград: Službeni list SCG, 2004.
- Mihajlo Dika, Gaša Knežević, Srđan Stojanović, Komentar Zakona o međunarodnom privatnom i procesnom pravu (Коментар за Законот за МПП), Белград: Nomos, 1991.
- Milan Pak, Međunarodno privatno pravo (Меѓународно приватно право), Белград: Nomos, 1991.
- Milan Pak, Međunarodno privatno pravo, 4. izdanje (Меѓународно приватно право, 4 издание), Белград: Službeni list SRJ, 2000.
- Pippa Rogerson, Collier's Conflict of Laws, Cambridge University Press, 2013.
- Ranka Račić, Sprovođenje stranih izvršnih naslova u Crnoj Gori (Спроведување странски извршни исправи во Црна Гора), Подгорица: Pravni zbornik, No. 3/2019.
- Siniša Triva & Mihajlo Dika, Građansko parnično procesno pravo, 6. izdanje (Граѓанско парнично процесно право, 6 издание), Загреб: Narodne novine, 2004.
- Varadi, Bordaš, Knežević, Pavić, Međunarodno privatno pravo, 14. izdanje (Меѓународно приватно право, 14 издание), Белград: Универзитет во Белград, Правен факултет, 2012 година.
- Velibor Korać, Notarial Form Ad Solemnitatem in Montenegrin Law, Annals FLB – Belgrade Law Review, Year LXIV, 2016, No. 3.
- Law of Resolution of Conflict of Laws with Regulations of Other States, Belgrade ("Official Gazzette of SFRJ" No. 43/1982, 72/1982 and "Official Gazzette of SFRJ" No. 49/1996).

- Law on Arbitration ("Official Gazzette of Montenegro" No. 47/2015).
- Law on Civil Procedure ("Official Gazzette of Montenegro", No. 22/2004, 28/2005 – decision of the Constitutional Court and 76/2006 and 'Sl. list CG', No. 47/2015 – other law, 48/2015, 51/2017, 75/2017 – decision of the Constitutional Court and 62/2018 – decision of the Constitutional Court, 34/2019 and 42/19).
- Закон за царина („Службен весник на Црна Гора" бр. 21/2008, 1/2011, 39/2011, 40/2011, 28/2012, 62/2013 и 71/2017).
- Закон за извршување и обезбедување побарувања („Службен весник на Црна Гора" бр. 36/2011, 28/2014, 20/2015, 22/2017, 76/2017 и 25/2019).
- Закон за нотаријат („Службен весник на Црна Гора", бр. 68/2005 и „Службен весник на Црна Гора" бр. 49/2008, 55/2016 и 84/2018).
- Закон за јавни извршители („Службен весник на Црна Гора" бр. 61/2011, 22/2017 и 17/2019).
- Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на Црна Гора" бр. 1/2014, 6/2014 – кор., 11/2014 – кри., 14/2014 и 47/2015 – друг закон). Закон за судови („Службен весник на Црна Гора" бр. 11/2015).
- Регулатива за царински тарифи („Службен весник на Црна Гора" бр. 4/2020).
- Деловник на Судот на Црна Гора („Службен весник на Црна Гора" бр. 65/16, 19/19, 58/19,6/20 и 93/20).
- Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 44/2001 од 22 декември 2000 година за надлежност и признавање и извршување пресуди во граѓански и трговски прашања, [2001] Сл. в. L 12/1.
- Регулатива (ЕУ) бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежност и признавање и извршување пресуди во граѓански и комерцијални прашања (изменета).
- Конвенција од Лугано од 30 октомври 2007 година за надлежност и признавање и извршување пресуди во граѓански и трговски прашања, [2007] Сл. в. L 339/3.
- Годишен извештај на Основниот суд во Подгорица за 2020 година, https://sudovi.me/ospg/sadrzaj/d5wx
- Појаснувачки извештај на Конвенцијата за пресуди на HCCH од 2019 година, https://assets.hcch.net/docs/a1b0b0fc-95b1-4544-935b-b842534a120f.pdf
- https://www.paragraf.me/
- https://www.wipo.int/edocs/lexdocs/laws/en/me/me031en.pdf
- https://www.researchgate.net/publication/312353465_Notarial_form_ad_solemnitatem_in_Montenegrin_law
- http://en.sudovi.me/vrhs/library/laws
- http://cosdt.me/
- https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/org6_e.htm
- https://www.monstat.org/eng/page.php?id=171&pageid=171
- https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/status-table/?cid=137

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Автор

Илија Руменов

Извршно резиме

Целта на овој Извештај е да даде преглед на националното законодавство во врска со признавањето и извршувањето странски судски одлуки и критички да ги процени тековниот правен систем, институционалната структура, правните практики и постојните пречки за прекуграничното извршување на странските судски одлуки во Република Северна Македонија. Понатаму, овој Извештај е изготвен врз основа на решенијата дадени во Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година, со цел да се обезбеди интензивирање на меѓународната соработка со Хашката конференција за меѓународно приватно право (НССН) и да се спроведе информирана одлука за ратификација на Конвенцијата за пресуди на НССН од 2019 година од страна на Република Северна Македонија. Овој опширен Извештај има цел да го вклучи ставот на најрелевантните засегнати страни во врска со постапката за признавање и извршување во Република Северна Македонија, како што се Министерството за правда на Република Северна Македонија (МП), Комората на извршители на Република Северна Македонија и најголемиот граѓански суд во Република Северна Македонија – Основниот граѓански суд Скопје.

*Главната стратегија на националното меѓународно приватно право е да се транспонираат релевантните регулативи на ЕУ во Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП од 2020 година) и да се усогласат со новитетите на Хашката конференција за меѓународно приватно право (*НССН). Таквата стратегија има цел постепено да го приспособи судството за решенијата и принципите предвидени во регулативите на ЕУ дури и пред Република Северна Македонија да стане земја членка на ЕУ и истовремено да обезбеди универзалност заснована врз искуствата од конвенциите на НССН. Следствено на тоа, ЗМПП од 2020 година е наменет да ја операционализира оваа стратегија, а наодите се презентирани во овој Извештај. ЗМПП од 2020 година е во сила од февруари 2021 година и во времето на пишување на овој Извештај не се покажаа потенцијални проблеми во практиката, иако временската рамка на неговата примена е прилично кратка (само 2 месеци).

Општо земено, во контекст на Хашката конвенцијата за пресуди на НССН *од 2019 година, во овој Извештај се покажува дека националната постапка за признавање и извршување странски одлуки ќе го поткрепи циркулирањето на пресудите врз основа на Конвенцијата за пресуди на* НССН *од 2019 година. Сепак, постојат одредени аспекти што треба да се усвојат во ЗМПП од 2020 година што ќе овозможат подобра координираност помеѓу овие два правни инструменти. Многу од филтрите за индиректна надлежност предвидени во членот 5 од Конвенцијата за пресуди на* НССН *од 2019 година се присутни во ЗМПП од 2020 година. Меѓутоа, постојат одредени аспекти што потенцијално би можеле да укажат на разлики помеѓу ЗМПП од 2020 година и Конвенцијата за пресуди на* НССН *од 2019 година, како што се проблемите со живеалиштата на лица што не се регистрирани, а кои го напуштиле своето живеалиште во Република Северна Македонија и имаат вообичаено престојувалиште на друго место.*

Во однос на засегнатите страни, во овој Извештај се покажува дека тие се добро запознаени со правните извори и сложеноста и меѓусебната поврзаност на националните и меѓународните правни извори, меѓутоа сите од нив посочија дека премалку се прави во однос на практичната обука на засегнатите страни, а особено во спроведувањето на новиот ЗМПП од 2020 година и четирите потпишани Конвенции на НССН *во 2019 година што сè уште не се ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија.*

1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување граѓански судски одлуки

1.1 Преглед на уставните и законските одредби

Законските одредби во врска со меѓународното приватно право, а особено оние што се однесуваат на признавање и извршување странски судски одлуки во Република Северна Македонија (Северна Македонија) се опфатени со две различни категории правни извори: национални правни извори и меѓународни договори.

Координацијата помеѓу националните правни извори и меѓународните договори се уредува во членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија,[496] каде што се пропишува првенство на меѓународните договори пред националните правни извори.[497] Понатаму, во Законот за судовите[498] експлицитно се наведува дека во ситуации кога судот смета дека домашниот закон е во спротивност со одредбите од меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот, под услов одредбите од меѓународниот договор да може директно да се применат, судот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор.[499] Таквата позиција е предвидена и во Законот за меѓународно приватно право (во натамошниот текст ЗМПП од 2020 година)[500], каде што со првенството на меѓународните договори се предвидува дека одредбите од ЗМПП од 2020 година не се применуваат ако се регулирани со ратификувани меѓународни договори.[501]

Затоа, за правилно разбирање на инкорпорирањето странски судски одлуки во правниот систем на Северна Македонија, треба да се земат предвид националните правни извори, како и меѓународните договори (билатерални и мултилатерални) што се применуваат во Северна Македонија. Дел 1.1.1 ќе се осврне на законските одредби за признавање и извршување странски судски одлуки што се дел од националните правни извори, додека, пак, Дел 1.1.2. ќе обезбеди преглед на меѓународните правни договори што содржат одредби во врска со признавањето и извршувањето странски судски одлуки.

1.1.1 Национални правни извори

1.1.1.1. Закон за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија

ЗМПП од 2020 година е донесен во јануари 2020 година (во сила од февруари 2021 година) и претставува втора систематизација на правните правила на меѓународното приватно право во Северна Македонија од својата независност од Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст СФРЈ) во 1991 година. Меѓутоа, со цел правилно разбирање на одредбите од новиот ЗМПП од 2020 година, треба да се разгледаат неговите претходници: Законот за меѓународно приватно право од 2007 година (во натамошниот текст ЗМПП од 2007 година)[502] и Законот за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во определени односи (во натамошниот текст ЗМПП од 1982 година).[503] Исто така, должноста наметната со членот 68 од Спогодбата

496 „Службен весник на РМ“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 03/09, 49/11 и „Службен весник на РСМ“ бр. 06/19 со Уставен Закон за спроведување на Амандманите XXXIII – XXXVI на Уставот на Република Македонија, „Службен весник на РСМ“ бр. 06/19.

497 „Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се изменат со закон“, чл. 118 од УСРМ.

498 Закон за судовите, „Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19.

499 Член 18 (4) од Законот за судовите.

500 Закон за меѓународно приватно право, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020

501 Член 2 од ЗМПП од 2020 година.

502 Закон за меѓународно приватно право, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007 и 156/2010.

503 Закон за решавање на судирот на законите со прописите на другите држави во одредени односи, „Службен весник на СФРЈ“ бр. 43/1982.

за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји членки (ССА)[504] за приспособување на внатрешните закони и компатибилност на правните извори на Северна Македонија со правните извори на ЕУ има значително влијание врз структурата и суштината на новиот ЗМПП од 2020 година. Опсегот на ЗМПП од 2020 година е малку променет и во споредба со ЗМПП од 2007 година сега содржи само еден став што ги опфаќа сите прашања поврзани со МПП (меродавно право, меѓународна надлежност и постапка и признавање и извршување). Исто така, оваа одредба не навлегува во конкретниот предмет на односите опфатен со ЗМПП од 2020 година,[505] но содржи општа дефиниција дека ЗМПП од 2020 година се однесува на „…приватно-правните односи со меѓународен елемент…“[506]

1.1.1.2 Одредбите во ЗМПП од 2020 година во врска со признавањето и извршувањето странски одлуки

Дел IV од ЗМПП од 2020 година се однесува на признавањето и извршувањето странски одлуки. Одредбите за признавање и извршување се поделени во три глави, Глава I – дефиниции; Глава II – услови за признавање и извршување и Глава III – постапка за признавање и извршување. Овие аспекти ќе бидат опфатени во Дел 6 од оваа Студија.

1.1.2 Меѓународни правни извори

1.1.2.1 Билатерални договори

Република Северна Македонија развива пријателски односи со други земји со цел да ја зајакне својата трговија и својата соработка. За таа цел, има склучено значителен број билатерални договори во различни области на МПП. Овие билатерални договори се однесуваат на следниве аспекти: Конзуларни конвенции;[507] Билатерални договори за трговија и/или економска соработка;[508] Билатерални договори за меѓународна правна

504 Спогодба за стабилизација и асоцијација помеѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна, и Поранешната Југословенска Република Македонија, од друга страна, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2001.

505 Ова беше случај со ЗМПП од 2007 година, каде што во членот 1 беа предвидени „…личните (статусните), семејните, работните, имотните и други материјално-правни односи со меѓународен елемент“. Идентично решение беше содржано во членот 1 од ЗМПП од 1982 година.

506 Член 1 од ЗМПП од 2020 година.

507 Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Република Бугарија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 32/1999); Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 50/1997); Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Република Романија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 6/); Конзуларен договор помеѓу Република Македонија и Република Турција („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 6/2003); Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Руската Федерација („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 31/2003); Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Украина („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 55/2000, со корекција во 79/2000); Конзуларна конвенција помеѓу Република Македонија и Република Хрватска („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 34/1997).

508 Договор за трговска и економска соработка, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 49/1993); Договор за економска соработка помеѓу Република Македонија и Република Словенија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 37/1992); Измени и дополнувања на Договорот за економска соработка помеѓу Република Македонија и Република Словенија според правниот поредок на ЕУ („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 131/2006); Договор за трговска и економска соработка, склучен помеѓу Република Македонија и Република Турција („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 19/1995); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 60/1995); Договор помеѓу македонската влада и украинската влада за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 50/1997); Договор помеѓу македонската влада и австриската федерална влада за економска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 55/1997); Договор за економска и трговска соработка помеѓу македонската влада и албанската влада („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 15/1998); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 17/1995); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за измени и дополнувања на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 63/2015); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 31/2003); Договор за економска и трговска соработка помеѓу Република Македонија и Државата Катар („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 110/2005); Договор за економска и трговска соработка помеѓу Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 117/1996); Договор за трговска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Малезија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 7/1999); Трговски договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Арапската Република Египет („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 7/2000); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија („Службен весник на Република Македонија“, Додаток, меѓународни договори, бр. 88/2015); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 143/2010); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешка за економска и индустриска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување,

помош;[509] Билатерални договори што се применуваат во Република Северна Македонија по сукцесија од поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ).[510]

1.1.2.2 Мултилатерални договори

Република Северна Македонија е членка на значителен број мултилатерални конвенции што опфаќаат аспекти на меѓународното приватно право. Некои од овие мултилатерални договори се потпишани и ратификувани од Северна Македонија, додека, пак, други се наследени од СФРЈ. Според меѓународната организација што ги усвоила овие мултилатерални конвенции, може да се обезбеди следниот список на мултилатерални договори: Хашката конференција за меѓународно приватно право (НССН);[511] Советот на

меѓународни договори, бр. 77/2010); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 77/2010); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 117/2011); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 132/2011); Договор за техничка, индустриска и научна соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 40/2012); Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговска и економска соработка („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 139/2012); Меморандум за економска соработка помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економија на Република Словачка (Меморандумот е потпишан на 19.11.2012 година); Договор за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Социјалистичка Република Виетнам („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 6/2016).

509 Договор помеѓу македонската влада и албанската влада за правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 16/1998); Договор помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 10/2006); Договор помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за измени и дополнувања на Договорот помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 13/2014 година); Договор за правна помош во граѓански предмети помеѓу Република Македонија и Република Бугарија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 13/2002); Договор помеѓу Република Македонија и Република Романија за заемна правна помош во граѓански предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 41/2004); Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети помеѓу Република Македонија и Република Словенија („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 24/1996); Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети помеѓу Република Македонија и Република Турција („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 23/1997); Договор за правна помош помеѓу Република Македонија и Република Хрватска во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 15/1995); Договор помеѓу Република Македонија и Украина за правна помош во граѓански предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 48/2000); Договор помеѓу Република Македонија и Република Србија за правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 15/2013); Договор помеѓу Република Македонија и Република Црна Гора за правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 55/2016).

510 Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Народна Република Бугарија за заемна правна помош од 23 март 1956 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 1/1957); Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Република Австрија за заемна правна соработка од 16 декември 1956 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 8/1955); Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Народна Република Полска за заемна правна соработка од 6 февруари 1960 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 5/1963); Договор помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Чешката Социјалистичка Република за регулирање на правните односи во граѓанската, семејната и кривичната материја од 20 јануари 1964 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, бр. 13/1964); Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Сојузот на Советските Социјалистички Републики за правна помош во граѓанската, семејната и кривичната материја од 24 февруари 1962 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 5/1963); Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Кралството Грција за признавање и извршување на судските одлуки од 18 јуни 1959 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 6/1960); Договор помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Кипар за правна помош во граѓански и кривични предмети од 19 септември 1984 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 2/1986); Конвенција помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Кралството Грција за заемни правни односи од 18 јуни 1959 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 7/1960); Договор за заемна правна соработка помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Народна Република Унгарија од 7 март 1968 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 3/1968 со измени и дополнувања во „Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 1/1987); Договор помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Народна Република Романија за правна помош од 18 октомври 1961 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 8/1961); Договор за олеснување на спроведувањето на Хашката конвенција за граѓанска постапка од 1 март 1954 година помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Француската Република од 29 октомври 1969 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 21/1971); Конвенција за признавање и извршување судски одлуки во граѓански и трговски прашања помеѓу Владата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Владата на Република Франција од 18 мај 1971 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 7/1972).

511 Конвенција на НССН за граѓанска постапка од 1 март 1954 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 6/1962); Конвенција на НССН за укинување на потребата за легализација на странските јавни исправи од 5 октомври 1961 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 10/1962); Конвенција на НССН за судирот на законите поврзани со тестаментните располагања од 5 октомври 1961 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 10/1962); Конвенција на НССН за доставување во странство судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи од 15 ноември 1965 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 29/2008); Конвенција на НССН за прибавување докази во странство во граѓанските или трговските работи од 18 март 1970 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 140/2008); Конвенција на НССН за Законот што се применува за сообраќајни незгоди од 4 мај 1971 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 26/1976); Конвенција на НССН за Законот што се применува за одговорноста за производи од 2 октомври 1973 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 8/1977); Конвенција на НССН за граѓанските аспекти на меѓународното киднапирање деца од 25 октомври 1980 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 7/1991); Конвенција на НССН за меѓународен пристап до правда од 25 октомври 1980 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 4/1988); Конвенција на НССН за заштита на децата и соработка во областа на меѓународното посвојување од 29 мај 1993 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 103/2008); Конвенција на НССН од 19 октомври 1996 година за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и мерките за заштита на децата; Конвенција на НССН за спогодби за избор на суд од

Европа;[512] Обединетите нации и други релевантни меѓународни организации.[513]

1.2 Процена на правната рамка

Северна Македонија има тенденција да ги следи новите текови на МПП и да биде усогласена со новите тенденции на МПП на ЕУ и одредбите на Хашките конвенции. Уставот не содржи директна одредба во врска со егзекватурата на странски одлуки. Многу важна одредба во Уставот е членот 118 со кој се уредуваат хиерархијата и координацијата помеѓу националните и меѓународните правни извори.

ЗМПП од 2020 година, како најзначаен правен извор во врска со МПП, а со тоа и за признавање и извршување странски одлуки, претставува втора кодификација на регулативата за МПП во Северна Македонија. Овој закон е релативно нов (донесен во 2020 година и во сила од 2021 година) со решенија што се разликуваат од решенијата во ЗМПП од 2007 година. Новите решенија во ЗМПП од 2020 година се засноваат врз идеите за зајакнување на транспарентноста на одредбите, прифаќање отворен и меѓународен пристап во справувањето со прашањата поврзани со МПП, а со тоа и добивање правни правила што се полесно достапни за правниците.[514] За да се остварат овие идеи, ЗМПП од 2020 година постави три главни цели.

Првата цел на новиот ЗМПП од 2020 година е законот да биде „полесен за користење“, со оддели и пододдели поделени според предметот и со наслови пред секоја компонента, а потоа и со наслови со кои се утврдува предметот на секој член. Таквата структура на ЗМПП од 2020 година го прави законот полесно достапен за правниците, а со тоа се зголемува и транспарентноста на одредбите.

Втората цел е ЗМПП од 2020 година да биде насочен кон спроведување на повеќето од новите тенденции на одредбите од областа на меѓународното приватно право на ЕУ (во натамошниот текст МПП на ЕУ) и оние на Хашката конференција за меѓународно приватно право (во натамошниот текст НССН) во врска со утврдувањето на меродавното право, јурисдикционите критериуми и одредбите во врска со признавањето и извршувањето странски одлуки. За да се постигне оваа цел, „европеизација на МПП“, ЗМПП од 2020 година ги транспонира одредбите за меѓународното приватно право на ЕУ, особено оние што имаат „универзална примена“.[515] Овие одредби се засноваат врз цврсто вкоренетиот

30 јуни 2005 година; Конвенција на НССН за меѓународна поддршка на децата и други форми на издршка на семејството од 23 ноември 2007 година; Протокол на НССН за Законот што се применува на обврските за издршка од 23 ноември 2007 година (последните 4 конвенции на НССН се потпишани во 2019 година, но сè уште не се ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија).

512 Европска конвенција за известување за странско право од 1968 година со дополнителен Протокол од 1978 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 13/2002); Европска спогодба за пренос на барањата за правна помош од 1977 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 47/2002); Европска конвенција за признавање и извршување одлуки за старателство врз деца и за враќање старателство врз децата од 1980 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 12/2002); Европска конвенција за државјанство од 1997 година („Службен весник на Република Македонија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 12/2002).

513 Конвенција за меѓународна поддршка на деца и издршка од 20 јуни 1956 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 2/1960); Конвенција за признавање и извршување странски арбитражни одлуки (Њујоршка конвенција) од 10 јуни 1958 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 11/1981); Европска конвенција за меѓународна трговска арбитража од 21 април 1961 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 12/1963); Конвенција за решавање инвестициски спорови помеѓу држави и државјани на други држави од 18 март 1965 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 7/1967); Протокол за арбитражни клаузули од 24 септември 1923 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 4/1959); Конвенција за извршување странски арбитражни одлуки од 26 септември 1927 година („Службен весник на Федеративна Народна Република Југославија“, бр. 4/1959); Конвенција на Обединетите Нации за договорите за меѓународна продажба на стоки (CISG) од 11 април 1980 година („Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, Дополнување, меѓународни договори, бр. 10/1984).

514 Kramer X. et al., Study by the European Parliament's Committee on Legal Affairs "A European framework for private international law: current gaps and future perspectives", PE 462.487, 8.

515 Постојат неколку одредби во Регулативите на ЕУ што се во насока на усогласување на прописите за судир на правото во рамките на ЕУ што предвидуваат „универзална примена“ на овие одредби, како што е членот 2 од Регулативата (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за меродавното право на договорните обврски (Рим I) OJ L 177, 4.7.2008, 6-16; членот 3 од Регулативата (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за меродавното право за вондоговорните обврски (Рим II), OJ L 199, 31.7.2007, 40-49; членот 4 од Регулативата на Советот (ЕУ) бр. 1259/2010 од 20 декември 2010 година за имплементирање соработка на подрачјето на меродавното право за разводот и законската разделба OJ L 343, 29.12.2010, 10-16; членот 20 од Регулативата (ЕУ) бр. 650/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето на одлуките и прифаќањето и извршувањето на автентичните инструменти во прашањата на наследувањето и за создавање Европски сертификат за наследување OJ L 201, 27.7.2012, 107-134; и членот 20 Регулатива на од Советот (ЕУ) 2016/1103 од 24 јуни 2016 година за спроведување засилена соработка во областа на надлежноста, меродавното право и признавањето и извршувањето одлуки во врска со брачно-имотниот режим OJ L 183, 8.7.2016, 1-29.

принцип во инструментите на меѓународното приватно право на ЕУ и НССН, според кој правото определено со Регулативата се применува без оглед дали станува збор за закон на земја членка, а ситуациите внатре во рамките на ЕУ и оние што се однесуваат на трети држави ќе се уредат на еднакви основи.[516] Понатаму, законодавецот има предвид дека МПП на ЕУ сè уште е во фаза на изготвување[517] и се состои не само од правните инструменти на Европскиот совет и на Европскиот парламент, туку и од меѓународни конвенции (особено значајни се оние на НССН).[518] Од друга страна, постојат одредени разлики во примената на регулативите за МПП на ЕУ што може да се забележи во многу земји членки на ЕУ.[519] Затоа, за правилно спроведување на прописите на МПП на ЕУ, а истовремено и за обезбедување покохерентен пристап во однос на МПП на ЕУ, националниот законодавец се одлучи во ЗМПП од 2020 година да вклучи многу од овие тенденции од областа на МПП (поголем број можности за автономија на волја на страните како точка на врзување, намалување на државјанството како точка на врзување, воведување вообичаено престојувалиште како алтернатива на живеалиштето како точка на врзување/јурисдикционен критериум, ограничување на основите за исклучива надлежност итн.), така што судиите и практичарите ќе се запознаат со прописите на МПП на ЕУ уште пред Северна Македонија да стане земја членка на ЕУ. Оттаму, за оваа цел, ЗМПП од 2020 година е усогласен со следниве регулативи на ЕУ:

- Регулатива на Советот (ЕУ) 2016/1103 од 24 јуни 2016 година за спроведување засилена соработка во областа на надлежноста, меродавното право и признавањето и извршувањето одлуки во врска со брачно-имотниот режим;[520]
- Регулатива на Советот (ЕУ) бр. 1259/2010 од 20 декември 2010 година за имплементирање соработка на подрачјето на меродавното право за разводот и законската разделба;[521]
- Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 4/2009 од 18 декември 2008 година за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето одлуки и соработка во работите поврзани со обврските за издржување;[522]
- Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за меродавното право за договорните обврски (Рим I);[523]
- Регулатива (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за меродавното право за вондоговорните обврски (Рим II);[524]
- Регулатива (ЕУ) бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежноста и признавањето и извршувањето на судските одлуки во граѓанските и трговските работи (Брисел I (новела));[525]
- Регулатива (ЕУ) бр. 650/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето на одлуките и прифаќањето и извршувањето на автентичните инструменти во прашањата на наследувањето и за создавање Европски сертификат за наследување.[526]

516 Boele Woelki K., *For better or for worse: The Europeanisation of International Divorce Law*, Yearbook of Private International Law, *vol.* 12, 2010, p. 29
517 *Ibid.,* p. 20.
518 *Ibid.*
519 Hess, B.; Law, S.; Ortolani P. (eds.), *An evaluation study of national procedural laws and practices in terms of their impact on the free circulation of judgments and on the equivalence and effectiveness of the procedural protection of consumers under EU consumer law*, JUST/2014/RCON/PR/CIVI/0082, 2017, p. 45.
520 „Службен весник на ЕУ“ L183/1.
521 „Службен весник на ЕУ“ L 343/10.
522 „Службен весник на ЕУ“ L 7, 10.1.2009.
523 „Службен весник на ЕУ“ L177/6.
524 „Службен весник на ЕУ“ L 199/40.
525 „Службен весник на ЕУ“ L351/1.
526 „Службен весник на ЕУ“ L 201/107.

Третата цел е намерата на законодавецот да спроведе европеизација на националното МПП, притоа водејќи сметка националниот закон за меѓународно приватно право да не се применува само меѓу земјите членки на ЕУ, туку да се применува и во однос на трети земји. Значи, оваа идеја за универзалност на одредбите од ЗМПП од 2020 година играше важна улога во изготвувањето на прописите, засновани врз искуствата од Хашката конвенција за надлежност, меродавно право, признавање, извршување и соработка во поглед на родителската одговорност и мерките за заштита на децата од 1996 година; Хашката конвенција за меѓународна наплата на детска издршка и други форми на семејна издршка од 2007 година; Хашкиот протокол за меродавното право за обврските на издржување од 2007 година и Хашката конвенција за договорите за избор на надлежен суд од 2005 година.

ЗМПП од 2020 година претставува значаен исчекор за националното МПП, соединувајќи ги новите тенденции во меѓународното приватно право и европеизирајќи го основниот концепт на неговите институти. Систематизацијата што е воведена во овој нов Закон за МПП овозможува многу полесно спроведување на неговите решенија од страна на правниците во Северна Македонија. За судството ќе биде предизвик да прифати толку голема структурна промена на меѓународното приватно право, но за да се постигне главната цел на законот, а тоа е приближување на прописите на ЕУ за меѓународното приватно право, ова не смее да претставува пречка. Кога судството ќе ги прифати овие одредби од ЗМПП од 2020 година, тогаш иманентниот премин кон регулативите за меѓународно приватно право на ЕУ не би претставувал огромен проблем. Со тоа, ЗМПП од 2020 година решава два проблеми со еден акт, го модернизира националното меѓународно приватно право и обезбедува полесно приспособување за регулативите на ЕУ.

Многу важни одредби во ЗМПП од 2020 година се прописите за толкување во врска со одредбите што претставуваат целосно транспонирани регулативи на ЕУ. Овие прописи ќе му овозможат на судството да го усогласи националното право со стандардите и толкувањата на институтите на ЕУ, а со тоа да биде во согласност со толкувањата во ЕУ, иако Северна Македонија сè уште е само земја кандидатка за членство во ЕУ. Без овие одредби, постои можност за нарушување на начинот на примената на овие концепти во рамките на ЕУ, а со тоа нема да се постигне целта за усогласување на внатрешното право со правото на ЕУ.

Во однос на меѓународните правни извори, Северна Македонија се стреми да биде членка на најзначајните мултилатерални конвенции за МПП. Сепак, има одреден простор за подобрување. Иако во 2019 година Северна Македонија потпиша четири Хашки конвенции (Конвенција на НССН од 1996 година; Конвенција на НССН од 2005 година; Конвенција на НССН од 2007 година и Протокол на НССН од 2007 година), три години подоцна, овие конвенции не се ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија. Што се однесува до билатералните договори, има одреден број билатерални договори потпишани од 1991 година наваму и има и голем број билатерални договори што се применливи во Република Северна Македонија по пат на сукцесија од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Северна Македонија може дополнително да ја зајакне својата политика за правосудна соработка во граѓанско-правната материја со други земји со потпишување билатерални договори и мултилатерални конвенции за правна помош во граѓанско-правната материја. Исто така, како активен учесник во НССН, Северна Македонија ги следи новините во оваа организација и врз основа на своите сопствени интереси може да стане членка на другите конвенции на **НССН** (Конвенцијата на НССН за меѓународна заштита на возрасни од 2000 година и Конвенцијата на НССН за признавање и извршување странски пресуди за прашања од граѓанското или трговското право од 2019 година).

2. Институционална рамка за прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки

2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на засегнатите страни во прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки

Постапката за признавање и извршување странски судски одлуки е предвидена како вонпарнична постапка што се спроведува пред судовите на Република Северна Македонија. Ова предвидува главните засегнати страни во рамките на оваа постапка да бидат оние што се дел од судството. Спецификите на МПП овозможуваат одредени други релевантни засегнати страни да имаат важна улога во постапката за вклучување на странските пресуди во правниот систем на Северна Македонија. Главната засегната страна во однос на егзекватурата на странските судски одлуки се судовите на Република Северна Македонија. Нивните организација и надлежности се утврдени со Законот за судовите.[527] Постапката за признавање и извршување е предвидена во Законот за меѓународно приватно право од 2020 година[528] и бидејќи претставува посебна вонпарнична постапка, се применува и Законот за вонпарнична постапка.[529]

Други релевантни засегнати страни, особено важни во процесот на извршување на странските судски одлуки во Северна Македонија, се извршителите. Постапката и должностите на извршителите се предвидени во Законот за извршување.[530]

Министерството за правда на Република Северна Македонија (Министерството за правда), особено Секторот за меѓународна правна помош се прилично значајни во постапката за признавање и извршување. Тие честопати се централен орган во конвенциите што се однесуваат на меѓународна правна помош и имаат улога во постапката за правна помош предвидена во Законот за парнична постапка.[531]

2.2 Заинтересирани страни што практикуваат прекугранично признавање и извршување на граѓанските одлуки

2.2.1 Судови

Во Северна Македонија, надлежноста за одлучување во независна постапка во врска со признавањето странски пресуди ја имаат основните судови со проширена надлежност.[532] Што се однесува до основните судови, тие се основани за една или повеќе општини. Во Северна Македонија има вкупно 27 основни судови. *Competentia ratione materiae* на основните судови се утврдува со прописите за општо правно делегирање. Основните судови се основани како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност. Во рамките на основните судови со проширена надлежност, задолжително се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови предмети. Треба да се спомене дека иако сите основни судови се основани како судови од општа надлежност, во Законот за судовите е утврдена различна стварна надлежност на основните судови за областа на Скопје како главен град. Имено, двата основни суда што се наоѓаат во Скопје се организирани како „специјализирани“ судови со целосно раздвоена надлежност на

527 Закон за судовите, „Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19.

528 Закон за меѓународно приватно право, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020.

529 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2008.

530 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016, 233/2018 и 14/2020.

531 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/10 и 124/2015.

532 Член 31, Закон за судовите.

кривични и граѓански предмети. Претходно познати како Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2, основните судови во Скопје сега се преименувани во Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.

Месна надлежност за признавање странска судска одлука има секој суд што има стварна надлежност.[533] *Меѓутоа, таквата позиција не ја исклучува можноста признавањето на странската пресуда да се реши како претходно прашање од страна на извршниот суд. Ако за признавањето на странската судска одлука не е донесено посебно решение, секој суд може да решава за признавање на таа одлука во постапката како за претходно прашање, но само со дејство за таа постапка.*[534]

2.2.2 Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.)

Најважната административна институција што има надлежности во врска со правната помош во граѓанско-правната материја е Министерството за правда на Република Северна Македонија. Постои посебен сектор наменет за меѓународна правна помош во граѓанско-правната материја што, меѓу другите надлежности, опфаќа и: одговорности во однос на барањата на националните и странските судови за обезбедување меѓународна правна помош во граѓанско-правната материја за признавање и извршување странски судски одлуки во кривичната и граѓанско-правната материја; статистички податоци за граѓански предмети; одговорности за преговори и потпишување билатерални договори во правната помош и спроведувањето на овие договори; набљудување на примената на ратификуваните конвенции, за нивно правилно спроведување во предмети поврзани со правна помош во граѓанско-правната материја; набљудување на примената на меѓународните договори;[535] соработка со дипломатските и конзуларните претставници на Република Северна Македонија во странски земји во обезбедувањето меѓународна правна помош.

Централните органи организирани врз основа на овие конвенции што ја опфаќаат меѓународната правна помош обично[536] се наоѓаат во истиот Сектор за меѓународна правна помош при Министерството за правда на Република Северна Македонија.

2.2.3 Правници (адвокати, правни застапници итн.)

Правната практика е особено важна во однос на признавањето и извршувањето на странските судски одлуки, како и за меѓународната правосудна соработка. Со оглед на тоа што постапката за признавање и извршување е предвидена како вонпарнична судска постапка, странскиот доверител на побарувањето обично ангажира правник (адвокат) за да го поднесе предлогот за признавање и извршување на странската судска одлука. Оваа постапка предвидена во ЗМПП од 2020 година (чл. 163-175) се однесува на судските одлуки, како и на арбитражните одлуки.

533 Член 166(2) од ЗМПП од 2020 година.

534 Член 167 од ЗМПП од 2020 година.

535 Конвенција на НССН за граѓанска постапка од 1 март 1954 година; Конвенција на НССН за укинување на потребата за легализација на странските јавни исправи од 5 октомври 1961 година; Конвенција на НССН за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи од 15 ноември 1965 година; Конвенција на НССН за прибавување докази во странство во граѓанските или трговските работи од 18 март 1970 година; Конвенција на НССН за меѓународен пристап до правдата од 25 октомври 1980 година; Конвенција за меѓународна поддршка на деца и издршка од 20 јуни 1956 година; Конвенција за признавање и извршување странски арбитражни одлуки (Њујоршка конвенција) од 10 јуни 1958 година; Европска конвенција за меѓународна трговска арбитража од 21 април 1961 година; Конвенција за решавање инвестициски спорови помеѓу држави и државјани на други држави од 18 март 1965 година; Протокол за арбитражни клаузули од 24 септември 1923 година; Конвенција за извршување странски арбитражни одлуки од 26 септември 1927 година.

536 Централните органи утврдени врз основа на Конвенциите што се однесуваат на семејните прашања се структурирани во Министерството за труд и социјална политика.

2.2.4 Извршители

Постапката за извршување во Северна Македонија е утврдена со Законот за извршување.[537] Овој закон влезе во сила на 1 јануари 2017 година. Историски гледано, пред да се предвиди новиот модел за извршување во Северна Македонија, извршувањето во граѓанско-правната материја беше во исклучива надлежност на судовите според поранешниот сојузен Закон за извршната постапка од 1978 година. Според овој Закон, судовите имаа надлежност да дозволуваат и да спроведуваат извршување парични и непарични побарувања. Одговорноста за извршувањето им беше доверена на судиите (судии извршители), бидејќи се сметаше дека толкувањето на содржината на судската пресуда, во смисла на нејзиното задолжително извршување, бара стручно судско знаење. Судските службеници исто така беа вклучени во извршната постапка за вршење големи технички (но понекогаш дури и суштински) задачи во постапката.[538]

Првиот закон за извршната постапка од 1997 година (со измени и дополнувања во 2000 и 2003 година) во основата ги задржа истите решенија како и поранешниот сојузен закон од 1978 година. Законот за извршување од 2005 година (со измени и дополнувања во 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011 и 2013 година)[539] воведе нов систем на извршување во Северна Македонија. Имено, претходниот судски ориентиран систем на извршување беше заменет со системот ориентиран кон извршителите. Постапката за извршување престана да биде под надлежност на судовите и извршувањето им беше доверено на извршителите – лица со јавни овластувања утврдени со закон, кои го спроведуваат извршувањето.[540]

Правниот систем во Северна Македонија опфаќа приватно извршување од страна на независни и високопрофесионални извршители. Тие го спроведуваат извршувањето во согласност со извршното право и во согласност со законските овластувања. Современиот концепт на извршување се смета за ефикасен и ефективен затоа што обезбедува брзо и целосно намирување на побарувањето на доверителот.

2.3 Заинтересирани страни одговорни за усвојување на Хашката конвенција од 2019 година

Постапката за усвојување меѓународни договори во Северна Македонија е предвидена во Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.[541] Тој претставува многу важен правен акт со кој се утврдува постапката за водење преговори за склучување меѓународни договори, склучување меѓународни договори, пристапување кон мултилатерални меѓународни договори, поведување постапка за ратификација, како и извршување на меѓународните договори во Северна Македонија.[542] Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори се применува и на билатерални и на мултилатерални договори. Овој закон, исто така, ги мапира главните засегнати страни одговорни за усвојување меѓународни договори. За меѓународна правосудна соработка во граѓанско-правната материја, како и за признавање и извршување странски судски одлуки, директни засегнати страни релевантни во контекст на усвојување меѓународни договори се: Министерството за правда на Република Северна Македонија; Владата на Република Северна Македонија; Министерството за надворешни работи на Република

537 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016, 233/2018 и 14/2020.

538 Zoroska – Kamilovska T., Rakocevic M., *A General Overview of Enforcement in Civil and Commercial Matters in Macedonia*, LeXonomica, Vol. 8, No. 1, pp. 29-49, June 2016, p. 31.

539 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2005, со измени и дополнувања од 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2006, 129/2006), 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2008), 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2009), 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 83/2010, 88/2010, 171/2010) и 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2011).

540 Zoroska – Kamilovska T., Rakocevic M., p. 31-33.

541 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/1998.

542 Член 1 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

Северна Македонија; Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство на Република Северна Македонија. Следните индиректни засегнати страни имаат значајна улога на ниво на политики, во смисла на обезбедување експертиза и анализа, заверени правни преводи и форум за дискусија и едукација и за операционализација на меѓународните договори во врска со меѓународната правосудна соработка во граѓанско-правната материја, како и за признавање и извршување странски судски одлуки: универзитети и невладини организации (НВО).

2.3.1 Министерства и други институции

Главните засегнати страни релевантни за усвојување меѓународни договори во врска со меѓународната правосудна соработка во граѓанско-правната материја што опфаќа и признавање и извршување странски судски одлуки се Министерството за правда на Република Северна Македонија; Владата на Република Северна Македонија; Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија; Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство на Република Северна Македонија. Клучната засегната страна за оваа постапка во врска со меѓународните договори за признавање и извршување странски судски одлуки е Владата, која е одговорна за склучување и преговори на меѓународни договори од името на Република Северна Македонија.[543] По писмена иницијатива на Министерството за правда,[544] Владата одлучува дека треба да започне преговори или да склучи меѓународен договор. Министерството за правда изготвува предлог за почеток на преговори или исполнување на релевантните услови за склучување билатерален договор или пристапување кон мултилатерален меѓународен договор.[545] Овој предлог треба да содржи неколку елементи, како што се: уставната основа, мислење за односите со релевантната меѓународна организација, причините за склучување на меѓународниот договор, финансиските потреби и начините на кои тие ќе се задоволат во врска со извршувањето на меѓународниот договор и делегацијата што ќе ги продолжи преговорите.[546] Предлогот треба да го содржи нацртот на меѓународниот договор што треба да се склучи или да се пристапи.[547] Овој предлог потоа се праќа до Министерството за надворешни работи, како и до Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, кои треба да дадат мислење за овој предлог.[548] Доколку Владата го прифати предлогот, тогаш утврдува основа за преговорите и делегацијата што ќе ги води преговорите.[549] Понатаму, Владата може да го овласти шефот на делегацијата[550] (вообичаено министерот за правда) да го потпише меѓународниот договор.[551] По потпишувањето на меѓународниот договор, делегацијата подготвува писмен извештај и го доставува до Владата.[552] Одлуката за пристапување на Северна Македонија кон мултилатерален меѓународен договор што е во сила ја спроведува Министерството за надворешни работи.[553]

Следната фаза од постапката се однесува на ратификување на меѓународниот договор. Министерството за правда го праќа оригиналниот текст на меѓународниот договор со предлог за поведување постапка за ратификација и образложение до Министерството за

543 Член 3(2) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

544 За Хашките конвенции е одговорен Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда.

545 Член 6(1) од (2) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

546 Член 8(1) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

547 Член 8(3) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

548 Член 9 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

549 Член 12(1) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

550 Доколку Владата не овласти лице да го потпише меѓународниот договор, по прифаќањето на писмениот извештај на делегацијата, таа може да овласти соодветно лице да го потпише меѓународниот договор. Член 15(2) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

551 Член 12(2) од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

552 Член 14 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

553 Член 17 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

надворешни работи.[554] Потоа, Министерството за надворешни работи поведува постапка за ратификација на меѓународниот договор врз основа на предлог за усвојување Закон за ратификација на меѓународниот договор што се доставува до Владата. Владата го доставува Законот за ратификација на меѓународниот договор до Собранието на Република Северна Македонија, кое го ратификува меѓународниот договор.[555]

Последната фаза во врска со извршувањето на меѓународните договори ја спроведува Владата или Министерството за правда.[556]

2.3.2 НВО

Во Северна Македонија нема значајни невладини организации чиј главен фокус е признавање и извршување странски судски одлуки, како и меѓународна правна помош. Сепак, од искуството во други правни области, соработката помеѓу Министерството за правда и НВО е позитивна.

2.3.3 Академска заедница

Соработката помеѓу Министерството за правда и универзитетите во Северна Македонија е позитивна. Голем дел од наставниот кадар на универзитетите учествува во работните групи на Министерството за правда за изготвување ново законодавство. Исто така, наставниот кадар е вклучен и во едукацијата на судиите и на јавните обвинители што ја обезбедува Академијата за судии и јавни обвинители.

2.3.4 Други релевантни засегнати страни

Многу важна улога во оформувањето на судскиот систем во Северна Македонија им се припишува на владините организации на повеќе земји, како што се Германија (ГИЗ), САД (УСАИД), скандинавските земји, Холандија, Обединетото Кралство и Обединетите нации. Овие земји и меѓународни организации организираат голем број активности што им помагаат на националните власти да обезбедат поквалитетни законски решенија и поквалитетно спроведување на новото законодавство. Овие активности се состојат од вршење анализа на одредена правна област, ангажирање експерти за одредени правни аспекти, организирање дебати, работилници и други едукативни активности.

554 Член 19 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.
555 Член 20 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.
556 Членови 23-24 од Законот за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори.

2.4 Мапирање на соработката меѓу засегнатите страни

2.4.1 Заинтересирани страни релевантни за постапката за признавање и извршување странски судски одлуки



2.4.2 Заинтересирани страни релевантни за постапката за усвојување на Хашката конвенција од 2019 година



3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување на граѓанските судски одлуки

3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Најголемиот основен граѓански суд се наоѓа во Скопје и тој е Основен граѓански суд Скопје (претходно Основен суд Скопје 2). Постапката за признавање и извршување е предвидена како вонпарнична постапка, а со тоа надлежноста за одлучување за егзекватурата е доделена на одделот за вонпарнични и оставински спорови на Основниот граѓански суд Скопје. Овој оддел на Основниот граѓански суд Скопје се состои од само тројца судии, опфаќајќи различни правни аспекти за кои се одлучува во вонпарнична постапка. Голем е бројот на предмети за кои овие судии одлучуваат на годишно ниво и, на пример, само во врска со барањата за признавање и извршување, овие судии одлучуваат по околу 200 предмети годишно. Сепак, повеќето од овие предмети се однесуваат на развод, така што за нив одлучува судија поединец.[557] Статистичките податоци покажуваат дека мал број предмети се решаваат во втората фаза од постапката за признавање и извршување (од страна на совет од тројца судии).[558] Статистичките податоци се дадени во Табела 1.

3.2 Број и квалитет на одлуките во врска со прекуграничното признавање пресуди

По евалуацијата на податоците што ги обезбеди Министерството за правда на Република Северна Македонија и Комората на извршители на Република Северна Македонија, вкупниот број е 21 предмет, обработен преку системот на Министерството за правда и 32 предмети со странски елемент што требаше да се извршат од страна на извршителите во Северна Македонија во периодот 2017-2020 година. Системот за податоци на Министерството за правда не овозможува класификација на предметите врз основа на критериумите за тоа дали странските одлуки треба да се извршат или треба само да бидат признаени од Судот. Исто така, Министерството за правда располага со информации за бројот на предмети што се обработуваат преку механизмите предвидени во билатералните и мултилатералните договори, како што е меѓународната правна помош. Министерството за правда, во овие предмети, на странките им обезбедува правна помош, помагајќи им со преводот на документацијата, со доставувањето на барањето до релевантниот суд надлежен за конкретниот предмет и друга помош. За овие предмети важно е да се спомене дека повеќето од нив се обработуваат врз основа на ЗМПП од 2007 година. Со оглед на тоа што ЗМПП од 2020 година се применува од јануари 2021 година, Министерството за правда и Комората на извршители немаат доволно податоци за предметите во оваа година.

Општо земено, ставот на извршителите беше дека тие ги применуваат одредбите на Законот за извршување (ЗИ)[559] и ЗМПП од 2020 година и дека за да се изврши странската судска одлука во Северна Македонија, прво треба да биде признаена од домашниот суд. Доколку извршителот е директно соочен со странска судска одлука, тој ќе го одбие барањето за извршување со образложение дека странската судска одлука не е признаена од домашниот суд и со тоа нема одлука за нејзино признавање. Според Комората на извршители на Република Северна Македонија, тие наишле на одредени проблематични аспекти во текот на постапката за извршување на странските пресуди во врска со некои

557 Табела 1.1.
558 Табела 1.2.
559 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016, 233/2018 и 14/2020.

технички проблеми во предметите на плаќање на долговите на нерезиденцијални банкарски сметки. Во овие ситуации, банкарската постапка налагала да се обезбеди основот за трансакцијата, а со тоа и целосните списи на предметот и целата документација. Ова не претставувало проблем во случаите кога плаќањето било извршено во една трансакција. Меѓутоа, во ситуации поврзани со плаќања што се повторуваат (обврски за издржување), ова предизвикувало одредени проблеми и ги зголемувало трошоците за администрирање на постапката за извршување, бидејќи за сукцесивни плаќања, за секоја последователна исплата банката ги барала целосните списи на предметот и целата документација. Што се однесува до Комората на извршители на Република Северна Македонија, ваквата постапка само ги зголемува трошоците за извршувањето и е непотребна, бидејќи основата за таквиот трансфер била обезбедена кога било префрлено првото плаќање.

Број на предмети и одлуки за прекугранично признавање решени од Основниот граѓански суд Скопје (2017-2020 г.)

Година	2017 г.	2018 г.	2019 г.	2020 г.
1. Вкупен број предмети	190	200	195	210
2. Предмети решени од совет од тројца судии (втора фаза од постапката за признавање и извршување)	5	3	3	5

Табела 1: Број на предмети годишно

Број на прекугранични предмети обработени од Министерството за правда на Република Северна Македонија (2017-2020 г.)[560]

Година	2017 г.	2018 г.	2019 г.	2020 г.
Број на предмети	1	11	7	2

Табела 2: Број на предмети годишно

3.3 Капацитети на извршителите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Извршувањето на пресудите на територијата на Северна Македонија се спроведува според ЗИ. Постапката за извршување се однесува на домашна извршна судска одлука, како и на странска судска одлука ако ги исполнува претпоставките за признавање утврдени во националното законодавство или во меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот.[561] Според таквата позиција, сите извршители овластени во Северна Македонија може да извршуваат странски судски одлуки.

Број на прекугранични предмети извршени од извршителите (2017-2020 г.)

Година	2017 г.	2018 г.	2019 г.	2020 г.
Број на предмети	16	13	1	2

Табела 3: Број на предмети годишно

560 Во некои случаи, странките директно го упатуваат своето барање преку некои од механизмите предвидени во билатералните и мултилатералните договори преку Министерството за правда на Република Северна Македонија како правна помош во граѓанските предмети.
561 Член 8 од Законот за извршување.

3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (Академијата) е замислена како главен носител на активностите за подобрување на ефикасноста и ефективноста на судскиот систем преку стручно оспособување на судиите, јавните обвинители, судската и обвинителската служба. Нејзините структура и организација се регулирани со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители,[562] Статутот[563] и другите релевантни акти. Како дел од нејзината работа, постојат два вида образовни активности: почетна обука и континуирана обука. Почетната обука се однесува на кандидатите за судии и јавни обвинители, додека, пак, континуираната обука е замислена како трајно унапредување на компатибилноста на судството. Образовната програма во рамките на почетната обука на кандидатите по предметот признавање и извршување странски судски одлуки е опфатена со *2 часа теоретска обука* (овие 2 часа се однесуваат на целиот аспект на националното МПП) и *2 часа теоретска обука* во врска со соработката на ЕУ за прашања од граѓанското и трговското право. Практичната обука е предвидена во образовната програма како *5 часа обука* (2 часа МПП и 3 часа МПП на ЕУ).

Континуираната обука содржи постојани курсеви во врска со новините и новите законски акти на национално и на меѓународно ниво, а со тоа се опфаќа полето на меѓународното приватно право и егзекватурата на странски судски одлуки. Во однос на оваа компонента на Академијата, во 2019 година беа одржани две обуки за Брисел I – бис Регулативата и Брисел II – бис Регулативата; во 2020 година, Академијата не обезбеди обука за признавање и извршување; додека, пак, за 2021 година се предвидува една обука на тема „Признавање и извршување странски судски одлуки“.

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот

Во периодот 2016-2019 година, најголемите трговски партнери на Северна Македонија за извоз беа Германија, Србија, Бугарија, Белгија и Грција, а за увоз беа Германија, Обединетото Кралство, Грција, Србија и Кина. Од Табела 4 и Табела 5 може да се види дека најзначајните трговски партнери на Северна Македонија се од Европа, меѓутоа има и други важни глобални трговски партнери, како што се Турција, САД, Руската Федерација, Јужна Африка, Бразил и други.

4.1.1 Увоз

Земја	2019[564]	2018	2017	2016
Германија	1.075.000.0000 $	1.050.359.000 $	910. 251.000 $	829.895.000 $
Обединето Кралство	1.084.000.000 $ (1.)	863.262.000 $	780. 175.000 $	726.830.000 $
Грција	765.000.000 $	766.755.000 $	617. 952.000 $	497.191.000 $(4.)
Србија	678.000.000 $	646.640.000 $	590.390.000 $	541.002.000 $(3.)
Кина	544.000.000 $	523.244.000 $	444.003.000 $	421.227.000 $
Италија	527.000.000 $	508.038.000 $	427.153.000 $	384.877.000 $
Турција	452.000.000 $	425.512.000 $	367.197.000 $	349.265.000 $
Јужноафриканска Република	/	295.604.000 $(10.)	250.095.000 $ (9.)	172.985.000 $(10.)
САД	309.000.000 $ (9.)	244.757.000 $(11.)	176. 565.000 $ (13.)	150.211.000 $(11.)
Руска Федерација	142.000.000 $ (20.)	131.372.000 $ (20.)	148.494.000 $ (15.)	142.962.000 $ (12.)
Бразил	42.000.000 $ (27.)	46.722.000 $ (31.)	44.432.000 $ (29.)	43.045.000 $ (28.)

Табела 4: Трговски партнери за увоз

Извор: WITS – Светска банка [https://wits.worldbank.org/CountryProfile/en/Country/MKD/Year/2018/TradeFlow/EXPIMP/Partner/by-country]

4.1.2 Извоз

Земја	2019[565]	2018	2017	2016
Германија	3.501.000.000 $	3.248.099.000 $	2.662.466.000 $	2.246.626.000 $
Србија	277.000.000 $ (4.)	542.956.000 $	474.634.000 $	423.706.000 $
Бугарија	351.000.000 $ (2.)	360.718.000 $	332.914.000 $	246.501.000 $
Белгија	238.000.000 $ (5.)	259.265.000 $	133.448.000 $ (5.)	189.266.000 $
Грција	193.000.000 $ (7.)	225.133.000 $	203.511.000 $ (4.)	163.326.000 $ (6.)
Кина	166.000.000 $ (10.)	65.259.000 $ (22.)	62.256.000 $(18.)	47.810.000 $ (19.)
Турција	87.000.000 $ (15.)	96.166.000 $ (14.)	88.595.000 $(9.)	70.721.000 $ (11.)
Јужноафриканска Република	/	39.511.000 $(25.)	563.000 $ (63.)	6.718.000 $ (30.)
САД	50.000.000 $ (24.)	67.377.000 $(19.)	55.547.000 $ (22.)	50.768.000 $ (16.)
Руска Федерација	52.000.000 $ (23.)	131.372.000 $ (26.)	54.127.000 $ (23.)	48.953.000 $ (18.)

562 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018.
563 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2015.
564 Извор: НБРСМ [https://www.nbrm.mk/nadvoresno_trgovska_razmena.nspx].
565 Извор: НБРСМ [https://www.nbrm.mk/nadvoresno_trgovska_razmena.nspx].

Бразил	6.200.000 $ (31.)	3.444.000 $ (41.)	2.956.000 $ (47.)	2.717.000 $ (40.)

Табела 5: Трговски партнери за извоз

Извор: WITS – Светска банка

[https://wits.worldbank.org/CountryProfile/en/Country/MKD/Year/2018/TradeFlow/EXPIMP/Partner/by-country]

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со членот 29 од Хашката конвенција од 2019 година

Членот 29 од Хашката конвенција од 2019 година исполнува две функции: утврдува кога Конвенцијата влегува во сила меѓу две договорни земји и овозможува ограничена опција за изземање за да се избегне воспоставување договорни односи со други договорни земји. Главниот резултат на членот 29 е тоа дека Конвенцијата има дејство помеѓу две договорни земји само ако ниту една не депонирала известување за другата во согласност со ставовите 2 или 3. Во ставот 1 се утврдува дека во отсуство на известувања, Конвенцијата има дејство меѓу двете земји од првиот ден во месецот што следува по истекот на периодот во кој може да се поднесуваат известувања.[566] Во однос на Северна Македонија, нема политички или правни проблеми со други земји поради кои би можеле да доведат до употреба на ограничената опција за изземање и се очекува Хашката конвенција од 2019 година да биде применлива за сите земји членки на Конвенцијата.

4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со членот 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година

Со оглед на општата политика на Северна Македонија во однос на унапредувањето на трговијата и предвидливоста на прекуграничното извршување странски судски одлуки, се очекува Северна Македонија да не ја користи можноста за поднесување изјави во согласност со членовите 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

5.1 Општа меѓународна надлежност (живеалиште, вообичаено престојувалиште)

Воочлива е едноставноста и конзистентноста на ЗМПП од 2020 година во првиот оддел од Глава I, каде што се дадени општите одредби за меѓународната надлежност. Главната новина во однос на одредбите за општа надлежност и во парничната и во

566 Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., "Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters: Explanatory Report", as approved by the HCCH on 22 September 2020, <https://assets.hcch.net/docs/a1b0b0fc-95b1-4544-935b-b842534a120f.pdf> (пристапено на 28.04.2021), pg. 176-177, par. 407-408.

вонпарничната постапка е воведувањето на вообичаеното престојувалиште на тужениот како јурисдикционен критериум.[567] Сè уште е предвидено живеалиштето на тужениот како јурисдикционен критериум, но сега тоа е дадено алтернативно со вообичаеното престојувалиште на тужениот. Значи, општата надлежност на судовите во Северна Македонија се определува доколку тужениот (кој е физичко лице) има живеалиште или вообичаено престојувалиште во Северна Македонија. Во однос на општиот јурисдикционен критериум за правните лица во обете постапки, постои посебна одредба со која се утврдува надлежноста на судовите во Северна Македонија според седиштето на правното лице.[568] Друга новина е одредбата во ЗМПП од 2020 година со која од општата надлежност се исклучуваат работите на наследувањето.[569]

Во однос на членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година, во кој е предвидено дека пресудата е подобна за признавање или извршување ако лицето против кое се бара таквото признавање или извршување имало вообичаено престојувалиште во државата на потекло во времето кога тоа лице станало странка во постапката, во новиот ЗМПП од 2020 година се предвидени и живеалиштето или вообичаеното престојувалиште на тужениот како јурисдикциони критериуми за утврдување на основната надлежност.[570] На прв поглед, таквото становиште се совпаѓа со јурисдикциониот филтер предвиден во членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година и живеалиштето обично се совпаѓа со вообичаеното престојувалиште на тужениот. Сепак, кога станува збор за физичко лице, неодамнешната миграција во Северна Македонија и регионот претставува можен проблем за примената на овој јурисдикционен филтер. Имено, судовите, според вообичаената практика, ќе ја утврдуваат основната надлежност врз основа на живеалиштето на тужениот во Северна Македонија и покрај нововведениот јурисдикционен критериум, вообичаеното престојувалиште. Живеалиштето се определува според Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето[571] и е претежно од административна природа, но со субјективен елемент во самиот поим.[572] Во практиката, судовите го утврдуваат живеалиштето врз основа на личните или патните исправи издадени од Министерството за внатрешни работи,[573] кои понекогаш не соодветствуваат на фактичката состојба,[574] бидејќи многу луѓе намерно или ненамерно не ја почитуваат обврската за регистрација доколку ја напуштат земјата на повеќе од три месеци.[575] Следствено на тоа, може да се појави хипотетичка ситуација судовите во Северна Македонија со право да ја преземат надлежноста врз основа на членот 110 од ЗМПП (живеалиштето на тужениот) и таа одлука да не може да го помине филтерот за надлежност предвиден во членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година, бидејќи вообичаеното престојувалиште на тужените е во друга земја. Едно можно решение е засновање на надлежноста врз основа на вообичаеното престојувалиште на тужениот во согласност со членот 110 од ЗМПП наместо живеалиштето. Во членот 110 од ЗМПП се предвидени двата јурисдикциони критериуми и доволно е да се исполни еден од нив. Во овие случаи, доколку судот во Северна Македонија ја утврди

567 Член 110(1) од ЗМПП од 2020 година и член 114(1) од ЗМПП од 2020 година.

568 Член 110(1) од ЗМПП од 2020 година и член 114(1) од ЗМПП од 2020 година.

569 Член 110(2) од ЗМПП од 2020 година и член 114(3) од ЗМПП од 2020 година.

570 Член 110(1) од ЗМПП од 2020 година.

571 „Службен весник на Република Македонија" бр. 36/92, 12/93, 43/00, 66/07, 51/11, 152/15 и 55/16.

572 Членот 2 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето го дефинира терминот живеалиште како „Живеалиште е местото во кое граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење". Членот 4 предвидува дека лицето што има обезбедено стан, односно живеалиште, а го регистрирало по основ на сопственост или договор за користење стан во согласност со законот.

573 Член 98 од Законот за парнична постапка, „Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015.

574 Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија не води конзистентна евиденција за двете категории адреси – привремено престојувалиште и постојано живеалиште. Само врз основа на една изјава, граѓаните може да бидат регистрирани на привремена адреса во земјата и да им се дозволи таму да гласаат, иако не живеат на назначената адреса или можеби немаат живеалиште во земјата. И покрај законските одредби со кои се обврзува МВР да ги регистрира граѓаните што ја напуштиле земјата на подолго од три месеци и тоа не го пријавиле и да спроведува проверка на изјавите за привремени адреси, МВР презеде недоволно проактивни дејствија за ажурирање на регистарот на адреси. Во однос на регистарот на избирачи, во овој Извештај беше утврдено дека „Процесот на увид, кој беше следен од четирите главни политички партии, доведе до ограничен број бришења, главно на починати луѓе. Исто така, за 39 502 гласачи се утврди дека имаат „сомнителна регистрација" и требаше да се пререгистрираат, а за 171 500 гласачи се сметаше дека привремено престојуваат во странство и беа преместени во посебен регистар на гласачи за гласање во странство". OSCE/ODIHR Election Observation Mission Final Report, EARLY PARLIAMENTARY ELECTIONS 11 December 2016, достапно онлајн на <https://www.osce.org/files/f/documents/8/b/302136.pdf> (пристапено на 28.4.2021 г.).

575 Член 8 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето.

надлежноста врз основа на вообичаеното престојувалиште на тужениот, на тој начин ќе се ублажи несразмерноста помеѓу живеалиштето и вообичаеното живеалиште, а сепак ќе се обезбеди соодветна заштита на тужениот.

5.2 Пророгација на надлежноста (изречна/молкумна, пред или по започнувањето на постапката)

Оддел 2 од ЗМПП од 2020 година сега е посветен на пророгацијата на надлежноста. Овој оддел е изменет и е заснован врз Брисел I – бис Регулативата.[576] Членовите од 122 до 125 ги отсликуваат одредбите од Оддел 7 од Брисел I – бис Регулативата и формулацијата на овие одредби се обидува да ја следи формулацијата на одредбите во Брисел I – бис Регулативата. Во споредба со ЗМПП од 2007 година, една од најзначајните новини е предвидена во членот 122 од ЗМПП од 2020 година, кој се однесува на пророгацијата на надлежноста на судовите на Република Северна Македонија. Според оваа одредба, на избраната судска надлежност на судовите на Северна Македонија им се доделува статус на исклучива судска надлежност.[577] Со ваквото становиште, на пророгираната надлежност на судовите на Северна Македонија ѝ се овозможуваат сите модалитети за заштита на исклучивата надлежност во ЗМПП од 2020 година, како што е *lis pendes*[578] и непризнавањето на странските одлуки што се во спротивност со пророгацијата на судовите на Република Северна Македонија.[579] Сепак, дејството на исклучивиот аспект на избраната судска надлежност не е апсолутно, бидејќи им е оставено на странките самите да се одлучат за ваквото дејство.[580] Друга важна разлика од ЗМПП од 2007 година е дека за да се избере надлежноста на судовите на Република Северна Македонија, согласно ЗМПП од 2020 година, не е потребно една од странките да биде македонски државјанин или ако е правно лице, да има свое седиште во Северна Македонија.[581] Исто така, за да се избере странски суд, согласно ЗМПП од 2020 година, не е потребно една од странките да биде странски државјанин или ако е правно лице, да има свое седиште надвор од Северна Македонија.[582]

Членот 5 (1) од Хашката конвенција од 2019 година предвидува филтри за надлежноста што се однесуваат на три форми на согласност: изречна согласност за време на постапката (член 5 (1) (д) од Хашката конвенција од 2019 година), имплицитна согласност (член 5 (1) (ѓ) од Хашката конвенција од 2019 година) и спогодба за избор на неисклучиво надлежен суд (член 5 (1) (к) од Хашката конвенција од 2019 година).[583] ЗМПП од 2020 година, под големо влијание на Брисел I – бис Регулативата, дава директни прописи за надлежноста во однос на изречната и молкумната согласност.[584] Странките може да се спогодат за надлежноста пред и по настанувањето на спорот во врска со одреден правен однос.[585] Понатаму, Северна Македонија ја потпиша Хашката конвенција од 2005 година и се очекува да ја ратификува. Оттаму, ако Северна Македонија стане земја членка на Хашката конвенција од 2019 година, тогаш распределбата на одлуките што се признаваат и/или се извршуваат според овие инструменти ќе се спроведува по принципот „или или“.

576 Регулатива (ЕУ) бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежноста и признавањето и извршувањето на пресудите за прашања од граѓанското и трговското право, OJEU L351/1. За повеќе информации за спогодбите за надлежноста, видете ја Брисел I – бис Регулативата.

577 Член 122 (2) од ЗМПП од 2020 година.

578 Член 119 од ЗМПП од 2020 година.

579 Член 160 од ЗМПП од 2020 година.

580 Член 122(2) од ЗМПП од 2020 година.

581 Член 56 (3) од ЗМПП од 2020 година.

582 Член 123 (1) од ЗМПП од 2020 година. За формалната валидност на спогодбите за избор на суд, условите ги отсликуваат одредбите од членот 25 (а) до (в) од „Брисел I – бис Регулативата“. Исто така, постои можност за молкумен избор на надлежноста на судот во ситуации кога тужениот или поднел одговор на тужбата, се впуштил во расправа по главната работа без да ја оспори надлежноста на судот или поднел противтужба (член 125 (1) од ЗМПП од 2020 година).

583 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 160.

584 Оддел 2, членови 122-125 од ЗМПП.

585 Членови 122 и 123 од ЗМПП.

Што се однесува до заснувањето врз надлежност со впуштање во спорот, ЗМПП од 2020 година дава неколку алтернативи, како што се: тужениот поднел одговор на тужбата, а не ја оспорил надлежноста; се впуштил во расправа по главната работа, а не ја оспорил надлежноста или поднел противтужба.[586] Последниот момент за оспорување на надлежноста е подготвителното рочиште или кога такво рочиште не е одржано, на првото рочиште за главна расправа.[587] Како што е случај со членот 26 (2) од Брисел I – бис Регулативата, во спорови од односи за осигурување, потрошувачки договори, договори за вработување, каде што е тужен имателот на полисата, осигуреникот, корисникот на осигурувањето, оштетениот, потрошувачот или работникот, пред да се прогласи за надлежен, судот ќе го информира тужениот за неговото право да ја оспори надлежноста на судот и за последиците од впуштање или невпуштање во расправа по главната работа.[588] Значи, за случаите на поднесување, пресудите донесени од судовите во Северна Македонија може да циркулираат според Хашката конвенција од 2019 година.

5.3 Во споредба со членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година, определете ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори

5.3.1 Главно место на деловно работење (физичко лице)

Членот 5 (1) (б) обезбедува јурисдикционен филтер за многу ограничени ситуации кога физичкото лице против кое се бара признавање или извршување има главно место на деловно работење во државата на потекло во времето кога тоа лице станало странка во постапката во судот на потекло, а тужбата врз која се заснова пресудата произлегла од тие активности. ЗМПП од 2020 година е во согласност со Рим I и II Регулативата и содржи слична дефиниција за главното место на деловно работење за физичко лице.[589]

5.3.2 Поднесување тужба во главната постапка – тужител

Еден од најочигледните јурисдикциони филтри е членот 5 (1) (в), кој се однесува на пресуди против тужителот во главната постапка. Образложението за овој јурисдикционен филтер е прилично јасно, ако тужителот од главната постапка (кој во повеќето околности го избира форумот), го изгуби спорот,[590] тогаш таа пресуда треба да може да се признае во други земји, без можност за оспорување на таквата надлежност.[591] Постојат некои аспекти што треба да се земат предвид во врска со примената на овој јурисдикционен филтер. Прво, овој пропис се однесува на тужбите, а со тоа се исклучува противтужбата, која е посебно уредена во членот 5 (1) (ј) од Хашката конвенција од 2019 година.[592] Второ, членот 5 (1) (в) е особено важен кога тужителот нема вообичаено престојувалиште во државата на потекло, бидејќи во таквото сценарио релевантен станува јурисдикциониот критериум што се заснова врз молкумната согласност на тужителот, наспроти врската на странките во државата на потекло преку членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година.

5.3.3 Подружница, застапништво или друга деловна единица

Влијанието на членот 7 (5) од Брисел I – бис Регулативата во врска со „надлежноста

586 Член 125 од ЗМПП

587 Ibid.

588 Член 125(2) од ЗМПП.

589 Член 6(2) од ЗМПП од 2020 година.

590 Против него/неа се изрекува одлука за надоместок на трошоците на постапката според членот 3(1)(б) од Хашката конвенција од 2019 година.

591 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 147-151.

592 Исто така, подносителот на противтужбата не го „избира“ форумот. Bonomi, A.,Mariottini, Cristina M., “(Breaking) News From The Hague: A Game Changer in International Litigation? – Roadmap to the 2019 Hague Judgments Convention”, Yearbook of Private International Law 20 (2018/2019), p. 553.

за подружници“ може да се види во членот 5 (1) (г) од Хашката конвенција од 2019 година, иако втората предвидува порестриктивен пристап во однос на подружниците.[593] Спроведувањето на овој пропис од страна на судовите во Северна Македонија би требало да се одвива без никакви проблеми, бидејќи ЗМПП од 2020 година содржи одредба во врска со утврдувањето на надлежноста на судовите за спорови што произлегуваат од работењето на подружницата, застапништвото или друга деловна единица, под услов тие да се наоѓаат во Северна Македонија и тужениот да нема седиште во Северна Македонија.[594] Ако тужениот има седиште во Северна Македонија, тогаш основната надлежност на судовите во Северна Македонија ќе се утврди според седиштето на тужениот во согласност со членот 110 од ЗМПП (што е во согласност со филтерот за надлежноста предвиден во членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година).

5.3.4 Договорни обврски

Членот 5 (1) (е) од Хашката конвенција од 2019 година предвидува јурисдикционен филтер врз основа на правните односи за кои станува збор, а тоа се договорните односи. За една странска пресуда да го помине овој филтер, таа мора да исполнува неколку услови: прво, таа мора да се однесува на договорни обврски; второ, судот на потекло мора да биде судот каде што се случило извршувањето на таа обврска или требало да се случи, трето, местото на извршување на договорната обврска е утврдено во договорот или, пак, ако договорот не содржел информации за тоа прашање, според меродавното право во врска со договорот; и, конечно, местото на извршување на договорот треба да не биде произволно, случајно или недоволно поврзано со трансакцијата меѓу странките, да постои намерна и суштинска врска со државата на потекло. Доколку оваа одредба се спореди со прописите за директна надлежност во врска со договорните односи во ЕУ, имено, предвидени во Брисел I – бис Регулативата[595] и во други јурисдикции надвор од ЕУ,[596] очигледно е дека оваа одредба претставува компромис помеѓу два пристапи[597] и се обидува да изгради „концептуални мостови“[598] помеѓу „полегалистичката“ правна култура и „пофактичката“ правна култура.[599]

Членот 145 од ЗМПП од 2020 година ги следи јурисдикционите критериуми од членот 7 (1) од Брисел I – бис Регулативата и го предвидува овој двоен систем на директна надлежност според кој судовите во Северна Македонија би ја презеле надлежноста (местото на извршување на договорите и доколку странките не се договориле поинаку, „карактеристичната“ обврска поврзана со продажба на стоки и услуги). На тој начин, можниот исход наведен во врска со корелацијата помеѓу Хашкиот и Бриселскиот I – бис режим се однесува на Северна Македонија, а преземената надлежност во согласност со членот 145 од ЗМПП не може да биде во согласност со барањата во членот 5 (1) (е) од Хашката конвенција од 2019 година и затоа, пресудите донесени од суд во Северна Македонија врз таа основа за надлежноста не може да го поминат филтерот за надлежноста. Сепак, ваквите одлуки може да бидат признаени и извршени во други држави според други филтри за надлежноста од членот 5 или според националните прописи согласно членот 15 од Хашката конвенција од 2019 година.

593 Видете во Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 157. Меѓутоа, постојат некои други толкувања за тоа дали ова правило ги опфаќа подружниците преку „доктрината на застапувањето“, како што е предвидено во одлуката од предметот на Судот на правдата на ЕУ *SAR Schotte GmbH v Parfums Rothschild SARL* (ECLI:EU:C:1987:536), Weller M., The Jurisdictional Filters of the HCCH 2019 Judgments Convention, Yearbook of Private International Law XXI (2019/2020), p. 289. Сценариото предвидено во членот 5 (1) (г) се однесува на конкретна ситуација условена од неколку аспекти: прво, тужениот во главната постапка да водел подружница, застапништво или друга деловна единица; второ, подружницата, застапништвото или другата деловна единица да биле без својство на правно лице; трето, подружницата, застапништвото или другата деловна единица да се наоѓале во државата на потекло во времето кога тужениот станал странка во постапката во судот на потекло и, конечно, тужбата врз која се заснова пресудата да произлегла од активностите на таа подружница, застапништво или друга деловна единица.

594 Член 149 од ЗМПП.

595 Член 7(1) од Брисел I – бис Регулативата.

596 САД и Канада. За правните доктрини во овие земји видете, Bonomi, A.,Mariottini, Cristina M., p. 556.

597 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 180.

598 Weller M., p. 294.

599 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 180.

5.3.5 Вондоговорни обврски

Одредбата во врска со јурисдикциониот филтер за пресудите што се однесуваат на вондоговорните обврски е дадена во членот 5 (1) (s) од Хашката конвенција од 2019 година. Јурисдикциониот критериум предвиден во членот 5 (1) (s) од Хашката конвенција од 2019 година е местото каде што се случиле дејството или пропустот што директно предизвикале таква штета, без оглед на тоа каде се случила таа штета, што значи дека државата на потекло е местото каде што се случиле ова дејство или пропуст што предизвикале штета. Ова становиште, земено заедно со ограничувањето на видовите штета, е во согласност со судската практика на САД и претставува напуштање на широкиот пристап за надлежноста на Брисел I – бис Регулативата.[600] Таквиот аспект може да доведе до нејаснотија во однос на примената на членот 5 (1) (s) од Хашката конвенција од 2019 година за пресудите што произлегуваат од судовите во Северна Македонија, бидејќи членот 148 (1) од ЗМПП од 2020 година е транспозиција на членот 7 (2) од Брисел I – бис Регулативата, кој опфаќа поширок материјален опсег на односи што не би биле признаени или извршени според Хашката конвенција од 2019 година. Меѓутоа, ако пресудите не може да бидат признаени или извршени според овој јурисдикционен филтер, тогаш може да се применат другите филтри за надлежноста од членот 5 (1) од Хашката конвенција од 2019 година или, конечно, членот 15 од Хашката конвенција од 2019 година ќе обезбеди признавање и извршување странски пресуди според националните прописи.

5.3.6 Трустови

Одредбите од членот 5 (1) (и) од Хашката конвенција од 2019 година се применуваат на пресудите што се однесуваат на трустови. Во ЗМПП од 2020 година нема конкретни прописи во врска со трустовите.

5.3.7 Противтужби

Членот 5 (1) (ј) од Хашката конвенција од 2019 година предвидува јурисдикционен филтер во врска со противтужбите. Оваа одредба разликува две сценарија врз основа на тоа дали противтужбата била: (i) во корист на подносителот на противтужбата; или (ii) против подносителот на противтужбата.

ЗМПП од 2020 година содржи конкретна одредба во врска со противтужбите, со која се воспоставува директна надлежност на судовите во Северна Македонија за противтужбите ако барањето за противтужба е во врска со тужбеното барање.[601] Ваквото становиште е во согласност со Хашката конвенција од 2019 година.

5.3.8 Потрошувачки договори и договори за вработување

Општо земено, потрошувачите и вработените се заштитени во националните и меѓународните системи.[602] Такви одредби може да се најдат во Брисел I – бис Регулативата,[603] во други меѓународни инструменти,[604] како и во ЗМПП од 2020 година.[605] Потрошувачките договори и договорите за вработување се исклучени од опсегот на примена на Хашката конвенција од 2005 година[606] и признавањето или извршувањето на пресудите во овие односи е опфатено со Хашката конвенција од 2019 година. Сепак, сите

600 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 197; Bonomi, A.,Mariottini, Cristina M., p. 558.

601 Член 113 од ЗМПП.

602 Nielsen, P. A., “The Hague 2019 Judgments Convention – from failure to success”, Journal of Private International Law 16 (2020), p. 222.

603 Членови 17 до 23 од Брисел I – бис Регулативата. Брисел I – бис Регулативата, исто така, обезбедува одредена заштита за осигуреното лице, видете ги и членовите 10 до 16 од Брисел I – бис Регулативата.

604 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 222.

605 Членови 146 и 147 од ЗМПП.

606 Член 2 (1) (б) од Хашката конвенција од 2005 година.

пресуди во врска со потрошувачките и договорите за вработување не се опфатени со Хашката конвенција од 2019 година.

ЗМПП од 2020 година содржи конкретни одредби во врска со утврдувањето на директната надлежност во врска со потрошувачките и индивидуалните договори за вработување.[607] Во однос на потрошувачките договори, се применува членот 146 од ЗМПП. Одредбите во членот 146 од ЗМПП се креирани според прописите за утврдување на директната надлежност во Брисел I – бис Регулативата[608] и се однесуваат на две одделни сценарија: дали тужителот е потрошувач или продавач. Ако тужителот е потрошувач, тогаш судовите на Северна Македонија ќе имаат надлежност доколку продавачот има живеалиште во Северна Македонија.[609] За разлика од тоа, ако продавачот е тужител, а тужениот е потрошувач, тогаш има исклучителна надлежност на судовите во Северна Македонија, доколку потрошувачот има живеалиште во Северна Македонија.[610] Оваа ситуација е особено важна во однос на Хашката конвенција од 2019 година, бидејќи во повеќето случаи, надлежноста на пресудите во врска спорови од потрошувачки договори каде што потрошувач е лицето против кое се бара признавање, ќе се утврди според живеалиштето на потрошувачот. Со оглед на ограничените останати можности, по спроведувањето на ограничувањата и рестрикциите предвидени во членот 5 (2) од Хашката конвенција 2019 година, единствениот предвидлив исход би бил јурисдикциониот критериум од членот 5 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година, а тоа е вообичаеното престојувалиште на потрошувачот. Таквото становиште не е без проблеми, со оглед на аспектите што беа наведени погоре, а во врска со проблемот со утврдувањето живеалиште од страна на судовите на Северна Македонија и вообичаеното живеалиште. На крајот, во некои ситуации, ова би довело пресудите во врска со потрошувачките договори да не бидат признаени според Хашката конвенција од 2019 година, каде што судот на Северна Македонија со право презел надлежност врз основа на живеалиштето на тужениот, а тужениот да има вообичаено престојувалиште на друго место, со што Хашката конвенција од 2019 година е неприменлива за потрошувачките договори. Таквата позиција може да се ублажи со два прописа, прво со можноста од членот 146 (3) од ЗМПП со кој се дозволува исклучок од исклучивата надлежност, овозможувајќи им на странките да се согласат за надлежноста на судовите на Северна Македонија, под услов таа согласност да биде дадена по настанувањето на спорот. Меѓутоа, согласноста мора изречно да се даде во текот на постапката пред Судот, со цел да се помине ограничувањето на јурисдикциониот филтер од членот 5 (2) што се однесува на членот 5 (1) (д) од Хашката конвенција од 2019 година. Ова сценарио би било од корист за навистина мал број пресуди, бидејќи како предуслов бара многу конкретни дејствија на странките. Втората можност предвидена во членот 15 од Хашката конвенција се чини дека е пореална и во ситуација кога пресудата е донесена против потрошувач со вообичаено престојувалиште надвор од Северна Македонија, овие пресуди ќе бидат признаени во согласност со националните прописи на судот на признавањето. Истото образложение важи и за индивидуалните договори за вработување, бидејќи членот 147 од ЗМПП предвидува иста исклучива надлежност заснована врз живеалиштето на работникот како јурисдикционен критериум.

5.4 Исклучива надлежност

Конкретните одредби во врска со надлежноста ја следат систематизацијата на одредбите во врска со утврдувањето на меродавното право. Оддел 3 од Глава I во Дел III е поделен

607 Членови 146 и 147 од ЗМПП.

608 Rumenov I., Europeanisation of the Macedonian Private International Law – Legal Evolution of a National Private International Law Act, EU and comparative law issues and challenges(ECILC), Vol.4, 2020, Osijek, Croatia, p. 319.

609 Член 146 (1) од ЗМПП.

610 Член 146 (2) од ЗМПП.

во пододделі што содржат конкретни одредби за надлежноста за статусот на лицата,[611] семејните односи,[612] наследувањето,[613] стварните права,[614] правата на интелектуална сопственост,[615] договорните и вондоговорните односи.[616]

ЗМПП од 2020 година воведе важни промени во врска со исклучивата надлежност. Прво, се намали бројот на ситуациите кога им се дава исклучива надлежност на судовите во Северна Македонија. Во ЗМПП од 2007 година имаше 13 ситуации на исклучива надлежност на судовите на Северна Македонија.[617] Во ЗМПП од 2020 година има 7 ситуации кога се дава исклучива надлежност на судовите на Северна Македонија:

1. Спогодби за надлежност на суд со кои се утврдува надлежност на судот на Северна Македонија (освен ако странките не определиле поинаку);[618]
2. Спорови за основање, престанок и статусни промени на правно лице, доколку друштвото, другото правно лице или здружението има главно место на деловно работење во Република Северна Македонија;[619]
3. Спорови во врска со уписи во јавни регистри, ако јавните регистри се водат во Република Северна Македонија;[620]
4. Спорови во врска со посвојување, ако посвоеникот е државјанин на Република Северна Македонија и има вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија во времето на поведување на постапката за посвојување;[621]
5. Спорови во врска со стварни права на недвижности и спорови настанати од закуп или најмување недвижности (освен краткорочен закуп за период што не е подолг од шест последователни месеци) ако недвижноста се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија;[622]
6. Спорови во врска со правата од индустриска сопственост, доколку пријавата за депонирање или регистрација е поднесена во Република Северна Македонија, депонирањето или регистрацијата на тоа право е извршена во Република Северна Македонија или, врз основа на ратификуван меѓународен договор, се смета дека депонирањето или регистрација на тоа право е извршена во Република Северна Македонија;[623]
7. Спорови во врска со индивидуални договори за вработување, ако работодавачот е тужител, а работникот е тужен и тужениот има живеалиште во Република Северна Македонија.[624]

5.4.1 Јурисдикциони критериуми во однос на стварните права на недвижен имот

Хашката конвенција од 2019 година содржи неколку одредби во врска со недвижности. Членот 6 од Хашката конвенција од 2019 година претставува многу конкретна и многу

611 Членови 126 до 130 од ЗМПП од 2020 година.

612 Членови 131 до 136 од ЗМПП од 2020 година.

613 Членови 137 до 140 од ЗМПП од 2020 година.

614 Членови 141 до 143 од ЗМПП од 2020 година.

615 Член 144 од ЗМПП од 2020 година.

616 Членови 145 до 150 од ЗМПП од 2020 година.

617 Членови 65, 66, 67, 68, 63, 84, 85, 86, 73 (2), 76 (2), 78 (2), 83 (2), 87, 88 и 91 од ЗМПП од 2007 година.

618 Член 122 (2) од ЗМПП од 2020 година.

619 Член 129 од ЗМПП од 2020 година.

620 Член 130 од ЗМПП од 2020 година.

621 Член 136 (2) од ЗМПП од 2020 година.

622 Член 141 од ЗМПП од 2020 година.

623 Член 144 од ЗМПП од 2020 година.

624 Член 147 (2) од ЗМПП од 2020 година.

важна одредба во механизмот на Конвенцијата со која се дава најголемо значење на заштитата на форумот во кој се наоѓа недвижен имот и се предвидува исклучива индиректна надлежност за овие спорови.[625] Последица на таквото гледиште на членот 6 од Хашката конвенција од 2019 година е тоа дека пресудите во врска со стварните права ќе бидат признаени само доколку се донесени од судот каде што се наоѓа имотот. Ова значи дека единствениот начин за егзекватура на овие пресуди е ако тие се донесени во форумот *rei sitae* и обратно, ако се донесени од друг суд, а не во оној каде што се наоѓа недвижниот имот, овие пресуди не смеат да бидат признаени и извршувани ниту според конвенцијата, ниту според националното право, со што членот 15 од Хашката конвенција од 2019 година станува неприменлив во овие ситуации.[626] Таквата позиција не е новина во меѓународното приватно право затоа што, генерално, слични решенија може да се најдат и во други правни извори, како што е, на пример, во членот 24 од Брисел I – бис Регулативата.

ЗМПП од 2020 година предвидува збир на прописи за надлежноста во врска со стварните права и закупите. Членот 141 од ЗМПП, под силно влијание на членот 24 од Брисел I – бис Регулативата, прво предвидува исклучива надлежност на судот на Северна Македонија во врска со стварните права на недвижности или закуп на недвижности. Меѓутоа, членот 141 (2) од ЗМПП предвидува исклучок од исклучивата надлежност на судовите во Северна Македонија во врска со краткорочните закупи (моделирано според членот 24 (1) од Брисел I – бис Регулативата), под услов закупот на недвижноста да биде склучен за привремена приватна употреба за максимален период од шест последователни месеци и, исто така, под услов закупецот да биде физичко лице и сопственикот и закупецот да имаат живеалиште во иста земја членка. Со оваа позиција се очекува за пресудите што доаѓаат од судовите во Северна Македонија, во повеќето случаи, надлежноста за споровите во врска со недвижност и закуп да се темели врз фактот дека недвижноста се наоѓа во Северна Македонија, предвидувајќи исклучива надлежност, освен за краткорочни закупи, за кои само во ограничени ситуации може да се даде истовремена надлежност.

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

6.1 Подрачје на примена

Ratione materiae на ЗМПП од 2020 година е даден во членот 1. Во него се предвидува дека ЗМПП од 2020 година содржи одредби за определување на меродавното право за приватно-правните односи со меѓународен елемент, одредби за надлежноста и одредби во врска со постапката на судовите и другите органи, како и одредби за признавање и извршување на судските одлуки и одлуките на други органи.

Во споредба со членот 1 од ЗМПП од 2007 година, генерално, се разликува во два аспекта. Прво, во однос на аспектот на правните односи што се опфатени, ЗМПП од 2020 година содржи само општ опис на правните односи „приватно-правни односи со меѓународен елемент“, додека, пак, во ЗМПП од 2007 година се набројани правните односи во врска со „…личните (статусните), семејните, работните, имотните и други материјално-правни односи со меѓународен елемент“. Идентично решение имаше во членот 1 од ЗМПП од 1982 година. Второ, постои формална разлика помеѓу членот 1 од ЗМПП од 2020 година и членот 1 од ЗМПП од 2007 година, каде што членот 1 од ЗМПП од 2020 година содржи само еден став, а членот 1 од 2007 година содржеше два става. Во однос на подрачјето на примена на законот, тој остана ист, со одредби за определување на меродавното

625 Nielsen, P. A., p. 223.

626 Garcimartín F, Saumier G., Explanatory Report, par. 231.

право, меѓународната надлежност на судовите и другите органи на Република Северна Македонија и признавање и извршување странски одлуки во Северна Македонија.

6.1.1 Во споредба со членовите 1 и 2 од Хашката конвенција од 2019 година, да се обезбеди компатибилност на подрачјето на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори

Хашката конвенција од 2019 година во однос на *ratione materiae* го прифаќа веќе етаблираниот пристап содржан во Хашката конвенција од 2005 година, како и во Брисел I – бис Регулативата[627] со одредени специфики карактеристични за Хашката конвенција од 2019 година.

Членот 1 заедно со членот 2 од Хашката конвенција од 2019 година го предвидуваат подрачјето на примена на оваа конвенција и во материјално-правен аспект ја дефинираат нејзината примена.[628] Во материјално-правен аспект, во рамките на подрачјето на примена на Хашката конвенција од 2019 година предвидено во членот 1 од Хашката конвенција од 2019 година, се наведува дека таа се однесува на граѓански или трговски прашања,[629] а потоа од подрачјето на примена ги исклучува поконкретните области, како што се финансиските, царинските и административните одлуки.[630] Слично на Брисел I – бис Регулативата, подрачјето на примена не е ограничено само на овие аспекти на јавното право, туку опфаќа и други *acta iure imperii* кога државите ги остваруваат своите владини и суверени овластувања што не ги уживаат обичните граѓани.[631] Понатаму, според членот 2 (4) од Хашката конвенција од 2019 година, пресудата не се исклучува од подрачјето на примена на Конвенцијата поради фактот дека државата, вклучително и владата, владината агенција или кое било лице што ја застапува државата, биле странка во постапката. Противтежа на ова начело е членот 19, во кој се предвидува можноста државата да даде изјава со која се исклучуваат овие одлуки во смисла дека штом договорната страна поднесе таква изјава, нема да може да ја искористи Конвенцијата за признавање или извршување во случаите кога станува збор за пресуда во нејзина полза.[632] Членот 2 наведува натамошни специфики, набројувајќи ги другите области што се исклучени од подрачјето на примена.[633] Уште еден важен аспект на членот 2 од Хашката конвенција од 2019 година е тоа што од подрачјето на примена ги исклучува арбитражните и другите алтернативни начини за решавање спорови. Понатаму, Хашката конвенција од 2019 година е применлива за судските одлуки од трговското или граѓанското право во кои една од странките е држава, влада, владина институција или лице што ја застапува државата, но со исклучок на аспектите поврзани со имунитетот и привилегиите на државите и меѓународните организации.

Судот што го врши признавањето, кога ќе се соочи со странска пресуда, при утврдувањето дали е донесена пресуда за „граѓански или трговски прашања“, мора да го има предвид

627 Регулатива (ЕУ) бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежноста и признавањето и извршувањето на пресудите за прашања од граѓанското и трговското право, OJ L 351, 20.12.2012, p. 1-32.

628 Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., Explanatory Report, par. 27.

629 Квалификацијата на пресудата дека се однесува на прашања од граѓанското или трговското право зависи од природата на тужбата или тужбеното барање што е предмет на пресудата, а не од природата на судот, природата на странките или само фактот дека тужбата се пренесува на друго лице. Видете Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., Explanatory Report, par. 28-31, p. 8.

630 Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., Explanatory Report, par. 34-35.

631 Hartley T., Dogauchi M. “Convention of 30 June 2005 Choice of Court Agreements Convention: Explanatory Report“,<https://assets.hcch.net/docs/0de60e2f-e002-408e-98a7-5638e1ebac65.pdf> (пристапено на 28.4.2021 г.), par. 85.

632 Bonomi, A.,Mariottini, Cristina M., p. 542.

633 Прашањата што се исклучени од Хашката конвенција од 2019 година се: (а) статусот и правната способност на физичките лица; (б) обврските за издржување; (в) други прашања од семејното право, вклучувајќи режими на брачен имот и други права или обврски што произлегуваат од бракот или слични односи; (г) тестаменти и наследување; (д) стечај, порамнување, реконструирање на финансиските институции и слични прашања; (ѓ) превоз на патници и стока; (е) загадување на мориња̀та, ограничување на одговорноста за поморски побарувања, општи хаварии, и итно шлепување и спасување; (ж) одговорност за нуклеарна штета; (з) валидност, ништовност или престанок на правните лица или здруженијата на физички или правни лица и валидност на одлуките на нивните органи; (ѕ) валидност на уписите во јавните регистри; (и) клевета; (ј) приватност; (к) интелектуална сопственост; (л) активности на вооружените сили, вклучително и активностите на нивниот персонал во вршењето на нивните службени должности; (љ) активности за полицијата, вклучувајќи ги и активностите на персоналот на полицијата во вршењето на службените должности; (м) прашања за заштита на конкуренцијата; (н) преструктуирање на државниот долг преку еднострани државни мерки.

членот 20 од Хашката конвенција од 2019 година, кој претставува услов за воедначено толкување и примена на Конвенцијата.[634] Следствено на тоа, со ова се отстапува од разбирањето на поимот „граѓански или трговски прашања“ во рамките на националното поимање[635] и од толкувањето дадено во Брисел I – бис Регулативата, кое е многу пошироко од она во Хашката конвенција од 2019 година.[636] Понатаму, судот што го врши признавањето мора да обезбеди конзистентност во толкувањето на поимот „граѓански или трговски прашања“ со другите инструменти на НССН, особено со Хашката конвенција за **спогодби за избор на надлежен суд** од 2005 година.[637]

Ratione materiae на ЗМПП од 2020 година е компатибилен со Хашката конвенција од 2019 година, иако е малку изменет и поедноставен од предметот на ЗМПП од 2007 година. Во споредба со ЗМПП од 2007 година, ЗМПП од 2020 година сега содржи само еден став во кој се наведува дека ЗМПП од 2020 година важи за сите прашања на МПП (меродавно право, меѓународна надлежност и постапка и признавање и извршување). Исто така, овој пропис не навлегува во конкретниот предмет на односите опфатени со ЗМПП од 2020 година,[638] но содржи општа дефиниција дека ЗМПП од 2020 година се однесува на „… приватно-правните односи со меѓународен елемент…“[639] Понатаму, во членот 174 од ЗМПП од 2020 година е предвидено дека постапката предвидена во членовите 165-171 за признавање и извршување странски судски одлуки се применува и во однос на постапката за признавање странски арбитражни одлуки.[640]

6.2 Видови судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пример, позитивни-негативни одлуки, привремени мерки)

ЗМПП од 2020 година дава директно определување на видовите одлуки што се признаваат и се извршуваат во Северна Македонија. Членот 157 од ЗМПП од 2020 година во врска со видовите одлуки што може да се признаат и да се извршат во Северна Македонија дава пошироко значење на поимот „странски одлуки“. Не се ограничува само на судските одлуки,[641] туку и го проширува овој аспект со судските порамнувања[642] и другите одлуки донесени од релевантниот орган во земјата на потекло, кои имаат исто дејство како судските одлуки, под услов тие да се однесуваат на *rationae materiae* на ЗМПП од 2020 година даден во членот 1 од истиот закон.[643] Намерата на членот 157 од ЗМПП од 2020 година е да опфати поголем опсег на странски одлуки што ќе бидат подобни за признавање во Северна Македонија. Членот 157 од ЗМПП од 2020 година, со тоа што дава пошироко значење на поимот „странски одлуки“ ја оневозможува Северна Македонија да одбие да ги признае странските одлуки затоа што тие носат друго име или затоа што земјата на потекло има различна постапка за донесување на тие одлуки. Затоа, членот 157 од ЗМПП од 2020 година е фокусиран на предметот на одлуката, а не на органите што ја донеле или името на одлуката. Со таквата позиција, ЗМПП од 2020 година го поткрепува суверенитетот на странските држави и националниот карактер на нивните правни системи. Следствено, сите видови одлуки (декларативни, конститутивни и кондемнаторни), без оглед на нивниот назив, може да бидат признаени и да имаат правно дејство во Северна Македонија, но

634 Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., Explanatory Report, par. 32.

635 Hartley/Dogauchi Report (n.30), para. 49.

636 Wilderspin, M., Vysoka, L., “The 2019 Hague Judgments Convention through European lenses”, Nederlands Internationaal Privaatrecht (NIPR) 2020, p. 37.

637 Nielsen, P. A., p. 211.

638 Ова беше случај со ЗМПП од 2007 година, каде што во членот 1 беа предвидени „…личните (статусните), семејните, работните, имотните и други материјално-правни односи со меѓународен елемент“. Идентично решение беше содржано во членот 1 од ЗМПП од 1982 година.

639 Член 1 од ЗМПП од 2020 година.

640 Додека признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки се врши според одредбите на Конвенцијата потпишана во Њујорк на 10 јуни 1958 година за признавање и извршување странски арбитражни одлуки. Член 37 од Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“ 39/2006.

641 Член 157 (1) од ЗМПП од 2020 година.

642 Член 157 (2) од ЗМПП од 2020 година.

643 Член 157 (3) од ЗМПП од 2020 година.

само кондемнаторните одлуки може да се извршуваат поради нивната природа.

6.3 Поведување на постапката (како главно или како претходно прашање) – надлежност на судовите во Северна Македонија во врска со признавањето и извршувањето странски пресуди

Надлежноста на судовите во Северна Македонија во врска со признавањето странски одлуки зависи од тоа дали признавањето се бара како главно или како претходно прашање. Во Северна Македонија, надлежноста за одлучување во посебна постапка во врска со признавањето странски пресуди ја имаат основните судови со проширена надлежност.[644] Месна надлежност за признавање странска судска одлука има секој суд што има стварна надлежност.[645] Меѓутоа, таквата позиција не ја исклучува можноста признавањето на странската пресуда да се реши како претходно прашање. Ако за признавањето на странската судска одлука не е донесено посебно решение, секој суд може за признавање на таа одлука да решава во постапката како за претходно прашање, но само со дејство за таа постапка.[646]

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални услови) за признавање на странската судска одлука

Позитивните услови што се однесуваат на формалните барања за признавање и извршување странски судски одлуки се дадени во членот 159 од ЗМПП од 2020 година. Овие услови претставуваат барања кога признавањето и извршувањето се допуштени само доколку се утврди постоење одредени околности. Доказот за овие услови треба да го придружува предлогот за признавање и веќе во таа фаза од постапката за признавање, тие треба да бидат исполнети за да може странската одлука да се признае и/или да се изврши. Доколку судот не го утврди (позитивно) постоењето на овие услови, тој ќе го одбие признавањето.

Во членот 159 од ЗМПП од 2020 година се предвидува подносителот на барањето за признавање странска судска одлука кон своето барање да ги приложи:

- странската судска одлука или нејзин заверен препис и
- потврдата од надлежен странски суд или друг орган за правосилноста на одлуката според правото на државата во која е донесена.

Ова е многу важен аспект: со оглед на разновидноста на јазиците што постојат во светот, странката што бара признавање мора да изготви заверен превод на странската судска одлука на јазикот што службено се користи во Судот.[647]

Во однос на извршувањето на странските одлуки, членот 159 (2) започнува со истите формални претпоставки за извршување на странските одлуки, како и за оние утврдени во членот 159 (1). Меѓутоа, поради природата на извршните пресуди, во ЗМПП од 2020 година се бараат дополнителни формални услови, каде што подносителот на барањето за извршување странска судска одлука, исто така, мора да достави потврда за извршноста според правото на земјата на потекло. Овој акт ќе послужи како доказ дека странската пресуда е извршна според правото на земјата на потекло.

644 Член 31, Закон за судовите.

645 Член 166 (2) од ЗМПП од 2020 година.

646 Член 167 од ЗМПП од 2020 година.

647 Член 159 (3) од ЗМПП од 2020 година.

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Одредбите на ЗМПП од 2020 година во врска со условите за признавање и извршување странска судска одлука, во споредба со одредбите на ЗМПП од 2007 година, претрпеа структурна и суштинска измена. Прво, оваа Глава II од Дел IV е поделена на два оддели: Оддел 1, во кој се предвидени условите за признавање и извршување странски одлуки за кои судот внимава по службена должност; и Оддел 2, во кој се предвидени условите за кои судот внимава по приговор на странките. Второ, во согласност со тенденцијата на ЗМПП од 2020 година, условите беа изменети и скратени.

6.5.1 Услови за кои судот внимава по службена должност

Една од најголемите новини во врска со признавањето и извршувањето на странските судски одлуки во Северна Македонија е тоа дека судот на признавање ги утврдува повеќето услови по службена должност и со тоа овозможува брзо признавање засновано врз објективни околности. Повеќето услови за признавање во ЗМПП од 2020 година беа присутни во неговиот претходник ЗМПП од 2007 година.

6.5.1.1 Потврда за правосилност и извршност

Потврдата за правосилноста и извршноста утврдена во членот 159 од ЗМПП од 2020 година е комбинација од членовите 101 и 102 од ЗМПП од 2007 година. Формулацијата на овие одредби остана непроменета. Подетално за овој услов, видете го Дел 6.4.

6.5.1.2 Исклучива надлежност

Во однос на исклучивата надлежност на судовите во Северна Македонија, поедноставена е одредбата од ЗМПП од 2007 година[648] и, според неа, странската судска одлука нема да се признае во Северна Македонија ако во односната работа постои исклучива надлежност на суд или на друг орган на Република Северна Македонија, освен доколку со одредбите од ЗМПП од 2020 година на странките им е дозволено да изберат поинаку.[649] Ситуациите за кои се дава исклучива надлежност во ЗМПП од 2020 година се дадени во Дел 5.4 од овој Извештај.

6.5.1.3 Прекумерна надлежност на странски суд

Една од новините во однос на условот за признавање и извршување е тоа што за спречување прекумерна надлежност, законодавецот се определил да го вклучи „принципот на огледало“, што значи дека странската судска одлука нема да се признае во Република Северна Македонија ако надлежноста била заснована врз околности што не се предвидени за засновање надлежност за решавање работи со меѓународен елемент од ист вид.[650]

6.5.1.4 Правосилна пресуда во истата работа меѓу истите странки

Одредбите во ЗМПП од 2020 година во врска со паралелните постапки го решаваат овој проблем со прописите за *lis pendens*[651] и одредбите предвидени во членот 162 со кои се утврдува дека странската судска одлука нема да се признае доколку суд или друг орган во Северна Македонија донел правосилна одлука во истата работа или ако во Република Северна Македонија е признаена друга странска судска одлука што е донесена во истата

648 Член 104 од ЗМПП од 2007 година.
649 Член 160 од ЗМПП од 2020 година.
650 Член 161 од ЗМПП од 2020 година.
651 Член 119 од ЗМПП од 2020 година.

работа и меѓу истите странки.[652] Оваа одредба претрпе мала но многу важна измена во однос на идентитетот на странките, бидејќи во членот 106 од ЗМПП од 2007 година беше предвидено дека странската судска одлука што била претходно признаена треба да биде иста само правната работа на двете одлуки, додека, пак, според одредбата од членот 164 од ЗМПП од 2020 година треба и двете судски одлуки да бидат „…во истата работа и меѓу истите странки…“ Ставот 2 од членот 164 од ЗМПП од 2020 година останува ист како членот 106 (2) од ЗМПП од 2007 година.

6.5.1.5 Јавен поредок

Друга значајна новина во ЗМПП од 2020 година што е во согласност со новите тенденции во меѓународното приватно право[653] е повисокиот праг што е потребен за да се примени клаузулата на јавниот поредок. Во членот 107 од ЗМПП од 2007 година беше предвидено дека странската судска одлука нема да се признае во Република Северна Македонија ако е во спротивност со јавниот поредок. Со цел оваа одредба поврзана со јавниот поредок да има дејство, потребно беше само дејството на нејзиното признавање да биде во спротивност со јавниот поредок на Северна Македонија, и тогаш можеше да се примени ова изземање. Во членот 163 од ЗМПП од 2020 година се подигнува прагот на *„очигледно е во спротивност со јавниот поредок“*. Ваквата формулација не само што е семантички значајна, туку и предвидува многу поограничувачки пристап кон употребата на изземањето поради повреда на јавниот поредок.[654]

6.5.2 Услови за кои судот внимава по приговор на странките

Можноста да се одбие признавање странска одлука по приговор на странките во ЗМПП од 2020 година е сведена на минимум, и тоа само во случаи на тешки прекршувања од страна на судските органи на земјата на потекло.[655] Во ЗМПП од 2020 година, во членот 164 се предвидени три сценарија кога судовите ќе одбијат признавање и извршување странска пресуда по приговор на странката во врска со повреда на правото на одбрана:

- поради неправилности во постапката, странката (во главната постапка) немала можност да учествува во неа; или[656]
- поканата, тужбата или решението со кое е започната постапката не ѝ биле лично доставени, односно дека воопшто немало ниту обид за лична достава, освен ако на кој било начин се впуштила во расправање за главната работа во првостепената постапка; или[657]
- не ѝ било оставено доволно време за подготвување на својата одбрана од моментот на доставување на исправата за започнување на постапката до закажувањето на расправата.[658]

652 Член 162 од ЗМПП од 2020 година.
653 Kramberger Škerl J., European Public Policy (With an Emphasis on Exequatur Proceedings), Journal of Private International Law vol. 7, 2011, pp. 466-477; Kramberger Škerl J., Evropeizacija javnega reda v mednarodnem zasebnem pravu, Pravni letopis, Inštitut za primerjalno pravo pri Pravni fakulteti v Ljubljani, Ljubljani (2009), pp. 349-370; Hess B.; Pfeifer T., Study on the Interpretation of the Public Policy Exception as referred to in EU Instruments of Private International and Procedural Law, prepared for the European Parliament's Committee on Legal Affairs [https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document.html?reference=IPOL-JURI_ET%282011%29453189], пристапено на 28. 04 2021, pp. 1-181; Siehr K, *General problems of private international law in modern codifications—de lege lata and—de lege europea ferenda*, Yearbook of Private International Law, 2005, p. 54.
654 Hess B.; Pfeifer T., *Study on the Interpretation of the Public Policy Exception*, p. 13.
655 Член 164 од ЗМПП од 2020 година.
656 Член 164 (1) од ЗМПП од 2020 година.
657 Член 164 (2) од ЗМПП од 2020 година.
658 Член 164 (3) од ЗМПП од 2020 година.

6.5.3 Во споредба со членот 7 (1) и (2) од Хашката конвенција од 2019 година, да се предвиди компатибилност на условите за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори (националните услови за признавање и извршување се поповолни или поограничувачки во споредба со условите предвидени во членот 7 од Хашката конвенција од 2019 година)

Вториот праг на Хашката конвенција од 2019 година е дека признавањето и извршувањето може да бидат одбиени ако странската пресуда не ги исполнува условите утврдени во членот 7 (1) и (2) од Хашката конвенција од 2019 година. Овие шест услови може да доведат до одбивање на признавањето или извршувањето на пресудата во замолената држава. Намерата на законодавците беше да се утврдат минимални стандарди за одбивање, иако државите може да одат подалеку од овие услови.[659] Повеќето од овие услови не се новина и може да се најдат во националните правни системи.

Првиот услов се однесува на повреда на правото на одбрана во земјата на потекло.[660] Овој услов конкретно се однесува на недостигот на соодветна достава до тужениот, што претставува основа за одбивање на признавањето и извршувањето.[661] Формулациите на овие две одредби во Хашката конвенција од 2019 година и во ЗМПП од 2020 година се различни, иако може да се забележат неколку работи што се преклопуваат. Прво, и двете одредби се однесуваат на прашањето за доставување исправи. Македонската одредба поаѓа од поопшта позиција до поконкретна, од постојните неправилности во постапката што резултирале со спречување на странката да учествува, до поконкретниот аспект на доставувањето на исправите. Одредбата на Хашката конвенција од 2019 година се однесува само на прашањето на доставувањето исправи. Меѓутоа, оваа одредба мора да се чита заедно со членот 7 (1) (в), кој се однесува на одбраната на јавниот поредок, но со конкретно повикување на *„…основните начела на правичност на постапката“*, кои на општо ниво ги опфаќаат прашањата како што се правото на странката да биде сослушана, еднаквоста на оружјата и сл.[662] Второ, не е прецизиран стандардот според кој се оценува доставувањето исправи во македонскиот ЗМПП и во Хашката конвенција од 2020 година. Според пристапот во Хашката конвенција од 2019 година, во првото сценарио, не постои конкретно повикување на стандардот, а тоа дали исправата со која се поведува постапката му била доставена на тужениот мора да се утврди земајќи ги предвид одредбите од Хашката конвенција од 2019 година и може да се обезбедат неколку модалитети, како што се доставување исправи на вработен на тужениот или со јавно известување.[663] Сепак, правото на сослушување не се смета за повредено доколку замолениот суд е задоволен со тоа што се преземени сите потребни потраги според начелото на темелна проверка и добронамерност за пронаоѓање на тужениот, а тие биле без успех.[664] Во второто сценарио, чија цел е да се заштити замолената држава, прашањето е дали тужениот бил известен на начин што не е во согласност со основните принципи на замолената држава во врска со доставувањето исправи.[665] Трето, во обете одредби, однесувањето на тужениот во земјата на потекло го диктира неговиот исход, имено, ако тужениот се појавил и го изнел својот предмет во судот без да го оспори известувањето, нема да биде можна одбрана заснована врз неправилно известување во замолената држава.[666]

659 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 146, par. 326.
660 Член 7 (1) (а) од Хашката конвенција од 2019 година.
661 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 115, par. 247.
662 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 116, par. 250.
663 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 116, par. 251.
664 Ibid.
665 Член 7 (1) (а) (ii) од Хашката конвенција од 2019 година.
666 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 116, par. 250

Вториот услов во Хашката конвенција од 2019 година се однесува на измамата како основа за одбивање признавање и извршување.[667] Овој услов може да се разгледува заедно со третиот услов од Хашката конвенција од 2019 година, кој се однесува на клаузулата на јавниот поредок.[668] Клаузулата на јавниот поредок во ЗМПП од 2020 година е во согласност со комплементарните одредби во членот 7 (1) (б) и (в) од Хашката конвенција од 2019 година. Јавниот поредок има многу широко значење и неговото толкување се разликува во зависност од националните правни системи. Неговиот опсег и содржина зависат од начинот на кој конкретната држава ги цени своите интереси. Ова значи дека јавниот поредок или *ordre public* во меѓународното приватно право може да се сфати како збир на вредности од кои зависи правниот, општествениот и културниот поредок на одредена земја и кои, исто така, мора да се почитуваат во т.н. односи со меѓународен елемент.[669] Сепак, во контекст на Хашката конвенција од 2019 година, неговиот опсег треба да се разбере во однос на другите одредби во текстот.[670]

Четвртиот услов се однесува на пресуда донесена од суд што ја засновал надлежноста, и покрај тоа што имало спогодба за избор на надлежен суд со која бил определен друг суд, кој не е судот на потекло.[671] Овој услов има тенденција да го поддржи изборот на надлежноста и почитувањето на автономијата на волјата на странките. Членот 7 (1) (г) од Хашката конвенција од 2019 година треба да се разгледува заедно со основите за индиректна надлежност дадени во членот 5 и тој претставува последна заштита од пресуда донесена од суд што засновал надлежност врз други основи, додека, пак, во предметот постои спогодба за избор на надлежен суд.[672] Во ЗМПП од 2020 година не е предвидена конкретна одредба во врска со повредата на спогодбата за избор на надлежен суд како услов за признавање и извршување. Наместо тоа, ЗМПП од 2020 година има индиректен пристап со тоа што со спогодбите за избор на надлежен суд утврдува да се определува исклучива надлежност (ако не е определено поинаку од странките)[673] и странските пресуди да не се признаваат доколку судот на признавање има исклучива надлежност.[674] Дејството на овој пристап е странските пресуди да не се признаваат ако ја прекршуваат дозволената и законита спогодба за избор на надлежен суд на странките.

Петтиот и шестиот услов се однесуваат на две слични ситуации со кои се решава проблемот со паралелните постапки.[675] Прво, кога другата пресуда ја донел суд во замолената држава, и второ, кога другата пресуда ја донел суд во друга држава (кој не е судот на потекло).[676] Во првиот случај, пресудата од земјата на потекло не е усогласена со пресудата донесена во замолената држава во спор меѓу истите странки.[677] Одредбата предвидена во овој член е иста како и во **Хашката конвенција за спогодби за избор на суд од 2005 година**[678] и има два услови: неусогласеност на пресудите и спор меѓу истите странки. Не се бара временска хиерархија и иста причина за поведување постапка.[679] Вториот случај се применува кога пресудата не е усогласена со претходна пресуда донесена во друга држава меѓу истите странки во истата работа, под услов претходната пресуда да ги исполнува условите потребни за нејзино признавање во замолената држава.[680] Овој пропис е поконкретен од последниот и содржи повеќе барања што треба да се исполнат.

667 Член 7 (1) (б) од Хашката конвенција од 2019 година.
668 Член 7 (1) (в) од Хашката конвенција од 2019 година.
669 Kramberger Škerl J., Evropeizacija javnega reda v mednarodnem zasebnem pravu, pg. 349.
670 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 120, par. 262.
671 Член 7 (1) (г) од Хашката конвенција од 2019 година.
672 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 121-122, par. 267-268
673 Видете го членот 122(2) од ЗМПП од 2020 година.
674 Видете го членот 160 од ЗМПП од 2020 година.
675 Член 7 (1) (д) од Хашката конвенција од 2019 година.
676 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 122, par. 270.
677 Член 7 (1) (д) од Хашката конвенција од 2019 година.
678 Член 9 (ѓ) од Хашката конвенција за спогодби за избор на надлежен суд од 2005 година.
679 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 122-123, par. 271.
680 Член 7 (1) (ѓ) од Хашката конвенција од 2019 година.

Прво, пресудата од третата држава мора да биде донесена пред пресудата од државата на потекло, без оглед на тоа кој е судот во кој прво била поведена постапката.[681] Второ, и двете пресуди треба да бидат за истата работа. Трето, претходната пресуда мора да биде подобна за признавање и извршување во замолената држава, без оглед дали дотогаш е побарано признавање или извршување.[682]

Членот 162 од ЗМПП од 2020 година се однесува на прашањето за противречни пресуди. Овие прописи се наменети да го заштитат националниот правен систем од противречни пресуди донесени во други правни системи во истата работа (меѓу исти странки). Како што беше случај со другите правни пречки за признавање и извршување во ЗМПП од 2020 година, и членот 162 е даден како негативен, што значи дека странската судска одлука нема да се признае ако судот или друг орган во Северна Македонија донел правосилна одлука во истата работа или ако во Северна Македонија е признаена друга странска судска одлука што е донесена во истата работа.[683] Судот ќе запре со признавањето на странската судска одлука ако пред суд на Република Северна Македонија е во тек порано поведена парница во истата работа и меѓу истите странки, и тоа до правосилното завршување на таа парница.[684] Постоењето на оваа правна пречка се утврдува по службена должност. Таквата позиција на овој член се однесува на две различни процедурални ситуации. Првиот став се однесува на случаи кога судовите во Северна Македонија веќе донеле правосилна судска одлука во врска со истата работа или странска судска одлука е веќе признаена во Северна Македонија кога е поднесено барање за признавање. Вториот став од истиот член се однесува на случаи кога судовите во Северна Македонија ја презеле надлежноста и постапката се одвива по поднесено барање за признавање. Втората ситуација е опфатена и во Хашката конвенција од 2019 година во членот 7 (2). Со овој пропис му се овозможува на судот на замолената држава да го одложи или да го одбие признавањето и извршувањето ако постапката меѓу истите странки во истата работа е во тек пред судот на замолената држава и ако се исполнети два дополнителни критериуми: прво, замолениот суд да биде судот каде што прво е поведена постапката и, второ, да постои блиска поврзаност меѓу спорот и замолената држава.[685]

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки

Суштината на постапката за признавање и извршување странски пресуди, генерално, остана иста како и постапката во ЗМПП од 2007 година. Новините во постапката за признавање и извршување се однесуваат на два аспекта: прво, роковите се продолжени;[686] и второ, рочиштето во втората фаза од постапката за признавање е задолжително.[687]

Постапката за признавање и извршување странски судски одлуки во Северна Македонија може да се подели во три фази што се слични на систематизацијата предвидена во Брисел I Регулативата. Првата фаза е *ex parte* постапката, која се завршува без учество на лицето против кое се бара признавање/извршување.[688] Прво, постапката за признавање странска судска одлука се поведува со предлог.[689] Признавање странска судска одлука во работи што се однесуваат на личниот статус може да бара секој што има правен интерес за тоа.[690] За првата фаза од признавањето одлука одлучува судија поединец на основниот

681 Garcimartin F, Saumier G., Explanatory Report, pg. 123, par. 272.
682 Ibid.
683 Член 162(1) од ЗМПП од 2020 година.
684 Член 162(2) од ЗМПП од 2020 година.
685 Член 7 (2) од Хашката конвенција од 2019 година.
686 Член 168 и 170 од ЗМПП од 2020 година.
687 Член 169 од ЗМПП од 2020 година.
688 Член 168 од ЗМПП од 2020 година.
689 Член 165 (1) од ЗМПП од 2020 година.
690 Член 165 (3) од ЗМПП од 2020 година.

суд.[691] Ако овој суд, откако ќе ги разгледа формалните барања и оние што ги испитува по службена должност,[692] утврди дека нема пречки за признавање, ќе донесе решение за признавање на странската судска одлука.[693]

Како што беше претходно наведено, една од главните карактеристики на првата фаза на постапката е тоа што се спроведува *ex parte*. Таквата поставеност на постапката е наменета да има елемент на изненадување, што е потребно во подоцнежната постапка за извршување со цел тужениот да нема можност да ги повлече своите средства од каква било мерка на извршување.[694] Овој аспект на „изненадување“ е помалку важен во семејните спорови, со некои исклучоци во случаите на грабнување деца.[695]

По оваа фаза, судот ќе го достави решението за признавање на странската судска одлука на спротивната странка и/или на другите учесници во постапката во која била донесена странската судска одлука и ќе ги поучи дека против решението за признавање може да поднесат приговор во рок од 30 дена[696] од денот на приемот на решението.[697] Постои еден исклучок од оваа втора фаза на постапката што е особено важен за признавање и извршување странски одлуки во семејни спорови. Во ситуации поврзани со развод, судот не ја доставува пресудата за признавање странска судска одлука за развод до спротивната странка доколку лицето што поднесува барање за признавање е државјанин на Северна Македонија, а спротивната странка нема ниту живеалиште, ниту вообичаено престојувалиште во Северна Македонија.[698]

По приговорот против решението од првата фаза одлучува истиот основен суд (судот што го донел решението за признавање), но сега во состав од тројца судии.[699] Во оваа фаза, судот одлучува по приговорот по одржано рочиште.[700] Мора да се спомене дека ова рочиште во постапката е задолжително.[701] На ова рочиште, судот одлучува само според поднесоците од двете странки. Со ова се обезбедува начелото на „еднаквост на оружјето“ во ЗМПП од 2020 година, а спротивната странка може да поднесе жалба на пресудата за признавање начин што е ограничен само на условите предвидени во ЗМПП од 2020 година.

Третата фаза од оваа постапка се спроведува пред апелационите судови на Република Северна Македонија. Против решението со кое судот го одбил предлогот за признавање и против решението по приговорот дозволена е жалба до апелациониот суд во рок од 15 дена[702] од денот на приемот на одлуката.[703] Кога станува збор за извршување странски судски одлуки, странската судска одлука што судот на Република Северна Македонија ја признал во постапката предвидена во членовите од 165 до 171 од ЗМПП од 2020 година се извршува според релевантните национални законски прописи што го уредуваат извршувањето.[704]

691 Член 166 (1) од ЗМПП од 2020 година.
692 Член 165 (2) од ЗМПП од 2020 година.
693 Член 168 (1) од ЗМПП од 2020 година.
694 Извештај за Конвенцијата за надлежност и извршување на пресудите за предметите од граѓанското и од трговското право (потпишана во Брисел на 27 септември 1968 година) од страна на г. П. Женар, „Службен весник на Европската Унија“ бр. C 59/1, 50.
695 Magnus U., Mankowski P.(eds) *European Commentaries on Private International Law: Brussels IIbis Regulation*, Sellier, European Law Publishers (2012) 302.
696 Во ЗМПП од 2007 година, овој рок беше 15 дена.
697 Член 168 (2) од ЗМПП од 2020 година.
698 Член 168 (3) од ЗМПП од 2020 година.
699 Член 169 од ЗМПП од 2020 година.
700 Член 169 од ЗМПП од 2020 година.
701 Во ЗМПП од 2007 година, рочиштето од постапката не беше задолжително.
702 Во ЗМПП од 2007 година, овој рок беше 8 дена.
703 Член 170 од ЗМПП од 2020 година.
704 Член 173 од ЗМПП од 2020 година.

6.7 Трошоци на постапката

Трошоците на постапката за признавање се утврдуваат во согласност со членот 171 од ЗМПП од 2020 година, односно според правилата што би се применувале во случај кога за истата работа би одлучувал судот или друг орган на Република Северна Македонија.

7. Извршување странски судски одлуки

7.1 Вид на постапката за извршување

Извршувањето странски судски одлуки во Северна Македонија *се спроведува во посебна постапка за извршување.* Постапката за извршување се спроведува врз основа на извршна исправа. Во Северна Македонија, следниве одлуки се сметаат за извршни исправи: домашни одлуки (извршна судска одлука и судско порамнување, извршна одлука и порамнување во управна постапка ако гласат на исполнување парична обврска, извршна нотарска исправа, решение за издавање нотарски платен налог и други исправи што како извршни исправи се предвидени со закон),[705] како и странски судски одлуки што ги признава домашниот суд. Таквото становиште може да се заклучи врз основа на ЗМПП од 2020 година, во кој за извршување странски судски одлуки, предвидено е извршувањето да се спроведува според релевантните национални одредби, доколку странска судска одлука е признаена од судот на Северна Македонија во постапката предвидена според членовите 165-171 од ЗМПП од 2020 година.[706] Понатаму, ЗИ, исто така, предвидува дека постапката за извршување се однесува на домашна извршна пресуда, како и на странска пресуда ако ги исполнува претпоставките за признавање утврдени во националното законодавство или во меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот.[707] Оттаму, сите извршители овластени во Северна Македонија може да извршуваат странски судски одлуки. Значи, кога извршителите ќе се соочат со признаена странска пресуда што треба да се изврши во Северна Македонија, тие ќе ја извршат оваа одлука врз основа на прописите на ЗИ.

Должината на постапката за извршување не се разликува од извршувањето на домашните пресуди и зависи од средствата за извршување што се предвидени во конкретниот случај и од економската благосостојба на должникот против кого се спроведува извршувањето.

7.2 Постапка за извршување во ситуации кога извршителите се директно соочени со странска судска одлука

ЗМПП од 2020 година и ЗИ предвидуваат дека странката што сака да го намири своето побарување, а ова побарување се заснова врз странска судска одлука, не може директно да ја упати странската судска одлука до извршителите на територијата на Северна Македонија доколку таа странска судска одлука не е признаена од домашен суд. Во такви ситуации, извршителот ќе го одбие барањето за извршување со образложение дека странската судска одлука не е признаена од домашниот суд и со тоа нема одлука за нејзино признавање.

Во такви ситуации, извршителот нема надлежност да утврдува дали се исполнети условите за признавање согласно националното законодавство или ратификуваниот меѓународен договор, со цел странските судски одлуки да бидат признаени како домашни. Надлежноста за признавање на странските судски одлуки е исклучиво на судовите на Република Северна Македонија.

705 Член 12 од ЗИ.
706 Член 173 од ЗМПП од 2020 година.
707 Член 8 од Законот за извршување.

8. Користена литература

МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

- Boele Woelki K., *For better or for worse: The Europeanisation of International Divorce Law*, Yearbook of Private International Law, *vol.* 12, 2010, p. 29.
- Bonomi, A.,Mariottini, Cristina M., “(Breaking) News From The Hague: A Game Changer in International Litigation? – Roadmap to the 2019 Hague Judgments Convention”, Yearbook of Private International Law 20 (2018/2019).
- Kramberger Škerl J., European Public Policy (With an Emphasis on Exequatur Proceedings), Journal of Private International Law vol. 7, 2011.
- Kramberger Škerl J., Evropeizacija javnega reda v mednarodnem zasebnem pravu, Pravni letopis, Inštitut za primerjalno pravo pri Pravni fakulteti v Ljubljani, Ljubljani (2009).
- Magnus U., Mankowski P.(eds) *European Commentaries on Private International Law: Brussels IIbis Regulation*, Sellier, European Law Publishers (2012).
- Nielsen, P. A., “The Hague 2019 Judgments Convention – from failure to success”, Journal of Private International Law 16 (2020)
- Rumenov I., Europeanisation of the Macedonian Private International Law – Legal Evolution of a National Private International Law Act, EU and comparative law issues and challenges(ECILC), Vol.4, 2020, Osijek, Croatia, p.319.
- Siehr K, *General problems of private international law in modern codifications—de lege lata and—de lege europea ferenda*, Yearbook of Private International Law, 2005.
- Weller M., The Jurisdictional Filters of the HCCH 2019 Judgments Convention, Yearbook of Private International Law XXI (2019/2020).
- Wilderspin, M., Vysoka, L., “The 2019 Hague Judgments Convention through European lenses”, Nederlands Internationaal Privaatrecht (NIPR) 2020, p. 37.
- Zoroska – Kamilovska T., Rakocevic M., *A General Overview of Enforcement in Civil and Commercial Matters in Macedonia*, LeXonomica, Vol. 8, No. 1, pp. 29-49, June 2016, p. 31.

НАЦИОНАЛНИ ЗАКОНИ И АКТИ

- Закон за решавање на судирот на законите со прописите на другите држави во одредени односи, „Службен весник на СФРЈ“, бр. 43/1982.
- Устав на Република Северна Македонија, „Службен весник на РМ“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 03/09, 49/11 и „Службен весник на РСМ“ бр. 06/19 со Уставен Закон за спроведување на Амандманите XXXIII – XXXVI на Уставот на Република Македонија, „Службен весник на РСМ“ бр. 06/19.

- Закон за извршување, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2005, со измени и дополнувања од 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2006, 129/2006), 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2008), 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2009), 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 83/2010, 88/2010, 171/2010) и 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2011).

- *Закон за извршување, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016, 233/2018 и 14/2020.*

- Закон за парнична постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009 и 124/2015.

- Закон за склучување, ратификување и извршување меѓународни договори, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/1998.

- Закон за судовите, „Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19.

- Закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“ 39/2006.

- Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/92, 12/93, 43/00, 66/07, 51/11, 152/15 и 55/16.

- Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018.

- *Закон за вонпарнична постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2008.*

- Закон за меѓународно приватно право, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020.

- Закон за меѓународно приватно право, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007 и 156/2010.

- Статут на Академијата за судии и јавни обвинители, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2015.

РЕГУЛАТИВИ И СУДСКА ПРАКТИКА НА ЕУ

- Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 4/2009 од 18 декември 2008 година за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето одлуки и соработка за прашања што се однесуваат на обврските за издржување, OJ L 7, 10.1.2009 г.

- Регулатива на Советот (ЕУ) 2016/1103 од 24 јуни 2016 година за спроведување засилена соработка во областа на надлежноста, меродавното право и признавањето и извршувањето одлуки во врска со режимите на брачен имот, OJEU L183/1.

- Регулатива на Советот (ЕУ) бр. 1259/2010 од 20 декември 2010 година за спроведување засилена соработка во областа на законот што се применува за развод и законска разделба, OJEU L 343/10.

- Регулатива (ЕЗ) бр. 593/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 17 јуни 2008 година за правото што се применува на договорните обврски (Рим I), OJEU L177/6.

- Регулатива (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за правото што се применува на вондоговорните обврски (Рим II), OJEU L 199/40.

- Регулатива (ЕУ) бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2012 година за надлежноста и признавањето и извршувањето на пресудите за прашања од граѓанското и трговското право, OJEU L351/1.

- Регулатива (ЕУ) бр. 650/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето одлуки и прифаќањето и извршувањето јавни исправи за прашања на наследување и за создавање Европска потврда за наследување, OJEU, L 201/107.

- CJEU case *SAR Schotte GmbH v Parfums Rothschild SARL* (ECLI:EU:C:1987:536).

ИЗВЕШТАИ И СТУДИИ

- Hartley T., Dogauchi M. “Convention of 30 June 2005 Choice of Court Agreements Convention: Explanatory Report“,[https://assets.hcch.net/docs/0de60e2f-e002-408e-98a7-5638e1ebac65.pdf], пристапено на 28.04.2021.

- Hess B.; Pfeifer T., *Study on the Interpretation of the Public Policy Exception as referred to in EU Instruments of Private International and Procedural Law*, prepared for the European Parliament‘s Committee on Legal Affairs [https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document.html?reference=IPOL-JURI_ET%282011%29453189], пристапено на 28. 04 2021.

- Hess, B.; Law, S.; Ortolani P. (eds.), *An evaluation study of national procedural laws and practices in terms of their impact on the free circulation of judgments and on the equivalence and effectiveness of the procedural protection of consumers under EU consumer law*, JUST/2014/RCON/PR/CIVI/0082, 2017.

- Kramer X. *et al*., *Study by the European Parliament’s Committee on Legal Affairs “A European framework for private international law: current gaps and future perspectives”*, PE 462.487, 8.

- OSCE/ODIHR Election Observation Mission Final Report, EARLY PARLIAMENTARY ELECTIONS 11 December 2016, достапно онлајн на [https://www.osce.org/files/f/documents/8/b/302136.pdf] (пристапено на 28.04.2021).

- Report on the Convention on jurisdiction and the enforcement of judgments in civil and commercial matters (Signed at Brussels, 27 September 1968) by Mr P. Jenard Official Journal of the European Communities No. C 59/1.

- Garcimartín Alférez, F., Saumier, G., “Convention of 2 July 2019 on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters: Explanatory Report“, as approved by the HCCH on 22 September 2020, [https://assets.hcch.net/docs/a1b0b0fc-95b1-4544-935b-b842534a120f.pdf] (пристапено на 28.4.2021 г.).

Прилог 1 – Поимник

ЗИ – Закон за извршување

МПП на ЕУ – Меѓународно приватно право на ЕУ

ГИЗ – Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

НССН – Хашка конференција за меѓународно приватно право

МД – Меѓународни договори

МО – Меѓународна организација

МНР – Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија

МП – Министерство за правда на Република Северна Македонија

НБРСМ – Народна банка на Република Северна Македонија

НВО – Невладина организација

ОДИХР – Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права

ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа

МПП – Меѓународно приватно право

ЗМПП од 1982 година – Закон за решавање на судирите на законите со прописите на други земји во определени односи

ЗМПП од 2007 година – Закон за меѓународно приватно право од 2007 година

ЗМПП од 2020 година – Закон за меѓународно приватно право од 2020 година

ССА – Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји членки

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СЗ – Секретаријат за законодавство на Република Северна Македонија

УСАИД – Агенција на САД за меѓународен развој

Прилог 2 – Образец за примери за добра практика

Пример 1

• Област:	Меѓународно приватно право, Правосудна соработка во граѓанската материја на ЕУ
• Назив (оригинален јазик)	Утврдување на степенот на усогласеност на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија за правосудната соработка во граѓанско правната материја
• Назив (EN)	Assessment of the harmonisation of national legislature of the Republic of Macedonia with the EU acquis in the area of judicial cooperation in civil matters
• Организација (оригинален јазик) • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	Министерство за Правда на Република Северна Македонија
• Организација (EN) • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	Ministry of Justice of the Republic of North Macedonia
• Владина/граѓанска • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	Влада
• Интернет-врска	
• Вид на иницијатива	Студија
• Главна целна група	Креатори на политики

• Краток опис (макс. 1000 карактери)	Двојазичниот извештај подготвен од Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје претставуваше сеопфатна процена на националното законодавство и неговата усогласеност со правото на ЕУ во полето на правосудната соработка во граѓанско-правната материја. Оваа процена резултираше со Извештај што ги опфати сите регулативи и директиви на ЕУ, како и соодветните законски решенија во Законот за меѓународно приватно право и Законот за парнична постапка во Република Северна Македонија. Овој извештај беше дел од проверката на националното законодавство во процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ.
• Евалуација или контрола на квалитетот	• ❑ не • ❑ да на кој начин?
• Вклученост на засегнатите страни	• ❑ не • ❑ да кој? и на кој начин?
• Зошто добри практики?	• x надвор од меѓународните/ стандардите на ЕУ x делотворност и влијание ❑ преносливост • ❑ иновации ❑ одржливост

Example 2

• Област:	Извршување пресуди
• Назив (оригинален јазик)	Балканска иницијатива за извршување
• Назив (EN)	Balkan Enforcement Initiative

• Организација (оригинален јазик) • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	Комора на извршители на Република Северна Македонија Албанската комора на извршители Комората на јавни извршители на Црна Гора Комора на јавни извршители на Република Србија
• Организација (EN) • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	Chamber of Enforcement Agents of the Republic of North Macedonia Albanian Chamber of Private Bailiffs Chamber of Judicial Officers of Montenegro Serbian Chamber of Judicial Officers
• Владина/граѓанска • Одговорна за спроведување • Одговорна за финансирање	
• Интернет-врска	https://www.balkaninitiative.net/
• Вид на иницијатива	Обука, подобрување на законодавството, унапредување на соработката помеѓу регионалните комори
• Главна целна група	Поширока јавност, креатори на политики
• Краток опис (макс. 1000 карактери)	Балканската иницијатива за извршување е заедничка структура што ги опфаќа официјалните национални комори на лиценцирани јавни извршители во регионот на Западен Балкан. Иницијативата има цел да ја подобри прекуграничната наплата на Западен Балкан, да изгради канали за комуникација помеѓу јавната и приватната сфера посветени на натамошен економски развој и да пренесе јасни препораки на фелата за прашањата што го засегаат ефикасното и правично извршување.
• Евалуација или контрола на квалитетот	• ❑ не • ❑ да на кој начин?

• Вклученост на засегнатите страни	• ❑ не • x да кој? и на кој начин? Комората на извршители на Република Северна Македонија е еден од основачите на оваа иницијатива и активно учествува во развојот на средствата за унапредување на прекуграничното извршување на судските одлуки.
• Зошто добри практики?	• ❑ надвор од меѓународните/ стандардите на ЕУ x делотворност и влијание x преносливост • ❑ иновации x одржливост

НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ: РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Автор

Славко Ѓорѓевиќ

1. Правна рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

1.1 Преглед на законските одредби

Признавањето и извршувањето на странските судски одлуки во српскиот правен систем е уредено со Законот за меѓународно приватно право (во натамошниот текст: српскиот ЗМПП), Законот за вонпарнична постапка (во натамошниот текст ЗВП) и со Законот за извршување и обезбедување (во натамошниот текст ЗИО). Српскиот ЗМПП е примарниот правен извор чии одредби уредуваат кои странски судски одлуки се квалификуваат за признавање и извршување (член 86), основите за непризнавање и неизвршување (членови 87-96) и постапката за признавање (член 101). Бидејќи постапката за признавање, по својата природа, е вонпарнична постапка, се применуваат и одредбите на ЗВП, т. е. тие ги дополнуваат одредбите од српскиот ЗМПП за постапката за признавање. Извршувањето на странските извршни исправи е уредено со одредбите на ЗИО.

Во однос на меѓународните правни извори, Србија не е договорна страна на каква било мултилатерална конвенција што е посебно наменета за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки. Меѓутоа, Србија ратификуваше неколку мултилатерални конвенции што се однесуваат на други правни прашања, но содржат определени одредби за признавање и извршување судски одлуки, како што се Конвенцијата за граѓанска постапка на Хашката конференција за меѓународно приватно право (ХКМПП) од 1954 година , Конвенцијата за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување деца на ХКМПП од 1980 година, Женевската конвенција за договорот за меѓународен патен превоз на стока (CMR) од 1956 година, Виенската конвенција за граѓанска одговорност за нуклеарни штети од 1963 година, Европската конвенција за признавање и извршување одлуки за старателство врз деца и за враќање старателство врз деца, Конвенцијата од Њујорк за остварување алиментациони побарувања во странство од 1956 година. Исто така, Србија е договорна страна во многу билатерални конвенции што содржат одредби за признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја (на пр. билатерални договори со Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Република Чешка, Словачка, Унгарија, Полска, Романија, Русија, Кипар). Србија склучи билатерални договори со Франција и Грција што се посебно наменети за признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја.

1.2 Процена на правната рамка

Треба да се нагласи дека во согласност со одредбите од српскиот ЗМПП, српските судови имаат исклучива надлежност да признаваат странски судски одлуки, кои мора да бидат правосилни и извршни во согласност со правото на државата на потекло. Во постапката за признавање, судот е ограничен на испитувањето на барањата и основите за непризнавање и неизвршување што се предвидени во членовите 87-96 од српскиот ЗМПП и се со формален карактер. Тие вклучуваат повреда на јавната политика, res iudicata, повреда на исклучивата меѓународна надлежност на српските судови, непостоење реципроцитет и повреда на правото на обвинетиот да ја организира својата одбрана во постапката пред судот на потекло.

Во однос на реципроцитетот, доволно е тој да биде фактички и неговото постоење се претпоставува додека не се докаже спротивното. Дополнително, многу важно е да се спомне дека не постојат правила за индиректна надлежност и дека судот нема овластување да преиспитува странски судски одлуки во однос на утврдената фактичка состојба и

применетото право во постапката пред судот на потекло.

Според тоа, српскиот режим за прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки припаѓа на групата таканаречени режими на ограничена контрола на странските судски одлуки и може да се оцени како либерален. Меѓутоа, мора да се има предвид дека отсуството на реципроцитет претставува еден од основите за непризнавање што најдобро може да се надмине преку склучување билатерални или мултилатерални договори. Понатаму, склучувањето такви договори е единствениот начин за воспоставување реципроцитет со странските држави што бараат постоење дипломатски реципроцитет, како што се, на пример, Австрија, Холандија и Шведска. Иако Србија е договорна страна во многу билатерални договори што содржат одредби за заемно признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја, такви договори не се склучени со горенаведените земји, како и со некои други земји што, од аспект на економските и политичките односи, се многу важни за Србија (како што се, на пример, Кина и Соединетите Американски Држави). Со оглед на тоа што склучувањето билатерални договори зависи од повеќе фактори и во некои случаи тешко може да се постигне (на пр. со државите што се земји членки на ЕУ), Хашката конвенцијата на ХКМПП од 2019 година станува многу погоден инструмент за воспоставување прекуграничен режим за признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја (што е една од причините зошто Србија треба да ја потпише и да ја ратификува оваа конвенција).

2. Институционална рамка на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

2.1 Преглед на законските одредби за утврдување на актерите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

Во Србија, главните актери во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки се судовите, Министерството за правда, практичарите од областа на правото (професионални адвокати) и јавните извршители.

Организацијата на правосудниот систем во Србија, вклучувајќи ја стварната надлежност на српските судови, е уредена со Законот за организација на судовите (во натамошниот текст: ЗОС). Меѓународната надлежност на српските судови е уредена со српскиот ЗМПП (членови 46-78), додека, пак, локалната надлежност на судовите е уредена со Законот за парнична постапка (во натамошниот текст: ЗПП). Важно е да спомне дека правилата за локалната надлежност од ЗПП може да се користат и како одредби за меѓународната надлежност, но само ако не постојат одредби за меѓународната надлежност за посебни видови спорови во српскиот ЗМПП, друг постоен закон или меѓународен договор (член 26, став 2 од ЗПП).

Организацијата, активноста и надлежностите на Министерството за правда се уредени, пред сè, со Законот за министерства и со Правилникот за внатрешната организација на Министерството за правда. Меѓутоа, улогата на Министерството за правда во однос на прашања за признавањето и извршувањето странски судски одлуки е уредена со српскиот ЗМПП. Исто така, Министерството за правда е номинирано или постапува како централен орган за операционализација на голем број мултилатерални и билатерални меѓународни конвенции што опфаќаат прашања поврзани со признавањето и извршувањето странски судски одлуки.

Активноста и надлежностите на јавните извршители во извршната постапка се уредени од ЗИО.

Конечно, организацијата и активноста на професионалните правозастапници, т.е. адвокати се уредува, пред сè, со Законот за адвокатура, но и со ЗПП и со ЗВП. Обемот на овластувањата на законските застапници се утврдува со законот што е применлив за правните односи меѓу нив и застапуваната страна. Ако страната е правно лице, законскиот застапник е директорот на тоа правно лице и обемот на неговите/нејзините овластувања е утврден со законот што се применува за статусот на тоа правно лице.

2.2 Актери што практично го спроведуваат прекуграничното признавање и извршување на странските судски одлуки

2.2.1 Судови

Бидејќи странската судска одлука може да влезе во правниот промет на територијата на Република Србија само ако била претходно признаена од српски суд, несомнено е дека судовите се главните актери во процесот на прекугранично признавање и извршување судски одлуки. Во согласност со членот 11 од ЗОС, судската власт им припаѓа на судовите со општа и на судовите со посебна надлежност. Првите се основните судови, вишите судови, апелационите судови и Врховниот касационен суд, додека, пак, вторите се стопанските судови, Стопанскиот апелационен суд, судовите за прекршоци, Апелациониот суд за прекршоци и Управниот суд. Вишите судови како судови со општа надлежност се надлежни за признавање странски судски одлуки од граѓанската материја, додека, пак, стопанските судови имаат надлежност да одлучуваат за признавањето и извршувањето странски судски одлуки во стопанската материја. Жалбите против одлуките за признавање се поднесуваат до апелационите судови или до Стопанскиот апелационен суд.

Кога некоја странска судска одлука е законски признаена од српски суд и должникот сè уште избегнува да ја исполни својата обврска утврдена со оваа одлука, признаената одлука се извршува во согласност со правилата на ЗИО на барање на доверителот. Основниот или стопанскиот суд е надлежен за спроведување на извршната постапка, освен во случаите на подмирување долгови што произлегуваат од комунални дејности, каде што извршната постапка се спроведува од јавните извршители. Веднаш штом ќе се донесе одлуката за извршување, извршувањето врз имотот на должникот се врши од јавните извршители, освен ако не е изречно пропишано дека судот треба да го спроведе извршувањето.

2.2.2 Административни институции (Министерство за правда, централни органи и сл.)

Во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки, улогата на Министерството за правда се состои од обезбедување објаснување за постоењето реципроцитет. Имено, реципроцитетот во однос на признавањето и извршувањето странски судски одлуки се претпоставува сè додека не се докаже спротивното. Меѓутоа, доколку има сомневање во однос на постоењето реципроцитет, судот што ја спроведува постапката за признавање бара од Министерството за правда да појасни дали постои реципроцитет.

Министерството за правда, исто така, служи како орган за операционализација на голем број билатерални и мултилатерални конвенции и им обезбедува помош на страните и на судот во однос на поведувањето постапка за признавање во Србија (на пр. помош во врска со поднесувањето на потребните исправи за поведување постапка за признавање).

2.2.3 Правници (адвокати, правни застапници итн.)

Во најголемиот број предмети во врска со признавањето и извршувањето странски судски одлуки, страните се застапувани од професионални правозастапници (т. е. адвокати). Меѓутоа, учеството на правозастапниците не е задолжително, а тоа значи дека страните може да постапуваат во постапката без адвокат.

Ако страната нема парнична способност да постапува самостојно во постапката (на пр. странката е малолетно лице), тоа лице мора да биде застапувано од законски застапник или, во определени случаи, од привремен застапник што е утврден од судот, кој може да ангажира адвокат.

Правните лица се застапувани од нивните правни/законски застапници (на пр. директори) што, исто така, може да ангажираат адвокат.

2.2.4 Јавни извршители

Судот ја спроведува постапката за извршување во однос на признаена странска извршна исправа и веднаш штом ќе донесе одлука за извршување, извршувањето врз имотот на должникот се врши од страна на јавни извршители. Според тоа, јавните извршители не ја спроведуваат извршната постапка (првата фаза на постапката), туку го спроведуваат извршувањето користејќи различни средства (втората фаза на постапката) во согласност со одлуката за извршување донесена од судот во извршна постапка.

Единствениот исклучок кога тие се надлежни да постапуваат во двете фази се случаите на подмирување долгови што произлегуваат од комунални дејности.

Меѓутоа, овие предмети вообичаено се домашни и ретко кога се предмет на странски судски одлуки.

2.3 Мапирање на соработката меѓу актерите



3. Улогата на судовите и извршителите во прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки

3.1 Капацитети на судовите во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Судот што одлучува за признавањето и извршноста на странската судска одлука може да ги испитува условите за признавање што се утврдени во членовите 86-96 од СЗМПП. Како што може да се види горе, овие услови имаат формална (процедурална) природа; единствено испитувањето дали странската судска одлука е спротивна на српската јавна политика овозможува потесно испитување на основаноста на таа одлука. Судот нема овластување да ја преиспитува странската судска одлука во однос на утврдената фактичка состојба и применетото право, ниту, пак, да ја изменува таа одлука во каква било смисла.[708]

3.2 Број и квалитет на пресуди во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Не постои точна статистика за одлуките на српските судови за признавање странски судски одлуки. Врз основа на информациите што беа добиени во текот на нашето лично истражување,[709] во периодот од 2010 до 2019 година биле признаени најмалку триесет странски судски одлуки од страна на српските судови. Квалитетот на одлуките на српските судови за признавање странски судски одлуки може да се означи како „висок“, бидејќи примената на законските одредби на конкретните околности во соодветните предмети е соодветно објаснета во секој предмет. Може да се забележи дека српските судови редовно ја консултираат релевантната литература за меѓународното приватно право што се однесува на прекуграничното признавање и извршување странски судски одлуки.

3.3 Капацитети на јавните извршители во врска со прекуграничното признавање странски судски одлуки

Јавните извршители немаат капацитети во однос на признавањето на странските одлуки, бидејќи странските судски одлуки може да се признаваат и да се прогласуваат за извршни само од судот. Како што веќе беше наведено горе, судовите ги спроведуваат постапките за признавање и извршните постапки во однос на признаените странски судски одлуки, додека, пак, јавните извршители го спроведуваат извршувањето врз имотот на должниците во согласност со одлуката за извршување што е донесена од судот.

3.4 Признавање и извршување странски судски одлуки во рамките на образовните програми на академиите за обука на судиите

Признавањето и извршувањето странски судски одлуки не може да се најде како посебен предмет во образовните програми на Правосудната академија на Србија. Меѓутоа, на овие прашања се посветува внимание во рамките на предметите што се однесуваат на граѓанската и трговската материја со меѓународен елемент.

708 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit. (Kluwer), 238.
709 Користејќи ја базата на податоци https://www.paragraf.rs

4. Економски и политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

4.1 Главни трговски партнери во однос на увозот и извозот

4.1.1 Увоз

Врз основа на извештајот на Републичкиот завод за статистика на Србија,[710] во текот на 2020 година главните трговски партнери во однос на увозот на стоки во Србија доаѓаат од Германија, Кина, Италија, Руската Федерација и од Унгарија.

Тековно, режими на заемно признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја се воспоставени со Германија (во согласност со националните правила), Унгарија (во согласност со билатерален договор), Италија (во согласност со националните правила) и со Руската Федерација (во согласност со билатерален договор), додека, пак, таков режим сè уште не постои со Кина.

4.1.2 Извоз

Според истиот извештај, во текот на 2020 година главните трговски партнери во однос на извозот на стоки доаѓаат од Германија, Италија, Босна и Херцеговина, Романија и од Унгарија.

Тековно, режими на заемно признавање и извршување судски одлуки од граѓанската и трговската материја се воспоставени со сите овие земји (со Германија – во согласност со националните правила, со БиХ – во согласност со билатерален договор, со Романија – во согласност со билатерален договор, со Унгарија – во согласност со билатерален договор).

4.2 Политички аспекти во однос на спроведувањето на Хашката конвенција од 2019 година

4.2.1 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува известувања во согласност со член 29 од Хашката конвенција од 2019 година

Членот 29 од Хашката конвенција од 2019 година предвидува можност за договорната земја да го извести депозитарот, во рок од 12 месеци, дека ратификацијата, прифаќањето, одобрувањето или пристапувањето на некоја друга земја нема дејство на воспоставување односи меѓу тие две земји во согласност со оваа Конвенција (став 2), како и можноста за земјата што сака да стане договорна земја да го извести депозитарот дека нејзината ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување нема дејство на воспоставување односи со договорната земја во согласност со оваа Конвенција (став 3). Во оваа смисла, Србија може да поднесе такво известување во однос на Косово, бидејќи Србија смета дека Косово, т. е. покраината Косово и Метохија (во смисла на Уставот на Република Србија) е дел од нејзината територија. Истото веќе се случи во однос на пристапувањето на Косово кон Хашката конвенција за легализација на исправи од 1961 година, кога Србија поднесе приговор против пристапувањето и извести дека Косово, т. е. покраината Косово и Метохија, во согласност со Уставот на Република Србија, е составен дел од српската територија, повикувајќи се и на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност.[711]

710 Видете: https://www.stat.gov.rs/oblasti/spoljna-trgovina/

4.2.2 Околности што може да ѝ овозможат на вашата земја да поднесува изјави во согласност со член 17, 18, 19 и 25 од Хашката конвенција од 2019 година

Од гледна точка на Србија, сметаме дека нема потреба за изјава за ограничување на признавањето и извршувањето што може да се даде во согласност со членот 14 од Хашката конвенција од 2019 година. Имено, иако може да се случи некој предмет што е решен со пресуда на суд на друга договорна земја да има силни врски со Србија како замолена договорна земја, не би требало да има пречка за признавањето и извршувањето на таквата пресуда во Србија во согласност со Хашката конвенција од 2019 година ако таа поминала низ еден од „филтрите за надлежноста“ од членот 5 и нема основи за одбивање на признавањето и извршувањето, како што е предвидено во членот 7 од Конвенцијата.

На сличен начин, сметаме и дека Србија нема причина да дава изјава во врска со посебни прашања (член 18), што би исклучило какво било посебно прашање што е опфатено од Хашката конвенција од 2019 година. Одредбите од српското национално законодавство за признавањето и извршувањето странски судски одлуки имаат поширок опсег на примена и се полиберални од оние што се содржани во Хашката конвенција од 2019 година и поради таа причина не треба да се дава таквата изјава.

Истиот заклучок би требало да се извлече во однос на изјавите за пресуди што се однесуваат на државата (член 19) – нема потреба Србија да даде таква изјава. Имено, во предметите од граѓанската и трговската материја, каде што Србија (како држава) или физичко или правно лице што постапува од името на Србија (како држава) е страна, Србија или лицето што постапува од името на Србија вообичаено сакаат да ги избегнат националните судови и, според тоа, одлучуваат да склучат арбитражна спогодба со другата страна, со што се поведува постапка пред меѓународна стопанска арбитража (ад хок или институционална арбитража), што значи дека примената на Хашката конвенција од 2019 година би била многу ретка во таквите предмети.

5. Меѓународна надлежност и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

5.1 Општа меѓународна надлежност (седиште, живеалиште)

Општата меѓународна надлежност на српските судови е уредена во членот 46 од српскиот ЗМПП. Таа се утврдува врз основа на живеалиштето на тужениот во Србија, ако тужениот е физичко лице, или врз основа на седиштето на тужениот во Србија, ако тужениот е правно лице (член 46, ставови 1 и 5).[712] По исклучок, општата надлежност на српските судови може да се утврди ако тужениот, кој е физичко лице, има престојувалиште во Србија, ако тој/таа нема живеалиште во Србија или која било друга земја (член 46, став 2) или ако двете страни се државјани на Србија (член 46, став 3). Ако во парницата има повеќе тужени во својство на материјални сопарничари во однос на предметот на спорот, или ако нивните права и обврски произлегуваат од истата фактичка и законска основа, српските судови, исто така, имаат меѓународна надлежност ако еден од тужените има живеалиште или седиште во Србија (член 46, став 4).[713]

711 Видете: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/status-table/notifications/?csid=342&disp=resdn

712 За членот 46 од српскиот ЗМПП, видете: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 165-172; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 184; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 498-499.

713 Ibid.

Според тоа, општата надлежност на српските судови се утврдува преку живеалиштето и престојувалиштето на физичкото лице и преку седиштето на правното лице како јурисдикциони критериуми што треба да се толкуваат во согласност со српското право. Живеалиштето треба да се разбере како местото каде што физичкото лице се вселило со намера да живее во него постојано, т. е. местото каде што се наоѓа центарот на неговите животни активности и неговите професионални, економски, социјални и други врски што ја потврдуваат неговата трајна поврзаност со тоа место.[714] Престојувалиштето на физичкото лице е местото каде што тоа привремено престојува надвор од своето живеалиште. Седиштето на правното лице треба да се разбере како местото каде што се наоѓа неговата централна управа.[715]

Српскиот ЗМПП не го признава вообичаеното престојувалиште како јурисдикционен критериум.

5.2 Пророгирање на надлежноста (експлицитно/имплицитно, пред или по започнувањето на постапката)

Пророгирањето на надлежноста во предмети од граѓанската и трговската материја е уредено во членот 49 од српскиот ЗМПП, кој содржи различни правила за пророгирање на надлежноста на српскиот суд и пророгирање на надлежноста на странскиот суд.[716] Ако странките планираат да постигнат спогодба дека српскиот суд треба да има надлежност во предметот, најмалку една од страните треба да биде државјанин на Србија или да има седиште во Србија (член 49, став 2). Од друга страна, ако странките планираат да ја пророгираат надлежноста на некој странски суд, најмалку една од страните треба да биде странски државјанин или да има седиште во странска држава и предметниот спор не смее да биде во исклучива надлежност на српските судови (член 49, став 1). Треба да се нагласи дека пророгирањето на надлежноста на некој странски суд ќе биде важечко само ако, покрај исполнувањето на барањата што се предвидени во членот 49, став 1 од српскиот ЗМПП, исполнети се и барањата од странскиот *lex fori prorogati*.[717]

Спогодбата за изборот на судот може да се склучи експлицитно (expressis verbis) или имплицитно (prorogation tacita). Кога спогодбата се склучува *expressis verbis*, тоа значи дека таа се склучува однапред и во писмена форма, или како посебна спогодба или како клаузула за пророгирање што е вклучена во договорот или, пак, по поведувањето на постапката, каде што тужениот дава усна изјава со која ја потврдува надлежноста на судот.[718] Српската литература и судска практика ја изедначуваат *prorogatio tacita* со надлежноста што е утврдена по поднесувањето што, во определена мера, е уредено во членот 50 од српскиот ЗМПП.[719] Тоа значи дека спогодбата за пророгирање е склучена имплицитно ако тужениот поднесе одговор на тужба во писмена форма без да ја оспори надлежноста или ако тужениот се појави на првото рочиште и расправа за основаноста на предметот без да ја оспори надлежноста на судот.[720]

714 Член 3 точка 2 од Законот за живеалиште и престојувалиште на граѓаните, „Службен весник на РС“ бр. 87/2011.

715 Видете: член 19 од Законот за трговски друштва, „Службен весник на РС“ бр. 36/2011, 99/2011, 83/2014 – др. закон, 5/2015, 44/2018, 95/2018 и 91/2019.

716 Видете: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit, 178-191; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 501-503; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 188-193.

717 T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 503.

718 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit. (Kluwer), 232.

719 T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 502; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 192.

720 Ibid.

5.3 Во споредба со членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на другите јурисдикциони критериуми во Конвенцијата и во националните правни извори

Членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година ги предвидува основите за индиректна надлежност, кои вообичаено се нарекуваат „филтри за надлежност“ што странската пресуда мора да ги задоволи за да се квалификува за признавање и извршување во замолената држава.[721] Овие „филтри“ го покажуваат квалитетот на контактите што предметот ги има со државата чиј суд ја донел пресудата (државата на потекло) и ги претставуваат минималните стандарди според кои судот на замолената држава ја контролира меѓународната надлежност на судот од државата на потекло.[722] Тоа значи дека судот на замолената држава испитува дали кој било од пропишаните „филтри“ е исполнет и, ако одговорот е позитивен, смета дека странската пресуда се квалификува за признавање и извршување.

Списокот на филтри за надлежност што се предвидени во членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година го содржи следново: живеалиште, главно место на работење, подружница, застапништво или друга деловна единици, експлицитна или имплицитна согласност на тужениот со надлежноста на судот на потекло, место на извршување на договорната обврска, локација на недвижен имот што е предмет на договор за наем, локација на недвижен имот во предмети што се поврзани со договорна обврска обезбедена со стварно право врз таквиот недвижен имот, место на постапување или непостапување во предмети поврзани со недоговорни обврски, трустови, противтужба, спогодби за неисклучив избор на судот, потрошувачки договори и договори за вработување и закуп на недвижен имот за домување. Не постои хиерархиска подреденост на овие филтри и квалификуваност за признавање на странската пресуда постои ако само еден од нив е задоволен.[723]

Бидејќи голем број од горенаведените основи се слични на критериумите за директна надлежност на српските судови што се уредени со српскиот ЗМПП, ќе ги споредиме за да ја утврдиме нивната компатибилност, што може да влијае врз одлуката дали Хашката конвенција од 2019 година треба да се потпише и да се ратификува од Србија. Меѓутоа, мора да се има предвид дека членот 15 од Хашката конвенција од 2019 година не го спречува признавањето и извршувањето пресуди врз основа на домашното законодавство што може да биде полиберално во однос на прекуграничното признавање и извршување од самата Конвенција.

5.3.1 Постојано живеалиште

Во согласност со членот 5, став 1 (а), пресудата е прифатлива за признавање или извршување ако „лицето против кое се бара признавање или извршување имало постојано живеалиште во државата на потекло во времето кога тоа лице станало страна во постапката пред судот на потекло“.

За правилна примена на оваа одредба, мора да се посвети внимание на фактот што Хашката конвенција од 2019 година прави разлика меѓу постојаното живеалиште на физичко лице и постојаното живеалиште на правно лице. Постојаното живеалиште на правно лице не е дефинирано од Конвенцијата, но во споредбената литература постои општ став дека тоа е државата на чија територија физичкото лице престојува определен период со намера постојано (континуирано) да живее на таа територија, кога таквата намера е прикажана

721 За филтрите за надлежност во Хашката конвенција од 2019 година, видете: I. Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – is the “heart” of the Convention in the right place?, SEE Law Journal, issue 1, No. 8, 2021, 10 etc. Исто така, видете R. Brandt, The Hague Judgments Convention in the United States: A “Game Changer” or a New Path to the Old Game?, https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3747078, 8 etc., 17 etc.

722 I. Rumenov, op. cit., 16-17.

723 Ibid., 18.

преку личните, социјалните, економските, професионалните и другите врски на лицето со тоа место.[724] Од друга страна, постојаното живеалиште на правното лице е дефинирано во членот 3, став 2 од Хашката конвенција од 2019 година, што предвидува дека тоа е државата во која лицето има законско седиште, централна управа или главно место на работење, или државата во согласност со чие право тоа било основано или формирано. Дополнително, членот 5, став 1 (а) спомнува „лице против кое се бара признавање или извршување“, што значи дека лицето може да биде тужениот или тужителот или кое било друго лице што учествувало во постапката пред судот во државата на потекло, ако тоа лице ја преземе улогата на тужен во постапката за признавање пред судот на замолената држава.[725]

Српскиот ЗМПП воопшто не го користи постојаното живеалиште како критериум за општа надлежност. Како што веќе беше наведено горе, основниот критериум е живеалиштето, ако тужениот е физичко лице, или седиштето, ако тужениот е правно лице. Со оглед на претходно цитираната дефиниција за живеалиште во српското законодавство, би можело да се каже дека живеалиштето соодветствува на постојаното живеалиште на тужениот во речиси сите ситуации, што значи дека српските пресуди може да го поминат филтерот за надлежност од членот 5, став 1 (а). Меѓутоа, мора да се земе предвид дека судот примарно ги добива информациите за живеалиштето на тужениот од неговите службени лични исправи и вообичаено се потпира врз нив кога ја утврдува надлежноста, иако таквите информации понекогаш не соодветствуваат на фактичката состојба (на пр. лицето што сè уште има регистрирано живеалиште во Србија може да живее во некоја странска земја со години).[726] За да избегне такви неусогласености, самиот суд треба да ги утврди и да ги разгледа сите факти што се потребни за правилно утврдување на живеалиштето на тужениот, и, ако не го направи тоа, која било страна може да поднесе докази дека реалното живеалиште на тужениот е во некоја странска држава, без оглед на фактот што тоа лице е формално пријавено во Србија. Покрај тоа, треба да се спомне и дека многумина српски автори сметаат дека информациите за регистрираното живеалиште што се содржани во службените исправи претставуваат соборлива претпоставка дека лицето на кое се однесува службената исправа има реално живеалиште во таа држава.[727]

Седиштето на правното лице како јурисдикционен критериум во српското право соодветствува на постојаното живеалиште на правното лице во согласност со Хашката конвенција од 2019 година. Имено, правното лице има седиште во Србија ако со правното лице се управува од Србија.[728] Треба да се спомне и дека правното лице што било основано или формирано во согласност со српското законодавство мора да има законско седиште во Србија и речиси секогаш неговата централна управа се наоѓа во Србија. Тешко е да се замисли дека некое правно лице што е основано или формирано врз основа на странско право ќе има законско седиште или централна управа во Србија.

5.3.2 Главно место на работење

Во согласност со членот 5, став 1 (б), пресудата е прифатлива за признавање или извршување ако „физичкото лице против кое се бара признавање или извршување имало главно место на работење во државата на потекло во времето кога тоа лице станало страна во постапката пред судот на потекло, а тужбата врз која се заснова пресудата произлегла од активностите на таквото работење“.

Очигледно е дека оваа одредба се однесува на физичко лице што врши деловни

724 Видете: ibid., 19-20; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 275; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 113-114.

725 I. Rumenov, op. cit., 20.

726 Видете: S. Đorđević, Primena međunarodnog privatnog prava u javnobeležničkoj praksi, ttp://www.beleznik.org/images/pdf/obavestenje/uputstvo_za_primenu_mpp_u_jb_praksi.pdf, 9

727 A. Jakšić, Međunarodno privatno pravo, opšta teorija, Beograd 2017, 326; видете и: M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 97.

728 Видете: член 19 од српскиот Закон за трговски друштва.

активности, каде што филтерот за надлежноста е локацијата на неговото главно место на работење во државата на потекло. Српскиот ЗМПП не го признава главното место на работење на физичкото лице како јурисдикционен критериум. Меѓутоа, српскиот Закон за трговски друштва го уредува правниот статус на претприемачот,[729] што е деловно способно физичко лице што врши дејност. Ова лице има регистрирано седиште што е дефинирано како местото каде што лицето ја врши дејноста[730] и ова е јурисдикционен критериум врз основа на српскиот ЗМПП. Според тоа, во однос на претприемачите, српските судови може да ја утврдат надлежноста за одлучување по тужби што произлегуваат од дејноста на претприемачот, ако тој/таа има седиште на територијата на Србија.

5.3.3 Поднесување тужба во постапка пред судот на потекло

Во согласност со членот 5, став 1 (в), пресудата е прифатлива „ако лицето против кое се бара признавање или извршување е лицето што ја поднело тужбата, освен противтужба, врз која се заснова пресудата“.

Овој филтер за надлежноста се фокусира на лицето што било тужител во постапката пред судот на потекло и ако тоа лице го загубило случајот, се чини прилично рационално дека пресудата ќе биде прифатлива за признавање или извршување во другите држави, без оглед на критериумот врз кој се засновала надлежноста на судот на потекло.[731]

5.3.4 Подружница, застапништво или друга деловна единица

Во согласност со членот 5, став 1 (г), пресудата е прифатлива за признавање или извршување ако „тужениот водел подружница, застапништво или друга деловна единица без посебен статус на правно лице во државата на потекло во времето кога тоа лице станало страна во постапката пред судот на потекло, а тужбата врз која се заснова пресудата произлегла од дејноста на таа подружница, застапништво или деловна единица“.

Овој филтер за надлежноста се однесува на ситуацијата кога тужениот во постапката пред судот на потекло водел подружница, застапништво или друга деловна единица без посебен статус на правно лице и предметот на донесената пресуда била тужба во врска со дејноста на подружницата, застапништвото или деловната единица. Членот 55 од српскиот ЗМПП содржи одредба за директната надлежност на српските судови што во определен број предмети соодветствува на филтерот за надлежност од членот 5, став 1 (г) од Хашката конвенција од 2019 година. Согласно оваа одредба, во споровите против физичко лице или правно лице што има седиште во странство, во врска со обврски што настанале во Србија или мора да се извршат во Србија, српскиот суд има надлежност ако тоа лице има претставништво или застапништво во Србија или ако седиштето на правното лице на кое му е доверено вршењето на неговата дејност е во Србија.[732] Иако не е експлицитно изразено, ова правило за надлежноста очигледно ги зема предвид обврските што произлегуваат од деловното работење на службениот претставник или застапништвото на тужениот што се наоѓаат во Србија.

5.3.5 Согласност за надлежноста на судот на потекло и неисклучива спогодба за избор на судот

Во согласност со членот 5, став 1, точки (д) и (ѓ), пресудата што е донесена од судот на потекло е прифатлива за признавање и извршување во замолената држава ако тужениот изречно се согласил со надлежноста на судот на потекло во текот на постапката во која била

729 Видете: членови 83-92 од српскиот Закон за трговски друштва.

730 Член 87 од српскиот Закон за трговски друштва.

731 Видете и споредете: I. Rumenov, op. cit., 22.

732 За толкувањето и примената на членот 55 од српскиот ЗМПП, видете: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 201-202.

донесена пресудата или ако тужениот расправал за основаноста на предметот пред судот на потекло без да ја оспори надлежноста во рокот што е утврден во законот на државата на потекло, освен ако е очигледно дека приговорот за надлежноста или вршењето на надлежноста не би бил успешен во согласност со тој закон. Првиот филтер се однесува на изречната согласност, а вториот на имплицитната согласност со надлежноста. Покрај ова, членот 5, став 1 (к) предвидува филтер за надлежност што се однесува на неисклучиви спогодби за избор на судот – ако некоја пресуда е донесена од суд што е назначен во согласност со неисклучива спогодба за избор на суд што исполнува определени формални барања, таа се смета за прифатлива за признавање и извршување во замолената држава.

Како што беше наведено горе, српскиот ЗМПП го уредува пророгирањето на надлежноста што опфаќа и изречна и имплицитна согласност со надлежноста, како и неисклучиви спогодби за избор на судот, така што пресудите што се донесени од српските судови чија надлежност е утврдена на еден од овие начини може да биде прифатлива за признавање и извршување во согласност со Хашката конвенција од 2019 година.

5.3.6 Место на извршување на договорната обврска

Во согласност со членот 5, став 1 (е), пресудата е прифатлива ако се однесува на договорна обврска и е донесена од суд во државата каде што таа обврска е извршена или требало да се изврши врз основа на (i) спогодба меѓу страните, или (ii) законот што се применува на договорот, во отсуство на договорено место на извршување, освен ако активностите на тужениот во однос на трансакцијата јасно не претставуваат целисходна и значајна врска со таа држава. Според тоа, државата на потекло мора да биде државата каде што обврската била извршена или требало да се изврши во согласност со одредбите на договорот или со *lex contractus*. Меѓутоа, дури и ако се исполнети овие критериуми, пресудата не може да го помине овој филтер ако активностите на тужениот во однос на договорните обврски не претставувале доволна врска со државата на потекло.

Во согласност со членот 53, став 3 од ЗПП, српскиот суд има надлежност да одлучува во предмети што се однесуваат на обврски што требало да се извршат во Србија. Исто така, постои посебна одредба за надлежност во членот 481, став 1 од ЗПП за предметите во врска со трговски договори, врз чија основа српскиот суд има надлежност да одлучува за важноста, кршењето или извршувањето договор ако тужениот, во согласност со спогодба меѓу страните, требало да ги изврши договорните обврски во Србија.[733] Бидејќи филтерот за надлежност од членот 5, став 1 (е) бара повеќе критериуми за утврдување доволно цврста врска до државата на потекло, може да се каже дека пресудите на српските судови во таквите случаи ретко кога би го поминале овој филтер за надлежноста.

5.3.7 Локација на закупениот недвижен имот

Во согласност со членот 5, став 1 (ж), пресудата е прифатлива за признавање или извршување ако со неа се одлучило за закуп на недвижен имот (наем) и ако е донесена од суд на државата во која се наоѓа имотот.

Српскиот ЗМПП предвидува исклучива надлежност на српските судови во однос на стварните правата или закуп на недвижен имот што се наоѓа во Србија (член 56), додека, пак, посебни правила за надлежност за краткорочни закупи воопшто не постојат.

5.3.8 Договорна обврска обезбедена со стварно право

Членот 5, став 1 (з) предвидува филтер за надлежноста за пресуди во врска со договорни обврски што се обезбедени со стварни права врз недвижен имот, што бара таквата пресуда

733 Видете и споредете: ibid., 200-201.

да биде донесена во државата во која се наоѓа имотот и договорното барање да биде поднесено заедно со барањето против истиот тужен во врска со тоа стварно право. Овој филтер се чини дека е многу специфичен, бидејќи опфаќа специфични видови ситуации што се однесуваат на стварни права што служат за обезбедување на извршувањето договорни обврски.

Српскиот ЗМПП не го препознава овој филтер како основ за директна надлежност, но предвидува исклучива надлежност на српските судови за спорови што вклучуваат какви било стварни права врз недвижен имот што се наоѓа во Србија. Според тоа, единствено ако тужбеното барање во врска со стварно право врз недвижен имот во Србија што служело како обезбедување е поднесено заедно со договорно барање против истиот тужен пред српскиот суд, пресудата што е донесена во таквиот случај би го поминала овој филтер за надлежноста.

5.3.9 Место на постапување или непостапување во предмети што се однесуваат на недоговорни обврски

Во согласност со членот 5, став 1 (s), пресудата е прифатлива за признавање или извршување ако со неа се одлучило за недоговорна обврска што произлегува од смрт, физичка повреда, штета или загуба на материјален имот и постапувањето или непостапувањето што директно ја предизвикало таквата штета се случило во државата на потекло, без оглед на тоа каде се случила штетата. Според тоа, овој филтер за надлежноста бара државата на потекло да биде местото каде што се случило постапувањето или непостапувањето што директно ја предизвикало штетата, што значи дека местото каде што се настанала штетата е нерелевантно.

Од друга страна, членот 53 од српскиот ЗМПП предвидува дека српскиот суд има надлежност во предметите што се однесуваат на недоговорна одговорност за штета, ако штетата настанала во Србија. Ова правило опфаќа многу широк материјален опсег на недоговорни обврски, но неговите јурисдикциони критериуми (место на штетата) се разликуваат од критериумите (местото на постапување или непостапување) што се бараат од филтерот за надлежност во членот 5, став s од Хашката конвенција од 2019 година. Меѓутоа, некои српски автори сметаат дека критериумите од членот 53 од српскиот ЗМПП треба да се толкуваат пошироко за да се опфати и местото на постапување или непостапување.[734]

5.3.10 Трустови

Членот 5, став 1 (и) предвидува филтер за надлежност во врска со трустовите.[735] Со оглед на тоа што српскиот правен систем воопшто не го признава трустот како правен институт, овој филтер за надлежност има многу мала практична релевантност од српска гледна точка.

5.3.11 Противтужби

Членот 5, став 1 (ј) го уредува филтерот за надлежност за пресуди со кои се одлучувало за противтужби. Таквите пресуди се прифатливи за признавање или извршување (i) во онаа мера во која тие биле во корист на подносителот на противтужбата, под услов ако противтужбата произлегува од истата трансакција или настан како тужбата, или (ii) во онаа мера во која тие биле против подносителот на противтужбата, освен ако законот на државата на потекло не бара да се поднесе противтужба за да се избегне преклузија.

Српскиот ЗМПП не содржи посебни правила за меѓународната надлежност во врска

734 Видете: ibid., 196-197

735 Видете повеќе во: I. Rumenov, op. cit., 34.

со противтужби. Меѓутоа, се чини дека српскиот суд што има меѓународна надлежност да одлучува за тужбата може, во согласност со одредбите за месната надлежност од членот 198 од ЗПП што може аналогно да се применат на меѓународната надлежност, да одлучува за противтужбата што е во врска со тужбата.[736] Таквиот пристап е во согласност со филтерот за надлежност од членот 5, став 1 (ј) од Хашката конвенција од 2019 година.

5.3.12 Потрошувачки договори и договори за вработување

Членот 5, став 2 го уредува филтерот за надлежност за пресуди донесени во предмети поврзани со потрошувачки договори и договори за вработување, предвидувајќи дека пресудите што се донесени во корист на потрошувачите или вработените се прифатливи за признавање и извршување ако поминат кој било од филтрите за надлежност од членот 5, став 1, додека, пак, пресудите што се донесени против потрошувачи или вработени се прифатливи ако надлежноста на судот на потекло се засновала врз согласност што е дадена на судот усно или во писмена форма, или врз постојаното живеалиште на потрошувачот или вработениот.[737]

Српскиот ЗМПП не содржи какви било посебни правила за директна надлежност на српските судови во предмети што се однесуваат на потрошувачки договори или договори за вработување.

5.3.13 Други критериуми за директна надлежност на српските судови во контекст на Хашката конвенција од 2019 година

Во согласност со српскиот ЗМПП, српските судови може да утврдат надлежности според критериуми што воопшто не соодветствуваат на филтрите за надлежност од членот 5 од Хашката конвенција од 2019 година. На пример, во споровите за имотно-правни побарувања, српскиот суд има надлежност ако имотот на тужениот или предметот што се бара со тужбата се наоѓа во Србија (член 54, став 1 од српскиот ЗМПП), или ако обврските настанале во време кога тужениот престојувал во Србија (член 54, став 2 од српскиот ЗМПП).[738] Пресудите што се донесени во таквите предмети не се прифатливи за признавање или извршување во согласност со Хашката конвенција од 2019 година.

5.4 Исклучива надлежност

Во контекст на делокругот на примена на Хашката конвенција од 2019 година, единственото релевантно правило за исклучива директна надлежност е она од членот 56 од српскиот ЗМПП што предвидува исклучива надлежност на српските судови во предмети во врска со сопственоста и другите стварни права врз недвижен имот, како и за закупот на недвижен имот, ако таквиот недвижен имот се наоѓа во Србија. Поимот „други стварни права“ ги опфаќа сите стварни права, покрај сопственоста, кои може да се стекнат врз недвижен имот во согласност со српското право.[739] Треба да се спомне, исто така, дека српскиот ЗМПП не прави разлика меѓу долгорочен и краткорочен закуп на недвижен имот во однос на надлежноста.

Членот 6 од Хашката конвенција од 2019 година ја уредува исклучивата индиректна надлежност во предмети во врска со стварни права врз недвижен имот, предвидувајќи дека пресудите што се донесени во таквите предмети се признаваат и се извршуваат ако и само ако недвижниот имот се наоѓа во државата на потекло. Според тоа, Хашката

736 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 198.

737 Видете повеќе во: I. Rumenov, op. cit., 35-37.

738 Видете повеќе во: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 198-200; M. Stanivuković, P. Đundić, Međunarodno privatno pravo, posebni deo, Novi Sad 2008, 69-70.

739 Видете повеќе во: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 202-203; M. Stanivuković, P. Đundić, op. cit., 49-51.

конвенција од 2019 година осигурува дека судот на државата во која се наоѓа недвижниот имот исклучиво одлучува за спорови во врска со стварни права врз таквиот имот.[740]

6. Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки и компатибилност со Хашката конвенција од 2019 година

6.1 Материјално поле на примена

6.1.1 Во споредба со членот 1 и членот 2 од Хашката конвенција од 2019 година, коментирајте ја компатибилноста на материјалното поле на примена за признавање и извршување странски судски одлуки во Конвенцијата и во националните правни извори

Материјалното поле на примена на Хашката конвенција од 2019 година е утврдено во нејзините членови 1 и 2. Одредбата од првата реченица на членот 1, став 1 дава широка дефиниција за материјалното поле на примена, наведувајќи дека Конвенцијата се применува на признавањето и извршувањето пресуди во „граѓанската или трговската материја“, при што поимот „граѓанска и трговска материја“ треба да се толкува воедначено, имајќи го предвид меѓународниот карактер на конвенцијата.[741] По таквата широка дефиниција, одредбите од членот 1, став 1, реченица 2 и од членот 2 ги наведуваат правните прашања што се изречно исклучени од материјалното поле на примена на Конвенцијата. Имено, конвенцијата не се применува на финансиски, царински и административни прашања, кои се од јавно-правна природа, како и на следниве прашања, кои по својата природа се дел од граѓанското или трговското право: (а) статус и правна способност на физички лица; (б) обврски за издржување; (в) други прашања од семејното право, вклучувајќи го уредувањето на имотните права во брак и другите права или обврски што произлегуваат од брачни или слични односи; (г) тестаменти и наследување; (д) несолвентност, стечајна спогодба, преструктурирање финансиски институции и слични прашања; (ѓ) превоз на патници и стока; (е) прекугранично загадување на морето, загадување на морето во подрачја надвор од национална надлежност, загадување на морето од бродови, ограничување на одговорноста за поморски побарувања и општа хаварија; (ж) одговорност за нуклеарна штета; (з) важност, ништовност или престанок на правни лица или здруженија на физички или правни лица и важност на одлуките на нивните органи; (ѕ) важност на уписот во јавните регистри; (и) клевета; (ј) приватност; (к) интелектуална сопственост; (л) активности на вооружени сили, вклучувајќи ги активностите на нивниот персонал при вршењето на службените должности; (љ) активности на органите за спроведување на законот, вклучувајќи ги активностите на нивниот персонал при вршењето на службените должности; (м) борба против монопол (конкуренција), освен во случајот кога пресудата се заснова врз однесување што претставува спогодба за забрана на конкуренцијата или договорена практика меѓу реални или потенцијални конкуренти за местење цени, манипулирање со понуди, утврдување ограничувања или квоти на производство, или делење на пазарот преку распределба на купувачи, добавувачи, територии или трговски сектори, и ако таквото однесување и неговите ефекти се случиле во државата на потекло; (н) преструктурирање државен долг со еднострани државни мерки. Покрај ова, арбитражните одлуки и другите одлуки што се донесени во постапки за алтернативно решавање спорови, исто така, се експлицитно исклучени од полето на примена на Конвенцијата (член 2, став 3). Наспроти тоа, пресудите во предмети од граѓанската или трговската материја што се донесени во

740 Видете и споредете: I. Rumenov, op. cit., 30.

741 Член 20 од Хашката конвенција од 2019 година.

постапка каде што една од страните е државата, вклучително и владата, владина агенција или кое било лице што ја застапува државата, не се исклучени од полето на примена на конвенцијата. Меѓутоа, исклучувањето на таквите пресуди е можно врз основа на членот 19, што на договорната земја ѝ овозможува да изјави дека нема да ја применува Конвенцијата за таквите пресуди.[742]

Во согласност со српскиот ЗМПП, странска пресуда може да биде признаена и извршена ако е донесена во предмет од граѓанската и трговската материја (член 86 и член 1). Поимот „граѓанска и трговска материја" треба да се толкува и да се карактеризира во согласност со српското право.[743] Тој ги опфаќа статусните прашања за физички и правни лица, семејните, наследните, имотните, договорните и недоговорните прашања, како и други прашања од граѓанското и трговското право[744] (што значи дека ги опфаќа најголемиот дел од прашањата што се исклучени со членот 2, став 1 од Хашката конвенција од 2019 година). Странските пресуди во врска со финансиски, царински или административни прашања не може да се признаат и да се извршат во Србија.[745]

6.2 Видови странски судски одлуки што се признаваат и се извршуваат (на пр. позитивни-негативни одлуки, времени мерки)

Во согласност со членот 86, ставови 1 и 2 од српскиот ЗМПП, одлука на суд во некоја странска земја што е донесена во предмет од граѓанската или трговската материја може да се признае и да се изврши во Србија, при што порамнувањето што е склучено во странски суд (судско порамнување) исто така се смета за странска судска одлука. Покрај ова, членот 86, став 3 од српскиот ЗМПП предвидува дека одлука на друг странски орган (на пр. нотар) што е изедначена со судска одлука во земјата на потекло, исто така се смета за странска судска одлука.[746]

Секоја странска судска одлука што е правосилна во согласност со правото на земјата на потекло сама по себе е прифатлива за признавање. Ако се бара признавање странска правосилна извршна исправа, таквата исправа мора, исто така, да биде извршна во согласност со правото на земјата на потекло. Лицето што ја поведува постапката за признавање мора да има правен интерес да бара предметната странска судска одлука да биде признаена и прогласена за извршна во Србија.[747]

Судските одлуки за времени мерки не може да се признаат или да се извршат бидејќи тие не се правосилни.[748]

6.3 Започнување на постапката (како главно или како прелиминарно прашање)

Во Србија, признавањето на странската судска одлука може да биде главното прашање во постапката или тоа може да се решава како претходно прашање во постапка за некое друго прашање (споредно/прелиминарно признавање).[749]

Одлучувањето за признавањето странска судска одлука како главно прашање се врши во

742 Повеќе за полето на примена видете во I. Rumenov, op. cit., 14-16; M. Wilderspin, L. Vysoka, The 2019 Hague Judgments Convention through European lenses, https://www.nipr-online.eu/pdf/2020-138.pdf, 2020, 36-37.

743 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 439.

744 Видете член 1 од српскиот ЗМПП.

745 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 439.

746 Видете: T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 537-539; M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 279-285; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 437-438.

747 M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 340; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 558.

748 T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 539.

749 Видете член 101 од СЗМПП; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 440; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 557.

вонпарнична постапка или пред вишиот суд или пред стопански суд, во зависност од тоа дали странската одлука е донесена во предмет од граѓанската или трговската материја.[750] Страните, како и кое било друго лице што може да покаже интерес во признавањето странска судска одлука може да поднесат барање за признавање.[751] Одлуката за признавањето странска судска одлука што е донесена во овие постапки произведува *erga omnes* дејство.

Меѓутоа, пред да донесе *erga omnes* правосилна одлука за признавање странска судска одлука, кој било суд во Србија може да донесе прелиминарна одлука за признавање на странската судска одлука во постапка што се однесува на друго прашање (без оглед на тоа дали станува збор за парнична, непарнична или извршна постапка) и во таквиот случај признавањето има дејство само за таа постапка (член 101, став 5 од српскиот ЗМПП). Во практиката, признавањето некоја странска одлука најчесто се решава како прелиминарно прашање во извршна постапка[752] (видете долу во Дел 7.1.1.).

6.4 Исправи што треба да се поднесат (формални барања) за признавање на странската судска одлука

Покрај барањето во писмена форма за поведување постапка за признавање пред некој српски суд, подносителот мора да поднесе:[753]

а) оригиналната странска судска одлука или заверен препис од неа (двете мора да бидат уредно заверени);

б) заверен превод на странската судска одлука на српски јазик;

в) потврда издадена од надлежниот странски орган што потврдува дека странската судска одлука станала правосилна (освен ако таквата потврда не е содржана во самата одлука), како и заверен превод од таа потврда на српски јазик;

г) за странски извршни исправи, потврда издадена од надлежниот странски орган што потврдува дека странската судска одлука станала извршна (освен ако таквата потврда не е содржана во самата одлука), како и заверен превод од таа потврда на српски јазик.

6.5 Услови за признавање и извршување странски судски одлуки

Условите за признавањето странска судска одлука се исти како условите за нејзиното извршување (т. е. прогласување на одлуката за извршна) и тие се уредени со членовите 87-96 од српскиот ЗМПП. Пред сè, странската судска одлука може да се признае и да се изврши во Србија само ако е правосилна (законски обврзувачка) и извршна во согласност со правото на земјата на потекло (членови 87 и 96 од српскиот ЗМПП). Признавањето и извршувањето се одбиваат:

а) ако страната била спречена да учествува во постапката пред странскиот суд (член 88 од српскиот ЗМПП). Имено, српскиот суд нема да признае и да изврши некоја странска судска одлука ако утврди, по приговор од лицето против кое е донесена таа одлука, дека тоа лице не можело да учествува во постапката пред странскиот суд поради неправилности во постапката (член 88, став 1 од српскиот ЗМПП). Се смета дека таквите неправилности постојат особено ако каква било покана, тужба или решение со кои е поведена постапката не биле лично доставени на лицето против кое била донесена одлуката, или воопшто немало обид за лична достава,

750 Членови 23 и 25 од ЗОС.

751 M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 340; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 558.

752 Видете: T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 559-560.

753 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 442-443.

освен ако тоа лице не се вклучило во постапката на каков било начин (член 88, став 2 од српскиот ЗМПП);[754]

б) ако српските судови имаат исклучива надлежност за предметната материја (член 89 од српскиот ЗМПП). Треба посебно да се нагласи дека само постоењето исклучива надлежност на српските судови за предметната материја за која е донесена странската судска одлука претставува основ за непризнавање и неизвршување на таа одлука. Не постојат посебни правила за индиректна надлежност;

в) ако некој српски суд или друг надлежен орган веќе донел правосилна одлука за истото прашање и меѓу истите страни или ако во Србија веќе е признаена некоја друга странска судска одлука за истото прашање и меѓу истите страни (член 90, став 1 од српскиот ЗМПП – *res iudicata*). Треба да се забележи дека: ако правосилната одлука за истото прашање и меѓу истите страни била донесена од српски суд, странската судска одлука не може да се признае и да се изврши без оглед на тоа дали постапката пред странскиот суд била поведена порано од постапката пред српскиот суд или ако странската одлука била донесена порано од српската одлука.[755] Меѓутоа, судот го одложува признавањето на некоја странска судска одлука ако е во тек претходно поведена постапка пред српскиот суд за истото прашање и меѓу истите страни, сè додека не се донесе правосилна и обврзувачка одлука (член 90, став 2 од српскиот ЗМПП);

г) ако странската судска одлука е во спротивност со јавната политика/*ordre public* (член 81 од српскиот ЗМПП) – овој основ за непризнавање и неизвршување треба да се толкува тесно. Единствено повредите на темелните процедурални и материјални принципи на српскиот правен систем треба да се земат предвид;[756]

д) ако не постои реципроцитет меѓу Србија и земјата на потекло во однос на заемното признавање и извршување судски одлуки (член 92, став 1 од српскиот ЗМПП). Важно е да се нагласи дека реципроцитетот во однос на признавањето на странските судски одлуки се претпоставува додека не се докаже спротивното. Ако постои сомневање во врска со постоењето реципроцитет, српското Министерство за правда два објаснување (член 92, став 3 од српскиот ЗМПП). Меѓутоа, отсуството на реципроцитет не претставува основ за непризнавање странски судски одлуки во брачни спорови и спорови за татковство и мајчинство, и ако некој српски државјанин бара признавање и извршување странска судска одлука (член 92, став 2 од српскиот ЗМПП).

Судот ги испитува по службена должност основите што се наведени во точките б), в) и г), додека, пак, основите наведени во точките а) и д) се испитуваат само на барање на една од страните.

Споредбата меѓу основите за непризнавање и неизвршување што се уредени во српскиот ЗМПП и оние што се предвидени во членот 7 од Хашката конвенција од 2019 година, укажува дека постојат и сличности и разлики меѓу нив. Во однос на сличностите, двата акти ги предвидуваат повредите на правото на туженот да ја организира својата одбрана во постапката, повредите на јавната политика и *res iudicata* како основи за одбивање на признавањето и извршувањето на странските судски одлуки. Сепак, овие основи не се уредени еднакво. Како прво, основот во врска со повредата на правото на одбрана е постриктно уреден во членот 7, став 1 (а) од Хашката конвенција од 2019 година, што предвидува непризнавање и неизвршување ако исправата со која се поведува постапката

754 Видете повеќе во: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 287-291; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 546-548; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 454-456.

755 M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 458.

756 Видете: M. Dika, G. Knežević, S. Stojanović, op. cit., 300-304; T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 553-555; M. Stanivuković, M. Živković, op. cit., 456-458.

во државата на потекло (вклучувајќи ја изјавата за суштинските елементи на тужбеното барање) не му е доставена на туженот навреме и на начин што ќе му овозможи да ја подготви својата одбрана, или ако му е доставена на туженот во замолената држава на начин што не е во согласност со основните начела на замолената држава во однос на доставата на исправите. Како второ, повредата на јавната политика како основ за непризнавање е попрецизно уредена во членот 7, став 1 (в) од Хашката конвенција од 2019 година, што предвидува детално дека признавањето и извршувањето би било очигледно неспоиво со јавната политика на замолената држава, земајќи ги предвид нејзините основни начела за правичност на постапката и ситуациите што вклучуваат нарушувања на безбедноста и суверенитетот на таа држава, отколку во членот 91 од српскиот ЗМПП што едноставно предвидува дека странската судска одлука треба да биде во спротивност со јавната политика. Како трето, кога станува збор за уредувањето на *res iudicata* за одбивање признавање и извршување, постојат разлики во однос на странската судска одлука што била донесена порано од судот на друга држава. Членот 90, став 1 од српскиот ЗМПП предвидува дека друга странска судска одлука во спорот меѓу страните мора да биде признаена во Србија за да претставува *res iudicata* основ за непризнавање и неизвршување, додека, пак, членот 7, став 1 (ѓ) од Хашката конвенција од 2019 година бара претходната судска одлука донесена од судот на друга држава во спор меѓу истите страни за истото прашање да ги исполнува условите за признавање во замолената држава. Тоа значи дека оваа одлука не треба да биде претходно признаена во посебна постапка за признавање за да стане *res iudicata* основ. Конечно, треба да се забележи дека членот 7, став 2 од Хашката конвенција од 2019 година овозможува одложување или одбивање на признавањето и извршувањето ако е во тек постапка меѓу истите страни за истиот предмет што е поведена порано пред судот во замолената држава и ако предметот е тесно поврзан со замолената држава. Оваа одредба соодветствува, во определена мера, со одредбата од членот 90, став 2 од српскиот ЗМПП, со таа разлика што последнава го обврзува српскиот суд да го одложи признавањето некоја странска судска одлука ако е во тек претходно поведена постапка пред српскиот суд за истото прашање и меѓу истите страни, и не бара спорот да има тесна поврзаност со Србија како замолена држава.

Покрај горенаведените основи за непризнавање и неизвршување, Хашката конвенција од 2019 година предвидува уште два основи што не може да се најдат во српскиот ЗМПП. Како прво, во согласност со членот 7, став а (б), признавањето и извршувањето може да се одбијат ако пресудата е добиена со измама. Иако овој основ не постои во српскиот ЗМПП, тој може да се сведе под основите што се однесуваат на повредна јавната политика, кои се уредени во членот 91 од српскиот ЗМПП. Како второ, членот 7, став 1 (г) предвидува дека признавањето и извршувањето може да се одбие ако постапката пред судот на потекло била во спротивност со спогодба или назнака во основачки акт за труст врз чија основа предметниот спор треба да се решава пред суд во држава што не е државата на потекло. Таков основ не постои во српскиот ЗМПП и не може да се подведе под кој било друг основ што е уреден во овој закон.

6.6 Постапка за признавање и извршување странски судски одлуки

Како што веќе беше спомнато горе, вишите судови се надлежни за признавање странски судски одлуки од граѓанската материја, додека, пак, стопанските судови имаат надлежност за признавањето и извршување странски судски одлуки во трговската материја. Месно надлежниот виш или стопански суд е судот на чие подрачје треба да се спроведе постапката за признавање (член 101, став 1 од српскиот ЗМПП). Ова правило треба да се толкува на следниов начин: за утврдување на месната надлежност е доволно ако барателот наведе дека тој/таа може да ја користи странската судска одлука на подрачјето на тој суд.[757]

757 T. Varadi, B. Bordaš, G. Knežević, V. Pavić, op. cit., 558.

Во текот на постапката за признавање, судот испитува дали се исполнети условите за признавање и може, ако е потребно, да побара појаснување (информација) од судот на земјата на потекло и/или од страните (член 101, став 2 од српскиот ЗМПП). Усно рочиште се одржува само ако судот смета дека тоа е неопходно за дополнително разјаснување на фактичката состојба (член 11 од ЗВП). Постапката за признавање завршува со одлука за признавање на странската судска одлука што произведува *erga omnes* дејство. Страните може да поднесат жалба против оваа одлука до апелациониот суд или Стопанскиот апелационен суд во рок од 15 дена од денот на достава на одлуката (член 101, став 3 од српскиот ЗМПП).

Кога одлуката за признавање странска извршна исправа станува правосилна, признаената извршна исправа треба да се изврши исто како домашната извршна исправа во согласност со правилата од ЗИО.[758]

7. Извршување странски судски одлуки

7.1 Вид извршна постапка

Во Србија постои еден вид извршна постапка што може да се означи како општа извршна постапка. Таа се состои од две фази.[759]

7.1.1. Прва фаза

Првата фаза на извршната постапка се спроведува од судот. Таа започнува кога доверителот понесува барање за извршување со сите други потребни исправи, особено извршна судска одлука или друга извршна исправа (на пр. извршна арбитражна одлука)[760] или заверена извршна исправа (на пр. фактура издадена од доверителот на должникот)[761] до основниот или стопанскиот суд[762] на чие подрачје должникот има престојувалиште или живеалиште или седиште.[763] Во рок од осум дена од датумот на прием на барањето на доверителот, судот ги испитува условите за извршување и ја носи одлуката за извршување ако се исполнети условите или одлуката за одбивање на извршувањето ако тие услови не се исполнети.[764] Страните може да поднесат жалба против оваа одлука пред истиот суд (т. е. основниот или стопанскиот суд) во рок од осум дена,[765] при што жалбата вообичаено не го одложува извршувањето.[766] Судот може да отфрли задоцнета и/или нецелосна жалба.[767] Кога е навреме поднесена целосна жалба, судот ја проследува жалбата со сите потребни исправи до второстепениот суд, т. е. до вишиот суд или Стопанскиот апелационен суд[768] што одлучува за жалбата.[769]

Што се однесува до оваа фаза од постапката, членот 46 од ЗИО содржи посебни одредби за извршувањето странски извршни исправи, каде што признавањето на таквата одлука се јавува како претходно прашање во извршната постапка.[770] Во таквите случаи, судот испитува, покрај останатите услови што се предвидени во ЗИО, дали се исполнети условите

758 Член 46 став 1 од ЗИО.
759 B. Poznić, V. Rakić-Vodinelić, Građansko procesno pravo, Beograd 2015, 574.
760 Сите видови извршни документи/исправи се наведени во членот 41 од ЗИО.
761 Кои исправи се сметаат за заверени е уредено во членот 52 од ЗИО.
762 Член 6 став 1 од ЗИО.
763 Член 7 од ЗИО.
764 Член 64 од ЗИО.
765 Член 25 став 1 од ЗИО.
766 Член 25 став 2 од ЗИО.
767 Член 76 став 2 од ЗИО.
768 Член 6 став 2 од ЗИО.
769 Член 6 став 2 и 77 итн. од ЗИО.
770 Член 46 став 2 од ЗИО.

за признавање што се предвидени во членовите 86-96 од српскиот ЗМПП[771] и донесува одлука за извршување на странската судска одлука или одлука за одбивање на нејзиното извршување. Во жалбата против оваа одлука, страните може да го наведат исполнувањето или неисполнувањето на условите за признавање како причина за жалбата.[772]

На крајот, мора да се забележи дека оваа фаза на извршната постапка може по исклучок да се спроведува од јавен извршител ако предметот на извршниот инструмент или заверената извршна исправа е подмирувањето долгови што произлегуваат од комунални дејности.[773]

7.1.2. Втора фаза

Веднаш штом судот ќе ја донесе одлуката за извршување, тој ја доставува оваа одлука со копии од сите исправи што се потребни за спроведување на извршувањето до јавниот извршител[774] (наведен во барањето за извршување на доверителот), а тоа го означува почетокот на втората фаза на извршната постапка. Во оваа фаза, јавниот извршител ги спроведува конкретните дејствија за извршување користејќи ги различните средства и методи што биле предложени од доверителот во неговото барање за извршување. Овие средства/методи за извршување се поделени во две категории: средствата за извршување на подмирувањето парични побарувања (како, на пример, продажба на движен и недвижен имот, пренос на парични средства од сметката на должникот, итн.) и средствата за извршување за исполнување други (непарични) побарувања (на пример, предавање на движниот и недвижниот имот на должникот).[775] Меѓутоа, треба да се спомне дека судот е исклучиво надлежен за спроведување на втората фаза на извршната постапка во определени специфични случаи што се однесуваат на дејствија што мора да се извршат од должникот што се воздржува од вршењето на дејствието, како и во случаите што се однесуваат на враќање вработени на работа и извршувањето одлуки за семејни односи (со исклучок на обврските за издржување).[776]

7.2 Извршна постапка во ситуации кога јавните извршители се директно соочени со странски судски одлуки

Како што веќе беше наведено во оваа студија, судот е исклучиво надлежен за признавање странска извршна исправа и тој вообичаено ја спроведува првата фаза од извршната постапка во однос на претходно признаените странски извршни исправи. Тоа значи дека јавниот извршител може да дојде во контакт со таква одлука во втората фаза на извршната постапка, кога таа веќе била признаена и кога веќе била донесена судската одлука за нејзиното извршување. Во таквите ситуации, должноста на јавниот извршител е да ги спроведе конкретните дејствија за извршување користејќи ги предложените средства и методи.

Меѓутоа, со оглед на тоа што јавниот извршител е надлежен да ја спроведува првата фаза на извршната постапка во однос на извршна судска одлука што се однесува на подмирувањето долгови што произлегуваат од комунални дејности, може да се јави проблем ако таквата одлука е странска извршна исправа (што ќе се случува ретко), чие извршување се бара од доверителот пред таа да биде признаена од судот. Следејќи ги одредбите на ЗИО, еден од можните заклучоци би бил дека јавниот извршител може да одлучи за признавањето на странската извршна исправа како претходно прашање. Меѓутоа, таквиот заклучок е

771 Член 46 став 3 од ЗИО.
772 Член 46 став 4 од ЗИО.
773 Член 3 став 3 од ЗИО.
774 Член 70 од ЗИО.
775 Член 54 од ЗИО.
776 Член 4 став 1, 363, 364 и 366 од ЗИО.

погрешен, бидејќи членот 86 од српскиот ЗМПП експлицитно предвидува дека единствено судот може да одлучува за признавањето на странските судски одлуки. Покрај ова, членот 46, став 3 од ЗИО гласи дека судот што е надлежен во извршната постапка одлучува за признавањето на странската судска одлука како претходно прашање и оваа одредба мора да се толкува строго. Имајќи го предвид ова, ако јавниот извршител се соочи со непризнаена странска судска одлука во првата фаза на извршната постапка, тој/таа не може да одлучува за нејзиното признавање како претходно прашање, а тоа значи дека тој/таа треба да ја отфрли постапката за извршување и да го упати доверителот да поведе постапка за признавање пред судот.

8. Користена литература

- Brandt, The Hague Judgments Convention in the United States: A “Game Changer” or a New Path to the Old Game? https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3747078, 2020.
- Dika, Knežević, Stojanović, Komentar Zakona o međunarodnom privatnom i procesnom pravu, Beograd 1991.
- Đorđević, Primena međunarodnog privatnog prava u javnobeležničkoj praksi, http://www.beleznik.org/images/pdf/obavestenje/uputstvo_za_primenu_mpp_u_jb_praksi.pdf
- Закон за извршување и обезбедување – скратено ЗИО, „Службен весник на РС“ бр. 106/2015, 106/2016, 113/2017 и 54/2019.
- https://www.mpravde.gov.rs/sekcija/5/medjunarodna-saradnja.php
- https://www.paragraf.rs
- https://www.stat.gov.rs/oblasti/spoljna-trgovina/
- Jakšić, Međunarodno privatno pravo, opšta teorija, Beograd 2017
- Закон за парнична постапка – скратено ЗПП, „Службен весник на РС“ бр. 72/2011, 49/2013 – Одлука на Уставен суд 74/2013 – Одлука на Уставен суд 55/2014, 87/2018 и 18/2020.
- Закон за вонпарнична постапка – скратено ЗВП, „Службен весник на СРС“ бр. 25/82 и 48/88 и „Службен весник на РС“ бр. 46/95 – др. закон, 18/2005 – др. закон, 85/2012, 45/2013 – др. закон, 55/2014, 6/2015 и 106/2015 – др. закон.
- Poznić, Rakić-Vodinelić, Građansko procesno pravo, Beograd 2015, 574.
- Rumenov, The indirect jurisdiction of the 2019 Hague Convention on recognition and enforcement of foreign judgments in civil or commercial matters – is the “heart” of the Convention in the right place?, SEE Law Journal, issue 1, No. 8, 2021.
- Stanivuković, Đundić, Međunarodno privatno pravo, posebni deo, Novi Sad 2008, 69-70.
- Stanivuković, Živković, Međunarodno privatno pravo, Beograd 2008.

- Stanivuković, Živković, Serbia, in: Verschraegen, B. (ed.), International Encyclopedia of Laws, vol. 2, Private International Law, supp. 21, Kluwer Law International 2009.
- Закон за решавање судири на законите со прописите на други земји (српски Закон за меѓународно приватно право, скратено српски ЗМПП), „Службен весник на СФРЈ“ бр. 43/82 и 72/82 – Измени, „Службен весник на ФРЈ“ бр. 46/96 и „Службен весник на РС“ бр. 46/2006 – др. закон.
- Varadi, ‘Anerkennung und Vollstreckung ausländischer Entscheidungen in Jugoslawien’, RabelsZ 51 (1987).
- Varadi, Bordaš, Knežević, Pavić, Međunarodno privatno pravo, Beograd 2012.
- Wilderspin, Vysoka, The 2019 Hague Judgments Convention through European Lenses, https://www.nipr-online.eu/pdf/2020-138.pdf, 2020.